СИТЕ СВЕТИТЕЛИ ОД МАКЕДОНИЈА

Александар ДОНСКИ

СИТЕ СВЕТИТЕЛИ ОД МАКЕДОНИЈА

Издавач
ЃАКОНИЈА
Мисионерско-хуманитарна дејност при
Скопската и Брегалничката митрополија на МПЦ

Главен и одговорен уредник
Митрополит Брегалнички г. Агатангел

Лектор
Влатко Стоименов

Скопје, 2006 година

ПРЕДГОВОР

Житијата на сите познати македонски светители, досега кај нас, не беа претставени во една компактна целина. Македонија и Македонците имаат дадено огромен придонес во библиските настани и во ширењето на христијанството, а еден од најважните сегменти во овој придонес претставуваат токму светителите Македонци и нивната дејност. Но, пред да поминеме на презентирање на житијата на светителите за кои постојат децидни докази или силни индиции дека биле Македонци, нужно е да дадеме некои дополнителни објаснувања.

Најнапред ќе потенцираме дека житијата (биографиите) на македонските светители имаат повеќеслојно значење за нашата наука. Пред се, овде е важно нивното значење за христијанството. Овие житија ни зборуваат колку овие наши сонародници го славеле Бога и се подвизувале во името на Господ Исус Христос, почнувајќи уште од самите почетоци на христијанството, па се до последниве векови. Практично, тие се активни пренесувачи на Божјото Слово до денешните и до идните генерации Македонци и со тоа заслужуваат да се најдат во самиот врв на заслужните личности што ги дал нашиот народ. За жал, до денес, ретко кој во Македонија (вон црковните кругови) има слушнато за некои од овие наши светители, а камоли да ги славиме како наши заслужни сонародници.

Од друга страна, житијата на македонските светители изобилуваат и со голем број вредни податоци од чисто историски и етнографски аспект. Но, ниту овде работите не се како што треба. За време на комунистичкото едноумие, знаеме дека атеизмот беше составен дел на владеачката државна идеологија. Една од катастрофалните последици што останаа од оваа идеологија беше и целосното запоставување, негирање и омаловажување на житијата на македонските светители, како богат извор на историски и етнографски податоци за нашата историја. Едноставно, житијата на македонските светители за време на едноумието безмалку беа третирани како "измислени фантастични приказни за луѓе, кои никогаш не постоеле", па оттаму, одвај дали некој наш историчар ги користеше житијата на светителите како историски извор (со ретки и чесни исклучоци). Но, вистината е сосема поинаква. Во оваа книга ќе докажеме дека сите македонски светители, (а секако и сите останати светители) пред се, биле **историски личности**! Ако се компарираат историските податоци спомнати во нивните житија со добро познатите историски настани што се случиле во нивно време, ќе се забележат фрапантни поклопувања. Тоа значи, дека, македонските светители биле луѓе Македонци, кои навистина живееле и дејствувале во Македонија и надвор од неа. Впрочем, познато е дека раните (но и подоцнежните) христијани, во времето кога биле жестоко прогонувани од паганите и од неверниците, практикувале да ги запишуваат сите поединечни случаи на прогони, мачења и убиства на своите браќа по вера. Така, голем број биографии на рани и подоцнежни христијани останале зачувани како непроценливи историски дела за животот на тие луѓе. Всушност, житијата на светителите не се ништо друго, освен биографии на историски личности. Иако се напишани од аспект на христијанското учење тие се преполни со неизмерно вредни податоци за секојдневниот живот на луѓето од нивното време. Оттаму, мислиме дека е крајно време нашата историографија што повеќе да ги третира како историски извори житијата на светителите.

Но, некој историчар или публицист, кој по убедување е атеист или скептик (кој се сомнева во се освен во својот скептицизам) можеби ќе забележи дека житијата на светителите не можат да претставуваат историски извор затоа што во нив има "премногу религија" (пофалби кон Бога, цитати од Светото Писмо, описи на чудесни излекувања и сл.). Меѓутоа, истовремено на овие историчари не им пречи да цитираат историски извори од, на пример, некој антички пагански историчар (Херодот и други) во кои изобилно се форсираат паганските верувања (се спомнуваат "чуда" што ги направил непостоечкиот "бог" Зевс и слични празноверија). Па, зарем ова не е класичен пример за двоен аршин? Практично, испаѓа дека, на овие историчари и публицисти им пречат само христијанските историски извори (житијата на светителите), а не им пречат историските извори во кои се форсираат паганските верувања. Ваквото нивно однесување е директна последица од систематското форсирање на државниот атеизам во Македонија, чија острица најмногу беше насочена токму против Православието.

Втората работа што треба да се објасни е формулирана во прашањето: дали Македонците светители од т.н. *предсловенски период* (и воопшто античките Македонци) имаат некаква врска со денешните Македонци? Дали смееме овие светители да ги сметаме како наши? Одговорот на ова прашање ќе го дадеме во продолжение, затоа што тој одговор претставува еден од фундаментите во поткрепа на главната содржина на оваа книга.

АНТИЧКИТЕ МАКЕДОНЦИ - СОСТАВЕН ДЕЛ ОД ДЕНЕШНАТА МАКЕДОНСКА НАЦИЈА

Античките Македонци биле еден од најславните народи во историјата. Повеќе светски познати историски личности припаѓале на генот на античките Македонци. Да го спомнеме познатиот цар Александар Македонски, чија желба била основање на светска држава во која сите народи ќе живеат братски. Овде секако спаѓа и неговиот, исто така, славен татко Филип Втори Македонски. Македонец (по татко) бил и славниот филозоф Аристотел[1)], а Македонка била и светски познатата египетска кралица Клеопатра Седма, која била далечна правнука на македонскиот генерал и другар од детството, а според некои извори и полубрат на Александар Македонски, Птолемеј Први[2)]. Македонци биле и припадниците на династиите на Селевкидите и на Птолемеите од кои неколкумина се спомнати во Библијата[3)]. Во продолжение ќе наведеме податоци дека од генот на античките Македонци потекнувал и светиот евангелист Лука[4)], како и извесен број византиски цареви[5)]. Голем бил придонесот на античките Македонци во светската цивилизација[6)].

Какво било етничкото потекло на античките Македонци? И покрај тоа што некои субјекти денес сметаат дека тие биле дел од Хелените, во последно време во светската наука станува се поприфатена тезата дека античките Македонци биле засебен народ[7)]. Впрочем, самите антички грчки историчари јасно пишувале дека античките Македонци не биле никакви Хелени (Грци), при што, можеби најдалеку од сите отишол античкиот грчки историчар Аријан (1 век по Христа), кој дури напишал дека помеѓу Македонците и Грците постоело "расно ривалство "[8)].

Постојат извесен број аргументи и силни индиции, кои зборуваат во прилог на постоењето на (макар и делумни) етно-културни врски помеѓу античките Македонци и Венетите (предците на Словените).

Но, пред да изнесеме некои од овие податоци, да кажеме дека Венетите биле еден од најстарите народи во Европа. Познато е дека Венетите, наративно, за прв пат, се спомнуваат како малоазиски, а подоцна и како балкански народ[9)]. Исто така, постојат повеќе докази и сведоштва според кои, стариот народ Венети биле предци на Словените[10)]. Практично, според ова испаѓа дека, античките Македонци и Словените имале (макар и делумно) заедничко етно-културно потекло.

За античките Македонци се знае дека зборувале на сопствен македонски јазик. За овој факт постојат повеќе сведоштва од античките историчари. Така, на пример, грчкиот историчар Плутарх (1 век по Христа), опишувајќи една расправија помеѓу Александар Македонски и еден негов пријател, запишал дека Александар "*скокнал на нозе и почнал* ***на македонски*** *да ги довикува своите штитоносци*." [11)]

И во својата биографија за Марко Антониј, Плутарх го споменува македонскиот јазик како мајчин јазик на египетската кралица Клеопатра Седма и на нејзините предци од македонската династија Птолемеи.[12)]

Дека античките Македонци зборувале на засебен македонски јазик сведочи и латинскиот историчар Квинтиј Куртиј Руф (1 век по Христа). Тој го опишува судењето на Македонецот Филота, кој подготвувал заговор за убиство на Александар Македонски. Заговорот бил откриен и Филота бил јавно испрашуван лично од страна на Александар. Опишувајќи ја оваа случка, Квинтиј Куртиј Руф сосема јасно запишал дека Македонците зборувале на засебен македонски јазик. [13)]

Доказ за засебноста на македонскиот јазик има и во еден пронајден фрагмент од папирус за кој се смета дека претставува дел од изгубеното дело под наслов "*Историја*

на наследниците" од античкиот грчки историчар Аријан. На овој папирус (PSI XII.1284), спомната е една епизода од античко-македонската историја во која е јасно потенцирана засебноста на македонскиот јазик. Овде читаме дека секретарот на Филип и на Александар Македонски, по име Евмен "... *испратил напред еден човек по име Ксение, кој зборувал македонски...* " за да преговара со Македонската војска на Неоптоломеј. Овој настан се случил околу 321 година пред Христа.[14)]

Доказ за засебноста на македонскиот јазик се и неколкуте анти-македонски говори од страна на големиот атински говорник Демостен. Во своето дело "*Втора Филипика*", Гркот Демостен ја дал следната навредлива изјава за македонскиот цар Филип Втори:

"*Филип, тој човек не само што не е Грк, туку и нема ништо заедничко со Грците. Барем да беше варварин од некоја пристојна земја - но тој не е ни тоа. Тој е некакво шугаво суштество од Македонија - земјата од која не можеш да доведеш ниту роб што барем нешто вреди.*" [15)]

Се поставува прашањето: зошто Демостен го нарекол Филипа "*варварин*"? Кое значење го имал овој термин во антиката? Поголем дел од научниците сметаат дека терминот "*варвари*", во антиката, главно се однесувал за луѓе, кои зборувале на неразбирлив јазик за Грците со доза на потценување кон нивната култура. Познато е дека сите народи кои не зборувале грчки, Грците ги нарекувале "*варвари*", додека, помеѓу себе, Грците од грчките градови - држави си се нарекувале "*ксенои* ".[16)]

Демостен не бил единствениот Грк кој вака ги нарекол Македонците. И античкиот грчки историчар Исократ ги нарекол Македонците "*варвари*".[17)]

Понатаму, и Гркот Тразимах ги нарекол Македонците "*варвари*". Тоа било во 5 век пред Христа. Во својот говор за Ларисјаните, Тразимах го нарекол македонскиот крал Архелај како "*варварин*" во однос на Грците Ларисјани.[18)]

Но, факт е дека владеачките кругови во античка Македонија, во одреден период на својот развиток го прифатиле грчкиот литературен јазик и дел од хеленската култура. Сепак, тоа апсолутно не значи дека Македонците биле Хелени. Како прво, со тогашниот литературен грчки јазик во антиката се служеле и други народи, кои не биле Хелени (Тракијци, Евреи, Илири, па дури и Римјаните, кои во одреден период на антиката пишувале на старогрчкиот јазик). Вакви примери имаме и денес (Ирците, кои пишуваат, па дури и зборуваат на англиски, а не се Англичани; Бразилците кои пишуваат и зборуваат на португалски, а не се Португалци и други).

Што се однесува до користењето на грчкиот литературен јазик на Македонскиот кралски двор, се знае дека тоа било прифатено во одреден период од развитокот на македонската држава, а не дека така било отсекогаш. Во прилог на ова ќе потенцираме дека не постои **ниту еден** натпис на грчки јазик на територијата на цела Македонија што датира од 5 век пред Христа, т.е. од времето пред делумното прифаќање на грчката култура во Македонија. Треба да се спомне дека и оние натписи во Македонија кои биле напишани на грчки јазик се полни со граматички грешки, што може да биде уште еден доказ во прилог на вистината дека овој јазик им бил туѓ на Македонците.

Кога ги спомнавме сличностите помеѓу јазикот на античките Македонци и Венетите (предците на Словените), во недостиг на простор, овде само ќе спомнеме дека од јазикот на античките Македонци досега е зачуван извесен фонд зборови, за што најголема заслуга имал александрискиот граматичар Хесихиј (5 век). Некои од овие зборови се идентични или многу слични со соодветните зборови од денешниот македонски јазик. Така, на пример, именката *води* на јазикот на античките Македонци гласела *веди*. Именката *судии* отприлика се изговарала како *скоидос*; нивното *божество* што дарувал здравје се викал *Дарон* и т.н. Поради тоа, некои странски научници, како што се американскиот универзитетски професор д-р Чарлс Брајант Абрахам, потоа

американскиот лингвист од словенечко потекло проф. Антон Амброжич и други, сметаат дека јазикот на античките Македонци бил сличен со денешниот македонски јазик.

Античките Македонци имале и своја засебна религиозна определба, иако верувале и во паганските божества, кои тогаш им биле заеднички и на други народи. Тие имале и своја материјална култура, која во многу сегменти се разликувала од соседните.

Во својот најголем зенит античка Македонија се протегала дури до Индија, а во своите граници целосно или делумно ги опфаќала и денешните територии на државите: Грција, Бугарија, Албанија, Египет, Либија, Израел, Сирија, Либан, Турција, Ирак, Иран, Авганистан, Пакистан и други.

По пропаста на античко-македонската држава, т.е. по нејзиното освојување од страна на Римјаните (кое се случило по три жестоки македонско-римски војни) во 2 век пред Христа, Македонците и натаму останале да живеат како доминантно население во Македонија, без разлика што биле под римска окупација.

Овде малку ќе се оддалечиме од темава за да го потврдиме постоењето на античките Македонци и нивните потомци во Македонија со векови по пропаста на античко-македонската држава, т.е. со векови по нејзината окупација од страна на Римјаните. Ова е важно да го докажеме затоа што во продолжение ќе наведеме повеќе христијански светители кои потекнувале од Македонија токму од овие времиња, а кои денес во голема мера од страна на некои наши публицисти не се третирани како Македонци. Со ваквиот однос на овие публицисти се прави вистински грев кон овие наши сонародници - Македонци од т.н. *предсловенски период*. Ваквото нивно отфрлување е во целосна спротивност и со Уставот на МПЦ, а пред се со историската вистина! До колку светителите Македонци од т.н. *предсловенски период* не биле Македонци, тогаш што биле тие? За разлика од ваквите публицисти, Македонската Православна Црква официјално ги третира овие личности како наши македонски светители, а ова е запишано и во Преамбулата на самиот Устав на МПЦ.

Во новата верзија на Уставот на МПЦ (Скопје, 1995), во Преамбулата сосема јасно е потенциран континуитетот на денешните Македонци со античките. Во врска со ова читаме:

"*Тргнувајќи од историската вистина дека Македонија и Македонците се овековечени во Светото Писмо - Библијата;*

Почитувајќи го фактот дека во светата библиска и благословена земја Македонија христијанството е проповедано уште од светиот Апостол Павле, кој ги основал првите христијански црковни општини и епископии на македонските градови: Филипи, Солун, Бер и др.;

Имајќи ја предвид дејноста на македонските апостоли Гај и Аристарх (Дела 19, 29) и на македонските цркви (епископии) во апостолско време (2. Кор. 8, 1-5) и потоа, па и во времето на Јустинијана Прима... Архиепископскиот Црковно-народен Собир на 31 октомври и 1 ноември, 1994 година, со измени и дополнувања, донесе УСТАВ на Македонската Православна Црква" ".

Во "*Алманах на 25-ти јубилеен Црковно-народен собир*" (септември, 1999 г. Издание на Американско-канадската епархија при МПЦ, Краун Поинт, Индијана, САД), како македонски светители спомнати се и неколкумина светители од т.н. *предсловенски период*, иако во продолжение ќе видиме дека нивниот број е многу поголем.

Но, да отстапиме место и на историските аргументи. Да направиме преглед на некои од историските сведоштва кои јасно потврдуваат дека античките Македонци и нивните потомци си живееле во Македонија со векови по пропаста на античката македонска држава.

Веднаш по римската окупација на Македонија, на смелите антички Македонци, кои до крај се бореле против надмоќниот римски непријател, им се обратил генералот на римските легии Паул Емилиј кој им рекол дека Македонците ќе останат слободни и целосни господари на своите градови, но Македонија ќе биде под покровителство на Римјаните. Тој рекол и дека Македонците ќе му го плаќаат на Рим половината од својот данок, што дотогаш го плаќале на својот цар. На крајот потенцирал дека секоја година населението може да се собира во определен град и да си избира судии и управници според „старите македонски обичаи." (Подетално за ова во Биографијата на Паул Емилиј, напишана од Плутарх околу 75 година).

Меѓутоа, и покрај ваквата изјава, Римјаните воопшто не останале доследни на своите ветувања и почнале мошне сурово да се однесуваат кон Македонците. Поради ова Македонците често се бунтувале против римската окупација.

За постоењето на Македонците во времето по римската окупација на Македонија пишува и римскот историчар Анри Флок (втори век). Пишувајќи за востанијата на Тракијците против римската окупација на Тракија (кои континуирано траеле од крајот на вториот до почетокот на првиот век пред Христа.), овој историчар го споменува и антиримското востание на Македонците:

"*По Македонците, според Божјата волја, востанаа и Тракијците, кои порано им плаќаа данок на Македонците*"[19].

Повеќе од јасно е дека овде терминот *Македонци* е предаден во етничка смисла на зборот (а не во географска), затоа што Тракијците порано и навистина биле окупирани не од географските, туку од етничките антички Македонци, на кои биле принудени да им плаќаат данок.

Македонците се спомнати и во Новиот Завет во врска со мисијата на светиот апостол Павле во Македонија. Во "Делата Апостолски" (16, 9) читаме:

"*Преку ноќта имаше Павле видение: стоеше пред него еден човек, Македонец, кој го молеше и му велеше: 'Премини во Македонија и помогни ни!'*"

И понатаму:

"*И кога се качивме на еден брод, што требаше да отплови во местата крај азискиот брег, тргнавме. И со нас беше Аристарх, Македонец од Солун*."

Античките Македонци, во времето на римската окупација на Македонија, ги споменува и најпознатиот еврејски антички историчар Јосиф Флавиј. Во својата книга "War of the Jews " (II, 16, 4), Флавиј спомнува еден говор на еврејскиот крал Агрипа пред Евреите, кои сакале да се борат против римската власт. Агрипа ги убедувал Евреите дека римската империја е многу силна и дека попусто ќе се борат. За да ги одврати од намерата Агрипа им спомнал дека и други народи се наоѓале под римска власт, па сепак, никој од нив не се осмелувал да се бори против оваа силна империја. Меѓу наброените народи тој ги спомнал и Македонците, при што рекол:

"*Кој ве убедува да им се спротивставите на Римјаните? Можеби ќе кажете дека ви е тешко да живеете под ропство. Добро, но зарем не им е потешко на Грците?... Така е и со Македонците, кои имаат иста причина како и вие, да се борат за својата слобода*".

Не само што други автори сведочеле за постоењето на античките Македонци како најдоминантни жители во Македонија во периодот на римската окупација на нашата земја, туку и самите Македонци сведочеле за тоа. Така на пример, на една плоча, откриена во близината на Бер (253 година), во врска со ослободувањето на 12-годишниот роб на слобода, неговиот сопственик запишал:

"*Јас Десиос Кориниос Јулианос и подарив на мајката на боговите Автохтоната дете, на име Калокерон Олимпин, на возраст од 12 години, родум - Македонец.*"[20]

Од овој натпис сосема јасно се гледа дека македонското етничко чувство не ги напуштило Македонците ни по четири века од римската окупација на Македонија, а за ова постојат и други сведоштва.

Во овој ист трети век, кога окупирана Македонија веќе одамна претставувала римска колонија, Македонците барале водачите на нивните комуни, веќе да не се нарекуваат *архиревси*, туку - *македонијарси*!

За тогашните Македонци пишувал и писателот Созомен, кој живеел од крајот на 4 до средината на 5 век. Во врска со христијанизацијата на Македонците што се одвивала во времето на императорот Константин Први Велики (306-337), Созомен запишал:

"*Хелените, Македонците и Илирите почнаа без страв да ја исповедуваат Христовата вера.*" [21)]

И овде посебно треба да се потенцира дека во оваа изјава, повеќе од очигледно е дека, терминот *Македонци* е употребен во етничка, а не во географска смисла, бидејќи е употребен рамноправно со етнонимите: *Илири* и *Хелени*, кои, исто така, претставуваат етнички (а не географски) термини. Значи, повеќе од јасно е дека античките Македонци живееле во Македонија и во 4 век.

Античките Македонци ги споменува и Павлин од Нола (крајот на 4 и почетокот на 5 век). Опишувајќи го патешествието на својот пријател Никета од Ремесијана, тој ги запишал земјите низ кои минувал. Меѓу другото во неговиот запис (од 398 година) читаме:

"*...И преку разбрануваниот Егеј, ќе допатуваш во Солун... Ќе одиш по полето на Филипи на Македонците...*" (Рајко Братож: *Ранохристијанската црква во Македонија и нејзините односи со Рим*, Македонско наследство, Година 5, број 13, Скопје, 2000 год., стр. 34).

За античките Македонци, како најдоминантен етникум во Македонија, во рановизантискиот период пишува и Теодорит Кирски (393 година - средина на 5 век). Така, на пример, за градот Солун тој пишува дека е: "*голем и многунаселен град*, *кој му припаѓа на македонскиот народ.*" [22)]

Постојат сведоштва од кои се гледа дека потомците на античките Македонци и по Големата преселба на народите не избегале никаде, туку останале да живеат во Македонија. Ќе наведеме некои од нив:

Византиските извори за опсадата на Солун од страна на Словените и на Аварите во 586 година сведочат за постоење на античките Македонци во Македонија:

"*Ако некој би замислил дека тогаш во Солун би се нашле заедно на еден куп сите Македонци, Тесалијци и Ахајци, сите заедно не би претставувале ниту еден мал дел од она варварско мноштво што тогаш го опколило градот* (се мисли на Словените и на Аварите, з.м.)."

Хроничарот Константин Багренородни за настаните од околу 688 година, т.е. од времето кога византискиот император Јустинијан Втори извршил поход против Бугарите, пишувајќи за темата Стримон, запишал:

"*Јустинијан Ринотмет насели некакви Скити во планините околу Струма и нејзините клисури, кои таму ги заменија Македонците.* "

Јован Каменијат во своето дело "*За заземањето на Солун*" за градот Солун, во 904 година, напишал:

"*Нам, пријателу, татковина ни е Солун...Тоа е првиот и најголем град на Македонците!*"

Значи во 904 година и натаму во Македонија доминантни се потомците на античките Македонци. Инаку, Јован Каменијат и самиот бил потомок на античките Македонци од Солун. Укажуваме на македонската основа на неговото второ име кое очигледно

е изведено од придавката "*камениот*", што може да биде уште една индиција за сличноста на античко-македонската и словенската (венетската) култура.

Во истиот 10 век Лав Ѓакон во неговата "*Историја*" го дал следното сведоштво:

"*Мизите безмилосно ги ограбуваа земјите на Македонците и се што е возрасно убиваа.*"

И византискиот поет Ефрем за Солун вели дека бил: "*престолнина на Македонците* "[23].

Теофановиот продолжувач за походот на Никофор Фока во 961 година на Крит за својата војска вели дека била составена од: "*Тракијци, Македонци и Склависјани.*"

Константин Седми Порфирогенит (913-959) во својот опис на административните единици (теми) во делото "*Де тхематибус*" (околу 934 година) ги спомнува потомците на античките Македонци како тогашни жители на темата Стримон.

За потомците на античките Македонци постои сведоштво и од времето на владеењето на Исак Први Комнен (средината на 11 век). Во негово време за владетел на европскиот дел од Империјата бил поставен неговиот брат Јован Комнен. За неговото добро владеење со балканските народи современикот Никифор Вриениј запишал:

"*Кога Јован ја доби власта на Запад, како што веќе рековме, за своите дела тој остави незаборавни спомени и кај Тракијците, и кај Македонците, и кај Илирите и кај Словените.*"

За потомците на античките Македонци како жители на Македонија пишува и познатата византиска историчарка Ана Комнена (почеток на 12 век). Во своето дело "*Алекасијада*", наведувајќи ги имињата на народите кои тогаш живееле на Балканот, таа пишува:

"*На секоја страна од планината* (Балкан, з.м.) *живеат многу богати народи. На северната страна се Дакијците и Тракијците, а на јужната се Тракијците и Македонците*".[24]

Ана Комнена и на други места во своите дела ги споменува Македонците, а сведоштва за Македонците постојат и во следните векови.

Значи потомците на античките Македонци останале да живеат и во Средниот век и токму од нивните пазуви подоцна, низ сложените етногенетски процеси, ќе се роди денешната македонска нација.

Во продолжение ќе спомнеме нешто и за наследството што античките Македонци го оставиле во денешната македонска нација. Повеќе детали за ова се изложени во книгата "Античко-македонското наследство во денешната македонска нација (прв дел - фолклорни елементи)" од А. Донски (Штип, 2002/2003 г), а овде само накратко ќе спомнеме некои од нив.

Во македонскиот фолклор постојат голем број песни, приказни, легенди и предании со античко-македонска содржина регистрирани уште во 16, 18, 19 и 20 век. За некои од нив сведочеле и странски патеписци кои ја посетувале Македонија. Содржините на некои од овие творби фрапантно се поклопуваат со историските настани. Така, на пример, во една народна песна за Александар Македонски (запишана во 19 век) јасно е посочена маларијата како болест од која Александар умрел, иако овие податоци добија научна потврда дури на крајот од 20 век. Интересен е и податокот според кој браќата Миладиновци во 19 век запишале предание за настанокот на Воден, кое целосно се поклопува со историскиот опис на античкиот историчар Јустин, иако овој историчар ни денес не е преведен во Македонија.

Во македонскиот фолклор постојат бројни македонски народни творби за некои од античко-македонските владетели. Постојат и одредени фолклорни елементи (посебно во приказните), кои несомнено влечат корени од времето на античка Македонија. Такви се: мотивот со лавот (кој и навистина живеел во времето на античка

Македонија и затоа е толку застапен во македонските народни приказни, но и во хералдиката); мотивот за царот со рог (спомнат во приказна посветена на Александар Македонски); мотивот за рисот (кој порано помасовно од денес живеел во Македонија и дури претставата на рис била симбол на едно македонско племе); мотивот за филозофот; мотивот со тројцата браќа (превземен од Херодотовата приказна за настанокот на македонската држава); култот кон водата; верувањето во гавранот како кобна птица и во орелот како победоносна птица и други.

Постојат и голем број обичаи, обреди и народни верувања кои останале уште од античките Македонци среде Македонците во 19 и 20 век. Така, на пример, Херодот пишува дека на веселбите во античка Македонија мажите седеле одделно од жените. Овој обичај кај нас е евидентиран и од запишувачите на македонски народни умотворби од 19 и 20 век, па дури е останат и до денес. Од античките Македонци ни останал и обичајот на кршење леб за време на свадбените обичаи што е спомнат од биографот на Александар Македонски, Квинтиј Куртиј Руф. Од античките Македонци се задржало и третирањето на машкиот појас од народната носија како симбол за машкост (кое го запишал Аристотел, а исто такво верување е регистрирано и во 19 век). И подарувањето прстен на наследникот (пред умирачка) е обичај регистриран кај античките Македонци што останал до денес, а така е и со стрижењето на косата за време на голема жалост. Дури и античко-македонскиот обичај за избор на крал (што се одвивал преку масовен собир на војската и избор со акламација) останал среде Македонците од 19 век како обичај за избор на селски старешнина. Античко-македонски елементи постојат и во прославите на празниците: Лазара, Ѓурѓовден, Руса Среда и Прочка. Античко-македонски елементи се регистрирани и во денешните македонски додолски обичаи, кои се вршат за повикување на дожд. Од античките Македонци останало и верувањето во магиската моќ на змијата; потоа неколку погребни обичаи и друго.

Во македонските народни умотворби регистрирани во 19 и 20 век се забележуваат и огромен број елементи од античката митологија, позната во светот под името "Грчка митологија". Меѓутоа, постојат повеќе докази за негрчкиот карактер на оваа митологија. Така, на пример, врз основа на педантни истражувања докажано е дека над 80% од сите досега познати антички и средновековни автори на делата посветени на оваа митологија воопшто не биле Грци. И најголемиот дел од ликовите спомнати во нејзините митови немале грчко потекло. Поради тоа се поставува прашањето: како може оваа митологија да биде "грчка", кога ниту нејзините најзастапени автори не биле Грци, ниту пак најголемиот дел од ликовите спомнати во неа имале грчко потекло?[25)]

Во античката митологија огромен придонес имале и античките Македонци. Така, на пример, музите имале македонско потекло. Тие биле митолошки ќерки на легендарниот македонски крал Пиер. Македонско потекло имал и паганскиот *бог* Дионис, а македонско потекло имал и легендарниот крал Орфеј (кој бил роден и убиен во Македонија). Македонец бил и еден од лапитите, како и еден од аргонавтите на Јасон. Македонците имале и други свои божества[26)].

Постојат бројни мотиви во македонскиот фолклор наследени од античката митологија. Такви се: мотивот за самовилите (наследен од мотивот за античките менади); мотивот за персонализација на сонцето и небеските тела; мотивот за позлатување со допир; мотивот за ламјата и за змејот; мотивот за персонализација на судбината, среќата и смртта; мотивот за *бог* престорен како старец; мотивот за јуначките подвизи на Крали Марко (кои се поклопуваат со јуначките подвизи на Херакле), мотивот за подземниот свет; мотивот за метаморфозите и многу други. Ова значи дека огромен дел во денешниот македонски фолклор е наследен од античката митологија, која била практикувана токму од античките Македонци[27)].

Во македонскиот фолклор постојат повеќе народни творби во кои се спомнати славни личности од античко-македонската историја. Фолклористите од 19 и 20 век запишале приказни, песни, легенди или преданија за Александар Македонски, за Филип Македонски, за легендарниот македонски цар Каран, за царот Персеј и други. За постоењето на вакви творби сведочеле и странци, кои во минатото ја посетувале Македонија. Постоењето на ваквите умотворби е уште еден силен доказ дека античките Македонци се античките предци на денешната македонска нација, посебно ако се знае дека фолклорот на секој народ во најголема мера ги влече своите корени од етничкото минато на истиот тој народ. Значи, Македонците од 19 и 20 век само ги наследиле фолклорните творби (обичаи и сл.) од своите предци.

Во контекст на ова спаѓаат и бројните претстави на античко-македонските симболи на осумзрачно и шеснаесетзрачно сонце (кои биле главни хералдички симболи на античките Македонци) што ги среќаваме на македонските средновековни и нововековни икони и фрески (главно на шамијата на света Богородица). Лично имаме забележано стотици претстави на исти или слични симболи како овие сонца на македонските икони и фрески, што впрочем секој читател може и самиот да го согледа.

Кон сето досега изнесено да го додадеме и фактот дека наспроти сите антимакедонски пропаганди, античко-македонското етничко потекло масовно било прифаќано од страна на многу Македонци и тоа главно во 18, 19 и 20 век. Ова посебно детално го има обработено академик Блаже Ристовски (во своите дела: "Портрети и процеси И " (Скопје, 1989 год.) и "Македонија и македонската нација" (Скопје, 1995 год.). Посебно е важен фактот дека за чувството за античко-македонското етничко потекло на Македонците од 19 и 20 век сведочеле и странски дејци, кои престојувале во Македонија.

Сведоштво дека споменот за Александар Македонски останал меѓу Македонците во првата половина на 19 век дал Јохан Маер. За време на својата посета на Македонија (Серско) во 1814 година тој запишал дека народот од тој крај се уште го чувал споменот за Александар Македонски.

Да ја споменеме и изјавата на еден непознат учител од Охрид, кој дошол на местото на истераниот бугарски учител во Солун во 1845 година. Кога го прашале да се декларира што е по националност, нашиот охриѓанец дословно рекол дека е "*чист Македонец,какви што биле Филип и Александар Македонски и Аристотел филозофот ".*

Свештеникот Димитриј од Кривопаланечко во далечната 1848 година, исто така, запишал дека се чувствува потомок на античките Македонци, додека весникот "Цариградски весник" (03. 03.1860), во една статија од непотпишан автор, запишал дека во Македонија се уште живеат потомците на античките Македонци.

И познатиот босански фолклорист Стефан Верковиќ, кој во 19 век престојувал во Македонија (каде запишувал народни умотворби) запишал дека Македонците од југозападна Македонија сметале дека се потомци на античките Македонци.

За директен потомок на античките Македонци себеси се сметал и истакнатиот македонски учител и револуционер Иван Шумков од Крушево, а така било и со внукот на солунскиот првенец Паунчев, кој на бугарскиот учител Салганџиев му се претставил како: "*чист Македонец, како што беа Филип и Александар Македонски*".

Дури и бугарскиот национален деец и егзархиски агент Петко Славејков во својата статија "Македонското прашање" (18.01.1871), признал дека мнозина Македонци од 19 век себеси се декларирале како потомци на античките Македонци.

Античко-македонското етничко потекло, како свое етничко потекло, го прифаќале и водачите на Кресненското востание. Така на пример во Уставот на Македонскиот востанички комитет од 1878 година, кој го организирал и подигнал ова востание, востаниците се наречени како: "*Македонска војска на Александар Македонски ".*

И големиот македонски автор и револуционер Ѓорѓи Пулевски сметал дека Македонците имаат античко-македонско етничко потекло и тоа постојано го истакнувал.

Во Манифестот на илегалната Привремена влада на Македонија, објавен во април 1881 година пишувало дека Македонците од 19 век се потомци на античките Македонци. Во овој Манифест од владите на останатите земји била побарана "*реставрација на античка Македонија*".

За античка Македонија (и покрај влијанието на грчката и на бугарската пропаганда) интерес покажувале и Григор Прличев и Димитар Миладинов, кои тоа и јавно го истакнувале.

Во една статија објавена во весникот "Македонија" што тогаш излегувал во Русе (Бугарија) во 1888 година, од автор кој се потпишал само со иницијалите К. Г., пишува:

"*Денес, секој Македонец, кога го спомнува Александар Македонски, вели: Ние сме го имале цар Александар Велики... Александар Македонски стои пред лицето на секој Македонец како национална гордост!*"

За големиот македонски преродбеник од 19 и 20 век Исаија Мажовски, античките Македонци и Словените претставувале потполно ист народ.

Славата на македонскиот цар Александар Македонски не ги заобиколила ниту македонските национални дејци во Бугарија, познати под името *лозари*. На еден нивен таен состанок што се одржал на 19.06.1889 година во хотелот "Конкордија" во Софија, на кој присуствувале и: Коста Шахов, Димитар Македонски, Г. Георгиев, И. Шумков, Ножаров, браќа Иванови, Ќузлиев, Мандушев и други, било дискутирано околу преземањето на натамошни активности, па во таа смисла значаен простор и бил отстапен на дискусијата за Александар Македонски, кого тие го сметале за свој предок.

Подоцна *лозарите* биле жестоко напаѓани од страна на бугарските весници, а посебно од публицистот Левов, кој во својата статија, објавена во април 1892 година, ги обвинил *лозарите* дека биле сепаратисти, кои себеси се нарекувале како Македонци и кои тврделе дека: "... *Македонија била нивната татковина и дека таа е одделна словенска држава, чие минато е покриено со блесок, особено во времето на Филип и Александар Велики...*"

Ако го спомнеме и фактот дека блиски до *лозарите* биле и: Гоце Делчев, Даме Груев, Христо Матов, Иван Хаџиниколов, Петар Поп-Арсов и другите, ова сведоштво има уште поголема тежина.

Чувството на етничка припадност на античките Македонци како наследство од нашите предци, не ги напуштило ниту Македонците од бурниот почеток на 20 век. Така, на пример, малку е познато дека во досега неправилно оцрнуваното Горноџумајско врховистичко востание, воено-оперативниот водач на ова востание, полковникот на бугарската војска Атанас Јанков (Македонец од Загоричани), непоколебливо се сметал за директен потомок на античките Македонци и тоа посебно го потенцирал во повикот што го упатил до востаниците непосредно пред востанието.

Античко-македонската етничка свест кај Македонците дошла до израз дури и во периодот на Илинденското востание, наспроти силното влијание на Егзархијата. Така, на пример, претседателот на Крушевската Република Никола Карев себеси непоколебливо се сметал како директен потомок на античките Македонци. Доказ за ова е неодамна откриеното интервју со Никола Карев, објавено во грчкиот весник "Акрополис" на 08.05.1903 година во кое тој потврдно одговара на прашањето дали се смета за директен наследник на Александар Македонски. ("*Јас сум Македонец*", *досега необјавено интервју со претседателот на Крушевската Република за грчкиот весник* "*Акрополис*" *од 8 мај 1903 година*. Подготвено од д-р Лефтерија Вамбаковска, в. "Македонско сонце " 28.07.2000, стр. 14 и 15).

Во септември 1903 година во Њујорк и Филаделфија (САД) во знак на поддршка на Илинденското востание бил формиран Македонски комитет, кој упатил Апел до американската јавност со барање помош за востанието. Во овој Апел востаниците се наречени како Македонци и тоа како потомци на оние Македонци на кои светиот апостол Павле им го проповедал христијанството. (Т. Л. Поречки: "Истина о Македонији кроз документацију", Белград, 1992, стр. 68).

Да спомнеме и една непотпишана статија од весникот "Автономна Македонија", објавена во екот на Илинденското востание во август 1903 година, каде античките Македонци исто така се поистоветени со Словените.

Авторот Петар Загоров, во екот на Илинденското востание година, во в. "Автономна Македонија", ја објавил песната "*Таму*", во која, помеѓу другото, илинденците ги нарекол "*достојни потомци на Велики Александар.*" Песни во кои е опеана славата на античките Македонци биле објавувани и по Илинденското востание.

Конечно, во длабината на својата душа, античко-македонската традиција ја носел и големиот национален деец Димитриј Чуповски. И не случајно на македонското знаме, што тој и неговите истомисленици го изработиле во Русија (1913 или 1914 година), било застапено сонцето и разлутениот коњ на Александар Македонски, по име Букефал. Истите идеи ги носел и братот на Димитриј Чуповски, Никола Д. Чупаров.

Во една стара албанско-латинска историја, која му била покажана на Македонецот Исаија Мажовски за време на неговиот престој во Тирана (Албанија) и кој, она што таму го прочитал, го пренел во својата книга "Спомени" (Софија, 1922) пишувало за античките Македонци како за директни крвни предци на денешните Македонци.

Како директен потомок на античките Македонци себеси се сметал и истакнатиот македонски национален деец д-р Трифун Греков. Во текот на 1922 и 1924 година тој објавил неколку статии посветени на древните Македонци и посебно за Александар Македонски и тоа во в. "Македонија" во Софија и во в. "Македонско сознание" во Виена.

Документ во кој е потенцирано античко-македонското потекло на современите Македонци е пронајден дури и во архивата на ВМРО на Ванчо Михајлов од 1932 година, а едно здружение од организацијата на МПО (еден вид наследници на ВМРО на Ванчо Михајлов) во градот Лорејн (САД), формирано во март 1924 година, го носело името "*Александар Велики*" и имало свое знаме на кое биле прикажани името и ликот на овој славен македонски цар.

За фактот дека античките Македонци не биле никакви Грци, туку посебен етникум со своја култура и цивилизација, кои ја "*надминувале елинската*", пишувале и Васил Ивановски - Бистришки (во 1934 година), како и Ангел Динев (во 1938 година).

Меѓу двете светски војни во прилепската чаршија особено бил развиен култот за Александар Македонски за што сведочел македонскиот национален деец од тие времиња Димче Аџимитрески.

Во триесеттите години, од славата на Александар Македонски се восхитувале и членовите и раководството на тајната македонска организација позната под името ММОР (модифициран збор од францускиот збор морт, што значи: *смрт* - според девизата: *Смрт или слобода*!), на која еден од активистите бил токму Димче Аџимитрески, заедно со Благоја Димитров од Скопје. Во раководството на оваа тајна македонска организација тогаш се наоѓал и поетот Венко Марковски, како и Стојан Јовановски, а близок до организацијата бил и Кочо Рацин.

Во периодот меѓу двете светски војни и младината од Охрид била опфатена со култот за Александар Македонски. Поетот Гоце Митески од Охридско сведочел дека интелектуалната младина од Дебарца за време на Втората светска војна била воодушевена од својот предок Александар Македонски. Во 1942 година и самиот Митески

напишал песна за Александар Македонски во која направил фантастичен спој помеѓу него и Гоце Делчев.

По Втората светска војна славата на античка Македонија стана уште позасилена во редовите на илегалните анти-југословенски македонски организации кај нас и во странство, како и меѓу пошироките слоеви на македонското иселеништво. Полека, но сигурно, врз основа на цврсти докази, овој процес конечно незапирливо напредува и помеѓу денешниве генерации Македонци во нашата земја.

На крајот треба да се истакне дека декларирањето на нашите предци од 19 век како потомци на античките Македонци има неспоредливо поголема тежина од декларирањето на поедини наши предци како: *Грци, Срби* или како *Бугари*.

За нашите предци да се декларираат како *Грци, Бугари* или *Срби* (посебно во 19 век) најголема причина биле баснословните суми што Грција, Србија и Бугарија ги фрлале за своите пропаганди во Македонија. Но, кој ги убедувал тогашните Македонци да се декларираат како потомци на античките Македонци? Се разбира, никој! И не само што никој отстрана не ги убедувал нашите предци да се декларираат како потомци на античките Македонци, туку странските пропаганди со сите сили се обидувале да го задушат ваквото декларирање, истовремено убедувајќи ги дека тие им припаѓаат на нивните нации. Притоа, многубројните историски докази за вековната национална посебност на Македонците биле криени од нашите предци во егзархиските, патријаршиските или во српските цркви и училишта. Затоа ваквото декларирање, кое не само што не било поттикнувано, туку дури било и попречувано од странските шовинисти, има далеку поголема тежина од инаквото декларирање на нашите предци. Ваквото декларирање не е настанато како резултат на странски пропаганди, туку нашите предци го наследиле од своите предци и во тоа се состои неговата исконска сила.

Значи постојат поголем број сериозни докази за етно-културните врски помеѓу денешната македонска нација и античките Македонци како нејзини предци. Поради сето ова, Македонците светители од т.н. *предсловенски период* не се ништо друго, освен крвни предци на денешната македонска нација. Тие се составен и досега неоправдано запоставуван дел од севкупната македонска историја.

ФУСНОТИ:

1) Мајката на Аристотел се родила во градот Стагира во Македонија, но овој град во тоа време бил грчка (атинска) колонија. Оттаму се смета дека таа била Гркинка. Но, неговиот татко Никомах најверојатно бил Македонец. Доказ за ова е фактот што тој му бил личен лекар на македонскиот цар Филип Втори (таткото на Александар Македонски). Познато е дека и Филип и Александар во своето најблиско окружување секогаш имале Македонци (посебно на чувствителните позиции: лекари, доверливи генерали, телохранители и сл.).

2) За македонското етничко потекло на Клеопатра Седма види во продолжение.

3) По смртта на Александар Македонски, големата македонска империја се распаднала, но со нејзините делови останале и натаму да владеат Македонците. Така, александровиот генерал Птолемеј Први останал да владее со Египет, додека генералот Селевк останал да владее со Сирија и со источна Азија. Овие македонски династии во својата традиција задржале многу од македонското наследство. Подоцна нивните држави биле завземени од Римјаните. Од припадниците на овие македонски династии, во Библијата (посебно во Стариот Завет) се спомнати неколкумина (Види во: "Исус Христос и Македонците" од А. Донски, Ѓаконија, Скопје, 2002 год.).

4) За македонското етничко потекло на светиот евангелист Лука види во продолжение.

5) Се мисли на припадниците на Македонската династија, која владеела со Византија од 9 до 11 век. Овие цареви негувале извесен број обичаи што ги негувале и античко-македонските цареви. Тие ја форсирале Македонската фаланга во византиската војска. Повеќе историчари сметаат дека тие потекнувале од родот на античките Македонци.

6) Повеќе детали за придонесот на Македонците во светската цивилизација во книгата "Уделот на Македонците во светската цивилизација" од А. Донски.
7) Вистината дека античките Македонци биле засебен народ веќе е прифатена и во повеќе познати светски енциклопедии. Само како илустрација, во светски познатата ЦД енциклопедија Encarta (наслов: Europe) во врска со ова читаме: "*Македонија, на север од Грција не била автентичен дел од грчкиот свет*". Оваа вистина ја потврдуваат и низа светски истражувачи и познавачи на античка Македонија, чиј список е навистина долг.
8) Arrian: "The Campaigbs of Alexander", *Pengiun books*, USA, 1987.p. 119.
9) Венетите биле еден од најстарите познати народи во историјата на човештвото. Хомер (8 век пред Христа) ги споменува Венетите како малоазиски народ, додека Херодот (5 век пред Христа) ги споменува како балкански народ под името Енети.
10). Дека Венетите биле ист народ со Словените постојат повеќе сведоштва. Уште германскиот историчар Јордан (6 век) напишал дека Венетите и Словените се ист народ, а за ова постојат и други средновековни сведоштва. Сепак, најубедливи и најдетални докази за идентичноста помеѓу венетската и словенската култура се презентирани во извонредната книга "Veneti – First Builders of European Community" од авторите Јошко Шавли, Матеј Бор и Иван Томажич во превод на англиски од Антон Шкербинц. Во оваа книга на над 500 страници се презентирани несоборливи докази од разни области за идентичноста помеѓу венетската и словенската култура (преку споредба на нивни натписи, материјална култура и сл.). Во 2001 година и во учебниците по историја во македонските училишта конечно е внесена историската вистина дека античкиот народ Венети се предци на Словените.
11) Плутарх ова го запишал во глава 51 во својата биографија за Александар Македонски (Плутарх, "Александар Македонски" , Скопје, 1994, стр. 70).
12) Antony by Plutarch, translated by John Dryden.
13) Quintus Curtius Rufus: "Историја на Александар Македонски" во превод од латински на д-р Љубинка Басотова (Скопје, 1998 год. с. 272).
14) Borza Eugen: "In the Shadows of Olympus, The Emergence of Macedon", (ИСБН 0-691-05549-1, USA, 1990, p. 92).
15) Оваа изјава може да се сретне во сите изданија на Демостеновите говори "Филипики".
16) Повеќе објаснувања за значењето на терминот "*варвари*" во антиката види кај: Synthia Sidnor Slowikowski: "Sport and Culture in the Ancient Macedonian Society " (The Pennsylvania State University, 1988, p. 30).
17) Synthia Sidnor Slowikowski: "Sport and Culture in the Ancient Macedonian Society " (The Pennsylvania State University, 1988, p. 30).
18) Thycuiddes 2,8,1. Isocrates 5.108 and Clement of Alexandria 6.2.17.
19) "Христоматиа по историа на Блгариа" (Софија, 1964, стр. 28.)
20) Проф. Фотис Пецас: "*Во шпицот меѓу идолопоклонството и христијанството*", в. "Елиникос Ворас", цит. според Христо Андоновски: "Јужна Македонија од античките до денешните Македонци" (Скопје, 1995, стр. 42).
21) *ГИБИ*, т И, Софија, 1954, стр. 50-51.
22) *ГИБИ*...цит. дело, стр. 79-80
23) "Ephraemii Chronologii caesares", JP Migne, PG 143 (Paris, 1891, 198)
24) Anna Comnena: "*The Alexiad*", Book XIV, 8.
25) Подетално за сето ова во книгата од А. Донски: "Античко-македонското наследство во денешната македонска нација (прв дел - фолклорни елементи)", Штип, 2002/2003 г.. Во оваа книга се предадени детални податоци од истражувањата на странски учени со кои се докажува негрчкиот карактер на т.н. "Грчка митологија".
26) и 27) Повеќе детали во книгата под фуснота 25.

УДЕЛОТ НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО БИБЛИСКИТЕ НАСТАНИ

Пред да поминеме на главната тема на оваа книга - презентирањето на житијата на Македонците светители низ историските собитија, потребно е да кажеме нешто и за уделот на Македонците во создавањето на Библијата и во библиските настани. Овој удел бил огромен, но поради добро познатите причини на негирање на македонската историја и самобитност од страна на некои соседи, сето ова досега беше прикривано, погрешно толкувано или пак, неправедно им беше припишувано на Грците. Повеќе податоци и детали за оваа тема имаме обработено и презентирано во книгата "Исус Христос и Македонците" (во издание на "Ѓаконија", Скопје, 2002 г.), а овде ќе направиме само краток осврт на сето ова.

Македонците и Стариот Завет

Во времето на случувањето на некои од клучните настани опишани во Библијата, во Светата земја (Палестина) живееле голем број Македонци, кои и самите учествувале во овие настани. Постојат автентични древни историски сведоштва во кои детално е опишан животот на Македонците во Светата земја. Македонците (делумно или целосно) владееле со Светата земја околу 270 години, т.е. од нејзиното освојување од страна на Александар Македонски, па се до времето од само неколку децении пред раѓањето на Богочовекот Исус Христос.

Но, да го објасниме ова накратко. Светата земја била освоена од Александар Македонски во времето непосредно пред неговото освојување на Египет. Се дотогаш Светата земја се наоѓала под персиска власт. Некои градови (како што бил блискиот феникиски град Тир) останале лојални на персиската власт и нив Александар морал сосила да ги освојува. Но, голем број Евреи и припадници на другите народи во Светата земја не биле задоволни од персиското ропство и затоа го пречекувале Александар Македонски како свој ослободител. Некои од нив дури и се придружуле кон неговата војска. Настаните околу освојувањето на Светата земја од страна на Македонците детално се опишани во делата на древниот еврејски историчар Јосиф Флавиј, кој живеел во првиот век по Христа. Тој пишува дека кога Александар Македонски влегол во Ерусалим, главниот еврејски свештеник Јадуа, се уплашил од Македонците затоа што претходно и бил верен на персиската власт:

"Сега, откако Александар ја освои Газа, направи план да влезе во Ерусалим. Кога го слушна ова високиот свештеник Јадуа, падна во агонија и маки бидејќи не знаеше како да се појави пред Македонците..."

Но, Александар не само што не му направил ништо лошо на Јадуа, туку тој длабоко му се поклонил при што искажал длабока почит кон Бог (Јехова). Александар рекол дека нему Бог (Јехова) му излегол на сон и го охрабрил да влезе во Азија и да ја освои. Александар воспоставил големо пријателство со Евреите и им ја оставил нивната верска слобода. (Flavius Josephus: Jewish Antiquities XI, 11. The Works of Flavius Josephus, translated by William Whiston, Christian Classics Ethereal Library, Calvin College, USA).

По смртта на Александар Македонски големата Македонска империја се распаднала на неколку држави, но со нив и натаму останале да владеат Македонците. Истовремено државата Македонија останала да егзистира се до својата окупација од страна на Рим.

Со Египет и околните земји, по смртта на Александар Македонски, рековме дека, останал да владее неговиот генерал и другар од детството (а според некои извори и полубрат) Птолемеј. Тој ја основал династијата Птолемеи, чии припадници останале да владеат со Египет и со околните земји се до 30 година пред Христа, по што Египет исто така бил окупиран од Римјаните.

Од бројните древни и современи сведоштва за македонското етничко потекло на династијата на Птолемеите доволно е да го спомнеме цитатот од светски познатата општа ЦД енциклопедија Енкарта (Microsoft Encarta, USA, 1998), каде во насловот "*Династијата на Птолемеите*" (*Ptolemaic dynasty*), читаме:

"*Династијата на Птолемеите претставува македонско семејство кое владеело со Египет за време на хеленистичкиот период, од смртта на Александар Велики во 323 година пред Христа, па се до времето кога Египет станал римска провинција во 30 година пред Христа. Во различни временски периоди Птолемеите ја држеле под својат власт и Киренајка (која се наоѓа во северна Либија), Палестина и Кипар. Династијата била основана од александровиот генерал Птолемеј... Иако не биле со египетско потекло, Птолемеите се придржувале кон повеќе египетски традиционални обичаи. Исто како што правел и Александар, така и тие се претставувале себеси на јавните споменици во египетски стил и облеки... Сепак, во нивната војска доминирале грчките и македонските должносници...Последната и сигурно најславна владетелка од Птолемеите била Клеопатра, која независно владеела, прво со поддршката од Јулиј Цезар, а подоцна и од Марко Антониј...* "

Македонското етничко потекло на Птолемеите го потенцира најпознатиот антички еврејски историчар Јосиф Флавиј, кој живеел во 1 век по Христа. Кралевите од династијата на Птолемеите тој сосема јасно ги нарекува "*Македонци*" ("Flavius Against Apion, II, 5).

За македонското етничко потекло на Птолемеите пишува и ранохристијанскиот писател Иринеј. Дел од неговото творештво го пренесува познатиот ранохристијански историчар Евсевиј Кесариски (околу 260 - 340 год.). Пишувајќи за создавањето на библиотеката во Александрија Иринеј го споменува македонското потекло на Птолемеите. Овде читаме:

"*Уште пред Римјаните да ја воспостават својата империја, во времето кога Македонците се уште ја држеа Азија, Птолемеј синот на Лаг, посакал да ја збогати библиотеката што тој ја направи во Александрија со вредни книги од сите луѓе...*" (Eusebius of Caesarea: *Church History*, Book V, Chapter 8, *The Statements of Irenaeus in regard to the Divine Scriptures*).

Птолемеј (познат и како Птолемеј Први Сотер) бил роден во 367 година пред Христа. Од 323 година пред Христа бил гувернер на Египет и на Либија, а од 305 до 284 година пред Христа владеел како крал. Во неговата биографија, во споменатата енциклопедија Енцарта (наслов *Ptolemy I*), читаме:

"*Птолемеј Први ... бил основач на династијата Птолемеи. Син на Лаг и Македонец по род, Птолемеј бил генерал во армијата на Александар Велики, кој играл главна улога во подоцнежниот поход на Александар во Азија...*"

Птолемеј Први бил другар од детството на Александар Македонски (иако некои антички автори сметаат и дека му бил полубрат). Поради тоа, тој подоцна станал еден од најдоверливите генерали на Александар, кој посебно се истакнал во битките за покорувањето на Персија. Откако станал крал на Египет, тој ја прогласил Александрија за главен град на своето кралство. Птолемеј Први ја основал и познатата Александриска библиотека. Тој напишал и биографија за Александар Македонски, која денес не е сочувана, но се знае дека од неа црпеле информации подоцнежните антички биографи на Александар. Птолемеј Први бил оженет со Береника Прва, која имала извесно вли-

јание во неговото владеење. Береника претходно била омажена за некој Филип, кој бил офицер во војската на Александар Македонски. По смртта на својот сопруг Филип, Береника се премажила за Птолемеј Први. Во нејзината биографија (The Columbia Encyclopedia, Sixth Edition. 2001, naslov: Berenice) читаме:

"*Береника (340-281 или 271 пред Христа), придружник и полусестра на Птолемеј Први, кралот на древен Египет. По потекло Македонка, таа била вдовица на Филип, еден од офицерите на Александар Велики и од тој брак станала мајка на Магас (кралот на Кирена), Антигона (жената на Пир од Епир) и Теоксена (жената на Агатокле, владетелот на Сиракуза.). Береника чиј портрет се појавува заедно со портретот на Птолемеј на многу медаљони, од бракот со него ги родила Птолемеј Втори и Арсиноја Втора.*"

Во 284 или 285 година пред Христа, Птолемеј Први го напуштил престолот во полза на својот син Птолемеј Втори (309-246 пред Христа), а во 283 година пред Христа Птолемеј Први починал. Птолемеј Втори војувал против македонската династија на Селевкидите (кои тогаш владееле со дел од Азија). Во негово време Египет доживеал силен економски и културен процут. Птолемеј Втори значително ја збогатил библиотеката во Александрија и активно ја поддржувал уметноста. Притоа многу му помагала неговата сопруга Арсиноја (316-271 пред Христа), која имала големо влијание во неговото владеење.

Птолемеј Втори бил наследен од својот син Птолемеј Трети (околу 282-221 пред Христа). Тој успеал да ја припои Киренајка кон Египет. И тој ја збогатил библиотеката во Александрија и ја поддржувал уметноста. Потоа на власт дошол Птолемеј Четврти, кој не владеел долго. Тој бил наследен од својот син Птолемеј Петти, кој формално дошол на власт по смртта на својот татко кога имал само пет години. Тогаш практично власта во Египет била во рацете на корумпираните министри на Птолемеј Четврти, што довело до последици по државата. Користејќи ја ваквата состојба сестрата на Птолемеј Петти, Арсиноја Трета, посакала да дојде на власт, но не успеала бидејќи била убиена веројатно по налог на корумпираните министри. Практично Птолемеј Петти бил само формален владетел на Египет. Кога наполнил шеснаесет години, бил оженет со Клеопатра Прва, која била ќерка на Антиох Трети, македонски крал од династијата на Селевкидите. Во бракот со Клеопатра Прва му се родиле два сина. Птолемеј Петти умрел на возраст од дваесет и осум години. Се смета дека бил отруен. Бил наследен од својот син Птолемеј Шести, кој исто така имал само пет години кога умрел неговиот татко.

Птолемеј Шести (околу 186 - 145 пред Христа) исто така немал среќа во владеењето со Египет. Тој војувал против Антиох Четврти (кралот на Селевкидите) при што бил заробен. Тогаш бил заменет од својот брат Птолемеј Седми. По падот на Антиох Четврти, Птолемеј Шести се вратил на престолот во Египет и заеднички владеел со својот брат Птолемеј Седми. Подоцна избил судир помеѓу нив. Во 145 година пред Христа на власт во Египет дошол Птолемеј Осми, кој исто така бил син на Птолемеј Петти. Тој бил опишан како суров владетел. Бил оженет со Клеопатра Трета. Во бракот им се родиле два сина (Птолемеј Девети и Птолемеј Десети Александар) и три ќерки (Клеопатра Четврта, Клеопатра Трифена и Клеопатра Селена). Птолемеј Осми умрел во 116 година пред Христа. Престолот на Египет тогаш дошол во рацете на неговата жена Клеопатра Трета. Таа го форсирала својот помлад син Птолемеј Десети како нов владетел на Египет. Птолемеј Десетти останал да владее со Египет како мошне непопуларен крал. Загинал во една битка во 88 година пред Христа. По неговата смрт, на престолот дошол неговиот брат Птолемеј Девети. Тој владеел со Египет уште осум години, се до својата смрт. Птолемеј Деветти имал два сина, но тие умреле како мали деца. Поради тоа, бил наследен на престолот од својата ќерка Клеопатра Береника. Според египетската традиција (според која секоја жена владетелка морала да има крај

себе личност од машкиот пол за да може да владее) Клеопатра Береника била принудена да се омажи за својот братучед Птолемеј Единаесетти, кој бил син на Птолемеј Десетти. Но, само по деветнаесет дена од свадбата Птолемеј Единаесетти ја убил својата сопруга Клеопатра Береника. Тоа ги разгневило граѓаните на Александрија, кои насилно влегле во кралскиот дворец и го убиле својот крал Птолемеј Единаесетти. Тогаш во Египет завладеал хаос. На престолот дошол Птолемеј Дванаесетти, кој бил син на Птолемеј Деветти и кој владеел до својата смрт во 51 година пред Христа. Тој имал четири ќерки и два сина. Една од неговите ќерки била Клеопатра Седма. Тоа всушност е познатата египетска кралица Клеопатра, чие име денес е познато во целиот свет. Практично, таа била далечна правнука на александровиот генерал и другар од детството Птолемеј Лагов.

Денес не постои ниту една сериозна и објективна историска енциклопедија или друга публикација, во која не е потенцирано македонското етничко потекло на Клеопатра Седма. Ќе наведиме неколку илустрации во поткрепа на ова.

Во ЦД енциклопедијата посветена на светската историја под наслов: "Chronicle Encyclopedia of History", (USA,1997), во поглавието за Клеопатра Седма (*Chronology*) читаме:

"*Во 69 година се родила третата ќерка на еден од македонските фараони на Египет, Птолемеј XII.* "

Во интернет изданието на светски познатата истражувачка корпорација "Discovery Communications" во кратката биографија на Клеопатра читаме:

"*По потекло Клеопатра била Македонка.*" (Copyright © 1999 Discovery Communications Inc.).

Во интернет изданието на "Riverworld penmush org" во врска со етничкото потекло на Клеопатра читаме:

"*Клеопатра била висока и витка жена од чисто македонско потекло.*" (*Cleopatra VII Thea Philopater*, description http://riverworld.pennmush.org/ ~alansz/rwpbem/ bg/chars/cleopatra.html).

Во подолгата статија за Клеопатра, објавена во историската публикација во издание на "InterOz" од САД, во врска со етничкото потекло за оваа славна египетска кралица, читаме:

"*Клеопатра била енергична македонска кралица. Таа била брилијантна жена, која сонувала за голема светска империја. За малку и ќе успеела во тоа... Единствен владетел кој може да фрли сенка врз фасцинантноста на Клеопатра бил Александар, кој исто така бил Македонец... Птолемеите биле по потекло Македонци, кои владееле со Египет како фараони. Клеопатра била последниот египетски фараон.*" (Подетално во: *Cleopatra VII*, *Ptolemaic Dynasty*, Design, Layout and Graphic Art by Jimmy Dunn, an Inter City Oz Inc Employee USA, 1996).

Античките историчари различно ја опишуваат Клеопатра. Јосиф Флавиј го критикува нејзиниот карактер, што впрочем е и сосема разбирливо ако се знае дека таа извесно време ги припоила еврејските територии кон својата држава. Меѓутоа, древниот грчки историчар Плутарх во својата биографија за Марко Антониј со восхит пишува за Клеопатра. Тој наведува дека таа зборувала голем број јазици, при што индиректно споменува дека нејзиниот мајчин јазик бил македонскиот. Плутарх пишува:

"*Беше вистинско задоволство да се слуша звукот на нејзиниот глас со кој, како инструмент со многу жици, таа преоѓаше од еден јазик во друг, така што, имаше само неколку варварски народи со кои разговараше преку преведувач, додека со поголемиот број од нив таа директно разговараше. Такви беа: Етиопјаните, Троглодите, Евреите, Арапите, Сиријците, Медите, Партијците и многу други, чии јазици таа ги научи. Тоа беше уште поизненадувачко затоа што повеќето од нејзините предци кралеви одвај се*

мачеа да го научат египетскиот јазик, а некои од нив прилично го запоставија и македонскиот јазик." (*Antony* by Plutarch, Translated by John Dryden).

Ова многу значајно сведоштво од Плутарх ни зборува дека мајчиниот јазик на Птолемеите бил токму македонскиот јазик! Гледаме дека, според Плутарх, некои од нив (веројатно поради политички причини) го запоставувале македонскиот јазик на сметка на мешаниот јазик коине (за чиј карактер ќе пишуваме во продолжение). Но, Плутарх не пишува такво нешто и за Клеопатра, што значи дека таа си го зборувала мајчиниот македонски јазик. Да потсетиме дека Плутарх ова го напишал само стотина години по смртта на Клеопатра (некаде околу 75 година по Христа) што значи дека временски бил многу близу до настаните поврзани со неа.

А, сега да се вратиме на останатите настани што се случиле во Светата земја додека таму владееле Македонците.

Во Сирија, дел од Мала Азија, па се до Индија, по смртта на Александар Македонски, останал да владее неговиот генерал Селевк. Тој ја основал македонската династија Селевкиди, чии претставници останале да владеат со државата што тој ја основал се до 63 година пред Христа, по што и нивната држава била освоена од Римјаните. Од бројните древни и современи сведоштва за македонското етничко потекло на Селевкидите, како илустрација ќе приложиме цитат од споменатата ЦД енциклопедија Енцарта (наслов: *Seleucids*), каде во врска со ова пишува:

"*Селевкидите биле династија македонски кралеви, кои владееле со Средниот Исток од ИВ до И век пред Христа. Оваа династија била воспоставена откако империјата на Александар Македонски била поделена помеѓу неговите наследници. Кралството на Селевкидите се протегало на исток до Мала Азија, па се до денешен Пакистан. Најзначајни кралеви од династијата Селевкиди биле: Селевк I (владеел 312-280 пред Христа), Антиох I (владеел 280-261 пред Христа); Антиох II (владеел 261-247); Селевк II (владеел 247-226 пред Христа); Антиох III (владеел 223-187 пред Христа) и Антиох IV (владеел 175-163 пред Христа)*" .

Македонското етничко потекло на династиите на Птолемеите и на Селевкидите е спомнато и во Библијата. Во старозаветната "Прва книга на Макавеите" (1-3), е опишана македонската окупација на Светата земја од страна на Александар Македонски. Притоа е спомнато дека неговите наследници Македонци продолжиле да владеат со Светата земја и по неговата смрт. Од не сосема јасни причини, Македонија овде е наречена со името *Китим* (што во продолжение ќе се обидеме да го објасниме), иако за Александар Македонски јасно пишува дека бил Македонец. Овде читаме:

"*Александар Македонецот, синот Филипов, кој тогаш веќе беше господар на Грција, се појави од земјата Китим и го победи Дариј, кралот персиски и медиски, по што зацарува место него. Поведе многу војни, завзеде многу тврдини и отепа кралеви на многу земји... Така, откако цареше дванаесет години, Александар умре. А, неговите должносници ја презедоа власта, секој на своето подрачје. Сите тие, по неговата смрт си ставија круни, а по нив тоа го сторија и нивните синови* (Прва Мак. 8-9)*. Од нив дојде и грешното колено на Антиох Епифан, синот на крал Антиох, кој беше заложен во Рим*" (Прва Мак. 10).

Зошто македонскиот крал Антиох Епифан овде е наречен како "*грешно колено*", исто така, ќе објасниме во продолжение.

А, сега малку ќе се оддалечиме од темава за да објасниме зошто Македонија на некои места во Стариот Завет била наречена со името *Китим*. Познато е дека и најпознатиот старозаветен пророк Мојсеј ја спомнал Македонија под името Китим. Конкретно, тој ги спомнал "*бродовите на Китим*", т.е. македонската флота. И во Родословната таблица на книгата "Битие" (10 глава) Мојсеј ги споменува "*Китимците*" (Македонците) како еден од најстарите народи на светот.

Па, зошто Македонија била означена со името *Китим*? Одговор на ова прашање дава д-р Ѓорѓи Поп-Атанасов во својата книга "Библијата за Македонија и Македонците" (Скопје, 1995, стр. 28, 31 и 35). Најнапред тој потсетува дека и други денешни територии во Библијата се спомнати со поинакви имиња, секако поради разбирливи причини што тој детално ги образложува. Така, на пример, Египет е спомнат како *Мирцраим*, Етиопија како *Офир, Уц* и *Хуш*; Кипар е спомнат како *Кафтор*; Шпанците се спомнати како *Тарсис* (според древниот град Тарсис што се наоѓал во Шпанија) и така натаму. Д-р Поп-Атанасов објаснува дека коренот на *Китим* е во именката *Кит*, а додатокот *им* е еврејски додаток со кој во еврејскиот јазик се правеле термините за означување на одредени народи (како што отприлика кај нас е додатокот *ци* - Шпанци, Македонци итн). Д-р Поп-Атанасов претпоставува дека името *Кит(им*) можеби произлегува од името на древниот македонски град Китион, а можеби и од името на старата македонска планина планина Китос, што ги спомнал уште Ксенофонт (440-355 пред Христа).

Значи, гледаме дека во најзначајната книга на светот Библијата, Македонците се спомнати како еден од најстарите народи, кои од дамнина имале своја организирана држава.

Но, да продолжиме со настаните во Македонската империја што се одиграле по смртта на Александар Македонски. Со мал дел од Мала Азија (Пергамското кралство) останала да владее македонската династија Аталиди.

Што се однесува до Светата земја (Палестина), со неа, по смртта на Александар, отпрвин владеел неговиот генерал Птолемеј Први Лагов. И тој искажал почит кон Бог (Јехова) и им ја оставил верската слобода на Евреите. Во 197 година пред Христа, Светата земја потпаднала под власта на државата на Македонците Селевкиди, кои отпрвин, исто така, ја почитувале верската слобода на Евреите. Но, во 175 година пред Христа на чело на државата дошол Македонецот Антиох Четврти Епифан, кој владеел до 164 година пред Христа. Тој не покажал никакво разбирање кон религијата на Евреите и истата ја забранил, терајќи ги Евреите сосила да им се поклонуваат на балканските паганси *богови*. Ваквата негова неразумна политика предизвикала револт кај Евреите, кои кренале востание против македонската власт. Тоа е познатото востание што било предводено од еврејското семејство Макавеи, кое е опишано во Стариот Завет. Токму заради тоа, во "Книгата на Макавеите" македонскиот крал Антиох Четврти Епифан е наречен "*грешно колено*". Практично, тоа било еврејско востание против власта на Македонците. Востанието завршило по неколку децении, кога Евреите успеале во дел од Светата земја да востановат своја независна држава, која подоцна, исто така, (во 63 година пред Христа) била завземена од Римјаните.

На настаните што потоа се одиграле во Светата земја ќе се вратиме подоцна, а сега да кажеме неколку зборови за животот во државите на македонските династии на Птолемеите и на Селевкидите. Обете македонски династии (Птолемеите и Селевкидите) во своите држави населиле голем број Македонци и Грци.

Интересен е обидот на Македонците Птолемеи за менување на етничкиот состав на Египет. За таа цел, од Македонија и од територииите на денешна Грција, во Египет биле доселени околу еден милион Македонци и Грци со цел да го изменат етничкиот состав на Египет. Сепак, оваа бројка била премала во однос на седумте милиони Египјани (Улрих Вилкен: "Александар Македонски", 1931 год., во превод на македонски, Скопје, 1988 г., стр. 332 и 334).

За значителното присуство на Македонците, во тоа време во Египет, постојат голем број податоци од древни и од современи извори.

Македонци имало населено и во самата Света земја (Палестина). Македонците како жители на Светата земја ги споменува и античкиот еврејски историчар Јосиф

Флавиј и тоа на повеќе места во своите дела. Притоа, тој јасно ги издвојува Македонците од Грците.

Споменатиот германски историчар Улрих Вилкен во своето дело "Александар Македонски" (цит. дело, стр. 299), во врска со населувањето на Македонците во државите на Птолемеите и на Селевкидите (вклучувајќи ја и Светата земја), пишува:

"*Од почетокот Селевкидите и Птолемеите имаа за цел да привлечат колку што е можно повеќе македонско и грчко население во своето кралство. Само на овој начин тие можеа да се здобијат со рамнотежа среде ориенталските маси... Селевк Први и неговиот син Антиох Први се меѓу најголемите колонизатори во светската историја. Не само во Мала Азија..., туку и во цела Сирија, тие спроведоа обемна програма за изградба на градови,* ***па како резултат на тоа, една 'друга Македонија' се издигна во овие делови.***" (Подвлекувањето е наше).

И понатаму (стр 327):

"*Селевкидите..., и од политички и од економски аспект, имаа најголем интерес да привлечат што е можно повеќе Грци и Македонци во своето кралство...*"

Вилкен (стр. 334) потсетува дека Селевкидите изградиле цели градови населени со Македонци и Грци, при што, заклучува дека, тие извршиле "*огромна колонизација*" на источното Средоземје (секако, вклучувајќи ја овде и Светата земја - Палестина).

И добриот познавач на античка Македонија американската историчарка д-р Синдија Синдор Словиковски, кога пишува за населувањето на Македонците во државите на Птолемеите и на Селевкидите, заклучува дека Македонците долго време останале владеачка класа во градовите што самите ги основале или значително ги проширило. Во врска со ова таа пишува дека (цитат): "*...Македонците го сочинувале главниот дел од владеачката класа на новите градови.*" (D-r Synthia Syndor Slowikowski, >Sport and Culture in the Ancient Macedonian Society<, The Pennsylvania State University, 1988, стр. 131).

Македонци имало населено дури и во срцето на Светата земја - Ерусалим! За ова сведочи еврејскиот историчар Јосиф Флавиј, кој пишува за поставувањето на македонскиот гарнизон во Ерусалим од страна на веќе споменатиот македонски крал Антиох Четврти. Имено, рековме дека овој крал (за разлика од своите претходници) сурово владеел над Евреите при што запалил дел од Ерусалим. За ова Јосиф Флавиј пишува:

"*Тој исто така ги изгоре најубавите згради и откако ги сруши градските sидини, изгради цитадела во долниот дел на градот... каде постави гарнизон со Македонци.*" (*Jewish Antiquities*. XII, 5,4).

Од овој цитат ќе го издвоиме како извонредно значаен фактот дека Јосиф Флавиј за војската на Антиох Четврти тврди дека била составена од Македонци! Ова претставува голем доказ дека Селевкидите биле сосема свесни за своето македонско потекло и тоа долго време по освојувањето на Светата земја од страна на Александар Македонски. Македонецот Антиох Четврти владеел околу век и половина по потпаѓањето на Палестина под македонска власт. Тој бил роден во Азија и немал речиси никакви контакти со Македонија. Така било и со неговите војници - главно потомци на таму населените Македонци. Ниту тие немале никаков контакт со татковината на своите предци. Па сепак, сите тие, сосема јасно, себеси се декларирале како Македонци, што и го натерало еврејскиот историчар Јосиф Флавиј така да ги претставува во своите дела.

Јосиф Флавиј и на многу други места ги споменува Македонците како жители на Светата земја.

Впрочем, населувањето на Македонци во земјите што тие ги освоиле не е ништо необично. Познато е дека така правеле речиси сите народи завојувачи. Подоцна и

Римјаните го правеле истото. Во сите земји што ги освојувале и тие населувале свое домородно население. Има и други вакви бројни примери.

Македонците Селевкиди, во својата држава, на Евреите и на останатите не-македонски жители им наложиле неколку македонски културни сегменти. Тие го наложиле Македонскиот календар (за кој се знае дека бил сосема различен од грчкиот), ја наложиле македонската топонимија, па дури се обиделе да наложат и некои елементи од македонската мода, како што било прифаќањето од страна на некои Евреи да ја носат типичната македонска шапка каусија. Што се однесува до топонимијата, Македонците Селевкиди (исто како и Птолемеите) ставале македонски имиња на градовите што ги основале (или освојувале) во својата држава (вклучувајќи го и подрачјето во и околу Светата земја). Таков бил градот Антиохија (за кој во продолжение ќе пишуваме). Друг познат таков град бил пристаништето Селевкија Пиерија, кој бил изграден во 300 години пред Христа од страна на македонскиот крал Селевк Први. Овој град го добил своето име според името на древно-македонската област Пиерија од која потекнувале познатите музи. Имало и други новоизградени градови кои го добиле името Селевкија. Македонски имиња носеле и градовите: Пела, Дион, Макед, Береја и други (кои можат да се забележат на секоја географска карта на Светата земја од времето на Исус и пред тоа). Овие градови се наоѓале токму во Светата земја, но и во нејзината непосредна близина. Некои од овие градови ги имало и во постарата историја на Светата земја. Се разбира дека тогаш имале други имиња. Така, на пример, градот Птолемаида отпрвин се викал Ако, а македонското име го добил откако потпаднал под власта на македонскиот владетел Птолемеј Втори. Но и градовите што ги имало во постарата историја на Израел, а кои подоцна добиле македонски и балкански имиња, биле доградувани и населувани со македонско и грчко население, поради што веројатно и се случувала промената на нивните имиња. Освен градовите, македонски имиња носеле и други топоними во и околу Светата земја. Некои од нив биле: долината на Антиох, планината Александриум, планината Пиереја и други.

Дури имало и цели области во Светата земја во кои доминирале градовите со македонски и општобалкански имиња. Таква била областа Декаполис (што претставува термин на мешаниот јазик коине, што значи "Десетоградие". Во оваа област се наоѓале градовите: Пела, Дион, Скитопол, Хипос, Филаделфија, Енон, Гадара, Герас и други. Поради тоа, со голема веројатност можеме да заклучиме дека се работи за градови кои биле населени со значително македонско население, иако во нив сигурно дека имало и голем број Евреи, па и Грци, исто како што имало Македонци, кои живееле и во претежно еврејските градови. Областа Декаполис граничи со познатите библиски области Галилеја и Самарија. Низ Декаполис минува реката Јордан, а во оваа област во голем дел се наоѓа и познатото библиско Генисаретско Езеро (Галилејско Море) по чија вода Господ Исус Христос одел и на чиј брег ги сретнал своите идни ученици, светите апостоли Симон (Петар) и неговиот брат Андреј, кои таму ловеле риба. Значи, среде Македонците во областа Декаполис се случиле некои од клучните настани во Новиот Завет.

А, сега да се вратиме на споменатото еврејско востание против Македонците. Предводник на ова востание било еврејското семејство Макавеи. Освен во Библијата ("Книгите на Макавеите"), ова востание детално го опишува и најпознатиот антички еврејски историчар Јосиф Флавиј. Овде треба да се спомне еден многу значаен податок. Имено, кога пишува за востанието на Евреите против Селевкидите, Флавиј сосема јасно пишува дека Евреите всушност се бореле за своја слобода против ропството што им било наметнато токму од Македонците! Кога пишува за убиството на еврејскиот востанички водач Јуда Макавеј, Флавиј вели:

"*Јуда... остави зад себе голем углед и спомен, борејќи се за слободата на својот народ и избавувајќи го од ропството под Македонците*". (*Jewish Antiquities*... XII, 11,2).

Во врска со успесите на Јуда Макавеј против Македонците Селевкиди, Јосиф Флавиј пишува:

"*Еврејскиот народ ја обнови својата слобода откако претходно беше под ропство на Македонците... Но, не беа малку оние* (Евреи, з.м.), *кои поради основните потреби и поради тоа што не можеа да се носат со мизерувањето и со гладот што им надвиснаа над глава, избегаа од својата земја и појдоа кај Македонците*". (*Jewish Antiquities*... XIII, 1,1).

Овде терминот "*Македонци*" повторно се однесува на Селевкидите, кои и покрај губењето на територијата на Јудеја, и натаму останале да владеат со голем дел од Палестина и пошироко.

Дека Евреите се наоѓале под "*власта на Македонците*" (мислејќи на Селевкидите), Флавиј пишува и на други места во своите дела. (Подетално за ова во книгата од А. Донски: "Исус Христос и Македонците").

Сето ова се извонредно значајни податоци посебно затоа што во многу светски енциклопедии и други дела, не сосема точно, пишува дека Селевкидите во својата држава наводно ја шириле "*грчката култура и јазик*", дека граделе "*грчки градови*" и слично. И навистина во културата што тие таму ја шириле имало елементи од разни култури, па и од грчката, но тоа не значи дека тие биле "*Грци*". Впрочем, од сведоштвото на еврејскиот историчар Флавиј гледаме дека самите Евреи биле сосема свесни дека се наоѓаат под македонско (а не под грчко) ропство. Секако дека тие ова го тврделе поради фактот што самите Селевкиди биле свесни за своето македонско потекло, иако голем дел од нив немале ниту стапнато во Македонија. Потсетуваме дека еврејскиот востанички водач Јуда Макавеј загинал во средината на вториот век пред Христа. Ова значи дека дури и по повеќе од еден и пол век од освојувањето на Светата земја од страна на Александар Македонски, потомците на Македонците кои биле населени во Палестина, себеси се декларирале како - Македонци!

Во времето кога со Светата земја владееле Македонците биле напишани неколку книги од Стариот Завет. Ова ни открива уште еден извонредно значаен сегмент од македонската поврзаност со Библијата, а тоа е фактот дека значајни делови од Стариот Завет биле пишувани токму на територииите со кои владееле Македонците.

Така, на пример, старозаветната книга "Книга на пророк Захарија" (9-14) практично била пишувана во Македонија! Имено, делот 9-14 од оваа книга се смета дека бил напишан во времето кога со Палестина владеел токму Александар Македонски, т.е. во времето кога Светата земја практично била составен дел од Македонија. ("Библија", Загреб, 1983, стр. 1280).

И Книгата за пророкот Јона се смета дека била напишана во четвртиот или во третиот век пред Христа, т.е. во времето кога со Палестина владееле Македонците ("Библија", цит. дело, стр. 1230 и 1280). Оваа книга денес е една од најпочитуваните книги во јудаизмот.

И "Книгата Товит" била напишана во ова време (четврти или трети век пред Христа), т.е. и оваа книга била напишана на територија со која тогаш владееле Македонците ("Библија", Загреб, 1983, стр. 1194).

Старозаветната книга под наслов "Книга на пророк Даниил" исто така била напишана во времето на владеењето на Македонците Селевкиди. Оваа книга била создадена токму како резултат на отпорот на месното еврејско население против политиката на споменатиот Антиох Четврти, кој тогаш владеел со Палестина.

И старозаветната "Книга Мудрост Сирахова" била напишана во времето на владеењето на Селевкидите со Палестина. Се смета дека оваа книга била напишана околу 190 година пред Христа, исто така како резултат на отпорот на Евреите против

Македонците Селевкиди. Авторот на оваа книга Сирах ги повикува Евреите да се сетат на својата традиција и богата култура за да пружат отпор на новите струења што однадвор им биле наметнати.

Во времето додека со Египет владеела познатата македонска кралица Клеопатра Седма, во Александрија била напишана старозаветната "Книга на мудроста" ("Библија", Загреб, 1983, стр. 1284).

И Македонците Птолемеи оставиле значаен придонес во Библијата. Како еден од најзначајните културни сегменти, што оваа македонска династија го оставила на светската цивилизација, претставува преводот на Стариот Завет од еврејски на јазикот коине. Овој превод на Стариот Завет бил направен во 3 век пред Христа и преку него, практично, Стариот Завет за првпат бил пошироко промовиран пред светот. Овој превод бил извршен благодарение на залагањето на Македонецот Птолемеј Втори. Како тогашен крал на Египет, тој ангажирал 72 преведувачи од еврејско потекло, кои го зборувале јазикот коине за да го преведат Стариот Завет. Овој превод денес е познат под името "Септуагинта" и се смета за најзначајниот превод на Стариот Завет ("Библија", Загреб, 1983, стр. 1170).

Овде малку ќе се оддалечиме од темава за да објасниме каков бил тој јазик коине и зошто Македонците го форсирале како официјален јазик во империјата на Александар Македонски, но и во државите со кои останале да владеат неговите наследници? Зошто стариот македонски јазик (чија засебност е јасно докажана) не бил форсиран како официјален јазик во оваа империја? Одговорите на овие прашања се едноставни. Имено, до колку Александар и неговите наследници се обиделе на овие народи да им го наметнат, за нив, сосема непознатиот македонски јазик, сигурно дека ќе наишле на несакан отпор од нивна страна. Тоа, пак, најмалку им одговарало на Македонците и затоа бил создаден и форсиран еден универзален јазик наречен *коине,* во кој имало вклучено елементи од повеќе тогашни јазици (грчкиот со своите варијанти, македонскиот и други јазици на блиско-источните народи). Поради тоа што овој јазик бил создаден во Александрија, бил познат и под името: "Александриски дијалект". Значи, коине бил еден вид мешан (заеднички) јазик, кој бил форсиран од македонските династии како универзален јазик во земјите со кои владееле, исклучиво заради полесна комуникација помеѓу различните народи.

Денес научниците сметаат дека јазикот коине всушност бил еден вид есперанто во тоа време. Како илустрација за ова ќе го спомнеме пишувањето на д-р Чарлс Френсис Потер, кој инсистира на фактот дека јазикот коине не бил никаков "чист" грчки јазик, туку дека бил еден вид есперанто - мешавина од повеќе тогашни јазици. Во врска со ова д-р Потер пишува:

"...Коине (мешавина од различни јазици)... настанал како резултат на освојувањата на Александар Македонски на тогашниот познат свет. Коине... бил заеднички или универзален јазик на тоа време, еден вид есперанто, што се употребувал во конверзацијата, во комерцијалата и во пишувањето со векови пред и по првиот век по Христа..." (Dr Charles Francis Poter: >*The Lost Years of Jesus Revealed*<; A Fawcett Gold Medal Book, Published by Ballantine Books, 1962, 1958, CBS Publications, стр. 40).

Уште подециден е српскиот црковен историчар Веселиновиќ, кој во врска со карактерот на јазикот коине, уште во 1908 година, запишал:

"Јазикот коине треба да го разликуваме од стариот класичен грчки јазик. Тој бил создаден во времето на Александар Велики како заеднички јазик за сите народи во Македонското царство. Бил наречен и како: заеднички или Александриски дијалект, бидејќи главно се развивал во Александрија. На тој јазик било преведено Светото Писмо во времето на Птолемеј Филаделф... " (С. М. Веселиновиќ: "Лекције из Светог Писма -

Законске књиге Старог Завета", Београд, Нова штампарија "Давидовиќ", Дечанска 14, 1908 год. стр. 17-18).

Кога сме кај спомнувањето на Македонците во Стариот Завет, да го спомнеме и Македонецот Аман Амадатов, кој е спомнат во Книгата на Естир (9,24), која била напишана кон крајот на периското владеење со Светата земја (Палестина). Аман Амадатов живеел на персискиот двор и таму тој ги прогонувал Евреите. Во коине преводот на Стариот Завет (Септуагинта) Аман Амадатов е опишан како Македонец .

Во истата Книга на Естир (8,12) спомнато е името на Аман Амадатов и во Повелбата на персискиот цар Ксеркс Први (486 - 465 пред Христа), според која, овој цар наредил убиство на Аман Амадатов затоа што ги прогонувал Евреите, правејќи од нив непријатели на Персиската држава. Во оваа Повелба и навистина Аман Амадатов е спомнат како "*Македонец*", кој бил "*туѓ на персиската крв* ", чија крајна цел била "*...власта на Персијанците да ја предаде во рацете на Македонците* ".

Македонците и Новиот Завет

Во продолжение ќе напишеме нешто накратко и во врска со придонесот на Македонците во христијанството (Новиот Завет). Постојат основани индиции да се верува дека самиот Господ Исус Христос за време на своето дејствување контактирал со голем број Македонци, кои тогаш живееле во Светата земја. Но, да објасниме зошто мислиме така.

По завршувањето на еврејското востание, рековме дека во дел од Светата земја, Евреите формирале своја независна држава. Историските извори ни зборуваат дека во оваа држава, еврејскиот водач Јован Хиркан спровел јудаизација врз таму населените Македонци, при што мнозина од нив го прифатиле јудаизмот. Но, и покрај тоа, извесен број Македонци и натаму останале да си ја чуваат својата претходна паганска култура (во повеќе публикации позната под не сосема соодветниот термин *хеленистичка*).

Овде треба да се потенцира дека терминот *хеленистичка култура*, т.е. *хеленистичка религиозна определба* што денес го употребуваат повеќе автори означува мешана (главно македонска и грчка) култура, која била распространувана од Македонците низ земјите со кои владееле. Оттаму, терминот *хеленистичка*, не е соодветен термин, затоа што испаѓа дека оваа култура во себе го содржела само хеленизмот. Сепак, денес во историографијата се прави разлика помеѓу термините *хеленска* (грчка) и *хеленистичка* (мешана - главно македонска и грчка) култура. Затоа секогаш кога ќе се сретне терминот *хеленистичка*, треба да се има на ум грамадниот македонски удел во оваа култура (но и уделот од други балкански народи) поради што далеку посоодветен термин за неа е терминот *балканска култура*.

А, сега да се вратиме на темава. Се поставува прашањето: што се случило со потомците на јудаизираните Македонци по повеќе од век и половина од нивната јудаизација, т.е. во времето на дејствувањето на Господ Исус Христос? Јасно е дека потомците на овие Македонци во Исусово време себеси веќе се чувствувале како *Евреи*. Сигурно дека тие тогаш веќе длабоко биле навлезени во јудаизмот, прифаќајќи ја неговата религиозна доктрина, а во голема мера прифаќајќи ги и неговите останати сегменти (ономастика, обичаи и сл.). Но, сигурно и дека нешто не можеле да променат, а тоа е својот јазик и своите антрополошки карактеристики. Тие и натаму си останале белокожи луѓе, а најверојатно дека и натаму, макар и делумно, задржале некои сегменти од својата претходна култура (најповеќе јазикот, а можеби и дел од обичаите и ономастиката). Многу јасна потврда за постоењето на јудаизираните *пагани* (главно

Македонци и Грци) и на нивните потомци во Светата земја во Исусово време, имаме во повеќе старохристијански ракописи. Во нив децидно е спомнато постоењето на *паганите*, кои биле јудаизирани. Овие луѓе биле наречени *прозелити*.

Значи, потомците на јудаизираните Македонци живееле како *лојални јудејци* (кои веќе биле сметани како *Евреи*) и во Исусово време. Поради ова, гледано од денешен аспект, речиси е невозможно секогаш да се открие кои од жителите на Светата земја од тоа време (кои денес ги знаеме како Евреи), биле потомци на јудаизираните Македонци, а кои биле вистински Евреи по род.

Впрочем, јудаизираните Македонци (но и Грци) во голема мера веќе носеле еврејски имиња (иако најверојатно задржале дел и од сопствениот ономастикон).

Што подоцна се случило со потомците на овие *Евреи*, т.е. со *прозелитите* од македонско етничко потекло? Без да шпекулираме, само ќе кажеме дека и денес постојат Евреи со бел тен, па дури и со руси коси и сини очи, наспроти мнозинството останати Евреи, кои имаат потемен тен на кожата. Дали овие Евреи во добар дел не се од генот на своевремено јудаизираните антички Македонци? Познатиот истражувач Артур Вајгал во својата книга: "Александар Македонски" (Скопје, 1992 г., стр. 24) во врска со карактеристиките на античките Македонци пишува: "*Вистинските Македонци... имале побел тен од просечниот Грк*".

Во историјата на Израел не постои случај припадници на друг ваков етникум (со побел тен) помасовно да го прифатиле јудаизмот. Таков бил случајот само со таму населените Македонци. Јудаизмот го прифаќале и Грците, но тие и самите биле со потемен тен на лицето во однос на Македонците. Оттаму, многу е веројатно дека добар дел од денешните и поранешните Евреи со бел тен навистина го носат во себе генот на своевремено јудаизираните Македонци. Поинаку, не знаеме како може да се објасни постоењето на Евреи со вакви антрополошки карактеристики среде мнозинството семитски Евреи. Кои други културни сегменти ги примиле Евреите од Македонците во процесот на взаемно мешање на нивните култури? Дали е случајна сличноста помеѓу некои еврејски и македонски ора и песни? Исто така се поставува прашањето и што се случило со Македонците, кои во голем број биле населени во Египет? Секако дека ни тие никаде не исчезнале. Дали некои од денешните египетски Копти (кои, на пример, имаат сини очи) можеби ја носат крвта на своевремено таму населените Македонци? Сето ова останува за натамошни истражувања.

Но, да наведеме и други докази за присуството на Македонците во Светата земја во Исусово време и потоа.

Странците (главно Македонците и Грците) како жители на Светата земја во Исусово време се спомнати уште во Евангелието по Матеј (27:7). Кога пишува за предавството на Јуда светиот евангелист Матеј пишува дека Јуда, откако го предал Исуса, се покајал и ги вратил парите (триесетте сребреници) што претходно ги зел од свештениците, по што се обесил. Но, свештениците не сакале да ги вратат тие пари назад во касата на Храмот, затоа што тие биле *окрвавени*. Свети Матеј пишува дека со тие пари свештениците ја купиле *Лончаревата нива* за да изградат на неа гробишта за *странците*.

Значи, светиот евангелист Матеј ги споменува *странците* како жители на Светата земја, а поради фактот што за нив требало да бидат изградени гробишта гледаме дека нивниот број воопшто не бил мал. Претходно докажавме дека тие *странци* биле претежно Македонците и Грците.

И самиот Господ Исус Христос, барем двапати, ги спомнал *паганите* како жители на Светата земја. Во Евангелието по Матеј (10:5), Исус ги спомнал *паганите* (припадниците на балканското паганско религиозно сфаќање, т.е. Македонците и Грците) како жители на библиската област Самарија. Во истото Евангелие (10:18) Исус

повторно ги спомнал *паганите*. Предупредувајќи ги своите ученици (апостолите) дека ги чекаат големи непријатности во нивниот живот поради ширењето на христијанството, Исус им рекол: "*Ќе ве изведуваат поради мене пред управниците и кралевите за да сведочите пред нив и пред паганите* ".

Впрочем, дека во околината на Исус имало Македонци и Грци индиректен доказ претставува и самиот негов назив *Христос*, што на јазикот коине значело *помазаник*. Ваквиот назив можеле да му го стават само оние на кои поблизок им бил јазикот коине, во однос на арамејскиот или еврејскиот јазик, а тоа секако дека биле потомците на таму населените Македонци и Грци, кои и го донеле своевремено јазикот коине во Светата земја.

Македонци живееле и во Галилеја (позната област од Светата земја што се наоѓа на север од Самарија). Во галилејскиот град Назарет живееле Јосиф и Марија (света Богородица). Во Назарет Исус го поминал своето детство.

Да наведеме неколку докази во поткрепа на ова.

Јосиф Флавиј споменува еден извештај од Јуда Макавеј - водачот на еврејските востаници против македонската власт (средина на втори век пред Христа) -во кој, Јуда Макавеј ги споменува *странците од Галилеја*, кои се бореле против еврејските бунтовници.

Жестока битка против не-еврејското население во Галилеја водел и еврејскиот водач Симон Макавеј. Флавиј пишува дека во оваа битка загинале околу три илјади странци (*Jewish Antiquities*, XII, 8,2). Од овој податок може да се заклучи дека бројноста на не-еврејското население (главно составено од потомци на македонските и грчките доселеници) во Галилеја воопшто не била мала штом успеале да организираат војска од најмалку неколку илјади души за да се борат против еврејските востаници. Сигурно дека и во Исусово време потомците на овие Македонци и натаму си живееле во Галилеја.

За присуството на *паганите* (главно Македонците и Грците) во Светата земја, сведочат и податоците од неколку ранохристијански апокрифни ракописи. Во некои од нив можеби можат да се идентификуваат токму Македонците како жители на Светата земја во Исусово време. Така, на пример, во апокрифниот ракопис во кој се опишани делата на светиот апостол Филип е опишана средбата на свети Филип со некоја вдовица која му рекла дека се молела на *боговите* Арес, Аполон, Хермес, Артемида, но и на Сонцето и на Месечината (*Acts of Philip*, *4,1;* >The Apocryphal New Testament< M.R. James-Translation and Notes Oxford: Clarendon Press,, 1924). Можеме да претпоставиме дека можеби оваа жена била потомок токму на своевремено доселените Македонци, затоа што гледаме дека, освен на познатите балкански *богови*, таа му се молела и на сонцето, чиј култ одамна егзистирал среде античките Македонци.

За *паганите* како жители на Ерусалим пишува и ранохристијанскиот историчар Евсевиј Кесариски. Тој тврди дека првите христијани во Ерусалим биле токму од редовите на *паганите* (главно Македонците и Грците) (Eusebius of Caesarea: >Church History<, Book V, Chapter 12, *The Bishops in Erusalim*).

Значи, кога зборуваме за Македонците - жители на Светата земја во времето на Господ Исус Христос и во текот на целиот прв век по Христа, треба да имаме предвид дека, гледано од религиозно-културен аспект, таму живееле (условно кажано) две *групи* Македонци. Првата *група* биле Македонците пагани. Тоа биле оние Македонци кои во својата семејна традиција си ја зачувале паганската религиозна определба и култура дури и во римско време. Тоа се делумно тие *пагани*, за кои досега пишувавме. Втората група се веќе јудаизираните Македонци, кои исто така ги спомнавме. (Повеќе сведоштва за присуството на Македонците во Светата земја во книгата од А. Донски "Исус Христос и Македонците").

Од сето досега изнесено можеме да заклучиме дека во времето на дејствувањето на Исус Христос постоело компактно македонско население во Палестина, кое (освен спомнатите исклучоци на потомците на јудаизираните Македонци) во добар дел се уште живеело јасно издвоено од тамошните староседелци во смисла на својот етно-културен идентитет. Ова македонско население всушност претставувало наследник на таа (како што ја нарекува Вилкен) "*една друга Македонија*", која (целосно или делумно) била значително присутна и во Светата земја само неколку децении пред раѓањето на Исус (а секако и потоа).

Поради сето ова нема речиси никакво сомнение дека поголем број од потомците на таму населените Македонци имале и директна средба со мнозина значајни библиски личности од тоа време, вклучувајќи го и Самиот Господ Исус Христос! Ако се знае дека во текот на Своето дејствување Исус контактирал со повеќе илјади луѓе (жители на повеќе населени места), законот на веројатноста дозволува да заклучиме дека во тој народ имало и поголем број Македонци, кои само неколку децении пред неговото раѓање, целосно или делумно, владееле со тие краеви.

Впрочем, сите евангелисти јасно пишуваат дека Исус секаде каде што јавно дејствувал бил пречекуван или следен од многуилјаден народ.

Дури светиот евангелист Марко сосема јасно пишува дека Исус престојувал и дејствувал токму во местата каде претежно биле населени Македонците во Светата земја. Имено, светиот евангелист Марко (7:31) пишувајќи за чудата што ги правел Исус запишал дека тој престојувал и "*среде подрачјето Декаполис*" . Таму, како што е познато, пред Исус довеле глувонем човек и го замолиле да го излекува. Исус, само што го допрел човекот со раката, овој почнал да слуша и да зборува. Сето ова се случило во присуство на многу народ.

За областа Декаполис рековме дека прилично била населена со Македонци. Доказ за ова рековме дека се градовите од таа област, кои таму биле изградени или значително проширени од Македонците Селевкиди и кои носеле македонски имиња. Токму централните два града на оваа област во Светата земја се викале Дион и Пела. Чисти македонски имиња ставени во чест на македонската престолнина Пела и на древното македонско светилиште Дион. Веќе рековме дека Селевкидите ги населувале овие градови претежно со Македонци и со Грци. Иако во Исусово време Селевкидите веќе не владееле со овие градови (туку наместо нив веќе владееле Римјаните), сепак македонското население во нив останало да си живее. Оттаму, голема е веројатноста дека добар дел од насобраниот народ што го видел ова Исусово чудо, па дури можеби и самиот излекуван глувонем човек, биле потомци на таму доселените Македонци.

И светиот евангелист Матеј сведочи дека Исус бил следен од многу луѓе меѓу кои добар дел потекнувале токму од областа Декаполис. Пишувајќи за јавните чуда што ги правел Исус, светиот евангелист Матеј запишал дека за Исус се прочуло низ цела Сирија и дека кај него почнале да доведуваат разни болни и опседнати луѓе, месечари и други кои имале здравствени проблеми. Многу народ разбрал за тоа и сите сакале да го видат Исуса. Овде читаме:

"*И тргна по него многу народ од Галилеја и Декаполис, од Ерусалим и од Јудеја, како и од онаа страна на Јордан.*" (Матеј, 4:25).

Од дејствувањето на Исус во областа Декаполис ќе ја спомнеме и случката со лекувањето на еден опседнат човек. Оваа случка ја опишуваат светите евангелисти Лука и Марко. Се работи за познатиот настан кога Исус излекувал еден човек, кој бил опседнат од лошите духови. Исус наредил духовите да излезат од опседнатиот, по што тие влегле во блиското стадо свињи, кои наеднаш побеснеле и се фрлиле од ридот во морето пред очите на преплашените свињари. Светиот евангелист Матеј (8: 28-34), раскажува:

"*А, свињарите побегнаа и доаѓајќи во градот, раскажаа се што се случи со опседнатиот. Потоа целиот град му излезе во пресрет на Исус*."

Постојат подвоени мислења околу името на градот за кој станува збор во овој настан. Или се работи за градот Герас или за градот Гадара. Но, обата града се наоѓаат во *македонската област* Декаполис, што значи дека добар дел од народот што излегол да го види Исуса сигурно дека биле потомци на таму доселените Македонци.

Впрочем, во поткрепа на ова, ќе спомнеме уште еден доказ. Познато е дека Евреите и останатите јудејци воопшто не јаделе свинско месо (а така е до денес кај оние што строго се придржуваат до каноните на јудаизмот). Поради тоа се поставува прашањето: од каде свињари и стадо свињи среде Светата земја и тоа во Исусово време, т.е. во време кога целокупното еврејско население без исклучок строго се придржувало до јудејските канони, вклучувајќи ја и забраната за јадење свинско месо? За разлика од јудејците, паганите (главно Македонците и Грците) немале проблем со јадењето свинско месо и само тие можеле тогаш да чуваат свињи во Светата земја. Такви најверојатно биле и самите свињари кои ги паселе свињите, бидејќи тешко може да се претпостави дека тие можеле да бидат Евреи, кои ги чувале *валканите животни* свињите (макар и како вработени кај сопственикот на стадото). Значи, спомнувањето на стадото свињи во оваа епизода претставува уште еден јасен доказ за присуството на Македонците во Светата земја во Исусово време.

Кога сме кај областа Декаполис, да го спомнеме и тоа дека во оваа *македонска област* среде Светата земја дејствувал и свети Јован Крстител. Имено, дел од крштевањето на народот што го вршел свети Јован Крстител се случувало токму во непосредната близина на градот Енона, што се наоѓал во областа Декаполис на брегот на реката Јордан (Јован, 3:23). Најблизок град до Енона бил токму градот Пела, што се наоѓал на само неколку километри оддалеченост. Поради ова со сигурност може да се каже дека добар дел од луѓето што таму биле крстени од свети Јован Крстител исто така биле потомци на своевремено таму доселените Македонци.

Сигурно дека Исус Христос имал средби со Македонци и вон *македонската област* Декаполис, за што постојат податоци во старохристијанските ракописи. Освен тоа, во еден ранохристијански ракопис читаме дека Исус, како дете, прво научил да пишува на јазикот коине - јазик што токму Македонците го донеле во Светата земја - а дури потоа на еврејскиот. (Повеќе податоци и детали за сето досега спомнато ова во книгата "Исус Христос и Македонците".)

Откако утврдивме дека во Исусово време во Светата земја живееле голем број Македонци (од кои некои и натаму си ја задржале своите паганските верувања, а некои веќе биле јудаизирани), да се обидеме да дадеме одговор и на прашањето: дали можеби некои од позначајните личности спомнати во Новиот Завет биле по потекло Македонци? Нормално дека е тешко ова да се утврди, но сепак останува фактот дека некои од Исусовите апостоли носеле имиња со македонско (и општобалканско) потекло. Да го земеме, на пример, Исусовиот апостол свети Филип. Најголемиот број личности, спомнати во Библијата со името Филип и навистина биле Македонци (а и за останатите има такви индиции). За свети Филип се знае дека не бил Грк, затоа што во еден старохристијански ракопис Грците во Атина него го ословувале како "*странец*". Ако, пак, бил Евреин, зошто тогаш носел македонско име? Се знае дека името Филип се среќава уште од најстарата историја на Македонија и ова име доминирало кај македонските владеачки династии. Иако, по религиозната определба свети Филип бил јудеец, сепак тоа не мора да значи дека бил етнички Евреин. Тој го знаел јазикот коине, за што сведочи неговиот разговор со Грците во Ерусалим (Јован 12:21-22). Па, дали можеби свети Филип бил потомок на, своевремено таму населените Македонци, кои подоцна биле јудаизирани, но кои и натаму си задржале дел од својата култура?

Или да го земеме, на пример, името на Исусовиот апостол свети Вартоломеј. Етимолошки неговото име значи "син на Птоломеј" . Зошто овој Исусов апостол носел име тесно поврзано со тогашната македонска династија, која владеела со Египет? Мислиме дека е пресмело да се претпостави дека можеби тој имал некаква врска со потомците на веќе непостоечката македонска династија во Египет. Сепак, од неговото име гледаме дека неговиот татко и навистина се викал Птолемеј - име кое тогаш било многу често во македонската кралска династија и ономастикон воопшто.

Да ги спомнеме и познатите Исусови апостоли свети Петар и неговиот брат свети Андреј. За нив се знае дека биле рибари и дека му припаѓале на јудаизмот. Вистинското име на свети Петар било Симон, што прêтставува старо еврејско име. Во историографијата е прифатено дека тие биле етнички Евреи. Со целата почит кон ваквиот став, овде ќе спомнеме два интересни моменти без претензии да менуваме што и да било во општо прифатениот став околу нивното еврејско етничко потекло.

Како прво, името на свети Андреј несомнено дека има балкански корен. Да се потсетиме на сличните имиња од постарите македонски и грчки ономастикони (Андриск, Андромах, Андро, Андроник и други). Сите тие го имаат истиот корен со името Андреј - корен, каков што го нема во еврејскиот ономастикон.

Понатаму, "второто име" (прекарот) на Симон, било Петар. Името Петар претставува форма на збор од јазикот коине (петрос = карпа). Ова име Симон го добил откако од Исус бил наречен *Кифа*, што на арамејскиот јазик (јазикот на кој зборувал Исус) значело карпа, т.е. камен (во смисла на темел на Христијанската црква). Но, за неговиот прекар Кифа тогаш бил користен и соодветниот коине-термин - Петар! Се поставува прашањето: кој го иницирал користењето на коине терминот Петар, како соодветен термин за прекарот Кифа? Секако дека тоа можеле да бидат само оние на кои поблизок им бил јазикот коине, отколку арамејскиот јазик, а тоа во најголема мера биле потомците на таму населените Македонци и Грци. Токму тие можеле прекарот Кифа да го преведат со соодветниот коине-термин Петар. Ова може да биде уште една индиција дека во непосредната близина на свети Петар и свети Андреј (нивниот роден град Витсаида и околината) имало луѓе со балканско (најверојатно македонско или грчко) потекло. Впрочем, историските податоци ни зборуваат дека Витсаида до пред тоа бил мало место, а токму Македонците Селевкиди го проширile овој град и најверојатно во него доселиле Македонци.

Како библиски личности со можно македонско потекло можеби биле и некои од седумте свети ѓакони, кои биле избрани од апостолите за да делат храна и причест меѓу вдовиците и да се грижат за сиромашните и изнемоштените и за да го проповедаат христијанството во разни краеви ("Дела апостолски" 6,1-5*)*. Познато е дека, непосредно по распнувањето на Исус, од страна на дванаесетте апостоли бил организиран голем собир на христијаните. На овој собир дванаесетте апостоли избрале седум најдобри ученици, кои биле испратени на мисионерски патувања за да го шират христијанството. Тоа се познатите седум свети ѓакони, кои исто така се наречени апостоли, затоа што и самите и припаѓале на првата христијанска заедница на светот. Нивното дејствување накратко е опишано и во Библијата. Сите седум свети ѓакони носеле имиња што ги среќаваме и во постарата историја на древна Македонија или на Балканот. Тоа се светите: Стефан, Тимон, Никанор, Пармен, Филип, Прохор и Никола.

Име со потекло од јазикот коине се среќава дури и во самото семејство на света Богородица. Познато е дека едната нејзина тетка (сестра на света Ана) се викала - Софија! Вакво име немало во еврејскиот ономастикон и ова име е произлезено од јазикот коине! За нејзиниот татко Матан (дедо, по мајка, на света Богородица) можеме да кажеме дека најверојатно бил роден отприлика некаде во осмата или во седмата деценија пред Христа, а тоа е времето кога веќе била извршена јудаизацијата над

Македонците кои потпаднале под власта на независната еврејска држава. Податокот за неговото потекло од коленото Леви (старо еврејско име) оди во прилог на неговото еврејско етничко потекло. Но, се поставува прашањето: зошто Матан на едната своја ќерка (Софија) и ставил име со потекло од јазикот коине? Дали смееме да претпоставиме дека можеби некоја од снаите во семејството на Марија имала далечно македонско или некое друго балканско потекло? Но, веќе навлеговме во сферата на неблагодарни шпекулации и сите овие прашања најверојатно засекогаш ќе останат без одговор.

За родителите на света Богородица свети Јоаким и света Ана се знае дека немале деца се до својата педесетта година. Според нивната возраст, најверојатно дека тие се родиле токму во времето кога со дел од Светата земја владееле Македонците Селевкиди.

Да кажеме дека и од неа роденият Богочовек, Господ Исус Христос, во мнозина уметнички претстави за Него, исто така, е прикажан како лик со нетипични еврејски карактеристики (бел тен на лицето, па дури и со руса коса и сини очи).

Многу е интересен податокот што на некои ранохристијански икони Исус бил сликан со ликот на Александар Македонски. Во американското издание на Национална Географија од 1968 година опишана е почитта кон Александар Македонски кај разни народи. Меѓу другото, овде читаме дека раните христијани го портретирале Исус со ликот на Александар Македонски ("Rome Builder of Our World<, Published by National Geographic Society, Washington DC, стр. 243).

Тенденцијата Исус да биде сликан со руса коса продолжила и во поново време. Како пример ќе ги издвоиме илустрациите во "Илустрирана Библија за млади", која во оригинал е составена од О. Јосиф, и Е. Краус (професор во St. Thomas College, St. Paul, Minesota) и доктор Самуел Териен (професор на Union Theological Seminary, Њујорк). Оваа Библија е објавена во 1964 во Женева и до денес е преведена на голем број јазици широм светот и сигурно дека досега е продадена во милионски тираж. Истата е прифатена и од МПЦ и е објавена на македонски јазик во 1977 година со благослов на тогашниот Архиепископ Охридски и Македонски г-дин г-дин Доситеј. На илустрациите во оваа Библија Исус е насликан како човек со руса коса и брада и сини очи. Што ги натерало авторите (инаку, експерти од таа област) вака да го претстават Исуса во ова светски познато издание на Библијата?

Постојат претстави на ликот на Исус во кои Тој е насликан и со потемна коса и очи, па дури и како припадник на црната раса. Но, Исус е Бог. Тој е Светлина на светот и никому и на крај памет не треба да му падне да го испитува неговото етничко потекло, како што тоа го прават некои соседни "историчари".

Продолжуваме со темава за придонесот на Македонците во Новиот Завет.

Македонија и Македонците дале свој значаен прилог и во самото ширење на христијанството. Познато е дека светиот апостол Павле (заедно со светиот евангелист Лука) престојувал во Македонија и дека одовде, за прв пат, почнало да се шири христијанството во Европа. Практично, првите христијани, кои се христијанизирале на тлото на Европа, биле Македонци.

Во пошироката јавност е малку познато дека, освен свети Павле и свети Лука, имало и други познати библиски личности кои дошле во посета на Македонија и кои контактирале со Македонците. Така, на пример, во посета на Македонија престојувала и лично света Марија Богородица (според нејзината биографија напишана од нејзиниот биограф светогорскиот монах Стефан, пренесена од автентични древни извори). Постои детален опис на престојот на света Богородица во Македонија и нејзините средби со Македонците, при што света Богородица ја благословила Македонија. Овој податок денес е признат и од МПЦ.

Понатаму, во посета на Македонија престојувал и свети Петар, како и: свети Матеј, свети Андреј, свети Јован Богослов, а можеби и света Марија Магдалена, како и стотици други подоцнежни светители. Практично во Македонија престојувале тројца од четворицата автори на Новиот Завет!

Во тајниот старохристијански ракопис за посетата на првиот Исусов апостол свети Андреј на Македонија повеќепати сосема јасно се спомнати Македонците како жители на Македонија.

Исто така, познато е дека делови од Новиот Завет биле пишувани во Македонија. И првата христијанска општина во Европа била основана во Македонија, а терминот *христијани* за првпат во историјата бил употребен токму за покрстените Македонци - жители на малоазискиот град Антиохија што своевремено го основал македонскиот владетел Антиох (за што ќе пишуваме во продолжение).

Сепак, еден од најзначајните придонеси во христијанството на Македонија и Македонците се токму светителите Македонци, чии житија се главен предмет на оваа книга.

Свети реликвии во Македонија

Како дел од придонесот на Македонија и Македонците во библиските настани ќе спомнеме уште еден интересен момент, а тоа е фактот дека постојат податоци според кои, неколку вредни реликвии извесно време биле чувани во Македонија. Да ги спомнеме оние за кои најдовме податоци.

Жезолот на Мојсие

Постои еден стар запис во кој пишува дека жезолот на најголемиот старозаветен пророк Мојсие извесно време се чувал во Македонија (конкретно во манастирот Дохијар на Света Гора). Ваквиот податок е спомнат во патеписот на рускиот епископ Порфириј Успенски од 1858-1861 година ("*Второе путешествие на Свиатои Гори Атонскои архимандрита епископа Порфирија Успенскога во год. 1858, 1859 и 1861 и описание скитов атонским*", Москва, 1880, стр. 76, цит. според Александар Матковски: "*Македонија во делата на странските патеписци 1850-1864"*, Скопје, 1992).

Епископот Порфириј Успенски извесно време престојувал на Света Гора. Кога стигнал во манастирот Дохијар, како на руски епископ, кој дошол да ги посети угнетените христијани, му било соопштено за сите реликвии што се чуваат во овој манастир. Помеѓу другото му било кажано дека таму се чува чудотворниот жезол на Мојсие, со кој тој, своевремено со Божја помош, ги направил познатите чуда опишани во Библијата. Подоцна епископот Порфириј Успенски во Москва објавил свој патепис, во кој, овој настан го опишал со зборовите:

"*Го молев ризничарот на садовите да ми го покаже чудотворниот жезол на Мојсие, и после колебливите одговори на овој старец, ја видов таа реткост. И што ли е тоа? Тоа е тркалезна палка со косина во вид на латинската голема буква* ***Q****, направена од некаква лушпеста материја".*

Садот од кој Исус пиел за време на Тајната вечера

Според еден друг стар ракопис, во Македонија извесно време дури бил чуван и садот од кој Господ Исус Христос лично пиел за време на Тајната вечера. Овој податок е спомнат во патеписот на Англичанките Мјур Мекензи и А.П. Ирби што го објавиле во Лондон во 1867 година. Предговорот на овој патепис го напишал лично Вилијам Гледстон. Мекензи и Ирби биле образовани и смели Англичанки, кои во втората половина на 19 век пропатувале добар дел од Балканот. Во 1863 година тие престојувале и во Македонија, каде посетиле неколку градови. За време на својата посета на Солун, тие го посетиле главниот солунски манастир (чие име не го спомнуваат). Таму им биле покажани низа скапоцени предмети, за кои калуѓерите им кажале дека се подароци од Русија. На прашањето зошто Русите му дале вакви подароци на овој манастир, калуѓерите одговориле дека за возврат на Русите им бил даден садот од кој Исус Христос пиел за време на Тајната вечера. Тој сад наводно бил обична тиквичка и некои сметале дека од неа Исус пиел на Тајната вечера, а други дека од неа пиел вода од изворот Самариски. Како и да е, факт е дека постојат сведоштва, според кои, овој сад извесно време се чувал во Македонија, а потоа бил однесен во Русија. ("*The Turks*, *the Greeks*, *and the Slavons*, *Travels in the Slavonic provinces of Turkey in Europe*" by Muir Mackenzie and A. P. Irby, London, 1867, 1867, стр. 8, цит. според Александар Матковски: "*Македонија во делата на странските патеписци 1850-1864"*, Скопје, 1992).

Делови од Чесниот Крст на кој бил распнат Исус

Се смета дека во Македонија се чуваат и неколку парчиња од Чесниот Крст на кој бил распнат Исус Христос. Се смета дека едно вакво мало парче се чува во црквата "Успение на Света Богородица" во Штип (во реонот Ново Село). Овој податок го потврдуваат и надлежните од црквата. Се смета дека мали парченца од овој Крст порано биле давани како реликвии во поголемите регионални цркви. На таков начин вакво парче добила и црквата во Штип, која долго време во минатото била најголема активна црква во вардарскиот дел на Македонија. Подоцна, таквата практика престанала.

За парчиња од "животворното дрво Господово", кои се чуваат во Македонија сведочи и рускиот епископ Порфириј Успенски, за кого рековме дека во средината на 19 век престојувал во Света Гора. Тој пишува дека во манастирот Дохијар му биле покажани три крста (два сребрени и еден златен) во кои имало вметнатно парчиња од животворното дрво Господово. ("*Второе путешествие на Свиатои Гори Атонскои архимандрита епископа Порфирија Успенскога во год. 1858, 1859 и 1861 и описание скитов атонским*", Москва, 1880, стр. 76, цит. според Александар Матковски: "*Македонија во делата на странските патеписци 1850-1864"*, Скопје, 1992).

Посмртните останки на познати светители

Познато е дека голем број христијански светители престојувале на територијата на Македонија (претежно во манастирите на Света Гора). Извесен дел од овие светители и починале во Македонија, каде биле погребани. Сигурно дека би било интересно истражување во насока на давање концизен одговор на прашањето чии мошти се чуваат во Македонија од светителите кои овде се погребани. Но, овде нема да

се задржиме на оваа тема, туку само ќе ги издвоиме можеби најважните светители чии мошти се чуваат во Македонија.

Постои запис според кој, во веќе споменатиот манастир Дохијар на Света Гора, се чувале дел од посмртните останки на света Марија Магдалена и на светиот Исусов апостол Филип ("*Второе путешествие на Свиатои Гори Атонскои архимандрита епископа Порфирија Успенскога во год. 1858, 1859 и 1861 и описание скитов атонским*", Москва, 1880, цит. според Александар Матковски: "*Македонија во делата на странските патеписци 1850-1864"*, Скопје, 1992).

Да се потсетиме дека свети Филип бил еден од дванаесетте Исусови апостоли и тој, според еден апокрифен ракопис, за време на својот престој во Атина во првиот век по Христа, имал средби со мнозина Македонци (подетално за ова во нашата претходна книга "*Исус Христос и Македонците*").

СВЕТИТЕЛИ ОД МАКЕДОНИЈА

@ итијата на светителите, со докажано или можно македонско потекло, ќе ги пренесеме во нивната скратена форма, а воедно ќе презентираме и познати историски настани што се случувале во времето на нивното дејствување. Впрочем и самите житијата на овие светители се составен дел од македонската историја.

СВЕТИ АПОСТОЛ АРИСТАРХ (1 век)

4 јануари	стар стил
17 јануари	нов стил

С ветиот апостол Аристарх е еден од Македонците што се спомнати во Библијата како придружници на свети Павле за време на неговите мисионерски патувања. Свети Аристарх се спомнува како учесник во Трето мисионерско патување на свети Павле. Додека престојувале во малоазискиот град Ефес (кој главно бил населен со Грци пагани) свети Павле доживеал големи непријатности. Откако тој и неговите следбеници (Македонците Гај и Аристарх) почнале да го проповедаат христијанството, тамошните пагани толку се налутиле што сакале физички да се пресметаат со нив, фалејќи ја на сет глас својата *божица* Артемида Ефеска. Во "Дела апостолски" (19:28-29), во врска со ова читаме:

"*Кога го слушнаа тоа* (паганите Грци, з.н.), *полни со гнев, почнаа да викаат ,Голема е Артемида од Ефес'. И целиот град се побуни. Сите како еден јурнаа кон театарот, влечејќи ги со себе Македонците Гај и Аристарх, Павловите сопатници*".

Поради овој бунт во Ефес, свети Павле заминал оттаму и повторно отпатувал за Македонија. Во врска со настаните што следувале потоа во "Дела апостолски" (20: 1-4) читаме:

"*Кога се смири бунтот, Павле ги повика кај себе учениците и им даде совети. Потоа се прости од нив и отпатува за Македонија. Откако ги помина тие краеви, советувајќи ги браќата со многу говори, дојде во Грција, каде остана три месеци. Бидејќи Евреите, додека се подготвуваше да отплови за Сирија, му поставија заседа, тој реши да се врати таму преку Македонија. Со него беа: Сопатер, син на Пир од Верија, Аристарх и Секунд од Солун и Гај од Дерба и Тимотеј.*"

Значи, по бунтот во Ефес свети Павле се вратил во Македонија, а потоа дошол на територијата на денешна Грција, каде останал три месеци. За време на целото ова патување со него бил и свети Аристарх затоа што тој е спомнат и кога свети Павле решил од територијата на денешна Грција да замине за Сирија, но заради заседата од Евреите, тргнале по заобиколен пат и повторно дошле во Македонија. Впрочем, од оние малку податоци што се познати од житието на свети Аристарх читаме дека, тој и навистина подоцна станал епископ во Апама во Сирија.

*

За свети Аристарх се знае дека живеел во 1 век и дека потекнувал од Солун. Тој бил верен придружник и личен пријател на свети Павле. Воедно бил и непоколеблив христијанин штом го следел свети Павле на неговите долги мисионерски патувања и штом решил до крајот на својот земен живот да остане во Сирија, далеку од својот роден крај, за да ја шири Христовата вера.

Во времето кога дејствувал свети Аристарх, Македонија и Македонците веќе над два века се наоѓале под римска окупација. Но, македонското етничко самосознание се уште било силно развиено. Доказ за ова несомнено е спомнувањето на Македонците во "Дела апостолски". Некои историчари сметаат дека христијанството во Македонија бргу се ширело токму заради тешките услови во кои живееле Македонците под римска окупација и дека затоа свети Павле бил повикан во нашата земја за да ја шири вистинската вера во која сите луѓе се еднакви пред Бога.

СВЕТА СИНКЛИТИКИЈА (270-350 год.)

5 јануари	стар стил
18 јануари	нов стил

За животот на света Синклитикија постојат повеќе податоци благодарение на свети Атанасиј Велики (293-373 год.), кој го запишал нејзиното житие. Ова житие е застапено во книгата со негови дела објавена во Патрологијата на опатот Миње во 1488 година. Посебна вредност во ова житие имаат зачуваните мудри мисли и поуки што света Синклитикија ги упатувала до христијаните, од кои некои ќе наведеме во продолжение. Света Синклитикија била основателка на првата монашка заедница во 4 век. Свети Атанасиј бил толку восхитен од она што го знаел за Христољубието на света Синклитикија, што решил сето тоа да го запише. Податоците за нејзиниот живот тој ги запишувал од она што го слушал од другите, но и како резултат на неговото лично познанство со света Синклитикија (која била 23 години

постара од него и за која се смета дека го криела свети Атанасиј за време на еден од неговите прогони, за што ќе пишуваме во неговото житие). Во врска со причините што го навеле да го запише житието на света Синклитикија, свети Атанасиј пишува:

"*Ние, следејќи го според својата моќ она што се однесува до личноста на блажената Синклитикија и слушајќи по нешто од нејзините врсници во врска со нејзиниот прв живот и просветувајќи се донекаде од овие податоци, решивме да го запишеме ова, собирајќи за себе спасоносна духовна храна.*"

Во продолжение на нејзиното житие, свети Атанасиј ја споменува Македонија како земја на нејзиното потекло. Тој пишува дека семејството на света Синклитикија се преселило од Македонија во египетскиот град Александрија, кој бил основан од Александар Македонски. Во житието читаме:

"*Оваа света именичка на небесниот совет потекнуваше од македонската земја. Нејзините предци, откако слушнале за Богољубието и Христољубието на Александријците, тргнале од Македонија во градот на Александар Македонецот. Откако стигнале во земјата александриска, виделе дека стварноста таму е многу подобра отколку што се зборувало и затоа со радост останале таму да живеат. Но, тие не се радувале на многубројниот народ, ниту на големината на тамошните градби, туку се радувале затоа што таму нашле цврста и единствена вера, заедно со искрена љубов, па затоа својата нова татковина ја ставиле пред првата.*"

Во продолжение свети Атанасиј пишува за нејзиното семејство. Света Синклитикија имала уште една сестра и двајца браќа, но едниот брат умрел како дете, а другиот на 25 годишна возраст, непосредно пред својата свадба.

Света Синклитикија била многу убава девојка, но убавината не ја интересирала и покажувала интерес исклучиво кон духовниот живот. Во врска со ова свети Атанасиј пишува:

"*Таа била многу убава девојка, така што мнозина ја барале нејзината рака уште од најраната младост, привлечени или поради нејзиното богатство или поради угледот на нејзините родители или, пак, ги распалувала убавината на оваа девица. Нејзините родители со сите сили ја поттикнувале на брак, настојувајќи преку неа да си го зачуваат потомството. Но, таа целомудрена и племенита по душа, воопшто не се согласувала со овие совети на родителите, туку слушајќи за световниот брак, си го замислувала божественият брак и, презирајќи ги оние кои ја барале нејзината рака, единствено тежнеела кон Небесниот Младоженец.*"

Свети Атанасиј пишува дека света Синклитикија била достојна ученичка на света Текла (маченичка од Александрија). Тој пишува дека на обете младоженец им бил Христос, а брачна соба им била Црквата. Истоветна им била љубовта кон Бога, затоа што обете биле удостоени со исти дарови и со исти подвизи се подвизувале. Откако потсетува дека света Текла била фрлена жива на sверовите од страна на Римјаните, свети Атанасиј пишува дека и света Синклитикија многу страдала во земниот живот заради љубовта кон Христа. Опишувајќи ги нејзините духовни особини, свети Атанасиј пишува:

"*Окото на Синклитикија не се воодушевувало од разновидните ткаенини на фустаните, ниту од разните бои на скапоцените камења; нејзиното уво не било измамено од музиката, ниту, пак, инструментите можеле да ја ослабат нејзината душевна сила. Нејзе, исто така, не можеле да ја разнежат ниту солзите од родителите, ниту каков било друг совет од некој роднина. Носејќи дијамантска мисла во себе, таа не се поколебала со умот, туку ги затворила сите врати на своите сетила за да може да разговара насамо со својот Младоженец, спомнувајќи ја реченицата од Светото Писмо: ,Како што јас му припаѓам на мојот љубен, така и тој ми припаѓа мене.'* (*Песна над Песните 2,16)*".

Во врска со односот на света Синклитикија кон постот свети Атанасиј пишува:

"*Преподобната Синклитикија не го забораваше ниту постот како спасоносен лек за телото. Таа толку го сакаше постот, што сметаше дека ништо не му е рамно. Таа го сметаше постот како чувар и темел на сé.*"

Откако починале нејзините родители, света Синклитикија ја зела со себе и својата сестра, која била слепа. Тие се населиле надвор од градот, откако претходно го распродале целото свое богатство, а парите им ги раздале на сиромашните. Тогаш света Синклитикија си ја исекла косата, со што го симнала од себе и последниот женски украс. Така, таа била целосно подготвена да се подвизува, иако уште во својот дом била навикната на подвизи.

Свети Атанасиј пишува за нејзините подвизувања во монашкиот живот, при што заклучува дека таа надминала многу други, кои пред неа живееле ваков живот. Но, тој вели дека таа никому не му дозволувала да го набљудува нејзиниот монашки живот. Во врска со ова свети Атанасиј пишува:

"*Ние не сме во состојба да го опишеме секојдневното подвизничко живеење на преподобната Синклитикија, затоа што таа не дозволуваше никому да го гледа таквиот нејзин живот, ниту пак сакаше, оние кои знаат за тоа, да бидат гласници на нејзините добри дела. Таа толку не се трудеше да прави добрини, колку што се трудеше тие да бидат скриени и чувани од неа. Тоа, пак, не го правеше обземена од завист, туку зафатена со Божјата благодат".*

Од овој извадок најдобро се гледа дека свети Атанасиј лично ја познавал света Синклитикија.

Света Синклитикија успешно се борела против сите искушенија. Нејзиното оружје била молитвата, а штит и биле љубовта, надежта и верата во Бога. Се хранела само со леб и вода и спиела на земја. Набргу мнозина разбрале за нејзините духовни подвизи. Многу жени почнале да доаѓаат во нејзиното скромно живеалиште за да научат нешто корисно. Мнозина ја прашувале: "*Како да се спасиме*?" Но, таа се повлекувала во себе и цело време молчела, а нејзините длабоки воздишки и солзи им го давале вистинскиот одговор. Еднаш некои жени упорно инсистирале да им зборува за големите Божји дела и по нивното интензивно инсистирање, света Синклитикија само изговорила: "*Не давете го бедниот, затоа што е сиромав* (*Приказни* 22,22)". Жените и натаму настојувале да ги подучи за верата, но таа скромно им одговорила: "*Зошто мислите дека јас грешната нешто правам или подучувам? Сите нам заеднички учител ни е Господ. Сите црпиме вода од еден ист извор и од иста дојка со млеко се доиме, а тоа е Стариот и Новиот Завет*". Жените и натаму инсистирале да им зборува, а блажената Синклитикија на крајот се сожалила и сфатила дека треба да им зборува, не заради пофалби кон себе, туку заради нивна корист.

Во продолжение во нејзиното житие читаме што таа им зборувала на љубопитните жени во врска со спасението. Најпрво им го цитирала светиот евангелист Матеј (22,37,39) при што им рекла да го љубат Господ Бог со целата своја душа и да го љубат ближниот свој повеќе и од самите себе. Таа им рекла:

"*Малуброjни се овие зборови, но во нив лежи голема и бескрајна сила.*"

Потоа им кажала и други мудрости од Светото Писмо. Ги советувала како да се бранат од искушенијата и од телесните страсти со помош на молитвата кон Бога. Им раскажувала да го љубат материјалното сиромаштвото и да постат. Свети Атанасиј детално ги опишува нејзините мудри зборови со кои ги подучувала жените. Меѓу другото света Синклитикија им рекла на жените:

"*Прво уништете ја својата страст, т.е. цревоугодие и уживање во убавите јадења, па така, подоцна, лесно ќе можете да се одречете од поседувањето материјални добра... И ѓаволот полесно бидува победен од сиромаштвољупците затоа што нема со што да*

им нанесе штета. Најголемиот дел од штетите и искушенијата се случуваат заради лишување од материјалните добра, додека кај сиромашните нема што да се оштети... Колку и да е сиромаштвољубието убаво и корисно, исто толку е сребролубието лошо и погубно за стекнување пороци. И со право божественият Павле рекол дека сребролубието е причина за сите зла (Тим. 6,10). Познато е дека сребролубието е причина за сите страсти: алчност за богатење, кривоклетство, кражби, киднапирања, блуд, завист, омраза меѓу браќа, кавги, идолопоклонство, лицемерие, потсмевање. И затоа апостолот со право го нарекува мајка на сите пороци. Сребролупците не само што ќе бидат казнети од Бога, туку тие и самите себе се упропастуваат затоа што имајќи во себе вгнездено ненаситна страст, тие никогаш не доаѓаат до својата цел и затоа постојано во себе имаат неизлечива рана. Кога сребролубецот нема ништо, тој малку посакува, а кога го добива тоа малку, тогаш сака нешто повеќе. Кога ќе заработи сто златници, тој од нив се соблазнува, стремејќи се кон бескрајно богатство. И така, сребролупците никогаш не доаѓаат до својата цел и постојано се жалат дека се сиромашни. Сребролубието секогаш со себе ја носи и љубомората, а таа прво го разјадува оној што ја има во себе."

Во продолжение света Синклитикија зборувала за маките и за физичките тешкотии со кои се соочува жената во световниот живот, поучувајќи ги како полесно да ги надминат со помош на молитвата и љубовта кон Бога без опасност да паднат во искушенијата што им ги подготвува ѓаволот. Потоа им зборувала на жените за гордоста како најголемо зло:

"*Гордоста е најголемо од сите зла, а тоа го покажува и нејзината спротивност - смиреноумието. Тешко може некој да се стекне со смиреноумие, затоа што додека човек не се ослободи себеси од секоја слава не може да го добие ова богатство... Согледувајќи ја цврстината и постојаноста на оваа особина апостолот ни заповеда неа да ја прегрнеме (1 Петр. 5,5), па што и да правиме корисно, сите да се облечиме во неа... Дека смирението е добро и спасоносно се гледа и од тоа што Господ, вршејќи спасение на луѓето, и Самиот се облекол Себеси во смирение, па вели: ‚Учете од мене бидејќи јас сум кроток и смирен по срце.' (Матеј, 11,29).*"

Потоа, света Синклитикија им зборувала на жените за радоста во монашкиот живот:

"*Во почетокот има голема борба и труд кај оние кои приоѓаат кон Бога, а подоцна се јавува неискажана радост*."

Како опасен порок таа го спомнала и злопамтењето, објаснувајќи им дека тоа е потешко и од гневот:

"*Гневот, откако како чад ќе ни ја помрачи душата за кратко време исчезнува, а кога злопаметењето ќе се всели во нашата душа, таа станува полоша и од ѕвер.*"

Во врска со гневот света Синклитикија рекла:

"*Зошто го мразиш човекот кој ти нанесол зло? Не ти нанесол тој никакво зло, туку тоа ти го направил ѓаволот. Не мрази го болниот, туку болеста.*"

Потоа им зборувала за злото што доаѓа од озборувањето, нарекувајќи го како "*тешка и опасна страст*". Ги советувала да не се ситат на несреќите на туѓите и да избегнуваат да слушат озборувања.

Света Синклитикија ги подучувала жените да ги сакаат сите луѓе на светот:

"*Не треба да ги мразиме непријателите, затоа што Господ со својот глас ни заповеда: ‚Не љубете ги само оние кои ве сакаат, затоа што тоа го прават и грешниците и цариниците' (Мат. 5,46)... Господ не заповеда љубов само кон еден човек, туку кон сите луѓе.*"

Им зборувала и други поуки и мудрости со кои, на едноставен начин, им го објаснувала вистинскиот пат кон Бога. Таа им рекла дека подеднакво блиски до Бога се

и оние кои живеат чесен семеен живот, како и оние кои живеат монашки живот. Ги критикувала оние кои веруваат во судбината, велејќи дека тие се жртви на ѓаволот и дека со нивното верување во судбината овие празноверци всушност барале изговор за своите гревови, т.е. дека на таков начин тие "*...сакаат да ги исклучат Бог и Божјиот Суд од својот живот...Тие всушност прават се за да одречат дека имаат слободна волја.*"

Од останатите мудрости и поуки што ги искажала света Синклитикија, издвојуваме неколку:

"*Ако постиш немој да зборуваш дека ќе се разболиш затоа што и оние кои не постат ги добиваат истите болести. Ако си започнал добро дело немој да се откажуваш заради тоа што непријателот те попречува затоа што тој ќе биде победен од твоето трпение. И оние кои поаѓаат на пловидба, имајќи отпрвин поволен ветер ги распнуваат едрата. Но, кога набргу ќе им наиде спротивен ветер, тие не се враќаат назад поради него, туку се спротивставуваат на бурата и малку причекуваат додека да помине, а потоа ја продолжуваат пловидбата. Така треба и ние да направиме кога ќе не нападне спротивен ветер. Да го распнеме крстот наместо едрата по што лесно ќе ја завршиме нашата пловидба.* "

Во последниот дел од житието на света Синклитикија, свети Атанасиј пишува дека ѓаволот толку ја омрзнал оваа преподобна девица што и донел болест на рацете и нозете на кои и се појавиле отворени рани. Тој пишува дека постојано имала температура и дека и биле оболени белите дробови. Всушност болеста и се појавила кога била во длабока старост на осумдесет години. Свети Атанасиј пишува:

"*Како повод за нејзината болест ѓаволот направи во нејзиното грло да навлезе едно ковче. Грлото и загнои, а гноењето се прошири и и го зафати целото тело. По два месеци многу делови на нејзиното тело поцрнеа, а гној и тешка смрдеа го зафатија целото нејзино тело*".

Во врска со нејзиниот отпор кон болеста читаме:

"*Јуначки поднесувајќи ја својата болест, блажената не попушти со духот, туку и натаму се бореше против ѓаволот. И продолжи таа со своите добри поуки да ги исцелува оние кои ѓаволот ги рануваше.*"

Монахињите кои престојувале со неа и довеле лекар, но таа отпрвин одбила да ја прими лекарската помош. Подоцна, сожалувајќи се над молбите на монахињите, се согласила да биде лекувана, по што лекарот успеал да ги отстрани загноените делови од телото од кои се ширела смрдеата. Сепак, таа живеела уште три месеци. За тоа време речиси ништо не јадела и речиси воопшто не спиела, туку само го одржувала своето тело со силата Божја. Последните мигови од својот земен живот, света Синклитикија имала видение и посета на ангел, а слушнала и повици да појде кон небесата и да го види рајот. Нејзиното житие завршува со зборовите:

"*И откако го виде сето тоа, доаѓајќи си во себе, им рекла на присутните монахињи смело да се однесуваат и да не бидат малодушни. И им рекла: ‚За три дена ќе се одвојам од своето тело.' И не само тоа. Им го кажала и часот на своето заминување одовде. И кога дојде тоа време, блажената Синклитикија отиде кај Бога, примајќи го од Него како награда Царството небесно во слава и благодарност на нашиот Господ Исус Христос, а со Него и на Отецот и на Светиот Дух во вечни векови. Амин!*"

Најдолу од житието свети Атанасиј запишал дека дел од зборовите на света Синклитикија му биле пренесени од блажениот Арсениј Пигадски.

*

Од историски аспект гледано, света Синклитикија живеела во времето кога Македонија се уште се наоѓала под римска окупација. Но, Македонците и натаму биле свесни за своето македонско етничко потекло и за славата на својата некогашна држава. Веќе спомнавме дека од третиот век (253 година) е сочуван натпис на една плоча

откриена во близината на Бер во која е потенцирана македонската етничка припадност на едно 12-годишно дете. Сметаме дека и за света Синклитикија може да се каже дека била свесна за својата македонска етничка припадност. Доказ за ова е спомнувањето на "*македонската земја*" во нејзиното житие од која таа потекнувала. Поради фактот што нејзиното житие го запишувале луѓе кои живееле во Александрија, т.е. луѓе кои не ја познавале од порано (додека живеела во Македонија), јасно е дека самата светителка им го кажала податокот за своето македонско потекло, што тие и го запишале.

По преселувањето на нејзиното семејство во Александрија, таа повторно се нашла среде своите сонародници Македонци заради фактот што веќе го наведовме во врска со делумниот македонски етнички карактер на Александрија со векови по основањето на овој град. Овде таа се подвизувала и целосно му се посветила на Бога поради што подоцна била канонизирана за светителка.

Од беседите на света Синклитикија јасно се гледа дека таа била високо интелигентна личност, која умеела со едноставни зборови убедливо да им ја вгнезди на слушателите љубовта и стравопочитта кон Бога. Со лесно разбирлив јазик и преку практични примери таа им укажувала на нејзините слушатели за најголемите опасности што го демнат човека. Нејзините совети, кои во целост важат до ден денешен, ја стават оваа наша светителка во самиот врв на македонската интелигенција од времето на антиката, па и подоцна.

Во нејзиното житие не е точно запишано времето кога таа живеела, но во "Прологот" од монахот Тадиј (види во цитирана литература), наведена е 350 година како година на нејзината смрт. Овде пишува и дека таа починала на 80 годишна возраст, што значи дека била родена во 270 година.

СВЕТИ МАКАРИЈ МАКРИС (? - 1431 год.)

8 јануари	стар стил
21 јануари	нов стил



о краткото житие на свети Макариј Макрис читаме дека тој бил роден во Солун и дека бил совршен маж според своите особини и разум. Уште од раната младост станал монах во манастирот Ватопед во македонската Света Гора. Подоцна отишол во Цариград, каде станал игумен на манастирот "Пантократор" и духовник на византискиот цар Мануел Втори Палеолог. Свети Макариј Макрис тешко се разболел од некоја заразна болест и починал во 1431 година на островот Халци крај Цариград.

*

Иако податоците од неговото житие се скудни, за свети Макариј Макрис може да се каже дека живеел во едно драматично и судбоносно време за Македонија. Практично тој бил современик и сведок на почетокот на османлиското владеење со Македонија, кое ќе трае цели пет векови. Гледаме дека бил роден во Солун и дека во прво време се подвизувал во македонската Света Гора.

Постојат неколку историски сведоштва за македонскиот етнички карактер на Солун во Средниот век. Само како илустрација ќе го спомнеме летописот "Тримарион" од крајот на 12 век. Во него еден анонимен Македонец од Солун, опишувајќи ја славата посветена на Свети Димитриј, запишал:

"Празникот на Свети Димитриј се слави како што се славеле панатенеите во Атина и панионите кај Милетијците. На овој празник се организира и најголемиот панаѓур меѓу Македонците. На овој панаѓур не само што доаѓаат нашите месни сонародници, туку и секакви други луѓе од секаде. Доаѓаат и Грци од секаде, како и разни Мизијци, кои живеат во нашето соседство."

Солун и Света Гора биле заземени од Османлиите на крајот од 14 век (во времето кога свети Макариј Макрис веројатно се уште се наоѓал на Света Гора). Оттаму, може да се претпостави дека, причина за неговото заминување од Света Гора можеби било освојувањето на нашата земја од страна на Османлиите. Како и да е, свети Макариј Макрис продолжил да му служи на Бога во Цариград. Овој град тогаш исто така ги живеел последните години од своето постоење како христијански центар. Во 1453 година и Цариград бил освоен од Османлиите под чија власт се наоѓа до денес. Практично свети Макариј Макрис се подвизувал во цариградскиот манастир "Пантократор" за време на последните години од постоењето на Византија. Византискиот цар Мануел Втори Палеолог (околу 1348 - 1425 год.) веројатно единствена утеха имал во својот духовник Макариј Макрис, ако се земе предвид безизлезната состојба во која се наоѓал поради неизбежната опасност од губење на своето царство пред наездата на моќните Османлии, што тогаш било само прашање на време.

СВЕТА НОВОМАЧЕНИЦА ПАРТЕНА
(? - околу 1373 год.)

8 јануари	стар стил
21 јануари	нов стил

И за животот на света Партена се зачувани малку податоци. Во нејзиното житие пишува дека таа потекнувала од градот Воден и дека живеела во 14 век. Овде читаме и дека Света Партена пострадала во името на Христа во 1373 година, а тоа било времето кога Турците го зазеле Воден. Тогаш таа била жива закопана на некој рид, што до денес постоел во Воден.

*

Од историски аспект гледано и света Партена живеела во времето кога во Македонија се случиле судбоносни настани. Тоа е време кога нагло бил прекинат големиот процут на македонската средновековна култура и уметност заради поробувањето на Македонија од Османлиите. Конкретно, во 14 век со нејзиниот роден град Воден отпрвин наизменично владееле Србите и Византијците. Во 1355 година умрел српскиот цар Душан, по што во Македонија се осамостоиле неколку феудалци. Во шеесеттите години на 14 век со Воден управувал војводата Хлапен. Во 1371 година се случила битката на Марица во која здружената војска на феудалците Волкашин и Углеша од Македонија била тешко поразена од Османлиите. Но, се смета дека Воден паднал во рацете на Османлиите некаде околу 1385 година. Оттаму, веројатно постои грешка во годината на смртта на света Партена што е предадена во нејзиното житие. Според историските податоци, таа најверојатно умрела барем десетина години подоцна од 1373 година. Инаку, воопшто не е чудно тоа што Османлиите жива ја закопале. Познато е дека голем број од македонските градови пружиле јуначки отпор против османлиската војска. Практично света Партена била една од првите жртви од нашиот народ паднати за слобода на својата православна вера и земја против османлиското ропство.

СВЕТИ ГРИГОРИЈ ОХРИДСКИ (? - 1012 год.)

8 јануари	стар стил
21 јануари	нов стил

Малку податоци постојат за неговиот живот и дејствување. Во неговото житие читаме дека во црквата "Света Софија" во Охрид постоел натпис во кој свети Григориј бил спомнат како "*премудро го поучува народот на, од Бога, напишаните закони.*" Во житието пишува и дека свети Григориј Охридски починал во 1012 година.

*

Свети Григориј Охридски најверојатно потекнувал од Охрид, а индиција за ова е неговиот прекар "Охридски". Познато е дека луѓето тогаш главно ги добивале прекарите според своето родно место, иако имало и поинакви случаи. Свети Григориј живеел и се подвизувал во времето на Самуиловото царство. Практично тој бил сведок на бурните настани што се одиграле во тоа време во Македонија, главно исполнети со војни против соседните држави, а најмногу против Византија. Речиси нема сомнение дека свети Григориј и лично се познавал со царот Самуил, ако се земе предвид дека Охрид бил една од престолнините на Самуиловото царство и дека во овој град свети Григориј јавно го подучувал народот на Божјите закони. Свети Григориј бил современик и активен учесник во работата на Охридската патријаршија (основана во времето на Самуиловото царство). Впрочем Охрид тогаш станал центар на оваа патријаршија и оттаму нема сомнение дека свети Григориј лично се познавал и со првите охридски патријарси од времето на Самуиловото царство. Штом ја добил честа за него да биде поставен натпис во престижната црквата "Света Софија", јасно е дека свети Григориј бил угледен член и великодостојник на Охридската патријаршија. Свети Григориј умрел само две години пред битката на Беласица.

На карактерот на Самуиловото царство овде нема посебно да се задржуваме затоа што тоа главно е познато во нашата историографија. Факт е дека ова царство (со седиште во Македонија) било третирано со туѓи имиња од страна на византиските историчари. Некои од нив го нарекувале *Бугарско царство*, а некои тврделе дека се викало *Склавинија* (повеќе детали и објаснувања за ова во книгата од А. Донски: "Етногенетските разлики помеѓу Македонците и Бугарите", Штип, 2000 год.). Меѓутоа не постои ниту еден изворен документ од ова царство во кој пишува дека истото се викало *Бугарија*. Од друга страна постојат и македонски детерминирања за некои сегменти од Самуиловото царство. Така, на пример, поетот Иван Кириотес, наречен Геометрес (митрополит на Мелитена од 10 век) во своите описи на настаните од тоа време, поданиците на Самуиловото Царство ги нарекува: "*Мизи, Бугари, Скити и Македонци*" (д-р Стјепан Антолјак: "Средновековна Македонија ", Мисла, Скопје, 1985, стр. 242)

Ѓаконот Лав (950 - почеток на 11 век) опишувајќи ја војската на цар Самуил запишал дека, помеѓу другото, била составена и од (цитат): "*чети на Македонците*" (Леонис Диацонис, Хисториае, ЈП Мигне пг 117, Парис, 1964, 727). Овде тој запишал дека едно од главните оружја на Самуиловата војска било долгото копје - исто онакво какво што своевремено користела и Македонската фаланга.

СВЕТИ ПРЕПОДОБЕН ЈОАНИКИЈ ОД РАКОТИНЦИ
(1839 - 1941 год.)

11 јануари	стар стил
24 јануари	нов стил

Овој светител се родил во 1839 година во Охрид. Потекнувал од побожно семејство, а неговото крстено име било Јован Георгиев. Се замонашил уште како млад. Отпрвин се подвизувал во големото братство во манастирот "Свети Пантелејмон" во с. Нерези, каде две години бил искушеник, а потоа бил пострижен за монах при што го добил името Јоаникиј. Потоа заминал во манастирот "Свети Димитриј" (Марковиот Манастир), каде се подвизувал следните три години. Во соседното село Ракотинци порано имало манастир, кој неколкупати бил рушен до темел. Преподобниот Јоаникиј решил да го обнови и да формира монашка заедница. Во 1875 година со помош на селаните, успеал да ја почне изградбата на овој манастир. Но бил забележан од тогашната турска власт, која почнала да го прогонува. За да не им предизвикува неволји на селаните со своето присуство, тој привремено ги прекинал работите и заминал за Света Гора. По извесно време се вратил и продолжил со работата околу манастирот. Потоа пак заминал за Света Гора и повторно се вратил. Вкупно четири пати преподобниот заминувал за Света Гора и се враќал за да ја доврши работата околу манастирот. На крајот успеал во тоа. Манастирот бил целосно обновен и добил убави конаци покрај црквата, а Јоаникиј станал негов игумен. Недолго потоа Јоаникиј бил ракоположен во архимандрит. Манастирот, што бил посветен на Свети Илија, толку се прочул што во него почнале да доаѓаат верници и од други краеви на Македонија. Архимандритот Јоаникиј дошол на идеја да отвори училиште во рамките на манастирот. И оваа идеја успеал да ја оствари. Во училиштето што таму го отворил, предавал и самиот. Истовремено напишал и неколку книги на зајачка кожа, а се знае и дека зборувал неколку јазици.

Подоцна архимандритот Јоаникиј ја изградил и првата воденица во селото, а истовремено и ги лекувал луѓето. Рецептите на лековите ги подготвувал сам, користејќи лековити растенија. Некои од овие рецепти ги зачувал во својата книга "Лекаруша", што ја напишал во 1884 година. Во усните преданија на селаните останале зачувани и неколку негови чудесни излекувања, а во времето на пишувањето на овие редови, постоеја и живи сведоци на такви излекувања (Монах Дионисиј: *Преподобен Јоаникиј Ракотински*, списание *Успение*, Периодика на манастирот "Успение на Пресвета Богородица", с. Јанковец, Ресен, 2002 год., стр, 127). Забележани се и чудесни излекувања со помош на неговите мошти, а останале запометени и некои негови предвидувања во врсак со иднината на селото Ракотинци.

Архимандритот Јоаникиј бил и во Ерусалим, каде се поклонил на Христовиот Гроб. Така, со текот на времето, тој се стекнал со голем углед среде народот. Кај него доаѓале мнозина да бараат совети и утеха, а тој продолжил со целото свое битие да Му служи на Исус.

Доживеал длабока старост и починал во 1941 година. Неговото тело прво било погребано, но потоа било пренесено во селската црква. Подоцна пак било вратено во гробот. За чудо, телото долго време останало нераспаднато, што се гледало низ отвор во гробот низ кој се гледало лицето на упокоениот низ стаклото на сандакот. Меѓутоа, заради тогашниот атеистички режим, мештаните се плашеле да ја известат власта за ова чудо. Во деведесеттите години на минатиот век (значи над педесет години по неговото упокојување) претставници на МПЦ и на Богословскиот факултет од Скопје, го

посетиле гробот со телото на упокоениот и биле вчудовидени кога виделе дека тоа тело се уште било нераспаднато. За ова чудо извести списанието "Православен Пат" (бр. 2, јануари-февруари 2004, во издание на Скопската епархија при МПЦ).

Заради својата дејност како Божји слуга и помагач на народот, архимандритот Јоаникиј е прифатен како светител од страна на Македонската Православна Црква.

СВЕТИ ГАВРИЛ ЛЕСНОВСКИ (10 или 11 век)

15 јануари	стар стил
28 јануари	нов стил



о неговото житие читаме дека свети Гаврил Лесновски се родил во местото Осечко Поле во близината на Крива Паланка. Неговите родители биле имотни луѓе и биле блиски до царските советници. Но, тие отпрвин долго време немале деца поради што постојано се молеле на Бога да им дари рожба. Бог ја послушал нивната молитва и набргу им се родил син. Откако пораснало детето тие го дале кај некој учител за да го научи да чита и да пишува. Детето било многу бистро и набргу почнало да го чита Светото Писмо, не одвојувајќи се од него. Кога дошло време да се ожени, родителите му нашле девојка од царскиот род. Но, тогаш девојката починала. Гаврил ги замолил родителите да го отпуштат од својот дом за да оди и да се подвизува за Бога. Тие го благословиле и тој заминал. По патот се сретнал со некој ѓакон што се викал Тома со кого продолжил да патува заедно. Преку ноќ на свети Гаврил на сон му се појавил еден Ангел Господов, кој му рекол: "*Стани и појди во Осечко Поле на местото што ќе ти го покажам и изгради таму храм посветен на раѓањето на Пресвета Богородица*." Откако се разбудил свети Гаврил се вратил во својот родителски дом и им раскажал на родителите за својот сон. Тие му дале пари и тој набргу ја изградил црквата на местото кое му било посочено. Потоа Преподобниот заминал во Лесновскиот манастир, каде побарал да се замонаши. Игуменот на манастирот отпрвин го ставил на многу искушенија, а откако го согледал неговото смирение и трпение, го замонашил. По извесно време свети Гаврил побарал од игуменот да му даде благослов за да живее во некој скит близу манастирот во долината кон Злетово. Игуменот се согласил и Преподобниот отишол таму, минувајќи го времето во молитви, неспиење, молчење и осаменост. Народот разбрал за него и мнозина дошле да бараат да им помогне во своите болести, што тој тоа и го правел, како посредник на Бога. Но, постојаните посети на луѓето го натерале Преподобниот да го напушти скитот, по што се преселил во местото Луково во некоја мала шума, каде поминал извесно време. Таму никој не го вознемирувал, но еден ден случајно наишол некој козар со своето стадо. Кога го видел свети Гаврил како се моли, козарот паднал на колена пред него и во очај почнал да го моли да му помогне преку молитвите кон Бога затоа што неговите кози добиле некоја болест од која секојдневно пропаѓале. Преподобниот Гаврил му рекол на козарот: "*Не плаши се чедо, твојата тага Бог ќе ја престори во радост*." Во близина имало некој камен на кој имало дупка во која имало собрано дождовница. Свети Гаврил дошол близу каменот, се помолил на Бога, а потоа ја прекрстил водата. Зафатил од неа и му дал на козарот велејќи му да ги попрска козите. Козарот го сторил тоа и козите навистина оздравеле. Но, потоа свети Гаврил ја напуштил и оваа шума и заминал уште подлабоко во дивината. Дошол на некој рид што го викале Облов Врв, каде живеел и се подвизувал во пост и молитва уште триесет години. Таму и го завршил земниот живот.

Но, оние кои го познавале не знаеле каде се неговите мошти. По долго време свети Гаврил се јавил во сонот на некој монах по име Јосиф (по потекло бил Русин), кој во тоа време се подвизувал во Софија (Бугарија). Свети Гаврил во сонот му рекол на монахот да појде на ридот Облов Врв и да ги земе неговите мошти. Но, монахот не знаел дали тој сон е вистинит или можеби е некоја измама на ѓаволот. Следната ноќ пак го сонил истиот сон. Монахот се уплашил, но и овојпат не реагирал. Третата ноќ повторно го сонил истото. Утредента отишол кај митрополитот и му го раскажал својот сон. Митрополитот се распрашал кај луѓето од околните села дали во таа епархија има рид што се вика Облов Врв, а тие му рекле дека нема. Тогаш митрополитот испратил писма до епископите, прашувајќи ги дали во нивната епархија има рид со такво име. Едно такво писмо стигнало и во Злетово. Тамошниот епископ се распрашал и дознал дека тој рид се наоѓа во неговата епархија. Набргу го известил митрополитот од Софија, кој дошол во Лесновскиот манастир, заедно со монахот Јосиф и неколку свештеници. Оттаму се упатиле кон ридот Облов Врв, но не знаеле точно каде се наоѓаат моштите. Ноќта, свети Гаврил повторно му се јавил во сон на Јосиф и точно му го кажал местото каде почиват неговите мошти. Утредента и навистина таму ги нашле моштите и откако им се поклониле со сите почести ги пренеле во Лесновскиот манастир. Набргу таму почнале да се случуваат чудни излекувања. Забележано било излекувањето на раката на ќерката на еден Ерменец, кој живеел во Кратово.

Во продолжение на житието читаме дека со тие краеви завладеал некој бугарски кнез Михаил, кој добро ја уредувал власта во својата земја. Но, против Михаил набргу се кренал некој Мавраган, кој бил богат и силен маж и кој ја завладеал земјата на Михаил. Подоцна Михаил зајакнал, собрал војска и пак се случила војна со Мавраган. Но, и овојпат победил Мавраган, а Михаил побегнал во местото Ратковица. Тогаш Михаил почнал да се моли. Ги кренал рацете кон небото и извикал: "*Помогни ми пореподобен оче Гавриле, многу ти згрешив. Моите родители не ти оддадоа достојна почит, јас те оставив и видов голема мака пред очите*."

Истата ноќ на сон му се појавил свети Гаврил и му рекол утредента да појде во Злетово со своите војници и да го убие Мавраган. Следниот ден кнезот Михаил отишол со војска во палатата на Мавраган и навистина успеал да го убие.

По смртта на кнезот Михаил со тие краеви владеел Јован Оливер, кој бил советник и писар на српскиот крал Стефан Силни. Јован Оливер имал голема почит кон свети Гаврил Лесновски и затоа подигнал уште поубава и поголема црква на место на претходната. И во оваа преубава и раскошно украсена црква продолжиле чудните излекувања, а во земјата завладеал долгогодишен мир. Потоа читаме дека османлискиот цар Мурат објавил војна на српската држава, водејќи под своја команда триста илјадна војска. Кога разбрал за ова бугарскиот патријарх од Трново се уплашил дека моштите на свети Гаврил Лесновски можат да бидат запалени од Османлиите и затоа ги пренел во Трново, во местото Трапезица во храмот посветен на Светите Апостоли, каде останале до времето на запишувањето на житието.

*

За свети Гаврил Лесновски постоеле две житија. Постарото житие било напишано во 1330 година од запишувачот Станислав. Тој го напишал ова житие врз основа на постара и поопширна верзија, која не останала зачувана. Второто зачувано житие за свети Гаврил Лесновски било напишано во 1868 година од попот Иван Христев од Кратово. И ова житие тој го напишал врз основа на постара верзија, која била однесена во Србија. Ова житие е поопширно од она напишано во 1330 година. Текстот што овде го предадовме е направен врз основа на обете житија.

Досега неколкумина научни работници и истражувачи од разни земји имаат работено на анализирање на житијата на свети Гарвил Лесновски во контекст на историските настани што се спомнуваат во нив. Меѓутоа, постојат различни мислења во врска со времето во кое тој живеел. Збир на ваквите анализи е презентиран во книгата "Локални хагиографии во Македонија" од д-р Вера Антиќ (Скопје, 1977 год.), па во продолжение ќе се послужиме со податоци од оваа книга.

Конкретно, некои истражувачи сметаат дека свети Гаврил Лесновски живеел заедно со свети Прохор Пчињски, свети Јоаким Осоговски и свети Јован Рилски. Тие се повикуваат на податокот спомнат во житието на свети Јоаким Осоговски: "*Се појавија чудни и вистински новопросветени оци наши и пустиножители, небесни луѓе и земски ангели, другари Христови, Јован и Прохор заедно со Гаврил, со нив преподобниот отец наш Јоаким, чесна четворица, богоизбрана дружина*".

Но, истражувачите Иречек и архиепископот Филарет Черниговски утврдиле дека сепак овие четворица светители не живееле во исто време и дека свети Јован Рилски живеел во 10 век, а светителите Гаврил Лесновски, Прохор Пчињски и Јоаким Осоговски живееле во 11 век. Бугарските историчари Снегаров и Иванов сметаат дека свети Гаврил Лесновски живеел во 11 и 12 век, а така смета и српскиот црковен историчар Јустин Поповиќ. Тие се повикуваат на настанот во врска со писмото на софискиот митрополит што го упатил до околните епископи, меѓу кои и до злетовскиот. Имено, токму во тоа време Софија и Лесново биле под заедничка црковна власт. Во Прологот од монахот Тадија (Белград, 1984, стр. 37) пишува дека свети Гаврил Лесновски живеел и починал во 10 век, а така сметале и бугарските истражувачи Цухлев и Каранов. Цухлев ја споменува епизодата со спомнувањето на родителите на кнезот Михаил, кои не покажале почит кон свети Гаврил, што значи дека тој умрел пред нив и живеел во време на цар Петар (10 век). Цухлев претпоставува и дека рускиот монах Јосиф останал во Бугарија како заробеник по воените походи на рускиот владетел Свјатослав против Бугарите во 968 година.

Загадочен е и ликот на бугарскиот кнез Михаил што се спомнува во житието на Свети Гаврил Лесновски. Истражувачите се согласни дека се работи за некој локален кнез, а неговиот непријател Мавраган најверојатно бил некој локален војсководител на Печенезите и на Куманите кои тогаш напаѓале во тие краеви. Ова се гледа и од пресудната борба во локалното место Ратковица, што значи дека тоа било локален судир. Значи, еве еден историски податок од житие на светител што треба да се внесе во официјалната историографија, а тоа е името на бугарскиот локален кнез кој управувал со тие краеви.

Родното место на свети Гаврил Лесновски Осечко Поле, како и селото Осиче, се најдени околу селото Градец близу Крива Паланка.

И за Лесновскиот манастир се знае дека постоел пред доаѓањето на свети Гаврил во него (исто како што пишува во житието).

Историска личност, спомната во житието, е и Јован Оливер за кого се знае дека бил намесник и советник на цар Душан. Јован Оливер тогаш управувал со Кратовско и со Овче Поле. Во Лесново е пронајден натпис со неговите задужбини од кој се гледа дека манастирот навистина бил обновен од него во 1341 година.

Секако дека историска личност е и османлискиот султан Мурат Први (1362-1389), кој и навистина со огромна војска ја нападнал српската држава.

Што се однесува до моштите на свети Гаврил Лесновски се смета дека тие биле пренесени во 13 век од страна на некој од царевите на Асеновската династија во времето на т.н. "Второ бугарско царство" и дека биле однесени во црквата "Свети Апостоли" во местото Трапезица. Во бугарската книга под наслов "Житија на светиите" (Синодално издателство, Софија, 1991, стр. 41) читаме дека по османлиското навлегување

во Бугарија на моштите на свети Гаврил им се изгубила трагата. Но, постои запис од 1694 година од монахот Исаија во кој читаме дека моштите на свети Гаврил во тоа време (крај на 17 век) се уште се чувале во манастирот, иако Османлиите веќе ги држеле под своја власт тие краеви повеќе од два века (д-р Вера Антиќ, цит. дело, с. 150).

Да го кажеме и тоа дека во толкувањето на житието на свети Гаврил Лесновски во некои дела од соседните црковни историографии дошла до израз анти-македонската дневно-политичка пропаганда. Така, во Прологот (Белград, 1984) пишува дека свети Гаврил бил *Словен*, а во бугарската "Житија на светителите" пишува дека бил *Бугарин* (иако Бугарите никогаш масовно не се населиле во овој дел од Македонија). Значи упорно се избегнува да се спомне неговото македонско потекло и истото или се маскира со општата именка *Словен* или целосно се искривоколчува со туѓ етноним (*Бугарин*). Ваков е случајот и со други македонски светители.

СВЕТИ ПРОХОР ПЧИЊСКИ (11 век)

15 јануари	стар стил
28 јануари	нов стил



о житието на свети Прохор Пчињски читаме дека неговиот татко се викал Јован, а мајка му Ана. Обајцата потекнувале од овчеполските села и биле чесни христијани. Отпрвин немале деца и му се молеле на Бога да им подари рожба. Бог ги послушал нивните молитви и набргу им се родило машко дете, кое го крстиле Прохор. Описот на Прохор во неговото житие е предаден со следните зборови:

"*Навистина овој Прохор беше светилник на светот, навистина посник, навистина пророк со пророчка дарба, навистина маченик кој лежел на камен. Кој јазик ќе го исповеда неговиот труд, на земски човек или на небесен ангел? Во планината поднесуваше зимски измачувања и трпење, а во лето - потење и жешко сонце. И ги обдари Господ неговите родители со ова свето дете. И засветли со добродетелта како ѕвезда која свети од исток кон запад и навистина стана втор Самуил - овој свет отец Прохор Пчињски беше пустиножител со благодат*".

Во продолжение читаме дека кога пораснал родителите го терале да се ожени, но тој повеќе сакал да се подвизува во името Христово како пустиник. Го напуштил својот дом и отишол да живее во една планина. Таму нашол некоја пештера крај која имало извор со вода. Во неа останал да живее цели 32 години осамен со своите молитви. Големи маки доживеал среде зима на мраз, а среде лето на жештина. Се хранел само со зелје и со корените од околните стебла.

Но, еден ден, според Божјата волја, крај неговата пештера поминал некој ловџија. Свети Прохор седел пред пештерата кога пред неговите нозе прво дошла една срна. Тој ја погалил, а потоа се појавил ловџијата што ја бркал. Тој се викал Диоген и кога ја видел срната како мирно лежи крај нозете на свети Прохор се уплашил и почнал да бега. Тогаш свети Прохор го повикал со неговото име: "*Диогене, немој да бегаш! Врати се, и јас сум човек.*" Кога ловџијата го слушнал своето име, сфатил дека се работи за свет човек. Уплашено му се приближил и клекнал пред него, барајќи благослов. Свети Прохор го благословил со зборовите: "*Диогене, речено е да одиш во Цариград и да бидеш цар, но кога ќе дојдеш на престолот спомени ме мене старецот, поради пророштвото што ти го изреков*."

Диоген заминал, чудејќи се на овие зборови на старецот, кои недолго потоа ги заборавил. Потоа свети Прохор ја напуштил пештерата и се населил во друга. Таму продолжил да се подвизува за Бога. Притоа честопати бил искушуван од ѓаволот, кого го победувал со силата на своите молитви.

Во меѓувреме ловецот Диоген навистина отишол во Цариград. Во житието читаме дека тогаш во Цариград немало цар. На Цариградскиот патријарх му се сонило дека токму Диоген треба да биде цар и пред насобраниот народ фрлил жрепка, која се паднала токму на Диоген. Жрепката уште двапати била фрлена и обата пати паднала кај него, така што бил прогласен за цар. Откако станал цар Диоген ја слекол својата ловечка облека и облекол царска, а ловечката ја ставил во една одаја.

Во меѓувреме свети Прохор се преселил на небесата. По извесно време царот Диоген го сонил свети Прохор, кој му рекол: "*Ја заборави твојата облека и мене старецот*." Тогаш Диоген, во придружба на патријархот и својата свита, заминал да го бара местото на кое се сретнал со свети Прохор. Ја нашол пештерата, но таму ги немало моштите на светителот. Сепак царот наредил таму да се изгради црква. Ноќта свети Прохор повторно му излегол во сонот на царот и му кажал каде да ја најде пештерата во која почиваат неговите мошти. Утредента царот навистина ја нашол пештерата и моштите, кои се уште не биле изгниени. Царот и патријархот паднале на колена пред овие свети мошти. Потоа царот наредил да биде направен ковчег украсен со злато. Наредил ковчегот да биде однесен на местото, каде претходно наредил да биде изградена црква во чест на светителот. Но, тогаш ковчегот станал неподвижен. Диоген сфатил дека желба на свети Прохор е да остане на тоа место. Така царот наредил таму да биде изградена црква во која биле поставени светите мошти. Од овие мошти, со текот на времето, се случиле чудесни излекувања.

*

За свети Прохор Пчињски има зачувано четири житија, но сите претставуваат преписи од 19 век (д-р Вера Антиќ: "Локални хагиографии во Македонија", Скопје, 1977 год.). Секако дека четирите житија од 19 век биле препишани од постари ракописи, кои денес не се зачувани.

Што се однесува до времето во кое живеел свети Прохор Пчињски, речиси сите истражувачи се согласни дека тоа е 11 век со тоа што некои претпоставуваат дека се родил кон крајот на 10 век, а починал во 11 век. Најголем доказ за ова е спомнувањето на ловецот Диоген, кој подоцна станал цар на Византија. Тоа всушност е царот Роман Четврти Диоген, кој владеел од 1067 до 1071 година. Поради фактот што свети Прохор бил старец за време на нивната средба, тогаш има основа претпоставката според која свети Прохор се родил на крајот од 10 век. Ова значи дека и тој извесно време бил современик и жител на Самуиловото царство.

Познато е дека Самуиловото царство било освоено од Византија во 1018 година. Веќе во 1040 година Македонците кренале востание под раководство на Петар Делјан. Свети Прохор Пчињски бил современик и на овие бурни настани. Историските податоци говорат дека војската на Петар Делјан поминала токму низ крајот каде во тоа време се подвизувал свети Прохор Пчињски.

Поради тоа што ловецот (а подоцна цар) Диоген ловел крај пештерата во која се подвизувал свети Прохор Пчињски, најверојатно дека и самиот имал македонско потекло. И денес е позната пештерата каде тоа се случило. Таа се наоѓа недалеку од црквата "Свети Ѓорѓи" близу селото Старо Нагоричане. Всушност, овде била црквата подигната од царот Роман Четврти Диоген, која подоцна била урната, а на нејзините темели во почетокот на 14 век била подигната нова.

Во 1965 година биле откриени и остатоци од малата црква што царот Роман Четврти Диоген ја подигнал на местото каде ги открил моштите на свети Прохор Пчињски. Оваа црква била откриена на падините на планината Рујан на десниот брег на реката Пчиња.

Историските податоци зборуваат дека Роман Четврти Диоген навистина на млади години отишол во Цариград каде стапил во воена служба, а на престолот на Византија дошол откако се оженил за царицата Евдокија, која била вдовица на претходниот император Константин Осми Дука. Последните години од својот живот и тој ги поминал како монах.

На крајот да спомнеме дека од времето кога живеел свети Прохор Пчињски зачувани се документи во кои се спомнати Македонците како жители на Македонија. Така, на пример, по пропаста на востанието на Петар Делјан, некои од востаниците избегале на Сицилија. Тамошните хроничари од тоа време, во делото "*Барски анали*", го овековечиле нивното доаѓање со следните зборови:

"*Од таму пристигнаа несреќните Македонци..*"

СВЕТИ АНТОНИЈ НОВ ЧУДОТВОРЕЦ (13 и 14 век)

17 јануари	стар стил
30 јануари	нов стил

Свети Антониј Нов Чудотворец живеел и се подвизувал во 14 век. Бил роден во македонскиот град Бер (Верија). Неговите родители биле имотни луѓе, а тој уште како дете се посветил на Бога. Во раната младост се замонашил во еден манастир во Пиерија (област во јужниот дел на денешниот егејски дел на Македонија). Во манастирот свети Антониј живеел богоугоден живот, исполнувајќи ги сите задачи поставени од игуменот. Но, еден ден го замолил игуменот да му дозволи да се исели од манастирот и да се насели во една пештера во блиската шума. Игуменот се согласил и свети Антониј заминал. Откако нашол погодна пештера, преподобниот осаменик се населил во неа и таму останал да живее, подвизувајќи се цели педесет години. Бил посетуван само од еден свештеник, кој повремено доаѓал да го причести. Никој друг не знаел каде живее свети Антониј. За цело време се хранел само со растенијата што растеле околу пештерата и пиел вода од блискиот извор. За неговите бројни искушенија и подвизи раскажувал свештеникот што го причестувал. Ѓаволот на секаков начин сакал да го измами, преторувајќи се ту во облик на разбојници кои доаѓале да го претепуваат, ту во облик на ѕверови кои сакале да го изедат, ту во облик на надојдена вода што се заканувала да го потопи заедно со пештерата. Но, сето тоа свети Антониј го издржал со Божја помош. Длабока старост доживеал и отишол на небесата кога имал над деведесет години.

По неговата смрт, некои ловџии поминале крај пештерата во која се подвизувал. Нивните кучиња почнале да лаат и тие погледнале кон пештерата. Таму им се прикажала некоја рака која ги повикала да влезат. Тие помислиле дека тоа е некој нивни другар кој ги повикува да ловат во пештерата. Но, кога влегле виделе дека внатре нема никого. Наеднаш го здогледале мртвото тело на светителот над кое имало светлина. Така сфатиле дека се работи за свет човек и се поклониле. Кога се вратиле во градот веднаш го известиле архиерејот. Тогаш архиерејот заедно со свештениците и многу народ се упатиле кон пештерата од каде го презеле телото со сите почести. Но, - меѓу жителите на Бер и Пиерија настанало несогласување околу тоа кој од нив да го

преземе телото на светителот. На крајот одлучиле за тоа да реши самиот свети Антониј. Го ставиле неговото тело на една кола во која впрегнале два вола. Потоа ги пуштиле воловите сами да одат. Тие отишле право во Бер и застанале пред домот на неговите родители. Така, самиот светител ставил до знаење дека сака неговите мошти да почиваат во неговиот роден град. На тоа место подоцна била подигната црква во која биле положени неговите мошти. Од нив биле забележани многу чуда, а планината во која се наоѓала пештерата каде што се подвизувал подоцна станала живеалиште и на други монаси. Таму биле подигнати скитови со неговото име.

*

Гледано од историски аспект, свети Антониј Нов Чудотворец живеел во истиот век со света Партена и свети Макариј Макрис. Но, очигледно дека тој живеел и починал неколку децении пред нив. Доказ за ова е фактот што тој починал во време кога се уште во Македонија можела слободно да се исповедува христијанската вера, што не било случај со времето по доаѓањето на Османлиите. Имено, во житието читаме дека архиерејот слободно и во присуство на многу народ отишол по неговите мошти, а подоцна била изградена и црква во негова чест. Сето тоа не можело да се случи доколку тие области биле заземени од Османлиите (осумдесеттите години на 14 век). Секако дека поминале барем неколку години од пренесувањето на моштите на свети Антониј до изградбата на црквата посветена на него. Затоа може да се претпостави дека тој починал најдоцна во средината или на почетокот од втората половина на 14 век. Поради податокот според кој тој живеел цели деведесет години, јасно е дека бил роден во 13 век (веројатно во втората половина). Во времето на неговата младост Бер се наоѓал под византиска власт. Познато е дека во времето пред доаѓањето на Османлиите во Македонија навистина масовно се граделе цркви и цутеле сликарството и писменоста. Оттаму, сосема одговара на историската вистина податокот според кој, недолго по откривањето на неговите мошти во негова чест била изградена црква.

СВЕТИ ЃОРЃИ НОВ ЈАНИНСКИ (1810-1838)

18 јануари	стар стил
31 јануари	нов стил



о неговото житие читаме дека се родил во 1810 година во селото Чуркли близу јужниот македонски град Гревена. Неговите родители се викале Константин и Василка и работеле како сиромашни земјоделци. Обајцата умреле кога Ѓорѓи имал само осум години. Кога пораснал Ѓорѓи извесно време работел како коњушар, а потоа се вработил кај некој Турчин во Јанина. Таму се вљубил во некоја убава девојка по име Елена со која посакал да се ожени. Оцата во Јанина, кога разбрал за неговата намера, го наклеветил кај кадијата, обвинувајќи го дека е муслиман, кој сака да помине во христијанството и да се ожени со христијанка. На судењето свети Ѓорѓи изјавил дека е христијанин и дека никогаш не бил муслиман, а тоа го потврдил и неговиот стопан. Така тој бил ослободен и се оженил со Елена, а кога им се родило дете веднаш го крстиле в црква.

Но, на 12 јануари 1838 година, Ѓорѓи бил повторно уапсен и изведен пред суд заради клевета од истиот оца што го наклеветил и претходно. Злобниот оца и овојпат тврдел дека Ѓорѓи е муслиман, кој поминал во христијанството. На судот врз свети Ѓорѓи бил вршен голем притисок да помине во исламот, но тој тоа решително го одбивал. Дури му довеле и некој исламизиран христијанин кој го убедувал така да

постапи, но свети Ѓорѓи не попуштал. Тогаш Турците провериле дали над него е извршен сунет, но иако се уверile дека тој навистина е христијанин, не го ослободиле, туку го фрлиле во темница. Пет дена свети Ѓорѓи бил мачен во темницата, но не се откажал од светата Христова вера и постојано повторувал: "*Јас се родив христијанин, сега сум христијанин и христијанин ќе умрам*!" Тогаш бил подложен на уште пострашни мачења. Кога разбрале христијаните од Јанина, се собрале и отишле кај турскиот управник да го молат да го ослободи. Истовремено некои од нив кришум го убедувале свети Ѓорѓи да побегне во Грција. Но, тој не сакал да бега. На присутните им рекол: "*Не плашете се браќа. Јас најрадосно ќе пострадам за мојот Христос*". Откако Турците виделе дека не можат да го убедат да стане муслиман, го осудиле на смрт и јавно го обесиле. По три дена христијаните го зеле неговото тело и го погребале во олтарот на храмот "Свети Атанасиј" во Јанина. Истата 1839 година бил канонизиран за светител од страна на Цариградскиот патријарх Григориј Шести. Од моштите на свети Ѓорѓи се случиле многу чудесни излекувања.

*

Во времето на Османлиското царство навистина најстрого било забрането муслиман да помине во христијанството. Казните за оние што тоа го правеле биле строги. Доколку се работело за цело семејство, главниот на семејството бил убиван, а останатите биле распродавани како робје. Дури ни христијанинот кој (поради разни причини) преоѓал во исламот не смеел повторно да се врати во христијанството. И во таков случај следувало судење и строга казна. Како илустрација ќе спомнеме еден турски документ од септември 1817 година. Во него читаме за судењето на Македонката Мара, која прво била христијанка, но поради притисок поминала во исламот. Меѓутоа подоцна таа решила повторно да му се врати на христијанството, поради што била затворена и по втор пат преведена во исламот (подетално во "Турски документи за македонската историја", Скопје, 1957 година). Практично во тоа време било невозможно преоѓање на муслиман во христијанството и таквите лица биле изложувани на судски прогон. Доволно било неколкумина муслимани пред судот да изјават дека дотичниот христијанин пред нив изјавил оти сака да стане муслиман за да следува судски прогон против него доколку не сака и навистина да помине во исламот. Ваквите бизарни закони во Османлиското царство честопати биле злоупотребувани од некои Турци, кои намерно пред власта наклеветувале одделни христијани дека, божем пред нив, изјавиле оти сакаат да поминат во исламот. Овие христијани веднаш биле затворани и принудувани да станат муслимани под закана со смрт. Очигледно дека ваква неправда му била нанесена и на свети Ѓорѓи Нов Јанински, кој исто така бил наклеветен дека божем сакал да помине во исламот. Но тој не попуштил и на оваа голема неправда одговорил со тоа што го избрал патот на маченичката смрт и вечна слава на небесата.

Во житието на свети Ѓорѓи Нов Јанински гледаме дека христијаните од Јанина кришум му предложиле да побегне во Грција. Тоа е времето непосредно по ослободувањето на Грците од османлиското владеење. Познато е дека Грција била прогласена за автономно кралство во 1830 година (откако претходно Грците кренале востание против османлиското владеење со помош на Големите сили). Практично, Јанина тогаш се наоѓала близу самата граница помеѓу новосоздадената држава Грција и Османлиската империја, така што свети Ѓорѓи, доколку сакал, можел сосема лесно да се префрли од онаа страна на границата за да се спаси од натамошните мачења. Но, тој ја одбил молбата на христијаните и останал подготвен да умре за Христовата вера.

Како 12-годишно дете свети Ѓорѓи бил современик на македонското Негушко востание од 1822 година, чии борбени дејства се одвивале на околу стотина километри

од неговиот роден град. Последниот период од својот краток живот свети Ѓорѓи го поминал во епирскиот град Јанина што тогаш бил претежно населен со Власи. Најверојатно и неговата сопруга Елена била Влаинка. Свети Ѓорѓи дошол во Јанина во 1836 година, а тоа е само 12 години по задушувањето на бунтот на Али-Паша Јанински против турскиот султан. Веројатно, во времето кога свети Ѓорѓи дошол да живее во Јанина, овој град се уште ги лекувал раните од крвавите борби што се одиграле за време на овој бунт.

Во некои извори (како на пример Прологот од монахот Тадија, објавен во Белград, 1984 година) пишува дека свети Ѓорѓи Нов Јанински наводно бил Албанец. Но, имињата на неговите родители (посебно на мајка му Василка) тоа не го потврдуваат. Впрочем, познато е дека во некои црковно-историски книги објавени во соседните земји, етничката припадност на светителите Македонци им е прикажана поинаку. Причините за ова ни се сите нам добро познати.

СВЕТИ ЃОРЃИ КРАТОВСКИ (1497-1515год.)

11 февруари	стар стил
24 февруари	нов стил

Свети Ѓорги Кратовски (како што кажува самиот негов прекар) се родил во Кратово. Во неговото житие читаме дека родителите му се викале Димитриј и Сара. Кога наполнил шест години бил испратен на училиште каде бргу напредувал. Потоа го изучил кујунџискиот занает. По извесно време татко му умрел и тој останал сирак. Поради тоа што имал убаво лице и развиено тело, свети Ѓорѓи се уплашил дека може да биде земен сосила во дворецот на султанот и затоа избегал од своето родно место и отишол во Софија (Бугарија). Таму се населил во домот на некој свештеник кој се викал Петар. Во неговиот дом свети Ѓорѓи се вљубил во христијанската побожност. Муслиманите во Софија посакале да го убедат да пређе во исламот и му испратиле свој учен човек за да разговара со него околу верата. Муслиманскиот учител прво почнал да го фали Ѓорѓи заради неговиот занает, а потоа почнал да го убедува да го прими исламот и да се ожени со ќерката на некој ага. Му рекол дека на таков начин ќе стане угледен во целиот град. Тогаш се развила дискусија околу исламот и христијанството. Во врска со ова ќе цитираме дел од житието:

"Ѓорѓи му се заблагодарил и го прашал: ‚А дали славата на земјата е вечна?' Учителот одговорил: ‚Се разбира дека се што е земско не е вечно, но Мухамед вети рајски уживања за оние кои ги исполнуваат неговите заповеди.'

‚А во што се состојат тие заповеди?' - запраша Ѓорѓи. - 'Во добра вера и телесна чистота, а чистотата бара миење и молитви' - одговори учителот.' Но ако човекот - запраша Ѓорѓи - живее блудно и ако ненаситно им се предава на задоволствата на телото и стомакот, дали ќе го примат во рајот?'

Мухамеданецот беше принуден да признае дека човекот со неисправно срце нема да дојде до рајот, туку во вечната мака. ,Сепак - продолжи Ѓорѓи - вашите властодршци, судии и началници им се предаваат на нечесните дела и умираат и не помислувајќи на одрекување од нечистото живеење. Не подлегнуваат ли тие, според твоите зборови, на вечно мачење?' ,Бог ги простува гревовите поради милосрдие - зборуваше учителот - Погледни само колку наши султани и паши подигнуваат џамии, мостови, чешми, гостоприемни домови!' ,Жртвата од нечистото срце не му е пожелна на Бога, рече Ѓорѓи. ,Колку убави градби се подигнати од безбожните цареви! Колку познати дела се направени! Сигурно нема да речеш дека тие безбожници се во рајот!... И како сакаш да се откажам од верата која води кон Бога и кон вечното царство? Јас сум уверен дека сето ова ти го согледуваш, но искушувањата од светот те одвлекуваат далеку од светата вистина. Зарем не е така?' "

На овие зборови муслиманскиот учител замолчил и си отишол. Во душата му се јавила омраза кон свети Ѓорѓи затоа што, не само што не успеал да го преведе во исламот, туку и самиот останал збунет од неговите зборови. Недолго потоа тој отишол кај кадијата и го наклеветил свети Ѓорѓи дека го напаѓа исламот и дека за турските великодостојници зборува дека ќе оделе на вечна мака. Притоа рекол дека, ако не го сопрат да зборува, христијанството ќе почне да се шири во градот за сметка на исламот.

Тогаш кадијата наредил да го повикаат свети Ѓорѓи божем сака нешто да нарача откај него. Свети Ѓорѓи сфатил зошто го викаат, но сепак отишол подготвен да сведочи за Христовата вера.

Кога дошол пред кадијата свети Ѓорѓи веднаш бил убедуван да прејде во исламот. Но, тој смело го прашал кадијата со што може да докаже дека искрените почитувачи на исламот уживаат блаженство? Кадијата му одговорил дека ним им се покориле многу царства на земјата и дека тоа било доказ дека Бог ги сака. На ова свети Ѓорѓи му одговорил:

"*И пред Мухамед ги покоруваа царствата со меч. Дали тоа треба да значи дека сите победители, иако безбожници, се по волјата Господова? Земната среќа не е мерка за вечноста.*"

Кадијата му рекол дека нивниот законодавец Мухамед разговарал со Бог и дека од него го примил законот. На ова свети Ѓорѓи одговорил дека нема докази за тоа и дека Мухамед не направил ниту едно чудо или пророштво како што тоа го направил Мојсеј кога го примил Законот Божји. Свети Ѓорѓи потсетил дека тогаш целата планина почнала да се тресе и народот сфатил дека тој е избран од Бога. Потоа свети Ѓорѓи искажал и други сомнежи кон исламот што ги разгневило присутните муслимани. Кадијата наредил да го врзат и да го фрлат в теминца.

По извесно време дошол свештеникот Петар и ги замолил стражарите да го ослободат. Но, тие му рекле дека ќе го ослободат само доколку се откаже од христијанството и помине во исламот. Тогаш Петар го замолил нивниот старешина, кој покажал милост и го ослободил свети Ѓорѓи на еден ден. Вечерта свештеникот Петар и свети Ѓорѓи разговарале за новонастанатата состојба и свештеникот му рекол: "*Ѓорѓи, ти сега го прослави Господа како првомаченикот Стефан. Биди цврст и во иднина! Маченициte се слават во вселената.*" Свети Ѓорѓи му рекол дека се плаши оти нема да го издржи огнот, а свештеникот Петар му одговорил: "*А ти помисли дека огнот во пеколот е пострашен. И што значи привременото страдање пред вечноста? Целиот наш земен живот пред вечноста е еден момент.*"

Утредента свети Ѓорѓи пак морал да се врати во затворот. Турците и натаму инсистирале тој да помине во исламот и да се откаже од Христа. Но, тој не попуштил. Истовремено свештеникот се обидел да го поткупи кадијата за да го ослободи, но без успех.

По една недела пак го извеле пред кадијата, кој дури му ветил дека ќе го направи свој наследник на имотот доколку помине во исламот. Но, свети Ѓорѓи одговорил дека земните богатства не го интересираат и повторно почнал да го критикува исламот. Тогаш присутните муслимани збеснале, а кадијата одвај успеал да ги запре да не го линчуваат. Кадијата за последен пат му рекол да ги повлече зборовите, но свети Ѓорѓи останал на своето. Тогаш присутните го извеле надвор, тепајќи го и плукајќи го. Турскиот заптија наредил да направат клада и да го запалат. Додека го воделе по улиците на Софија, му пристапил свештеникот Петар и му рекол да ги издржи маките затоа што го чека вечно блаженство.

На плоштадот бил поставен куп дрва што бил запален. Таму му ја соблекле кошулата на светителот и го турнале во огнот. Кога телото му се покрило со пликови, тие го извадиле и пакосно го прашале дали му е топло? Светителот им одговорил: "*Верувајте ми дека ништо не чувствувам. А за вас, несреќни, готов е вечниот оган.*" Тогаш пак го фрлиле во огнот, а тој се прекрстил и силно извикал: "*Господе Исусе Христе, во твоите раце го предавам својот дух*!" Тогаш некој од толпата го удрил со цепаница по главата и свети Ѓорѓи ја испуштил душата. Веднаш потоа, иако пред тоа било сончево, се наоблачило и заврнал силен дожд.

Христијаните побарале да го земат неговото тело, но Турците не им го дале. Се обиделе да го изгорат докрај, но во тоа не успеале. Истата ноќ еден христијанин кришум го зел изгореното тело и го однел во Соборната црква.

Утредента свештеникот Петар отишол кај кадијата и го прашал дали можат да го погребаат телото на свети Ѓорѓи што некој го донел во црквата. Кадијата му одговорил:

"*Ѓорѓи е светец. Тие што го чуваа кажуваат дека, иако ставале многу дрва, телото не горело.* "

Така свети Ѓорѓи бил погребан. На крајот од житието пишува дека тој бил убиен на 11 февруари 1515 година за време на султанот Селим и дека пострадал на 18-годишна возраст. Даден е и опис на неговиот физички изглед:

"*По раст беше висок и тенок, веѓи густи, нос малку свиткан надолу; прстите му беа долги и тенки; по карактер беше смирен и простосрдечен; никогаш не се смееше напразно и од неговата уста никогаш не излегуваше празен збор; со ништо не се фалеше и никому не завидуваше.*""

На 26 мај истата година светите мошти биле ископани од гробот и биле ставени во ковчег по што биле внесени во црквата. Поради тоа неговиот спомен се слави двапати - на 11 февруари и на 26 мај (стар стил).

*

Житието на свети Ѓорѓи Кратовски било напишано веднаш по неговата смрт во 1515 година од авторот поп Пејо. Денес е зачуван препис од 1677 година. Свети Ѓорѓи Кратовски бил канонизиран за светител на Московскиот собор во 1549 година ("Локални хагиографии во Македонија" од д-р Вера Антиќ, Скопје, 1977 год.стр. 195). Постарите кратовчани тврделе дека остатоци од родната куќа на неговите родители имало се до 1939 година (исто, стр. 202). Историски податок што одговара на вистината е и владеењето на турскиот султан Селим Први (1512 -1520) во чие време пострадал свети Ѓорѓи Кратовски.

Во времето кога се родил свети Ѓорѓи, Македонија и Бугарија веќе околу еден век се наоѓале под турско ропство. Со своето маченичество, кое многу бргу се прочуло среде поробените христијани, тој станал синоним за отпорот против присилното исламизирање.

На крајот да кажеме дека и со етничката припадност на овој македонски светител се манипулира во соседните црковни историографии. Така, на пример, во

Прологот од монахот Тадија (Белград, 1984, стр. 107) за свети Ѓорѓи Кратовски пишува дека бил *Србин*. Овде читаме:

"*Светиот маченик Ѓорѓе Кратовац по потекло бил Србин од градот Кратово.*"

Во книгата "Житија на светителите за месец февруари" приредена од д-р Јустин Поповиќ (Белград, 1973) пишува:

"*Блаженият Георгије - Ѓорѓе се родил во српскиот град Кратово, на десет часа одење од Штип*."

Но, нашиот истакнат научник д-р Вера Антиќ приложува податоци според кои во најстариот препис на житието на свети Ѓорѓи Кратовски, Кратово воопшто не е спомнато како *српски град*, туку дека таму во оригинал пишувало дека свети Ѓорѓи се родил во "*место што се викало Кратово*" (д-р Вера Антиќ: "Локални хагиографии во Македонија", Скопје, 1977 год. стр. 74).

Но, тоа не е се со манипулациите за етничкото потекло на свети Ѓорѓи Кратовски. За него во бугарската книга "Житија на светиите" (Синодално издателство, Софија, 1991, стр. 98) пишува дека бил *Бугарин*! Дури и неговиот прекар *Кратовски* е заменет со *Софиски*. Овде читаме:

"*Светиот маченик Георги Софиски Нови се родил од благочестиви родители Бугари Димитар и Сара во гратчето Кратово*."

Значи, во склад со сопствената анти-македонска шовинистичка пропаганда, нашиот македонски светител, едните го прават *Србин*, а другите *Бугарин*. Тие прават се само за да не се спомне македонското име! Секако дека ваков е случајот и со други македонски светители.

СВЕТИ ПОРФИРИЈ (?-401 год.)

26 февруари	стар стил
5 март	нов стил

Свети Порфириј бил роден во Солун во 4 век. Кога наполнил дваесет години го напуштил богатиот семеен дом и заминал да се подвизува во Египет. Таму се замонашил и по петгодишен престој во пустината, заминал за Ерусалим каде ги посетил светите места и се поклонил пред нив. Оттаму заминал на територијата на денешен Јордан каде продолжил да се подвизува. По неколку години свети Порфириј тешко се разболел и замолил еден свој познаник да го одведе во Ерусалим. Таму секој ден ползејќи ги посетувал светите места, иако имал големи болки во стомакот. Кога го видел како се труди, еден млад монах решил да му помага. Набргу се спријателиле и свети Порфириј го испратил монахот во Солун за да му донесе пари од наследството што му останало од родителите. Кога ги добил парите свети Порфириј ги подарил на сиромашните и на тамошните цркви. Недолго потоа свети Порфириј на чуден начин оздравел. Бил ракоположен за свештеник и му била доделена одговорната задача да се грижи за Крстот Господов во Ерусалим. Таму го минувал времето во постојана молитва, радувајќи се на честа што ја добил. По неколку години Господ му одредил друга работа. Во тоа време починал епископот на Газа и тамошните христијани упатиле молба до митрополитот да им одреди нов епископ. Митрополитот се помолил на Бога и добил откровение според кое за епископ бил одреден чуварот на Крстот Божји свети Порфириј. Преподобниот ја прифатил оваа задача и заминал за Газа. Во тоа време таму имало само една мала христијанска црква, наспроти

бројните паганси храмови. Свети Порфириј верно им служел на тамошните христијани. По 25 години служба како епископ во Газа, свети Порфириј починал во 401 година.

*

Свети Порфириј е еден од неколкуте Македонци кои ја носеле одговорната титула епископ и кои дејствувале надвор од Македонија. Во негово време христијаните не биле прогонувани, но последиците од претходните прогони се уште се чувствувале.

СВЕТИ АГАТАНГЕЛ БИТОЛСКИ (? - 1727 год.)

27 февруари	стар стил
11 март	нов стил

Податоци за житието на свети Агатангел Битолски се среќаваат во натписот на кивотот во кој се чуваат светите мошти на овој маченик. Во натписот читаме:

"*Оваа света глава му припаѓа на новомаченикот Агатангел, којшто маченички пострада во 1727 година од следнава причина: Кога сите Агарјани имајќи си зол обичај во трите дена на бајрам да го потурчуваа секој христијанин што ќе го најдеа, тој не можеше да го поднесе тоа, па замина во царскиот сарај, притоа сочинувајќи и ферман и со Божјо содејство - тие попуштија. Оние, пак, кои не го поднесоа ова, го убија, а главата негова беше воскресната во дните на кир Григориј Пелагониски и од ереите кои беа тогаш: сакеларије поп Георгиј, како и сакелиите поп Георгиј, по Христо, поп Трајан, поп Наум, поп Вангел, поп Васил, поп Георгиј. 1827, февруари 25.*" (*Успение*, Периодика на манастирот "Успение на Пресвета Богородица", с. Јанковец, Ресен, 2002 год., стр, 93).

Од овој натпис гледаме дека свети Агатангел пострадал откако дошол во судир со екстремните претставници на исламската вероисповед затоа што се спротивставил на обидите за присилно исламизирање на христијаните. Подоцна, врз основа на документи од тоа време, а можеби и врз основа на усни преданија, во 1827 година, бил составен натписот за причините за неговото погубување што се наоѓа на кивотот со неговите мошти.

Што се донесува до македонското потекло на свети Агатангел, податоци среќаваме во делото под наслов "Последование на светиот и прославен новомаченик Агатангел", кое е составено на Света Гора од еромонахот Симонпетритски Атанасиј. Ова Последование е објавено во целост во гореспоменатото списание "Успение". На првата страница за свети Агатангел пишува дека бил (цитат): "*Пострадан во македонска Битола*". Во продолжение на текстот, како вовед во стиховите на Синаксарот, пишува:

"*Во дваесет и седмиот ден од месец февруари помен е на светиот и прославен новомаченик Агатангел, од меч пострадан во Битола Македонска во летото Спасителово 1727.* "

*

Од историски аспект гледано, маченичката смрт на свети Агатангел се случила во третата деценија на 18 век. Во тоа време Македонија се уште се чувствувале последиците од Карпошевото востание и од упадот на австриската војска. Имено, по воените порази што ги доживеала Отоманската империја, во 1699 година, нејзината северна граница била спуштена до реките Сава и Дунав. Во Македонија речиси владеела анархија. Разни банди вршеле грабежи и насилства, а данокот на населението драстично се покачил со цел да се надокнадат загубите од воените порази на Отоманската империја и губењето на територии. Како резултат на ова се засилило и

ајдутството посебно во Битолскиот крај, каде даноците биле многу големи. Во ваквата атмосфера на воени порази и несигурност за иднината на Отоманската империја, разбирлива е жестокоста со која реагирале екстремните преставници на исламската вероисповед проитив христијаните кои се осмелувале јавно да се спортивстават на обидите за исламизацијата. Токму еден од нив бил и светиот маченик Аганагел Битолски, кој заради својата смелост бил убиен со отсекување на главата.

Некои наши истражувачи сметаат дека свети Агатангел Битолски е иста личност со свети Ангел Битолски (кој се спомнат во оваа книга кај светителите со непознат датум), а ние останuваме отворени за сите идни сознанија на оваа тема.

СВЕТА МАЧЕНИЦА КИРАНА (?-1751 год.)

28 февруари	стар стил
7 март	нов стил

Во нејзиното житие читаме дека се родила во селото Ависока во околината на Солун. Потекнувала од семејство на побожни родители. Уште од мала водела чесен и целомудрен живот. Но, набргу ѓаволот ги вмешал прстите во нејзиното секојдневие. Некој јаничар, кој во нејзиното село го собирал данокот, се запалил по неа. Тој почнал да и се додворува, но таа не сакала ни да го погледне. Потоа почнал да и нуди разни подароци и пари, но ни тогаш оваа целомудрена девица не покажала никаков интерес. На крајот почнал да и се заканува дека ќе ја убие, но света Кирана, исполнета со љубов небесна кон Господ Исус Христос, ни тогаш не покажала слабост. Тогаш јаничарот, во договор со своите другари, сосила ја одвел света Кирана во Солун пред кадијата и лажно ја обвинил дека ветила пред сведоци оти ќе помине во исламот. Таму продолжил притисокот врз неа да помине во исламот, но таа одговорила: "*Јас сум христијанка и мене младоженец ми е Господ Исус Христос. Нему му се посветив себе си, по Него копнеам од детството и од љубов кон Него подготвена сум и крвта да си ја пролеам. Ете тоа е мојот одговор и не очекувајте повеќе од мене ниту збор*."

Откако им го рекла тоа света Кирана замолчела и не одговарала на нивните прашања. Во себе се молела на Господ Исус Христос да и даде сила да издржи до крај. Преку молитвата таа заборавила на сите маки и срцето и се исполнило со духовна радост. Посакала што побргу да ја прими смртта и да се соедини со Бога.

Откако ја виделе нејзината непоколебливост, Турците ја фрлиле во затвор каде ја оковале во синџири. Во продолжение се опишани страшните мачења на кои била подложена светителката. Јаничарот лично одел во затворот да ја мачи. Но, една ноќ додека темничарот бездушно ја тепал обесена за таванот и додека од нејзиното тело течеле потоци крв, наеднаш преку кровот ќелијата се исполнила со чудесна светлина, која го опфатила нејзиното тело. Темничарот се уплашил и отишол да ги повика стражарите. Кога се вратиле виделе дека таа е мртва. Светлината околу нејзиното тело наеднаш се повлекла, а ќелијата останала исполнета со пријатен мирис. Тогаш ја симнале и ја положиле на земја. Утредента се прочуло низ градот дека света Кирана починала и дека од небесата се појавила чудесна светлина. Турците се засрамиле поради убиството на оваа недолжна девојка и им дозволиле на христијаните да го погребаат нејзиното тело. Тоа се случило на 28 февруари 1751 година.

*

Веќе рековме дека во Османлиската империја било невозможно муслиман да помине во христијанство и дека таквиот бил осудуван на смрт. Рековме и дека ова се однесувало и на оние христијани, кои биле наклеветени дека пред сведоци изјавувале оти преоѓаат во исламот. Овие христијани биле принудени или навистина да поминат во исламот или да завршат маченички, каков што бил случајот со света Кирана.

Таа живеела во време кога во Македонија владеела вистинска анархија. Во 18 век низ Македонија крстосувале банди, кои на народот му нанесувале многу зла, а власта не само што не била моќна да им се спротивстави, туку и самата, преку своите органи, го тероризирала народот. Такви биле мартолозите, кои под изговор дека ги бркаат разбојниците и самите ги напаѓале селата и ги ограбувале. Сигурно дека таков бил и јаничарот, кој ја прогонувал света Кирана.

МАРТ

СВЕТИ АГАПИЈ ВАТОПЕДСКИ

1 март	стар стил
14 март	нов стил

Свети Агапиј бил послушник кај некој стар монах во манастирот Ватопед на Света Гора. Еднаш, додека се миел крај морскиот брег, бил фатен од морски разбојници и бил продаден како роб на некој неверник. Во ропство свети Агапиј поминал цели дванаесет години постојано молејќи се на Христа за да биде ослободен. Предобриот Бог ги послушал неговите молитви и една ноќ на сон му се јавила света Богородица, која му рекла дека утредента може да се врати кај старецот во манастирот. И навистина утредента свети Агапиј сфатил дека е слободен затоа што синџирите со кои бил врзан отпаднале сами од себе. Така тој слободно заминал од домот на својот господар и отишол право кај старецот во манастирот Ватопед. Кога го видел старецот се нажалил затоа што помислил дека свети Агапиј кришум побегнал од својот господар. Му рекол дека не направил добро затоа што неговиот господар за него платил пари. Старецот го советувал свети Агапиј да се врати кај господарот и да продолжи да му служи. Му рекол и дека Бог ќе го просветли господарот, па тој самиот ќе го ослободи. Така и се случило. Свети Агапиј се вратил кај својот господар, а овој не можел да се изначуди кога го видел. Го прашал зошто се враќа, а свети Агапиј му ја кажал мудрата поука од старецот. Господарот станал восхитен од возвишеноста на христијанската вера. Недолго потоа му рекол на Агапиј да го одведе и него кај старецот. Кога стигнале во Света Гора старецот ги крстил господарот и неговите два сина и така тие го проживеале својот живот како христијани, по што заминале во Царството Небесно.

*

Во изворите што ги консултиравме не се дадени никакви податоци околу времето во кое живеел свети Агапиј. Во тоа време, во Светогорските манастири се подвизувале голем број македонци.

СВЕТА ПРЕПОДОБНА МАЈКА (ЦАРИЦА) ТЕОДОРА (13 век)

11 март	стар стил
24 март	нов стил



о нејзиното житие читаме дека света Теодора потекнувала од местото Сервија во Македонија и дека била родена во семејството на благородниците Јован и Елена. Таткото Јован бил намесник на Солун и на цела Македонија. Обата нејзини родители биле хумани луѓе и кон сите луѓе се однесувале со љубов и праведност. Во тој дух била воспитувана и света Теодора. Во тоа време Латините го зазеле Цариград и им нанеле многу зла на православните. Византија се распаднала, а во дел од неа било создадено Епирското царство на чело со Михаил Ангел Комнен (1204 - 1215 год.). Престолнината на ова царство се наоѓала во градот Арта на брегот на Јонското Море. Кога царот умрел требало да биде заменет со својот малолетен син, но неговиот роднина Теодор го зазел престолот во Арта, поради што синот на Михаил бил принуден да бара засолниште на Пелопонез. Подоцна Теодор го презел Солун од Латините, по што се прогласил за цар. Но, тогаш загинал во борбата против бугарскиот цар Асен Втори, а на престолот дошол младиот Михаил Втори Комнен (синот на претходниот цар Михаил Ангел Комнен). Еднаш тој дошол во македонскиот град Сервија и таму ја видел убавата Теодора. Веднаш посакал да ја земе за жена и со помош на посредници, на крајот, успеал во тоа. По свадбата (која била одржана во Сервија) се преселиле во својата престолнина Арта. Иако била царица света Теодора и натаму предано Му служела на Христа, помагајќи им на сиромашните и давајќи им утеха на несреќните. Тогаш ѓаволот ги вмешал прстите во нејзиниот живот. Царот Михаил, подлегнал на својата страст кон некоја вдовица од благородничко потекло. Ѓаволот толку го заслепил што тој јавно го обелоденил својот живот во грев, живеејќи јавно со вдовицата, додека кон својата царица се однесувал како кон слугинка. Еден ден, дури и ја избркал од дворецот, иако била бремена. Така, несреќната царица се нашла на улица. Во меѓувреме и се родило детето и таа не знаела каде да оди, па талкала од место во место. Но, според Божјата промисла, еден ден света Теодора се запознала со некој свештеник кој, откако слушнал за нејзината судбина, ја зел кај себе дома заедно со детето. По неколку години царот Михаил ја сфатил својата заблуда и се покајал. Засрамен и разочаран заради својот грев ги испратил слугите низ целото царство да ја бараат света Теодора. Набргу ја нашле во домот на добриот свештеник и, по негов совет, таа и детето се вратиле кај царот. Таму света Теодора сфатила дека тој навистина се покајал и оттогаш живееле во слога, а царот секогаш ги слушал нејзините совети. Во знак на благодарност кон Бога света Теодора подигнала црква што ја посветила на свети Ѓорѓи.

По извесно време царот Михаил починал, а света Теодора се замонашила, продолжувајќи да прави добродетелства и да се подвизува во името на Христа. Во монаштво еден ден и таа Му се претставила на Бога.

*

Светата преподобна мајка царица Теодора била позната историска личност. Таа му била сопруга на императорот Михаил Втори Комнен (1237-1271 год.). Градот во кој се родила (Сервија) всушност е денешниот јужномакедонски град Серфиџе. Латините (крстоносците) го зазеле Цариград во 1204 година, по што Византија привремено се распаднала на мали државички со свои цареви. Тоа се случило за време на Четвртата крстоносна војна, која иако била насочена против муслиманите, довела и до судир помеѓу Византија и крстоносците. Латините останале да владеат со Цариград се до 1261

година кога овој град повторно станал престолнина на обединетата Византија. Од податоците за животот на царот Михаил Втори Комнен може да се заклучи дека света Теодора живеела во 13 век.

Житието на света Теодора го запишал монахот Јован Мелос. Подоцна тоа било дополнето од епископот од Арта Серафим Визант и првпат било објавено во 1772 година во Венеција. За жал, за оваа македонска светителка во македонската поширока јавност не се знае речиси ништо. Несомнено дека света царица Теодора заслужува посебно место меѓу Македонците светители и нејзиниот светол лик допрва треба да се истражува.

СВЕТА МАЧЕНИЦА МАТРОНА (3 или 4 век)

27 март	стар стил
9 април	нов стил

Света Матрона била сиромашна девојка, која била вработена како слугинка во домот на некој Евреин во Солун. Жената на тој Евреин била многу лоша и постојано ја тепала света Матрона. Воедно ја терала да се откаже од Христа и да го прими јудаизмот. Но, света Матрона не се откажала од Христа и кришум продолжила да оди в црква. Еднаш лошата Еврејка разбрала дека света Матрона била в црква и почнала да ја навредува и да и вика зошто била таму, а не во синагога. Света Матрона и одговорила дека Бог се одрекол од синагогите и дека живеел во христијанските цркви. Кога го слушнала тоа Еврејката почнала да ја тепа света Матрона и ја затворила во една темна одаја, оставајќи ја без јадење и пиење. Кога утредента ја отворила одајата, ја видела света Матрона како се моли. Пак ја натепала и пак ја затворила овојпат на четири дена. Но, света Матрона и тоа го издржала. Тогаш Еврејката повторно ја натепала света Матрона и по трет пат ја затворила, иако одвај била жива. Тогаш света Матрона ја предала својата душа на Бога. Подоцна христијаните чесно ја погребале, а во нејзина чест била изградена црква во Солун. Се смета дека света Матрона живеела во 3 или во 4 век.

*

Веќе пишувавме за приликите во Македонија во 4 век, како и за македонското самосознание кое тогаш било присутно среде Македонците. Не се знае кога точно Евреите почнале помасовно да се населуваат во Солун, но од Библијата знаеме дека ги имало таму и во првиот век по Христа. Поради фактот што света Матрона била христијанка може да се верува дека таа била домородна Македонка, која работела во домот на Евреи.

АПРИЛ

СВЕТИ НИКИТА СЕРСКИ (? - 1808 год.)

4 април	стар стил
17 април	нов стил

Свети Никита Серски се родил во Албанија. Долго време се подвизувал на Света Гора и тоа прво во рускиот манастир посветен на свети Пантелејмон, а потоа и во скитот посветен на света Ана. Овде тој толку се усовршил што срцето му станало полно со љубов кон Исус Христос. Заради скапоцената крв што Исус ја пролеал на крстот за спасение на луѓето, свети Никита решил и самиот да ја пролее својата крв за да го прими венецот на маченишство. Ја напуштил Света Гора и заминал за Серез. Прво се приготвил во тамошниот манастир, а потоа отишол кај турскиот управник на градот пред кого смело изјавил дека е христијанин и дека верата во Христос е вистинската вера. Управникот, иако се налутил, прво се обидел да го разубеди и за таа цел повикал неколку угледни муслимани. Тие се обиделе да го убедат свети Никита да се откаже од Христа, но кога виделе дека тоа им е залудно, управникот наредил мачење на светителот. Главата на свети Никита му била стегана во метален обрач, а под ноктите му биле бодени шпици. Кога ни тогаш не попуштил, бил фрлен во темница, а по извесно време бил обесен. Тоа се случило во 1808 година.

*

Иако во житието на свети Никита пишува дека се родил во Албанија, неколку податоци укажуваат на неговото македонско потекло. Сметаме дека тој го избрал рускиот манастир како место на свое подвизување токму заради сличноста помеѓу македонскиот и рускиот јазик. Во прилог на ова е и македонскиот град Серез што свети Никита го избрал како место на својата маченичка смрт.

На почетокот од 19 век состојбата во Македонија била многу тешка. Поради востанието во Србија, во Македонија била концентрирана голема османлиска војска. Сигурно дека како резултат на таквата состојба бил засилен и прогонот на христијаните во Македонија, чија жртва несомнено бил и свети Никита Серски.

СВЕТИ ТЕОН СОЛУНСКИ (? - 1545 год.)

4 април	стар стил
17 април	нов стил

За житието на свети Теон Солунски нема многу податоци. Тој прво се подвизувал во манастирите на Света Гора. Потоа станал игумен на манастирот “Света Анастасија” близу Солун, а по извесно време бил поставен за митрополит на Солун. Се упокоил во мир во 1545 година. Неговите

свети мошти и денес почиваат во манастирот “Света Анастасија”.

*

Од историски аспект гледано, свети Теон Солунски живеел во време кога Македонија веќе век и половина се наоѓала под османлиска власт. Најактуелен настан од тоа време било воведувањето на спахискиот систем во Отоманската империја. Во првата половина на 16 век (додека свети Теон главно се подвизувал во Света Гора), забележани се и низа внатрешни потреси во Охридската архиепископија. Најпрво, во почетокот на 15 век, кон Охридската архиепископија биле потчинети Софиската и Видинската епархија, но во 1530 година смедеревскиот владика Павле ја отфрлил власта на Охридската архиепископија. Во 1532 година на собор во Охрид, Павле и неговите духовници биле исклучени од црквата, но тој ја продолжил својата дејност, па дури успеал кај турската власт да го наклевети охридскиот архиепископ Прохор, кој поради тоа бил накратко затворен. Во 1542 година повторно имало собор во Охрид, на кој дошол и Павле, но и тогаш бил осуден. Потоа и костурскиот владика го кренал својот глас против Прохор, а подоцна и други епархии се отцепиле од оваа ахриепископија. Во 1548 година забележан е документ од Охридската архиепископија во кој се спомнати разните народи кои се наоѓале по нејзина јурисдикција, меѓу кои се спомнати и Македонците. Што се однесува до свети Теон, иако бил современик и сведок на овие настани, тој дејствувал во рамките на Цариградската патријаршија затоа што, во тоа време, Солун бил под нејзина јурисдикција.

СВЕТИ АГАТОПОД И СВЕТИ ТЕОДУЛ (? - 303 год.)

5 април	стар стил
18 април	нов стил

Житието на овие светители е заедничко. Во него читаме дека во времето на безбожните римски цареви Диоклецијан и Максимијан во Солун живееле двајца богоугодни службеници на тамошната црква, кои се викале Агатопод и Теодул. Агатопод бил старец, а Теодул бил убав млад човек и потекнувал од христијанско семејство. Тој имал тројца браќа по име: Капитон, Митродор и Филосторгиј. Во тоа време царот објавил наредба за прогон на христијаните доколку не сакаат да ги прифатат паганските верувања. Ваквата наредба стигнала и во Солун, каде намесник бил Фаустин. Недолго потоа на гледалиштето во Солун биле поставени справи за мачење наменети за оние, кои не сакале да се потчинат на оваа наредба. Некои христијани тогаш се откажале од Христа и заради страв од краткотрајните мачења, се определиле за вечен оган. Други христијани се притаиле, но некои смело се спротивставиле на ова безумие, јавно изјавувајќи дека остануваат верни на вистинскиот Бог. Такви биле и свети Агатопод и свети Теодул. Тие отворено велеле дека се христијани и заради тоа набргу биле одведени на суд пред намесникот Фаустин. Тој прво се обидел да ги придобие со нудење на разни привилегии и подароци, но тие не сакале ни да слушнат да се откажат од Христа. Потоа Фаустин се послужил со измама. Прво го испрашувал свети Теодул, а откако видел дека тој не попушта, го повикал насамо свети Агатопод и го излажал дека свети Теодоул наводно изјавил оти се откажува од Христа. Но, свети Агатопод не поверувал на овие лаги и почнал да го разобличува верувањето во паганските *богови*. Тогаш намесникот наредил да бидат затворени. Во затворот свети Агатопод и свети Теодул преобратиле во Христовата вера мнозина затвореници. Главниот судија на Солун го известил намесникот за ова и му

рекол дека овие двајца христијани под итно треба да бидат погубени, зашто и во затворот ја шират својата вера. Намесникот многу се налутил и наредил повторно да ги доведат пред него. Повторно се обидел да ги натера да се откажат од Христа, заканувајќи им се дека ќе ги убие. Но, тие рекле дека се радуваат на маченичката смрт затоа што таа ќе ги овенча со вечна слава. Светите маченици повторно биле затворени, а потоа уште еднаш биле изведени на суд, по што биле осудени на смрт. Нивното сурово убиство безбожниците го извршиле со тоа што прво им ги врзале рацете, а потоа околу вратовите им врзале тешки камења, па така ги фрлиле во морето. Пред да бидат погубени свети Агатопод и свети Теодул се помолиле на Христа. Подоцна морето ги исфрлило нивните чесни тела и тие биле достојно погребани од христијаните.

*

Маченичката смрт на свети Агатопод и свети Теодул се случила во 303 година. Тоа е време на царувањето на римските цареви Диоклецијан и Максимијан. Диоклецијан владеел од 284 до 305 година. Максимијан прво бил негов војсководител, а потоа (во 285 година) бил поставен за цар на западниот дел од царството од страна на Диоклецијан. Ова Диоклецијан го направил заради големината на Римското царство, чие владеење тој не можел сам да го контролира. Во негово време престолнината била префрлена во градот Никомидија (на Мраморното Море), по што градот Рим почнал да го губи своето значење.

Во почетокот на 4 век во целото Римско царство (вклучувајќи ја и Македонија) биле погубени голем број христијани. Во тоа време Македонија над четири и пол векови се наоѓала под римска окупација. Иако Македонците веќе учествувале во римските институции, чувството за македонската етничка припадност и тогаш било присутно, за што веќе пишувавме.

СВЕТИ ЃАКОН НИКОЛА (? - 1463 год.)

9 април	стар стил
22 април	нов стил

Житието на овој македонски светител е заедничко со житието на неговиот сострадалник свети Рафаил. Во ова житие читаме дека свети Рафаил бил архимандрит од Итака, а свети Никола бил ѓакон родум од Солун. Обајцата пострадале за Христовата вера на островот Лезб во 1463 година. Подоцна на местото на нивното погубување била изградена црква.

*

Овие светители биле убиени од Османлиите затоа што тогаш тие владееле со островот Лезб. Тоа е време кога Османлиите се уште воено ја зацврстувале својата власт на Балканот и во делови од Мала Азија. Османлиите го освоиле Цариград во 1453 година (значи само десет години пред убиството на свети Рафаил и свети Никола), а во следните години продолжиле воено да освојуваат делови од Балканот и Мала Азија. Сето ова било проследено со голем број жртви среде христијаните.



СВЕТИ АКАКИЈ СЕРСКИ (? - 1815 год.)

1 мај	стар стил
14 мај	нов стил



о неговото житие читаме дека бил роден во селото *Ниохори* (Ново Село) во близината на Солун. Неговите родители биле побожни луѓе и кога им се родило дете го крстиле Атанасиј. Кога Атанасиј наполнил девет години неговото семејство се преселило во Серез. Таму родителите го испратиле кај некој чевлар за да учи занает. Но, чевларот бил лош човек и многу го тепал малиот Атанасиј. Еден ден, толку го натепал што Атанасиј плачејќи побегнал од дуќанот и излегол на улица. Таму го сретнале две Турчинки. Тие го утешиле и го одвеле во својот дом каде добро го нахраниле. Бидејќи се уште бил дете го убедиле да помине во исламот. Едната од нив била жена на некој големец, кој го задржал Атанасиј кај себе како свој син. Кога Атанасиј пораснал, жената на турскиот големец посакала да го наговори на блуд, но тој ја одбил, по што таа го наклеветила кај мажот дека божем тој сакал да ја заведе. Турчинот го избркал Атанасиј од својот дом. Така, тој повторно се нашол на слобода и тргнал да ги бара своите родители, кои уште кога разбрале дека поминал во исламот го напуштиле Серез и се вратиле во Солун. Откако ги нашол во Солун им раскажал за се што му се случило и тие со радост го примиле назад. Атанасиј им рекол дека сака да се врати кон Христа и мајка му го благословила да појде на Света Гора и да се исповеда. Прво дошол во Хиландар, а по извесно време отишол во скитот на манастирот Ксенофонт кај отец Николај, по што пак се вратил во Хиландар. Таму престојувал уште извесно време, учејќи од стариот духовник Никифор. Но, една ноќ ѓаволот повторно се вмешал во неговиот живот. Без да се јави на старешините, младиот Атанасиј побегнал од скитот. Извесно време талкал, а потоа наишол на манастирот "Симонпетра" каде го замолил игуменот да му дозволи да остане. Игуменот му дозволил да остане извесно време, но потоа му рекол да си оди. Атанасиј се вратил во Хиландар, но и таму не му дозволиле да остане. Еден од тамошните старци му рекол: "*Со ваквото твое однесување ти не си ни Турчин, ни христијанин*." Ова многу го погодило Атанасиј и решил веднаш да се врати кај старецот Никифор од каде претходно побегнал. Кога дошол таму паднал пред нозете на Никифор, молејќи го да го прими назад. Старецот се сожалил и го примил, но му наредил да се покае за своите гревови преку долговремен и строг пост и преку голем број метании. Атанасиј го извршил сето тоа и набргу, добивајќи ја Божјата благодат, бил замонашен и го добил монашкото име Акакиј.

Недолго потоа Атанасиј (наречен Акакиј) објавил дека дошло време да пострада за Христа за да ги откупи своите гревови. Добил благослов од игуменот и на 10 април 1815 година тргнал за Цариград, подготвен да пострада за Христа. Со него бил и старецот Григориј. На 29 април стигнале во црквата "Света Богородица" во Галата. Потоа Акакиј се преоблекол како Турчин и тргнал да го изврши својот подвиг. Се упатил

кај везирот и влегол во неговиот двор. Стражарот го прашал кого бара, а тој смело му одговорил:

"Јас сум православен христијанин родум од Солун. Кога бев дете на девет години вие ме измамивте и јас безумно се одреков од Христос, Богот мој и му се потчинив на ѓаволот, служејќи му нему. По девет години станав свесен за својата измама и ја согледав лажноста на вашата вера и се вратив со своето срце повторно во својата таткова вера во мојот Господ Исус Христос, вистинскиот Бог."

Откако го кажал ова свети Акакиј го симнал фесот од својата глава, го фрлил на земја и го исплукал. Кога го видел тоа стражарот почнал безмилосно да го тепа, а потоа го затворил во темница. Следниот ден свети Акакиј бил изведен пред везирот и бил убедуван да го прими исламот, но тој смело продолжил да ја брани Христовата вера. Поради тоа везирот го осудил на смрт и наредил следниот ден да му ја отсечат главата. Утредента бил изведен на местото Дактилопорта, каде по патот бил тепан и навредуван од толпата. Потоа главата му била отсечена, а неговата душа била прифатена од војската на ангелите, кои ја однеле на небесата. Тоа се случило на 1 мај 1815 година.

По три дена старецот Григориј успеал да го откупи неговото тело и да го пренесе на Света Гора. Таму моштите на свети Акакиј биле погребани под иконата на света Богородица во скитот на Свети Јован Претеча, крај манастирот Ивирон, во ќелијата на свети Никола, во која тој се подвизувал.

*

Најверојатно во турските архиви се чува документ за судењето и погубувањето на свети Акакиј во 1815 година. Според некои извори тој бил убиен во 1816 година. Од годината на неговата смрт може да се заклучи дека бил роден во втората половина на 18 век. Во тоа време во Серез владеел феудалецот Исмаил бег Серски, а овој град бил познат и по прочуениот Серски панаѓур. Тоа е време кога во Македонија, поради политичката и економската нестабилност, била присутна масовна миграција од селата во градовите што довело до забрзано зголемување на градското население. Гледаме дека истото се случило и со семејството на свети Акакиј, кое од своето родно село се преселило во градот. Токму во годината кога тој бил убиен, било кренато Второто српско востание што сигурно дека предизвикало нервоза кај турската власт. Оттаму, гестот што го направил свети Акакиј во едно такво несигурно и напнато време и тоа среде османлиската престолнина, сигурно дека останал запамтен како вистински подвиг среде тогашните христијани не само во Македонија, туку и пошироко.

СВЕТА ИРИНА (околу 40 - 80 год.)

5 мај	стар стил
18 мај	нов стил



о нејзиното житие читаме дека таа била родена во времето кога од проповедите на светите апостоли светнал сиот сјај на верата христијанска среде луѓето заробени во темнината на идолопоклонството. Во тоа време, во градот Магедон, во семејството на Ликиниј се родила ќерка која го добила името Пенелопа. Кога наполнила шест години нејзиниот татко (кој во житието е опишан како *цар*) изградил кула надвор од градот и таму ја преместил својата ќерка заедно со уште тринаест нејзини врснички. Во кулата тој им го подарил сиот раскош, а поставил и статуи од неговите *богови* кои требало да ги "чуваат" девојчињата додека стигнат за мажење. За нивно воспитување била одредена старицата Карија, а за нивно

описменување бил ангажиран некој човек Апелијан, кој кришум бил христијанин. Кога Пенелопа наполнила дванаесет години, Ликиниј почнал да размислува за кого да ја омажи.

Еден ден, додека таа седела во кулата заедно со старицата Карија, низ прозорецот влетал голуб со маслиново гранче во клунот, кое го пуштил на масата и одлетал. Веднаш потоа низ другиот прозорец влегол орел со венец во клунот. И тој го спуштил венецот на масата и одлетал. На крајот низ третиот отворен прозорец влетал гавран со змија во клунот, која исто така ја спуштил на масата и одлетал. Пенелопа и Карија се зачудиле на оваа глетка и веднаш го повикале Апелијан да им го протолкува тоа што го виделе. Тој им рекол дела гулабот ја означувал добрината и смиреноста на Пенелопа, а маслиновото гранче - благодатта Божја, која ќе и биде дадена преку нејзиното крштение. Орелот означувал дека таа победоносно ќе царува над своите страсти, а венецот била наградата што ќе ја добие за тоа од Исус Христос. Гавранот го претставувал ѓаволот кој ќе сакал да и напакости како змијата. На крајот и рекол дека таа ќе биде Христова невеста и дека заради тоа ќе претрпи многу маки.

Пенелопа сето ова добро го запомнила. Вечерта дошол татко и и ја прашал за кого сака да се омажи од синовите на соседните кнезови. Таа му рекла да и остави седум дена за да размисли. Кога заминал татко и, таа им се обратила на статуите на неговите *богови*, кажувајќи им дека не сака да се мажи и прашувајќи ги дали ќе и помогнат да ја зачува својата невиност. Но, статуите молчеле затоа што тоа биле обични бездушни предмети. Тогаш таа погледнала кон исток и се помолила на Бога со зборовите:

"*Ако си вистински Бог Ти кого Галилејците го проповедаат, Те молам кажи ми дали да се омажам или засекогаш да останам девојка?*"

Потоа отишла на спиење, а ноќта во сонот и се јавил Божјиот ангел кој и соопштил дека отсега па натаму нема да се вика Пенелопа, туку Ирина и дека ќе им пружи утеха на многу несреќни луѓе кои ќе доаѓаат кај неа. Ангелот и рекол дека зборовите на Апелијан се вистинити затоа што низ неговата уста зборувал Духот Божји. & кажал дека набргу ќе биде посетена од Божјиот човек Тимотеј кој бил научен на Христовата вера лично од страна на Христовиот апостол Павле.

Недолго потоа и навистина во тој крај стигнал свети Тимотеј, кој бил еден од придружниците на светиот апостол Павле. Тој ја подучил Пенелопа во љубовта кон Бога и во тајните на христијанството, а истовремено ја крстил ставајќи и го името Ирина. Била крстена и старицата Карија, заедно со останатите слугинки. Свети Тимотеј им ги дал Посланијата од свети Павле и си заминал.

Тогаш света Ирина почнала да ги проучува Посланијата, а идолите на татко и ги фрлила низ прозорецот еден по еден, велејќи им: "*Ако сте богови, спасете се сами*!" Но, тие се скршиле на најситни парчиња.

По неколку дена дошол татко и за да го слушне нејзиниот одговор околу мажењето. Но, света Ирина му кажала дека таа веќе не се вика Пенелопа и дека сега е целосно Му е посветена на Христа. Ликиниј и неговата жена отпрвин се вознемириле, но потоа ја прифатиле нејзината одлука. Ја повеле кон градот каде во пресрет им излегле голем број девици со венци на главите. Но, тогаш се вмешал ѓаволот. Ликиниј се повеќе почнал да негодува заради ваквата одлука на својата ќерка. На својата сопруга и рекол дека попусто ја градел кулата и дека практично ја загубил својата ќерка. Царицата му одговорила дека таа е среќна што нивната ќерка станала христијанка. Тогаш Ликиниј се налутил и ја избркал царицата од својот дом. Кога разбрала за тоа света Ирина отишла кај него и во очи му ја кажала вистината дека тој е жртва на ѓаволот. Тогаш Ликиниј почнал да ја убедува да се откаже од Христовата вера и да им принесе жртва на неговите *богови*. Свети Ирина го одбила и тој наредил да ја фрлат под копитата на коњите во неговата коњушница. Но, таму се случило чудо и коњите не сакале да ја изгазат, туку

еден од нив го нападнал Ликиниј. Тогаш тој се покајал и самиот станал христијанин, заедно со уште три илјади луѓе. Го напуштил престолот и се преселил во кулата заедно со својата сопруга и семејство за да може подобро да Му служи на Христа. Во меѓувреме света Ирина продолжила да ја проповеда Христовата вера. На место на Ликиниј дошол царот Седекиј. Тој ја повикал света Ирина кај себе и почнал да ја провоцира и да ја тера да принесе жртва на паганските *богови*. Во спротивно и се заканил дека ќе ја мачи, иако била царска ќерка. Света Ирина му рекла дека слободно може да почне со мачењето затоа што таа засекогаш ќе остане верна на Христовото име. Тогаш света Ирина била фрлена во дупка со змии, но оттаму излегла неповредена. Царот Седекиј се обидел да ја убие и со други средства, но секогаш се случувале чуда и таа останувала неповредена. Тогаш народот се побунил против овој цар и го избркал од градот. Засрамен, тој умрел по седум дена. Неговиот син Савах, сакајќи да се одмазди за срамот на својот татко, собрал војска и кренал против градот Магедон. Жителите на градот се уплашиле, но света Ирина им рекла да не се плашат, туку да се молат на Бога. Господ Исус Христос ги послушал нивните молитви и кај војската на Савах настапило слепило, така што градот Магедон бил спасен. Савах испратил гласник кај света Ирина со молба да се помоли на Бога за да им се врати видот. Таа ја послушала молбата и набргу Савах и неговата војска пак прогледале. Тогаш тој се покајал по што бил примен од граѓаните за цар. Но, по извесно време пак ѓаволот се вмешал, па и царот Савах почнал да ја провоцира света Ирина и да ја тера да принесе жртва на неговите паганси *богови*. Откако таа му рекла дека не се откажува од Христа, тој наредил нејзино мачење. Но, и овојпат Господ Исус Христос и помогнал. На чудесен начин таа останувала неповредена од мачењето, поради што војската на Савах масовно почнала да преоѓа во христијанството, а тој ненадејно умрел.

Така света Ирина останала да ја проповеда верата христијанска во Магедон, а по три години отишла во градот Калипол. Таму владеел Нумеријан, кој бил брат на Седекиј. И овој цар ја повикал кај себе убедувајќи ја да им принесе жртви на идолите, а потоа и тој наредил да биде мачена. Но, на крајот и самиот тешко се разболел и умрел во маки. Потоа света Ирина отишла во градот Константина, но и таму била судена заради ширењето на вистинската вера во Бога. И таму се случило истото. Откако виделе дека не можат да и наштетат со никакви мачења, мнозина поверувале во Христа. Во Константина света Ирина останала да живее петнаесет години, а оттаму заминала во тракискиот град Месемврија во кој владеел Саворий. Тој наредил да му ја доведат и ја обвинил дека шири магии. Наеднаш го извадил мечот и ја заклал света Ирина. Потоа почнал да го навредува Христовото име со зборовите дека ако Исус бил Бог, немало да дозволи света Ирина да биде убиена. Но, за Господ Исус Христос ништо не е невозможно. Само што била однесена на гробиштата света Ирина воскреснала и се вратила во градот следена од голема толпа луѓе, кои не можеле да поверуваат дека таа е повторно жива. Кога ја видел царот страшно се уплашил и се помолил за прошка, по што и самиот бил преведен во христијанството. Таму дошол и свети Тимотеј, кој крстил мнозина жители од тој град. Подоцна света Ирина се вратила во Магедон. Таму разбрала дека нејзиниот татко починал. Оттаму отишла во Ефес, каде и се придружил старецот Апелијан. По извесно време, заедно со Апелијан и уште шесмина следбеници на Христа излегла надвор од градот. Дошле до еден празен гроб во кој света Ирина легнала и им рекла да ја покријат со камена плоча и да ја остават внатре четири дена. Тие така и направиле, а кога по четири дена се вратиле, гробот бил празен. Така тие сфатиле дека света Ирина заминала кај Христа. На крајот од житието читаме дека тоа било напишано токму од старецот Апелијан.

*

И ова житие ни нуди интересни историски податоци. Како прво ќе кажеме нешто за местото на потеклото на света Ирина. Во нејзиното житие, како нејзин роден град, е спомнат градот Магедон, но таков град не постои токму со тоа име. Црковните историчари сметаат дека се работи за областа Мигдонија. Д-р Јустин Поповиќ во својата книга "Житија на светителите за месец мај" (Белград, 1974, стр. 141) погрешно ја лоцира оваа македонска област во Тракија. Доволно е да се погледне која било географска карта на Македонија или на Балканот на која се одбележани областите од антиката за да се види дека Мигдонија е чиста македонска област, која делумно го опфаќа и полуостровот Халкидик.

Сигурно дека нејзиниот татко Ликиниј не бил *цар* на Мигдонија затоа што во тоа време цела Македонија, па и голем дел од Балканот, биле под римска окупација. Најверојатно дека тој бил управител на таа област. Но, тоа не мора да значи дека бил Римјанин затоа што познато е дека имало и домородни жители, кои биле поставувани на високи места во римската администрација. Ист е случајот и со останатите *цареви* кои се спомнуваат во ова житие (Седекиј, Савах, Нумеријан и Савориј). И тие најверојатно биле управници на градовите во кои живееле. Градот Месемврија навистина постоел и се наоѓал на брегот на Црното Море, додека за градовите Калипол и Константина црковниот историчар д-р Јустин Поповиќ пишува дека се наоѓале во Тракија. Името на учителот Апелијан е име кое во извесна форма (Апел) се среќава и во постариот античко-македонски ономастикон поради што може да се претпостави дека бил Македонец.

Интересно е и спомнувањето на девојките со венци на главата на кои наишла света Ирина кога излегувала од кулата заедно со родителите. Познато е дека девојките во античка Македонија навистина се украсувале со цвеќиња на главите по повод разни свеченост, а посебно по повод доаѓањето на пролетта. Сосема одговара на историската вистина и инсистирањето на таткото на света Ирина да ја омажи на дванаесетгодишна возраст затоа што и навистина во тоа време девојчињата ги мажеле толку млади.

Да кажеме нешто и за времето во кое живеела света Ирина. Времето на нејзинот живот може да се утврди со прилична точност токму поради спомнувањето на свети Тимотеј. Во житието пишува дека тој го примил христијанството лично од светиот апостол Павле. Тоа значи дека се работи за познатата историска личност свети Тимотеј, кој е спомнат и во Библијата како соработник и сопатник на светиот апостол Павле. За свети Тимотеј се знае дека потекнувал од Азија и дека бил од мешано грчко-еврејско семејство. Но, да видиме кога точно свети Тимотеј дошол во Мигдонија за да ја покрсти девојката Пенелопа. Познато е дека свети Тимотеј за време на мисионерските патувања на свети Павле најмалку двапати престојувал во Македонија. Првиот пат тоа било за време на Второто мисионерско патување на свети Павле, кое се случило околу 50 година. Дали можеби за време на ова патување свети Тимотеј ја покрстил Пенелопа? Одговорот не може да биде позитивен, а најголем доказ за ова е учителот Апелијан за кого читаме дека веќе бил христијанин пред свети Тимотеј да ја покрсти Пенелопа. Значи, токму за учителот Апелијан може да се каже дека бил покрстен за време на првото доаѓање на свети Тимотеј и на свети Павле во Македонија, па кога свети Тимотеј повторно дошол, Апелијан веќе бил оформен христијанин. Поради тоа речиси нема сомениие дека свети Тимотеј дошол кај Пенелопа и ја покрстил за време на своето второ доаѓање во Македонија, кое се случило непосредно пред Третото мисионерско патување на светиот апостол Павле, а тоа било околу 53 година. Најголем доказ за ова се и Посланијата на свети Павле што свети Тимотеј им ги оставил да ги читаат на света Ирина и на останатите христијани. Познато е дека некои од овие Посланија не биле напишани пред првото доаѓање на свети Тимотеј и на свети Павле во Македонија. Познато е и дека за време на Третото мисионерско патување на свети Павле, свети

Тимотеј бил испратен пред него во Македонија. Во Библијата читаме дека откако свети Павле стигнал во Ефес, решил повторно да ги испрати во Македонија своите помошници Тимотеј и Ераст. Во "Дела апостолски (19: 21-22) за ова читаме:

"*Кога помина тоа, Павле науми преку Македонија и Ахаја, да отиде во Ерусалим... И тогаш ги испрати во Македонија двајцата свои помошници Тимотеј и Ераст, додека тој се задржа во Азија уште некое време.* "

Не може со сигурност да се потврди колку време свети Тимотеј престојувал во Македонија пред да му се придружи свети Павле. Но, ако се знае дека свети Павле дошол во Македонија во 53 година, тогаш можно е свети Тимотеј да стигнал (по втор пат) во нашата земја во 52 година. Врз основа на ова може да се открие и приближната година на раѓање на света Ирина. Имено, ако се знае дека таа имала дванаесет години кога била покрстена, како и дека тоа се случило околу 52 година (кога свети Тимотеј по вторпат дошол во Македонија испратен од свети Павле), тогаш може да се заклучи дека света Ирина била родена околу 40 година. Тоа е времето од само нешто повеќе од една деценија по распнувањето на крст и Воскресението на Исус. Практично света Ирина била една од првите христијанки во Европа, бидејќи во историјата е познато дека токму Македонците биле првите европјани што се христијанизирале на тлото на Европа. Во житието читаме дека таа три години по своето покрстување заминала за Калипол. Практично таа тогаш имала најмалку петнаесет години. Потоа читаме дека уште петнаесет години дејствувала во градот Константина. Ако кон овие години се додаде уште некоја година од нејзиниот живот, може да се заклучи дека таа умрела релативно млада (можеби немала ни 40 години). Доказ за ова е и тоа што пред крајот на нејзиниот живот повторно се сретнала со својот учител Апелијан, кој тогаш се уште бил жив, што значи дека таа не можела да биде старица кога починала. Поради сето ова света Ирина не можела да живее и во вториот век како што пишуваат некои црковни историчари. Таа најверојатно била родена и починала само во првиот век по Христа.

Во нејзино време Македонија се наоѓала под римска окупација веќе околу два века. Од тоа време постојат неколку сведоштва според кои Македонците се уште живееле како компактно доминантно население во Македонија. Впрочем, токму во времето кога таа живеела во својата кула, подучувана од Апелијан и чувана од старицата Карија, на свети Павле во сонот му излегол Македонецот и го повикал со зборовите: "*Премини во Македонија и помогни ни!*" ("Дела апостолски" 16,9).

Некои историчари сметаат дека во овие зборови била искажана и тешката состојба на Македонците под римско ропство. Доказ за ова е и веќе споменатото сведоштво од кралот Агрипа, дадено отприлика во тоа време, во кое тој им вели на Евреите дека и на Македонците им е тешко под римското ропство, па сепак не се осмелуваат да кренат востание против оваа моќна држава (Josephus Flavius: War of the Jews II, 16, 4).

СВЕТИ КОНСТАНТИН - КИРИЛ (827- 869 год.) И СВЕТИ МЕТОДИЈ (825 - 885 год.)

11 мај	стар стил
24 мај	нов стил

3 а овие, без сомнение, најпознати македонски светители досега се напишани огромен број трудови од разни области кај нас и во светот. Заради тоа овде ќе наведеме само краток преглед на најзначајните настани од нивното житие и неколку коментари во врска со тоа.

Светите браќа биле родени во Солун во семејството на богатиот подстратег (висок византиски службеник) Лав. Неговата сопруга се викала Марија и исто така потекнувала од старо солунско семејство.

Методиј отпрвин бил на служба во војската, а откако византискиот цар видел дека е добар војник го поставил за војвода во една покраина во Македонија на границата со Бугарија. Таму Методиј поминал десет години, а потоа заминал на планината Олимп каде се замонашил. Неговиот брат Константин бил две години помлад и уште како дете се истакнувал со љубов кон книгата. Речиси не излегувал од дома и постојано читал книги со научни теми, посебно восхитувајќи се од духовната литература. Омилено дело му било учењето на свети Григориј Богослов. Таткото Лав починал кога Константин имал четиринаесет години.

Во тоа време на престолот во Византија дошол малолетниот цар Михаил, заедно со својата мајка Теодора. На Михаил му биле доделени тројца воспитувачи. Едниот од нив (по име Дром) бил пријател со родителите на светите браќа и знаејќи го Константин како паметно дете, го повикал во Цариград да се школува заедно со младиот цар. Во Цариград Константин живеел во домот на воспитувачот, но често престојувал и во царскиот дворец. За кратко време ги изучил граматиката, филозофијата, геометријата, дијалектиката, како и делата на Хомер. Исто така ги учел и реториката, аритметиката, астрономијата и музиката. Добро го знаел грчкиот, латинскиот и сирискиот јазик. Поради големиот интерес и познавање на филозофијата, бил наречен *Константин Филозоф*.

Воспитувачот Дром на секој начин се трудел да го задржи Константин во Цариград. Му ја понудил раката на една убава девојка, која била негова духовна ќерка, а му понудил и титули, но Константин сето тоа го одбил со зборовите дека нему најголемо богатство му е стекнувањето знаења. По ваквиот одговор Дром отишол кај царицата Теодора и и предложил да го ракоположат Константин во свештенички чин и да го вработат во Цариградската библиотека само за да го задржат во Цариград. Така и се случило. Но, и на должноста библиотекар Константин не останал долго. Еден ден побегнал во некој манастир и таму се подвизувал. Дром одвај успеал да го најде по шест месеци барање. Константин му рекол дека не може повторно да ја прими должноста библиотекар, но дека може да биде учител по филозофија во Цариградското училиште.

Во тоа време се случила и војна на Сарацените против Византија. Сарацените испратиле писмо до византискиот цар во кое се потсмевале на христијанското учење и барале да им се испрати некој мудрец кој ќе им го објасни сето тоа. Царот и патријархот го повикале Константин и му предложиле да оди во мисија кај Сарацените. Тој со задоволство го прифатил овој предлог, изјавувајќи дека е подготвен да умре за Христовата вера. Тогаш му одредиле двајца писари да го придружуваат и тој заминал кај Сарацените. Кога стигнал во нивното престојувалиште видел како Сарацените ги навредуваат и им се потсмеваат на христијаните кои останале под нивна власт. На секоја христијанска куќа на надворешната врата бил нацртан ѓавол. Некои од Сарацените, сакајќи да го испровоцираат, го прашале Константин што значат овие слики за него. Константин мудро им одговорил дека тие слики значеле оти во тие куќи живеат вистински верници христијани од кои ѓаволот се плаши, па затоа избегал зад надворешната врата, додека за оние куќи каде немало на надворешните врати нацртано ѓавол, рекол дека ѓаволот живеел внатре во пријателство со луѓето од тие куќи. По овие зборови Сарацените замолкнале. Потоа Константин бил повикан кај кнезот. За време на ручекот таму седеле неколку сараценски мудреци и почнале да разговараат со Константина. Но, тој успеал да ги надзборува за сите теми во врска со вистинската вера и да им даде убедливи одговори на кои тие ништо не можеле да забележат. Кога се вратил во Цариград, царот и патријархот со големо задоволство го

слушнале извештајот за неговата посета кај Сарацените. Потоа Константин заминал кај својот брат Методиј на Олимп, каде заедно се подвизувале. Во тоа време кај царот Михаил дошле пратеници од народот Козари (кои Грците ги нарекувале Хазари). Тие побарале од царот да им испрати некој учен човек што ќе го штити христијанството среде нивниот народ затоа што мнозина од нив веќе почнале да преминуваат во јудаизмот и во исламот заради дејствувањето на еврејските и на муслиманските емисари. Царот Михаил му предложил на Константин да појде и во оваа мисија. Константин, сакајќи со сето срце да пострада за Христа, со радост ја примил оваа вест и набргу заминал кај Козарите. Со себе го повикал и својот брат Методиј, кој исто така со радост му се придружил. Кога стигнале кај Козарите виделе дека тие зборуваат *словенски*, но дека почнале да го прифаќаат и еврејскиот јазик заради јудаизмот што се повеќе се ширел среде нив. И таму Константин секогаш успевал да ги надзборува еврејските емисари. Потоа успеал и да ослободи од заробеништво двесте византиски војници, кои ги вратил во Цариград. По патот се задржале во земјата на фулскиот народ, чии припадници биле пагани, но Константин успеал да покрсти мнозина од нив. Во Цариград биле пречекани со големи почести од царот и од патријархот. Потоа Методиј заминал во бугарската држава каде покрстил многу народ, откако бугарскиот кнез Борис решил да го прими христијанството. Тогаш до византискиот цар стигнало писмо од моравскиот кнез Ростислав во кое го молел да му испрати христијански учители на јазикот што го разбираат тамошните *Словени*. Царот Михаил ги повикал Константин и Методиј и им кажал за молбата на Ростислав. Константин одговорил дека нивната мисија ќе успее, но само доколку на тамошниот народ му однесат книги на јазикот што го разбираат. Потоа се консултирал со свети Методиј и одржал четириестдневен пост. Така Бог ги послушал неговите молитви и со помош на Светиот Дух, Константин создал азбука со триесет и осум букви. Следувала интензивна преведувачка дејност од грчки на *словенски* (македонски, з.н.) во која им помагале и нивните ученици. Откако превеле неколку значајни црковни книги, заминале за Моравија. Кога стигнале во оваа земја биле дочекани со сите почести. Ростислав им ги пружил сите услови за работа, а им доделил и млади ученици за да ги учат на *словенскиот* писмен јазик. Под раководство на светите браќа Ростислав почнал да гради и цркви. Но, тамошните германски свештеници, кога виделе дека народот со радост ги прифаќа книгите на *словенски*, почнале да се бунат против мисијата на Константин и Методиј. Тие зборувале дека постојат само три јазика на кои Библијата може да се пишува: еврејски, грчки и латински. На тоа светите браќа одговориле дека Бог на сите им испраќа дожд подеднакво и сите сонцето ги грее подеднакво. Светите браќа останале во Моравија четириесет месеци, при што посетиле многу места, проповедајќи го Божјото Слово на *словенски* јазик. Истовремено таму стекнале и многу свои ученици.

За нивната мисија разбрал и папата Никола во Рим и ги поканил да дојдат кај него. На патот кон Рим тие се задржале и во Панонија кај кнезот Коцел, кој ги замолил и него да го научат на писмениот *словенски* јазик. Освен тоа им доделил педесет ученици да ги научат да пишуваат на овој јазик. За возврат им ветил скапи дарови, но тие само побарале да ги ослободи византиските заробеници. Во меѓувреме починал папата Никола, а новиот папа Адријан исто така изразил желба да се сретне со нив. Кога стигнале во Рим папата ги пречекал со сите почести и ги осветил преведените книги. Потоа папата дозволил во тамошните цркви да се изврши богослужба на *словенски* (македонски) јазик. Набргу Константин во Рим се разболел заради тешките подвизи и долгите патувања и имал видение дека набргу ќе замине кај Христа. Тогаш се замонашил и го добил името Кирил. Неговата болест се оддолжила уште педесет дена. Пред да се претстави на Бога му рекол на Методиј да го продолжи нивното дело и да не се враќа на Олимп. Недолго потоа Константин (свети Кирил) заминал на небесата. Папата посакал

да организира величествен погреб, но свети Методиј му рекол дека нивната мајка им оставила завет да бидат погребани на Олимп. Папата се согласил, но потоа римските епископи го убедиле сепак погребот да биде во Рим. Така свети Кирил бил погребан во овој град.

По неговата смрт кај папата дошла молба од кнезот Коцел да дозволи Методиј да замине кај него. Папата се согласил и со радост го испратил Методиј во Панонија, каде бил примен со голема почест. Потоа Коцел го замолил папата да дозволи поставување на Методиј за епископ во Панонија.

Но германските епископи направиле заговор против свети Методиј и му забраниле да проповеда во областа во која и тие проповедале. Во меѓувреме Ростислав бил заменет со кнезот Светополк кој отпрвин бил наклонет кон Германците. Така Методиј бил затворен во Швабија, каде одлежал две и пол години. Кога разбрал за ова новиот папа Јован (кој го заменил Адријан) фрлил анатема врз германските епископи и наредил Методиј веднаш да биде ослободен. Така тој се нашол на слобода, но германските епископи му се заканиле на Коцел дека нема да служат кај него ако не го отстрани од својата земја. Во тоа време народот во Моравија се побунил против германските епископи и тие биле избркани од државата. Тогаш на Методиј му биле доверени сите цркви и духовништвото во словенските градови во Моравија. За свештеници биле поставени домородни Словени и христијанството почнало бргу да се шири затоа што народот го разбирал јазикот на богослужбата. Но, германските свештеници не мирувале. Почнале повторно да доаѓаат во Моравија и да го клеветат Методиј на кнезот Светополк. Тогаш до Методиј стигнало писмо од византискиот цар, кој сакал да се види со него. Методиј заминал за Цариград каде со голема радост бил примен од царот и од патријархот. Потоа свети Методиј ја продолжил преведувачката дејност со своите ученици. И унгарскиот крал посакал да се сретне со него и го поканил во својата земја. Свети Методиј заминал и таму, каде исто така бил примен и испратен со големи почести. Но, дошло време и Методиј да се претстави на Христа. Тоа се случило во 885 година. Многу народ излегол на неговиот погреб. Сите со солзи го испратиле христијанскиот учеител.

*

Како дополнително објаснување на житието на светите браќа Кирил и Методиј ќе спомнеме дека мисијата на Константин кај Сарацените се случила во 855 и 856 година, а мисијата кај Козарите (Хазарите) во 860 - 861 година. Козарите живееле на брегот на Црното Море. Тие биле познати и под името Скити (народ познат уште во антиката). Интересна е забелешката дека тие зборувале *словенски*. Латинскиот историчар Квинтиј Куртиј Руф (1 век по Христа) во биографијата за Александар Македонски пишува дека Скитите го добиле своето име затоа што постојано *скитале*. Очигледно е дека нивното име исто така има *словенски* (венетски) корен.

Мисијата на светите браќа во Моравија се случила во 863 година. Византискиот цар Михаил Трети (кој ги испратил светите браќа во оваа мисија) владеел од 855 до 867 година.

Папата Адријан бил на престолот на Црквата во Рим од 867 до 872 година, а папата Јован (Осми) бил епископ римски од 872 до 882 година.

За време на своето враќање во Цариград, свети Методиј практично се сретнал со царот Василиј Први Македонски (за чие македонско потекло веќе пишувавме).

А сега да кажеме нешто за етничкото потекло на светите браќа Кирил и Методиј со кое доста се шпекулира во некои соседни историографии. Застапниците на бугарската историографија светите браќа ги третираат како *Бугари*, без да наведат ниту еден доказ за ваквото свое тврдење. Во врска со ова, само ќе посочиме на неколку моменти. Како можеле светите браќа да бидат *Бугари* кога се знае дека нивниот роден

град Солун никогаш не влегувал во бугарската држава, што значи дека во овој град никогаш не дошло до населување на Бугари? Понатаму, се знае дека свети Методиј цели десет години работел како управник на византиска административна област токму на границата со Бугарија, при што една од неговите главни задачи била да ја штити византиската граница токму од Бугарите. Потсетуваме и дека светите браќа во 50-те години на 9 век, биле испратени во мисија близу реката Брегалница со цел да ги придобијат тамошното население на византиска страна за борба против Бугарите. Освен тоа, во нивно време, етнички Бугари биле само турко-монголските Бугари кои припаѓале на жолтата раса. Токму овие Бугари го воделе главниот збор во Бугарија во тоа време. Оттаму, ако светите браќа биле *Бугари*, тие требало да припаѓаат на жолтата раса и да зборуваат на јазик близок до турскиот (каков што бил официјалниот јазик во тогашна Бугарија). Секако дека вакво нешто е бесмислено и да се претпостави.

Некои историчари светите браќа ги детерминираат како *Византијци*. Во врска со ова ќе кажеме дека е точно оти тие живееле во Византија и биле лојални граѓани на оваа држава. Но, од друга страна тоа не значи дека тие биле *етнички Византијци*, од проста причина што таков народ никогаш не постоел! Византија била етнички хетерогена држава. Нејзините граѓани главно се декларирале како *Ромеи* (државјани на Римската империја, затоа што таков бил официјалниот назив на оваа држава - името Византија е подоцна создадено), но тие биле од различно етничко потекло. Поради тоа, светите браќа и навистина биле *Византијци*, но само во географска смисла на зборот, т.е. во смисла на жители на Византија.

Под влијание на грчката пропаганда, во некои научни средини, светите браќа се третирани и како *Грци*.

За да одговориме на прашањето дали тие и навистина биле *Грци*, ќе се потсетиме на нивниот татко Лав. За него се знае дека се родил во градот Солун и дека потекнувал од старо солунско благородничко семејство.

Познато е дека Солун уште од своето основање бил населен со етничките антички Македонци (кои, впрочем, се и основачи на овој град). Не постои ниту еден документ или какво било сведоштво за масовно иселување на античките Македонци од Солун! Се разбира дека, некои од нив, подоцна, поради разни околности, го прифатиле грчкиот јазик и биле нарекувани во разните хроники како *Грци, Ромеи* и сл., но факт е дека тие и тогаш си биле потомци на етничките антички Македонци. Освен тоа, мнозинството солунчани, дури и околу еден век по раѓањето на таткото Лав, себеси се декларирале како Македонци! Доказ за ова е веќе споменатиот византиски документ од 10 век од историчарот Јован Каменијат, во кој за градот Солун се вели дека е: "*првиот и најголем град на Македонците*!" Спомнавме дека постојат и други средновековни документи во кои Македонците се спомнати како доминантни жители на Солун.

Од друга страна во тие времиња никогаш не дошло до помасовно населување на етнички Грци во Македонија. Познато е дека уште Филип Втори (таткото на Александар Македонски) ги иселил сите грчки колонисти од македонското крајбрежје, иако подоцна дозволил враќање на помал број од нив, но не во Солун, затоа што овој град тогаш не постоел како таков.

Значи, таткото на светите браќа Кирил и Методиј (како жител на Солун) не можел да биде ништо друго освен крвен потомок на античките Македонци, без разлика на кој јазик тогаш зборувал и без разлика како бил нарекуван од другите.

Огромна е заслугата на светите браќа Кирил и Методиј за ширењето на писменоста и христијанството. Почетоците на литературата на многу *словенски* народи се поврзани токму со нивната дејност. Како илустрација за ова повторно ќе ја спомнеме општата американска ЦД енциклопедија Енкарта, каде за почетоците на создавањето на руската литература, пишува:

"Поттикот на литературната експресија во Русија треба да се бара во 9 век кај византиските учени и мисионери свети Кирил и свети Методиј, кои го запишале и го кодифицирале македонскиот словенски дијалект, што подоцна бил наречен стар црковнословенски јазик."

Повеќе од јасно е дека литературниот јазик на кој светите браќа ги превеле своите први книги бил јазикот на средновековните Македонци. Но, денес овој јазик е наречен со разни имиња: *црковнословенски, старословенски* и уште како ли не, само за да се избегне неговото македонско детерминирање. Дури и наши историчари и публицисти така го детерминираат овој јазик, небаре се плашат или срамуваат да го наречат македонски средновековен јазик.

Славата на светите браќа не е присутна само среде *словенските* народи. Тие имаат посебно значајно место и во Католичката црква. Денес низ целиот свет постојат голем број католички цркви што го носат нивното име. Нивните светли ликови биле инспирација за мнозина уметници од разни краеви на светот.

Светите браќа Кирил и Методиј ја создале глаголицата. Во врска со создавањето на оваа азбука постојат и некои неодговорени прашања што се уште чекаат убедлив одговор, како на пример, начинот на нејзиното создавање во смисла дали таа макар и делумно постоела од претходно среде античките Македонци и дали јазикот на античките Македонци и навистина бил сличен со *словенскиот* (како што денес тврдат некои американски и руски лингвисти), та затоа светите браќа толку бргу ја создале оваа азбука и толку бргу успеале да преведат обемни црковни книги и сл. На овие прашања ќе се задржиме во некоја друга прилика.

Во 1980 година од страна на римскиот папа тие се прогласени за сезаштитници на Европа.

СВЕТИ АРГИР СОЛУНСКИ (1788 -1806 год.)

11 мај	стар стил
24 мај	нов стил



о неговото житие читаме дека бил роден во околината на Солун и дека работел кај некој шивач. Еден христијанин од некое место близу Солун направил некаква грешка поради што бил затворен во солунскиот затвор. Турскиот судија му рекол дека ќе го осуди на смрт доколку не собере пари за да се откупи. Тогаш затвореникот, за да не биде убиен, изјавил дека ќе се откаже од Христа и ќе го прими исламот. Веднаш бил ослободен и Турците го одвеле во некоја меана за да го почестат и подучат во нивната вера. Тоа го видел младиот осумнаесетгодишен свети Аргир, кој смело влегол во меаната и почнал да го укорува несреќникот зошто се откажува од Спасителот Исус Христос. Кога го слушнале ова, присутните Турци му се нафрлиле на свети Аргир и почнале безмилосно да го тепаат. Потоа и тој бил изведен на суд и бил убедуван да се откаже од Христа и да го прими исламот. На сето ова свети Аргир мирно одговорил дека тој е христијанин и дека таков ќе остане. Рекол и дека се радува што ќе пострада во името на Христа. Жестоко бил мачен, по што бил осуден на смрт и обесен во Солун на 11 мај 1806 година.

*

Според еден француски извор во 1807 година во Македонија живееле вкупно 968.500 жители, од кои 724.500 биле христијани, а 204.000 муслимани. Но и покрај ваквата доминантна бројка на христијаните, гледаме дека тие жестоко биле малтре-

тирани, прогонувани, па дури и убивани доколку јавно и отворено ја бранеле својата вера. Ваква несреќна судбина го снашла и младиот маченик свети Аргир. Тој живеел во време кога Османлиската империја претрпувала сериозни потреси на надворешен и внатрешен план. Тоа е време кога во Србија траело востанието, кое завршило со мировен договор токму во 1806 година. Сигурно дека ова востание ја зголемило нервозата кај турската власт, која честопати својот гнев го истурала врз мирното христијанско население во останатите делови на империјата.

СВЕТИ МОКИЈ (? - 295 год.)

11 мај	стар стил
24 мај	нов стил



о житието на свети Мокиј читаме дека тој бил христијански свештеник во македонскиот град Амфипол. За време на римскиот цар Диоклецијан почнал жесток прогон врз христијаните, а паганите слободно ги славеле своите празници. Еден ден, за време на прославата на празникот на Дионис, свети Мокиј излегол среде народот и почнал да го проповеда христијанството и да укажува на заблудите на паганските верувања. По неколку дена во Амфипол стигнал управникот на македонскиот град Аполонија, кому паганите му кажале за однесувањето на свети Мокиј. Заради тоа, светителот бил изведен на суд. Откако и таму ја исповедал верата во Христа жестоко бил мачен, но сето тоа го издржал поткрепен од својата љубов кон Христа. Потоа бил прогонет во Византион (Цариград, т.е. денешен Истанбул), каде бил убиен во 295 година. Нешто подоцна благоверниот цар Константин Велики изградил црква посветена на овој свет маченик.

*

Царот Диоклецијан владеел од 284 до 305 година и тој останал запамтен по големиот прогон што го презел против христијаните. Свети Мокиј бил убиен токму за време на неговото владеење. Царот Константин Велики владеел од 306 до 337 година. Во 313 година овој цар го донел Миланскиот едикт со кој бил забранет прогонот против христијаните, а подоцна и самиот станал христијанин. Ова значи дека само по околу две децении од мачeничката смрт на свети Мокиј, во негова чест била подигната црква во Константинопол (Цариград).

Градот Амфипол прво бил атинска колонија близу македонскиот брег, но уште Филип Втори Македонски (таткото на Александар Македонски) ги избркал Грците оттаму, па во градот подоцна се населиле Македонци. За постоењето на македонската етничка свест во 3 век веќе пишуваме.

СВЕТИ ЛАВ ВТОРИ ЕРУСАЛИМСКИ (? - 1190 год.)

14 мај	стар стил
27 мај	нов стил



о неговото житие читаме дека свети Лав се родил во семејство на благочестиви христијани во градот Струмица. Кога научил да чита и да пишува почнал да ги проучува тајните на Светото Писмо и во душата му се родила желбата да стане монах. По смртта на своите родители, заминал во некоја шума за да се подвизува. По извесно време отишол во Цариград во манастирот "Пресвета Богородица" каде се замонашил. За да го зајакне својот дух честопати излегувал по улиците на Цариград, правејќи се дека е луд. Мнозина го навредувале, па дури и тепале, а тој го издржал сето тоа со големо смирение. Бог му овозможил да прави чудеса. Можел во раката да држи жар без да се изгори. По некое време во Цариград стигнал архиерејот од Тиверијада, кому свети Лав почнал да му служи. Потоа заедно заминале за Ерусалим, а свети Лав останал да се подвизува во манастирот "Свети Јован Богослов" на островот Патмос. По смртта на тамошниот игумен, тој бил избран за нов игумен. За неговите особини набргу разбрал и царот Манојло Комнен (1143 - 1180 год.) и по негова желба свети Лав бил избран за патријарх на Ерусалим. Но, тогаш со Ерусалим владееле Латините и тие не му дозволувале на овој православен патријарх да богослужи на Светиот Господов Гроб во храмот на Христовото Воскресение. Дури подготвувале и негово убиство. Заради тоа, по наредба на царот Манојло Комнен, свети Лав се вратил во Цариград. Таму останал да Му служи на Бога, Кому Му ја предал својата душа околу 1190 година. Неговите свети мошти биле положени во храмот посветен на свети Архангел Михаил.

*

Повеќе детали за житието и чудата на свети Лав имало објавено во книгата "Неон Екологон". Во неа свети Никодим Светогорец го внесол житието на свети Лав, кое своевремено било напишано од монахот Теодосиј. Во времето кога живеел свети Лав (12 век) Македонија била под византиска власт, но оваа држава била прилично ослабната од претходните навлегувања на крстоносците на Балканот, кои притоа ја пустошеле и Македонија. Тоа е време и кога богомилската ерес била прилично раширена во нашата земја. Но, свети Лав најмногу време поминал во Цариград, а видовме дека бил хиротонисан за Ерусалимски патријарх, и дека не можел слободно да седне на патријаршискиот престол затоа што Ерусалим тогаш се наоѓал под власта на Латините. Познато е дека Ерусалим бил освоен од Турците селџуци во 637 година. За време на Првата крстоносна војна, во 1099 година, Ерусалим паднал под власта на Французинот Годфри де Булоњ, кој бил главен војсководител на крстоносците. Муслиманите повторно го зазеле Ерусалим дури во 1187 година. Ова значи дека во времето, кога свети Лав бил назначен за Ерусалимски патријарх, и навистина со овој град владееле *Латините* (Французите). Тие, пак, секако дека предност давале на својата католичка вероисповед, па затоа не му дозволувале на свети Лав слободно да ја врши богослужбата поради што тој се вратил во Цариград. Три години пред смртта на свети Лав, Ерусалим бил повторно заземен од муслиманите.

Свети Лав е еден од ретките Македонци кои ја носеле титулата патријарх. Посебно важно е што тој бил патријарх токму во светиот град Ерусалим. Нашата наука треба да посвети поголемо внимание на овој наш познат сонародник.

СВЕТИ СТЕФАН ЦАРИГРАДСКИ (9 век)

18 мај	стар стил
31 мај	нов стил

Свети Стефан Цариградски бил син на византискиот цар Василиј Први Македонски, кој владеел од 867 до 886 година. Свети Стефан бил патријарх во Цариград. На оваа должност тој дошол на местото на свети Фотиј. Со Црквата Божја управувал од 878 до 893 година. Останал запамтен по тоа што се грижел за сиромашните. Во житието читаме дека умрел релативно млад.

*

За да објасниме зошто тврдиме дека свети Стефан и неговиот татко, познатиот византиски цар Василиј Први Македонски биле Македонци, потребно е да направиме малку поширок историски преглед околу потеклото на нивната Македонска династија, која околу два века владеела со Византија и од чии редови произлегол и Василиј Втори Македонски - уништувачот на Самуиловото царство. Извесен број историчари (меѓу кои и авторот на овие редови) сметаат дека припадниците на Македонската династија во Византија, всушност биле потомци на античките Македонци. Имено, во 8 век на територијата на денешна Тракија и во дел од југоисточна Македонија, Византија формирала тема (административна област) која ја нарекла *Македонија*. Се смета дека оваа тема била наречена така поради тоа што во неа биле населени извесен број потомци на античките Македонци. Токму од нивните редови подоцна произлегле припадниците на Македонската династија во Византија. Оваа династија почнала со царот Василиј Први Македонски (867-886), а завршила во 1081 година. Како илустрација за нивното македонско потекло ќе наведеме цитат од енциклопедијата Енкарта (цит. дело, наслов Басил И), каде во врска со потеклото на Василиј Први читаме:

"*Василиј Први (812-886), византиски император (867-886) и основач на Македонската династија. Роден е во Македонија и потекнувал од селанско семејство* (...)."

Во познатата "Комптон Енциклопедија" во врска со востановувањето на Македонската династија во Византија читаме:

"*Со крунисувањето на Василиј Први Македонски во 867 година била востановена долгата династија македонски цареви*".*(Compton's Encyclopedia Online v3.0 © 1998 The Learning Company, Inc*).

Овие етнички Македонци многу малку се изучуваат во денешната историографија од аспект на нивната поврзаност со античко-македонскиот ген. Дури и најпознатиот претставник на оваа династија Василиј Втори Македонски во нашата историографија (веројатно со право) беше изучуван исклучиво во негативен контекст како *уништувач* на Самуиловото царство. Сепак, Василиј Втори, откако го освоил Самуиловото царство, може да се каже дека коректно се однесувал кон македонското население. Така, на пример, тој му оставил извесни привилегии на свештенството на Охридската архиепископија, па дури во негово време за архиепископ бил поставен дебарскиот игумен Јован. Некои од Самуловите великодостојници си го задржале својот статус, иако до пред тоа се бореле против Василиј Втори. За недоволниот интерес кон изучувањето на овие етнички Македонци во нашата историографија придонесе и фактот што тие сепак живееле вон територијата на етничка Македонија и владееле со туѓа држава (Византија).

Всушност случајот со нив е потполно ист како случајот со Македонците Птолемеи и Селевкиди, кои своевремено владееле со Египет и со дел од Азија. И тие биле од генот на античките Македонци, без разлика што владееле со етнички хетерогени држави.

Дека византиските цареви од Македонската династија цареви (исто како и Птолемеите и Селевкидите) не го заборавиле своето македонско етничко потекло зборуваат повеќе факти.

Како прво, овде е името на нивната династија - кое гласи *Македонска*.

Понатаму, во нивно време, во византиската војска, активна улога играла Македонската фаланга. Се знае дека византискиот цар Константин (брат и наследник на Василиј Втори Македонски) одлично војувал со долго копје за што пишува византискиот историчар Михаил Псел (1,14).

Хрватскиот историчар д-р Стјепан Антољак ("Средновековна Македонија", Скопје, 1985, стр. 212), повикувајќи се на трудовите на византискиот историчар Скилица, пишува:

"*Во византиската војска била своевремено вклопена Македонската фаланга, како што пишува Скилица и таа, во 1072 година, учествувала во ограбувањето на некогашната Самуилова престолнина Преспа* ".

Значи, Македонската фаланга во склопот на византиската војска се борела против своите собраќа - наследници на македонското средновековно царство, познато во историјата како Самуилово царство.

Има и други податоци од времето на Василиј Втори Македонски во кои се спомнуваат Македонците како војници на неговата војска. Некои од нив се бореле во јужна Италија во тогашната тема Лангобардија. За еден од овие Македонци се знае дека по потекло бил штипјанец! Тој се викал Лав и бил висок воен заповедник на македонските и тракиските единици во склопот на византиската војска. Д-р Стјепан Антољак (цит. дело, стр. 206), во врска со ова пишува:

"*Тогаш се наведува како воен заповедник на Трачаните и Македонците патрицијот Лав, кого го нарекувале Стипион, т.е. ,Штипјанец'. Овој стратег го наведува и Константин Профирогенит*".

Припадниците на Македонската династија во Византија од своите предци, античките Македонци, задржале повеќе традиционални обележја. Познато е дека главни белези на античко-македонските цареви биле: пурпурната боја на облеките, жезолот и дијадемата. Потполно истата состојба ја имаме и кај византиските цареви од редовите на Македонската династија. Поетот Иван Кириотес, наречен Геометрес, кој бил епископ на Мелитена во 10 век, во своите песни ги опеал настаните околу владеењето на Василиј Втори Македонски, при што, во една од нив, сосема јасно ги спомнал (цитат): "*кралските жезла и дијадеми, како и пурпурните облеки*", што ги носеле византиските цареви од Македонската династија, исто како што, на времето, ги носеле и нивните предци - славните античко-македонски цареви (Joannis Geometrae, J.P. Migne, PG 106, 919; цит. според д-р Стјепан Антољак, "Средновековна Македонија", Скопје, 1985 год., стр. 242).

И византискиот историчар Михаил Псел (1,31) ја опишува пурпурната боја на облеката во која се облекувал Василиј Втори Македонски. Тогаш дури и постоела изреката *роден во пурпур*, која се однесувала токму на царевите од Македонската династија.

Да го спомнеме и постоењето на Македонската партија, која дејствувала во Византија во 11 век. Псел (книга 6) ја споменува оваа партија и нејзините активности во времето на императорот Константин (1042-1055). Припадниците на оваа партија, предводени од (како што вели Псел) *Македонецот Лео* (кој бил припадник на се-

мејството Торник), сакале да го симнат византискиот император Константин (кој му бил втор братучед на Лео). Опишувајќи ги настаните околу овој бунт на Македонците во Византија, Псел дава и еден интересен етнографски опис за нив. Во истата (шеста) книга, читаме:

"*Македонците... се симнуваа од коњите и почнуваа да играат танци со заедничко пеење таму каде што секој можеше да ги види. Тие изведуваа смешни гестови на сметка на императорот, згазнувајќи на земјата со нивните стапала во склад со нивната музика и танцувајќи во триумф*".

Можеби поради значителното учество на Македонците во самиот врв на општествениот живот во Византија, некои западни историчари сметаат дека Византија не била продолжение на Римската империја, ниту пак била продолжение на некаква грчка држава (древна грчка држава никогаш не постоела), туку дека Византија всушност била продолжение на Македонската империја на Александар Македонски. Во книгата "The Outline of History" од авторот Велс, во врска со ова читаме:

"*За оваа Источна или Византиска империја главно се зборува дека била продолжение на Римската Империја. Но многу повеќе таа била преродба на Александровата империја*". ("The Outline of History" by Wells, New York, 1920, стр. 489, цит. според Симе Пандовски "Македонија, праисторија империја и денес", Битола, 2000, стр. 178).

И историчарите Џон Кросланд и Дијана Констанце го сметаат истото, па во врска со ова пишуваат:

"*Вториот македонски голем период беше византиската империја, а Тесалоника беше втор по големина град во империјата*". ("Macedonian Greece" by John Crosslandd and Dianne Constance, B.T. Bratsford, LTD London, UK, 1982).

Значи, припадниците на Македонската династија не биле никакви туѓинци, а војната помеѓу Василиј Втори и Самуил, во голема мера не била ништо друго освен меѓумакедонска војна, иста, какви што биле војните водени помеѓу македонските династии на Селевкидите и Птолемеите, кои иако и самите биле Македонци што владееле со туѓи земји и народи, жестоко војувале помеѓу себе.

Македонската династија на Византија и донела голем просперитет. Територијата на оваа држава била значително проширена, а државата доживеала силен економски процут. Како еден од најзначајните историски настани што се случил токму во времето на владеењето на Македонската династија била шизмата, т.е. одвојувањето на Католичката и Православната црква во 1054 година.

Македонската династија имала свој голем удел во сликарството во Византија. По победата над иконоборството (843 година), византиската уметност доживеала нов процут токму во времето на Македонската династија. Во чест на оваа династија овој нов период во византиската уметност, среде историчарите на уметноста, е познат и како *Македонска ренесанса*. Посебно значајни во овој период се илустрираните ракописи, како и илузионизмот во сликарството. Во врска со ова во енциклопедијата Енкарта (наслов: Byzantine Art and Architecture) читаме:

"*Сликарите на дворот на македонските императори во Константинопол (денешен Истанбул) го оживеале илузионизмот во сликарството и класичните содржини, дури и кога се работело за библиски мотиви*".

Карактеристика за ликовната уметност од времето на Македонската династија била и обработката на секуларни теми, инспирирани од древните мотиви, а внимание било посветено и на колоритот. Била форсирана класичната форма со спиритуален облик, а мозаиците биле со груби и тешки облици, подвлечени со темни сенки и контрастен колорит.

Во својот труд "Македонската ренесанса" американскиот историчар Ден Рејнолдс пишува:

"Кон крајот на 9 век византиската уметност со религиозна содржина влегува во својот ,втор златен период', кој често се нарекува ,Македонска ренесанса,' според името на владеачката династија... Монументалната уметност повторно почнува да ги прикажува прилично, природно-силно, моделираните тродимензионални фигури, честопати карактеризирани со воздржаност и со благороднички израз, каков што е мозаикот на Богородица со Христос од 867 година во апсидата на ,Света Софија'." (Dan Reynolds: >Medieval art art of the faithfull anno domini 476 - 1400<, RISD, 2001)..

Во Енциклопедија на ликовни уметности (Загреб, 1959) достојно место е отстапено на византиската уметност од времето на Македонската династија. Овде читаме:

"Врвот и моќта државата ги постигнала за време на Македонците... Византиската уметност станала уметност на православието и создала своја посебна уметничка заедница." (Енциклопедија ликовних умјетности, Загреб, 1959, ФНРЈ, наслов: *Бизант*).

Да го спомнеме и податокот дека во времето на Македонската ренесанса во Византија, т.е. токму во времето кога на престолот на Цариградската патријаршија се наоѓал свети Стефан, била внесена и една новина во уметноста, конкретно во декорацијата. Во споменатава енциклопедија во врска со ова читаме:

"На крајот од 9 век првпат се јавува нов тип на декорација - догматската декорација, која со мали варијанти траела се до крајот на византиската уметност. Овој тип бил наменет за кубињата на црквата со централна купола, која првпат била применета во Новата црква на Василиј Први. "

Уметничкиот стил од времето на Македонската династија не се задржал само во Византија. Овој стил стигнал дури и до Русија (мозаиците во "Света Софија" во Киев од 11 век) и во други земји.

СВЕТИ ПАСИКРАТ (280 - 302 год.), СВЕТИ ВАЛЕНТИОН (297- 302 год.), СВЕТИ ЈУЛИЈ (?- 302 год.), СВЕТИ НИКАНДАР (? - 302 год.)," СВЕТИ МАРКИЈАН (? - 302 год.)

25 мај	стар стил
7 јуни	нов стил

Во житието на на свети Пасикрат и свети Валентион пишува дека биле од градот Доростол македонски. Тие биле римски војници, но воедно биле и христијани. Свети Пасикрат имал дваесет и две години, а свети Валентион имал триесет. Гледајќи како паганите им се поклонуваат на идолите од камен и гледајќи како некои христијани се плашат јавно да сведочат за Христа, овие двајца другари отворено почнале да зборуваат за славата Христова поради што биле изведени на суд. Таму биле терани да им принесат жртви на паганските *богови*, но свети Пасикрат ја плукнал статуата на Аполон. Откако не сакале да се откажат од Христа биле осудени на смрт и главите им биле отсечени. Недолго потоа почнале да прават подвизи и нивните другари. Заради славење на Христа, на смрт бил осуден и погубен нивниот другар свети Јулиј, кој исто така бил римски војник. Истата година биле погубени и војниците христијани свети Никандар и свети Маркијан. Пред да биде погубен свети

Маркијан бил молен од својата сопруга да се откаже од Христа заради нивното мало дете. Тогаш тој ги кренал рацете кон небото и го повикал Исус да се грижи за детето. Свети Никандар, исто така, се простил од својата сопруга, која притоа му рекла:

"Десет години бев без тебе во нашиот роден крај и секогаш сакав да те видам. Сега те гледам и се радувам што заминуваш во животот. Се радувам што сум жена на маченик."

*

Познато е дека градот Доростол се наоѓал на реката Дунав (близу денешната бугарско-романска граница). Доростол е старото име за градот Силистра. Значи овој град се наоѓал далеку од Македонија, а познато е дека тој никогаш не влегувал и во темата *Македонија* (византиска административна област, која во 8 век била формирана главно на територијата на денешна Тракија, но и во дел од етничка Македонија). Оттаму се поставува прашањето: зошто во ова житие градот Доростол е наречен *македонски*? Дали во етничка Македонија или во темата *Македонија* (главно денешна Тракија) имало некоја друга населба со истото име? Или пак се работи за грешка во врска со името на овој град (во смисла дека наместо Доростол треба да стои име на град што и навистина се наоѓа во Македонија)? Одговорот на овие прашања засега останува непознат.

СВЕТИ НОВОМАЧЕНИК АЛЕКСАНДАР СОЛУНСКИ (? - 1794 год.)

26 мај	стар стил
8 јуни	нов стил



о неговото житие читаме дека свети Александар бил роден во градот Солун и дека бил христијанин, кој поминал во исламот. Отпрвин немал грижа на совеста заради ваквиот гест, па дури станал и дервиш. Но подоцна почнал да се кае заради тоа што отстапил од Христа. Така одлучил дека само со својата крв може да го избрише страшниот грев што го направил. Пред некои Турци јавно изјавил дека е христијанин поради што бил уапсен и подложен на суровo мачење. Бидејќи не сакал по втор пат да се откаже од Христа, бил осуден на смрт. Ова свети Александар го прифатил со радост затоа што сфатил дека Бог му простил и ја примил неговата жртва. Бил убиен во Смирна во 1794 година.

*

Страдањата на свети Александар Солунски подетално биле опишани од свети Никодим Светогорец. Не е познато кога точно тој заминал од Солун. Неговата судбина целосно се вклопува во историската вистина според која, за време на Отоманската империја, секој што сакал да помине од исламот во христијанството бил осудуван на смрт и бил убиван. Најверојатно за неговата смрт постои и автентичен турски судски документ.

Најзначан настан во Македонија во времето кога живеел свети Александар е укинувањето на Охридската архиепископија во 1767 година и нејзиното претопување во Цариградската патријаршија со која управувале Грци.

СВЕТА ЕЛИКОНИДА (? - 244 год.)

28 мај	стар стил
10 јуни	нов стил

За нејзиното житие пишува дека била родена во Солун и дека уште од мала била воспитана да го љуби вистинскиот Бог Исус Христос. Во тоа време владеел царот Гордијан, а по него и Филип. Тогаш христијаните биле прогонувани. Света Еликонида отишла во Коринт и таму видела како луѓето им принесуваат жртви на идолите. Се качила на некоја височинка и почнала гласно да зборува дека не треба да се принесуваат жртви на идолите, туку дека сите треба да веруваат во вистинскиот Бог, Кој ги создал небото и земјата. Паганите ја фатиле и ја одвеле кај началникот Перинај. Тој почнал да ја убедува да се откаже од Христа и да им принесе жртва на неговите *богови*, но откако видел дека таа останува верна на Христа, наредил да ја мачат. Телото и било горено и сечено, но сето тоа херојски го издржала. Тогаш началникот и рекол дека ако им принесе жртва на неговите *богови* ќе ја направи служителка на *божицата* Дијана и ќе изгради златен столб со нејзиното име. Света Еликонида тогаш му рекла да ја одведе во храмот. Тој се израдувал и наредил да ја одведат. Света Еликонида им рекла на тамошните служители да ја остават сама во храмот за да принесе жртва. Тие излегле и ја затвориле вратата, па почнале надвор со труби и со тапани да слават затоа што успеале да ја *преобратат*. Кога останала внатре сама, оваа Христова невеста, почнала да ги крши статуите на тамошните идоли: Минерва, Асклепиј, Венера и сите други. Вревата од кршењето не можела да се слушне надвор заради свирењето на трубите и тапаните. Кога виделе дека долго време не излегува од храмот, паганските свештеници влегле внатре и ги виделе статуите на своите *богови* искршени. На средината од храмот света Еликонида се молела на Христа. Разгневени веднаш ја извеле надвор и ја одвеле кај Перинај. Кога слушнал што се случило, тој наредил да и ги исечат обете дојки и да ја фрлат в темница. Пет дена таа била во темница, а во меѓувреме Перинај бил заменет со некој Јустин. И овој началник го продолжил нејзиното мачење. На крајот била осудена на смрт и главата и била отсечена. Пред да го напушти овој свет слушнала глас од небото кој и рекол:

"*Дојди ќерко моја! За тебе е подготвен венец и престол. Еве и ангелските хорови почнаа да пеат свечени песни по повод твоето доаѓање на небото.*"

Подоцна, христијаните, достојно го погребале нејзиното чесно тело.

*

Царот Гордијан што се спомнува во житието на света Еликонида владеел од 238 до 244 година, а царот Филип од 244 до 249 година. За света Еликонида се знае дека била погубена во 244 година. Не може да се утврди кога таа заминала во Коринт. Од историски аспект гледано веќе наведовме податоци дека Македонците во нејзино време и натаму ја чувале свеста за своето македонско потекло, иако веќе со векови се наоѓале под римска окупација. Идолите што овде се спомнуваат се паганските богови (Зевс, Аполон, Диноис, Атина и другите) кои со векови пред тоа биле славени од повеќе балкански народи. Во времето на света Еликонида паганските верувања се уште биле официјални во Римското царство, чии управители гледале опасност од ширењето на христијанството затоа што проповедало еднаквост меѓу луѓето, наспроти робовладателските односи. Поради тоа христијаните биле жестоко прогнувани и мачени, но на

крајот верата во Христа победила, па дури еден ден станала и официјална вероисповед во Римската империја

СВЕТИ НОВОМАЧЕНИК ЈОВАН (1786 - 1802 год.)

29 мај	стар стил
11 јуни	нов стил



о неговото житие читаме дека свети Јован бил роден во големиот град Солун. Неговиот татко исто така се викал Јован, а мајка му Томаида. Имал и постар брат кој се викал Теодор. Јован не умеел да чита, но брат му Теодор честопати му ги читал житијата на светителите, кои тој со радост ги слушал и им се восхитувал. Поради сиромаштијата татко му отишол да работи во Смирна како чевлар, а со себе го повел и Јован. Еден ден, на 3 мај 1802 година, татко му го испратил Јован во градот по некоја работа, но тој не се вратил. Подоцна татко му разбрал дека Јован го примил исламот и дека бил наречен Мехмед, поради што многу се разочарал. Всушност, Јован не го примил исламот, туку се преправал дека го примил за да може на таков начин да пострада за Христа. По извесно време Јован се сретнал на улица со некој свој роднина, кој не сакал ни да го поздрави. Јован го прашал зошто не го поздравува, а роднината му одговорил дека тој е христијанин, а Јован муслиман и дека нема што да разговараат. На ова Јован му одговорил да причека петнаесетина дена за да види каков *муслиман* е тој. На 25 мај блажениот Јован јавно изјавил дека е христијанин и бил изведен на суд. Таму го величал името Христово поради што бил фрлен во затвор, иако имал само шеснаесет години. Бил убедуван да го напушти христијанството, но тој не попуштил поради што бил осуден на смрт и јавно погубен на 29 мај 1802 година. Христијаните го откупиле неговото тело и достојно го погребале.

*

Краткиот живот на светиот маченик Јован, исто така, ни зборува за приликите во тоа време во однос на христијаните. Постојат зачувани бројни турски документи во кои се опишани поединечни случаи на поминување на христијани во исламот, но и нивното каење и подоцнежно осудување. Некое идно истражување можеби ќе открие ваков документ и за судбината на младиот маченик свети Јован.

ЈУНИ

СВЕТИ НОВОМАЧЕНИК МАРКО (? - 1801 год.)

5 јуни	стар стил
18 јуни	нов стил

Овој светител се родил во Смирна (денешен Измир), но неговиот татко Хаџи-Константин бил Македонец од Солун. Мајката на свети Марко, исто така, била од Смирна. Марко бил оженет, но ѓаволот го натерал да падне во грев со некоја друга жена и да се одрече од Христа, преминувајќи во исламот. Недолго потоа почувствувал грижа на совеста и со плачење отишол да се исповеда кај некој духовник. Во 1792 година со својата жена заминал за Трст и Венеција и таму повторно се исповедал. Потоа патувал и во други места. Решил маченички да пострада за Христа од Кого пред тоа се одрекол. По советот од некој духовник заминал на островот Хиос, каде, пред тамошните Турци, јавно изјавил дека се одрекува од нивната вера и дека Му се враќа на вистинскиот Бог Исус Христос. Веднаш бил изведен на суд. Судијата отпрвин се обидувал да го убеди да се откаже од Христа, но кога видел дека се залудни неговите напори, наредил негово мачење. Свети Марко бил жестоко мачен, но останал непоколеблив на својот пат кон мачеништвото во името на Христа. Поради тоа бил осуден на смрт и бил погубен на островот Хиос на 5 јуни 1801 година.

СВЕТИ ПАИСИЈ ХИЛАНДАРСКИ (1722 - ? год.)

5 јуни	стар стил
18 јуни	нов стил

Свети Паисиј Хиландарски се родил во 1722 година во градот Банско (денешниот пиринско дел на Македонија) во семејство на благочестиви христијани. Едниот негов брат Лаврентиј бил игумен на српскиот манастир во Света Гора, а другиот брат Волчо бил послушник во Рилскиот манастир. Во 1745 година свети Паисиј заминал кај својот брат на Света Гора, каде и самиот се замонашил. Таму се подвизувал и проучувал книги од разни области. Подвижничкиот живот го украсувал со пост, молитви и воздржување од спиење. Во 1762 година ја напишал книгата “Историја славјано-бугарска”. Не се познати датумот и годината на неговата смрт, па затоа неговиот спомен се слави на денот на неговиот именден.

*

За состојбата во Македонија во 18 век веќе пишувавме. Свети Паисиј Хиландарски не е познат само како светител, туку видовме дека се занимавал и со

пишување историја. Бугарите денес го слават како еден од своите први преродбеници заради тоа што ја напишал книгата "Историја славјано-бугарска". Оваа книга разни субјекти во Бугарија честопати ја користат како *доказ* дека Македонците се *Бугари*. Но, свети Паисиј бил етнички Македонец. Тој бил роден во Банско, а во тој крај никогаш не дошло до масовно населување на Бугари (посебно не пред и во времето во кое тој се родил и живеел). Поради тоа што во нашава книга правиме осврт на историските собитија што се случиле во времето кога дејствувале светителите што овде се спомнати, должни сме да дадеме неколку објаснувања за свети Паисиј, т.е. да одговориме на прашањето зошто тој напишал книга за историјата на Бугарите, иако бил Македонец? Најпрвин ќе кажеме дека неколкуте оригинални преписи од неговата Историја, што самиот тој ги направил, се смета дека денес не се зачувани. Понатаму, мнозина бугарски историчари од пошироката јавност го кријат податокот дека свети Паисиј всушност бил српски монах што престојувал во српскиот Хиландарски манастир. Рековме дека неговиот брат Лаврентиј дури бил и игумен во овој српски манастир.

Во својата "Историја славјано-бугарска", свети Паисиј никаде, дури ни во подоцнежните бугарски преписи на таа историја, себеси јасно не се декларира како припадник на бугарскиот народ! Во бугарските преписи на таа Историја свети Паисиј секаде на Бугарите им се обраќа во второ или во трето лице (како, на пример: *Ти Бугарину... За Вашите татковци... Јас Ви пишувам.. Не дозволете да Ве мамат... Многу го засакав бугарскиот род...* и сл.), што може да претставува доказ дека тој себеси воопшто не се сметал како припадник на бугарскиот народ.

Од друга страна треба да се објасни и зошто свети Паисиј ја напишал таа историја. Нему соработник тогаш му бил бугарскиот монах Јован Раиќ, кој (иако бил Бугарин) себеси се декларирал како - Србин! Двајцата монаси, додека престојувале на Света Гора во 18 век, разочарано констатирале дека елинизмот зема се поголем замав на Балканот, духовно поробувајќи ги народите што зборуваат *словенски*. Така обајцата, како *словенски патриоти*, дошле на идеја да почнат да пишуваат историја на *словенските* народи. Отец Раиќ (иако бил етнички Бугарин, родум од Видин), бидејќи себеси се сметаал за Србин, т.е. сметал дека Бугарите се Срби, се зафатил да ја пишува главно српската историја (но и историјата на други *словенски* народи).

Свети Паисиј, пак, тогаш, веројатно под влијание на разговорите со Раиќ, ја пишува "Историја славјано-бугарска", од која, како што рековме, оригиналните негови преписи не се зачувани, а подоцнежните бугарски преписи се полни со романтизам и неточни историски податоци (што го признава и денешната бугарска историографија). Најголема заблуда препишувачите на отец Паисиј внеле кога турко-монголските Бугари (т.н. *Прабугари*) ги прогласиле за *Словени*! Така, на пример, во оваа Историја, меѓу другото пишува:

"*Од целиот словенски род најславни биле Бугарите. Прво тие имале свои цареви, прво тие имале свој патријарх, прво тие се крстиле...*"

Романтизмот и неточноста на овие податоци се повеќе од очигледни. Познато е дека првите Бугари што се покрстиле и што имале свои цареви биле турко-монголските Бугари (владетелот Борис и неговите претходници, но и наследници). Турско-монголските Бугари припаѓале на жолтата раса и немале никаква етничка врска со *словенскиот род,* со кој овде се поистоветени. Овој фалшлив податок и нанел штета и на македонската преродба од 19 век. Познато е дека тогаш извесен број Македонци, сфаќајќи дека не се Грци и сакајќи тоа сознание јавно да го артикулираат, го прифатиле турко-монголскиот етноним *Бугари*, под влијание на погрешното сфаќање дека Бугарите биле *Словени*. Подоцна бугарската пропаганда ќе ја користи таа нивна неинформираност за да *докажува* дека Македонците биле *Бугари* (!?).

Без разлика дали самиот свети Паисиј (или пак неговиот препишувач) го напишал фалшивиот податок дека турко-монголските Бугари биле *Словени*, има основа да се тврди дека тоа не е случајно сторено. Сепак, да претпоставиме дека тоа го направил самиот свети Паисиј. Зошто ги спомнал Бугарите, а не Македонците? Ќе одговориме веднаш. Како прво, на свети Паисиј добро му бил познат фактот дека Бугарите биле едно, а *Словените* нешто сосема друго (барем според старите книги од кои ги црпел податоците за својата "Историја", во кои овие два етникума се јасно разделени). Но, нему му биле важни *Словените* (како пандан против елинизмот, но и против турското ропство). Терминот *Македонци* воопшто не можел да го спомне за *Словените*, бидејќи во тоа време македонското име наполно било узурпирано од Грците против кои се борел. (Дури подоцна во поширокатa јавност излегуваат успешно криените податоци од страна на Грците за етничките и културните разлики помеѓу античките Македонци и Грците). Затоа свети Паисиј како *Словени* ги прогласил Бугарите (турско-монголските Бугари, т.е. оние што "*прво имале свои цареви*"). Едноставно, свети Паисиј морал така да постапи. Во спротивно, веројатно немало да има ништо од бугарскиот (читај: *словенскиот*) патриотизам што тој сакал да го разбуди. Каков ќе бил тој бугарски патриотизам што требало да се бори против турското ропство, до колку свети Паисиј ја напишел вистината дека првите етнички Бугари биле блиски со Турците? Со тоа само ќе им направел услуга на Турците.

Кон крајот на 19 век бугарската официјална историографија ги исправа грешките во книгата на свети Паисиј, па прогласува дека Бугарите не се чисти *Словени*, но бугарската преродба веќе има таков замав што бегло се преминува преку овој податок.

Да заклучиме дека свети Паисиј е македонски светител, но тој подеднаквво им припаѓа на сите христијани во светот. Тој треба пред се да биде почитуван како христијански светител и неговото име не треба да се користи за дневно-политички цели.

СВЕТИ ДИОНИСИЈ КОСТУРСКИ (14 век.)

25 јуни	стар стил
8 јули	нов стил

Овој светител се родил во селото Горица во близината на градот Костур. Потекнувал од сиромашно и побожно семејство. Неговите родители му ги дале првите знаења во врска со Христовата вера. Дионисиј имал постар брат кој се викал Теодосиј. Еден ден Теодосиј заминал за Цариград, каде се придружил на тамошните монаси и добил дозвола да живее во самата Патријаршија. Таму почнал да ги учи световните науки, истовремено подвизувајќи се во името на Христа. Успешно напредувал во изучувањето на Светото Писмо и догмите на верата. Набргу се прочул по своите квалитети и знаења, поради што од страна на патријархот, бил ракоположен за свештеник. Но, тој повеќе го претпочитал осаменичкиот живот и подвизување поради што набргу се преселил на Света Гора, каде пристапил во братството на Филотејскиот манастир. По смртта на старешината на ова братство, на молба од тамошните монаси, Теодосиј прифатил да биде нивни старешина. За тоа време младиот Дионисиј се повеќе се усовршувал во изучувањето на Светото Писмо. До него почнале да пристигнуваат вести за подвизите на неговиот брат. Свети Дионисиј посакал да му се придружи во братството, но отпрвин бил одбиен заради својата младост. Кога станал полнолетен оваа желба му се исполнила. Голема била радоста за време на средбата на двајцата браќа. Свети Дионисиј набргу и самиот се прочул по

подвизите што ги правел заедно со останатите собраќа од манастирот. Кога наполнил триесет години бил ракоположен за презвитер, откако претходно ги поминал останатите свештенички чинови. Потоа свети Дионисиј отишол да се подвизува во една пештера на Света Гора, каде останал цели три години. Во тоа време му се придружил уште еден монах, а подоцна за подвизите на свети Дионисиј слушнале и други монаси кои исто така му се придружиле. Тој ги замолил да го остават сам и да се преселат подалеку, но им ветил дека постојано ќе ги посетува. Така тие во северниот дел на гората подигнале ќелии и црква посветена на свети Јован Претеча. Свети Дионисиј ги посетувал и им држел литургии.

Во меѓувреме неговиот брат Теодосиј станал митрополит во Трапезунт. Тоа било за време на трапезунтскиот цар Алексеј Комнен. Кога слушнал за ова свети Дионисиј се упатил кај својот брат за да го замоли да му помогне во подигнувањето манастир на местото каде се подвизувало неговото братство. Теодосиј со радост ја примил оваа молба и го упатил кај царот. Свети Дионисиј го замолил царот да биде ктитор на тој манастир, а царот тоа со задоволство го прифатил. Притоа објавил повелба со која одобрил големи суми од своето азно за манастирот и наредил секоја година да му се дава на манастирот по илјада сребреници. Така, во 1380 година, бил подигнат манастирот Претеча. Свети Дионисиј (веќе во одминатa возраст) повторно заминал за Трапезунт за да побара средства за живописување на црквата, но кога се вратил видел дека Турците ја опустошиле, а монасите ги одвеле во ропство. Многу се нажалил и како верен чувар на своето братство со парите што ги имал кај себе ги откупил своите браќа од ропство. Потоа пак заминал за Трапезунт затоа што манастирот останал без никакви средства. На заминување му кажал на монахот Дометиј дека веќе нема да се видат во земниот живот. Во Трапезунт бил со радост примен од својот брат Теодосиј, кој му ветил дека повторно ќе обезбеди помош од царот. Но, по извесно време свети Дионисиј, исто како што прорекол, му ја предал својата душа на Бога. Тогаш имал седумдесет и две години. Годината на неговата смрт не е позната.

*

Свети Дионисиј Костурски живеел во 14 век, т.е. во времето на драматичните збиднувања во Македонија. Тоа е време на наизменичното владеење со делови од Македонија од страна на српската држава и Византија, но и време на првите османлиски навлегувања во нашата земја. Повелбата од трапезунтскиот цар Алексеј Трети Комнен дадена на манастирот Претеча до денес се чувала во овој манастир. Трапезунтското царство (како изолиран дел од Византија) се наоѓало на брегот на Црно Море (денешна североисточна Турција). Практично, манастирот Претеча бил подигнат само неколку години пред османлиското освојување на Македонија што се гледа и од податокот во житието за опустошувањето на овој манастир недолго откако бил изграден.

СВЕТИ ДАВИД СОЛУНСКИ (? - 540 год.)

26 јуни	стар стил
9 јули	нов стил

За потеклото на свети Давид Солунски постојат две мислења. Едното е дека потекнувал од Мала Азија, а другото дека потекнувал од Солун. Уште како млад, свети Давид ги напуштил своите роднини, пријатели и богатство и тргнал по патот на љубовта кон нашиот Бог Исус Христос. Освен што го изучувал Светото Писмо, тој ги читал и житијата на светителите и се восхитувал од нив,

сакајќи и самиот да ги поддржува. Посебно бил восхитен од подвизите на столпниците. Главно се подвизувал во околината на Солун, каде честопати престојувал качен на едно бадемово дрво. Мнозина доаѓале кај него за да ги слушаат неговите мудри зборови и да добијат утеха. Подоцна се преселил во една ќелија што му била изградена во близината на бадемовото дрво. Таму направил неколку чудесни излекувања. Солунскиот митрополит Аристид го замолил да појде кај царот Јустинијан заради некоја молба во полза на градот. Свети Давид повел со себе двајца свои ученици, но им кажал дека нема жив да се врати во Солун. Кога стигнал во Цариград имал средба со царот Јустинијан, кој останал восхитен од преподобниот и му ја исполнил молбата заради која дошол. Кога требало да се врати назад, свети Давид се упокоил веднаш на дофат до Солун, исто како што и самиот претскажал.

*

Во некои извори како година на смртта на свети Давид е наведена 548 година. Тој живеел во времето на царот Јустинијан Велики (527 - 565 год.), кој и самиот бил син на македонската земја и христијански светител. Нешто помалку од еден век пред смртта на свети Давид Солунски, авторот Теодорит Кирски (393 година - средина на 5 век) за етничкиот состав на градот Солун пишува дека е: "*голем и многунаселен град*, *кој му припаѓа на македонскиот народ*."

ЈУЛИ

СВЕТИТЕ ШЕСМИНА МАЧЕНИЦИ (3 век)

6 јули	стар стил
19 јули	нов стил

Нивното заедничко житие почнува со податокот дека атињаните свети Исаврий, свети Василиј и свети Инокентиј го напуштиле својот град и дошле во македонскиот град Аполонија. Недалеку од овој град имало пештера во која се подвизувале свети Филикс, свети Перегрин и свети Еримиј. Набргу, тројцата атињани, им се придружиле за да го слават Бога заеднички. Свети Исаврий бил најстар и тој најмногу ги подучувал останатите за тајните на Светото Писмо. Тој се грижел за нивната духовна храна, а тие му носеле јадење потребно за одржување на животот. Потоа, тие престанале да комуницираат со своите роднини пагани во градот и набргу биле наклеветени на римскиот управник на Аполонија, кој се викал Триптониј. Тој прво ги убедувал да се откажат од Христа, а откако тие не попуштиле, наредил да бидат жестоко мачени. На крајот биле осудени на смрт и главите им биле отсечени. Така, овие Христови победници заминале на небесата.

*

За овие свети маченици се знае дека биле погубени за време на владеењето на римскиот цар Нумеријан. Бидејќи овој цар владеел од 283 до 284 година, токму во една од овие години се случила нивната маченичка смрт. Поради фактот што свети Филикс, свети Перегрин и свети Еримиј веќе се наоѓале во Македонија кога им се придружиле тројцата христијани од Атина, јасно е дека тие биле домородни Македонци. Впрочем, во житието пишува дека тие престанале да зборуваат со своите роднини пагани од градот што значи дека Аполонија (град на Халкидик) и навистина бил нивниот роден град (штом во него живееле нивните роднини).

СВЕТИ МАЧЕНИК КИРИЛ (? -1566 год.)

6 јули	стар стил
19 јули	нов стил

Не се знае ништо за неговиот живот, освен податокот дека неговиот помен се вршел во Солунската митропололија. Од ова може да се заклучи дека и тој бил солунчанец. За приликите во Македонија во 16 век пишуваме во житието на свети Теон Солунски.

СВЕТИ ТЕОФИЛ МИРОТОЧИВ (? -1548 год.)

8 јули	стар стил
21 јули	нов стил

За неговото житие читаме дека бил роден во селото Зилјахово во Македонија (на патот помеѓу Серез и Драма). Потекнувал од побожно семејство во кое, уште од млади години, се стекнал со христијанско воспитание. Кога пораснал, родителите го запишале на училиште. Покрај изучувањето на световните науки, посебно внимание посветувал на проучувањето на Светото Писмо и житијата на светителите. Набргу бил ракоположен за свештеник и почнал да патува низ разни места за да ги подучува христијаните, давајќи им пример преку сопствените подвизувања. Така се запознал и се спријателил со епископот Акакиј. Во тоа време во Египет се случиле неколку Божји чуда за кои бил известен цариградскиот патријарх Нифонт. Тој ги испратил во Египет епископот Акакиј и свети Теофил за да го известат околу тоа што таму се случило. Тие стигнале во Александрија, каде со радост биле примени од александрискиот патријарх. Оттаму заминале за Синај, а потоа и за Ерусалим, каде се поклониле на живоносниот гроб на Исус Христос и на другите свети места. Биле и во Дамаск, а кога се вратиле во Ерусалим, епископот Акакиј се разболел и починал. Свети Теофил се вратил во Цариград, каде веќе се наоѓал новиот патријарх Пахомие, кој набргу го поставил за свој писар и егзарх на Големата Црква. Оваа должност свети Теофил долго ја вршел, но потоа сфатил дека му недостасува главната духовна храна, па се повлекол на Света Гора во манастирот Ватопед. Таму живеел со некој целомудрен старец, а по смртта на старецот заминал за Иверскиот манастир. Покрај целодневното подвизување во името на Бога, свети Теофил вршел и препишувачка работа на дотраените книги. Набргу се прочул по својот богоугоден живот, поради што новиот цариградски патријарх Теолипт му предложил да го постави за архиерej во Солун.

Впрочем, самите солунчани упатиле такво барање до цариградскиот патријарх. Но, преподобниот не сакал да ја прифати оваа молба затоа што сакал и натаму во мир да се подвизува за славата на Бога. Во својот одговор до патријархот напишал дека е болен и дека затоа не може да ја прифати таа должност. Потоа свети Теофил заминал да живее како монах во Кареја, придружувајќи му се на тамошниот познат монах Кирил. Кога остарел свети Теофил самиот си го предвидел денот на својата смрт. Тој го повикал својот ученик Исак и му рекол дека кога ќе умре не сака таа вест никому да му ја соопшти и не сака да биде погребан со никакви почести. Откако ја кажал својата последна желба, свети Теофил легнал на смртната постела и рекол: "*Господи Исусе Христе, прими ја мојата душа*". Починал во јули 1548 година.

*

Цариградскиот патријарх Нифонт (Втори), што се спомнува во ова житие, бил на таа должност од 1486 до 1498 година. Од овој податок може да се пресмета дека свети Теофил живеел најмалку уште педесет години по својот престој во Ерусалим. За состојбите во Македонија во 16 век веќе пишуваме во житието на свети Теон Солунски. Свети Теофил Мироточив, исто така, дејствувал во рамките на Цариградската патријаршија.

СВЕТИ ФОТИЈ СОЛУНСКИ (11 век)

9 јули	стар стил
22 јули	нов стил

За него само се знае дека живеел во 11 век и бил основач на Акапниевиот манастир во Солун. Неговото име било спомнато само во Ерусалимскиот кодекс (број 309) и во кодексот Г 86 во Атонската лавра. Друго ништо не се знае за овој македонски светител. За приликите во Македонија во 11 век веќе пишуваме.

СВЕТИ НИКОДИМ ЕЛБАСАНСКИ (? - 1722 год.)

11 јули	стар стил
24 јули	нов стил

Во неговото житие читаме дека се родил во албанскиот град Елбасан. Потекнувал од семејство на побожни родители. Се оженил и добил деца. Но, измамен од некои Турци, поминал во исламот, а посакал да ги исламизира и своите деца. Но, едно од нив побегнало на Света Гора, не сакајќи да се откаже од Христа. Опиен со фанатизам, Никодим тргнал да го бара својот син за да го преведе и него во исламот. Кога стигнал во Света Гора, разговарал со синот и со тамошните монаси, кои му укажале на неговата грешка, по што тој ја сфатил својата заблуда и длабоко се покајал. И самиот останал на Света Гора, денонoќно молејќи се и палчејќи заради своето отстапништво од Бога. Три години Никодим се подвизувал, а потоа решил да го прими маченичтвото со тоа што јавно ќе се прикаже како христијанин токму пред оние пред кои се откажал од Христа. Откако добил благослов заминал за Елбасан и по улиците јавно почнал да зборува дека се откажува од исламот и се враќа кон Христовата вера. Градскиот паша се налутил и наредил да го фрлат од некоја висока

кула. Но, свети Никодим останал неповреден. Потоа пашата наредил негово мачење, но свети Никодим сето тоа го издржал со помош на своето најсилно оружје - молитвата кон Бога. На крајот главата му била отсечена со што се удостоил со маченичка смрт. Тоа се случило на 11 јули 1722 година.

*

Според некои извори, свети Никодим бил убиен во 1709, а според други во 1714 година. Рускиот црковен историчар архиепископот Филарет Черниговски смета дека свети Никодим бил *Словен* од Албанија. Повикувајќи се на ваквиот став, бугарските црковни историчари во нивни стил пишуваат дека свети Никодим бил *македонски Бугарин*, иако никогаш во Албанија не се случило населување на Бугари. Штом (според Черниговски) свети Никодим не бил Албанец, тој можел да биде само Македонец, припадник на македонското малцинство во Албанија, кое и денес живее во овие краеви.

СВЕТИ ХРИСТОДУЛ (? - 1777 год.)

27 јули	стар стил
9 август	нов стил

Свети Христодул бил родум од Касандра крај Солун. Уште како дете дошол во Солун каде го изучил шивачкиот занает. Како занаетчија многу патувал, продавајќи ги своите производи. Еден ден стигнал на островот Хиос. Таму купил дрвен крст и го донел во Солун, а потоа го дал на некој зограф да го наслика. Тогаш слушнал дека некој христијанин во градот сакал да помине во исламот. Го зел назад крстот, сé уште ненасликан, и влегол среде толпата токму во времето кога се правеле церемониите за преведување на христијанинот во исламот. Тогаш свети Христодул почнал да го убедува несреќниот христијанин да не се откажува од Христовата вера. Турците многу се налутиле и почнале да го тепаат преподобниот, а потоа го однеле на суд. Судијата почнал да го убедува да го прими исламот, а свети Христодул му одговорил: *"Ајде ти напушти го исламот, па стани христијанин."* Тогаш судијата наредил да го тепаат и да го влечат врзан по улиците. На крајот бил обесен пред црквата "Свети Мина" во Солун. Тоа се случило во 1777 година.

*

Веќе спомнавме дека во 18 век во Македонија владеела вистинска анархија предизвикана од слабеењето на Османлиската империја. Најзначаен настан на црковен план во тоа време било укинувањето на Охридската архиепископија во 1767 година (десет години пред маченичката смрт на свети Христодул).

СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ (840 - 916 год.)

27 јули	стар стил
9 август	нов стил

Неговиот празник се слави и на неговиот именден на 25 ноември (стар стил), т.е. 8 декември (нов стил). Свети Климент Охридски е еден од најпознатите македонски светители, чиј култ трајно се вгнездил во народното паметење и во фолклорот. За свети Климент Охридски досега многу е пишувано во

нашата и во странската наука, па овде ќе ги спомнеме само најважните моменти од неговиот живот и дејност.

Свети Климент се родил околу 840 година некаде во Македонија. Некои историчари сметаат дека се родил во Солун или во околината на Солун, а тоа го поврзуваат со фактот што уште како млад бил повикан од светите браќа Кирил и Методиј во нивната мисија (што значи дека најверојатно живеел во нивна близина). Свети Климент ги придружувал светите браќа за време на нивната мисија во Венеција и во Рим каде бил ракоположен за свештеник. По смртта на свети Методиј, неговите ученици Климент, Горазд, Сава, Наум и Ангеларије биле прогонувани и малтретирани од страна на латинското свештенство во Моравија. Прво биле затворени и мачени, а потоа биле прогонети од државата. Така тие, преку Белград, дошле кај бугарскиот кнез Борис, кој многу добро ги примил и ги искористил за ширење на писменоста. Во 886 година свети Климент бил испратен во областа Кутмичевица во која главни места биле Девол, Главиница и Охрид. Овде свети Климент останал 23 години и за тоа време го ширел Божјото Слово и описменил околу 3500 луѓе преку Охридскиот универзитет што го основал и водел. Овој универзитет е еден од првите во Европа и во светот. Во 893 година свети Климент бил поставен за епископ на новосоздадената епархија Велика, каде останал се до својата смрт. Пред својата смрт свети Климент оставил дел од својот имот на епархијата, а дел на црквата што ја изградил во Охрид.

*

Свети Климент се смета за првиот македонски средновековен поет. Тој составил низа беседи, молитви, химни, пофални слова и други псалмоподобни творби во чест на Господ Исус Христос, света Богородица, свети Јован Крстител и други светители. Сепак негово најзначајно дело е создавањето на кирилицата. Денес со ова писмо пишуваат неколку десетици народи меѓу кои: Македонците, Бугарите, Србите, Црногорците, Русите, Украинците, Белорусите, Татарите, Чечените, Чувашите, Абхазите, Молдавците, Туркменците, Узбеците, Јакутите, Осетите, Казахстанците, Гагаузите, Карелците, Киргистанците и други. Постојат голем број преданија и легенди за чудесата што ги правел свети Климент за кои досега многу е пишувано во нашата наука. Овој светител денес е прифатен како патрон на Македонската Православна Црква. Огромна е неговата улога во ширењето на христијанството и на писменоста среде Македонците, но и пошироко, а неговиот култ извршил големо влијание и во градењето цркви и манастири.

Сметаме дека нема доволно простор во оваа книга за да се опишат, макар и најбегло, сите заслуги и величината на свети Климент Охридски како духовник, мисионер, беседник, проповедник, богослов, учител, просветител и писател, па затоа овде се задржавме само на најосновните податоци од неговото житие и дејност. За подетални информации за неговото дело најтопло ја препорачуваме книгата “Библијата во делата на свети Климент Охридски” од протоѓакон д-р Ратомир Гроздаиоски (Скопје, 2001 год.). Во оваа книга на над 400 странци студиозно е направен преглед на најзначајните дејанија на овој најпознат македонски светител.

СВЕТИТЕ ПЕТТОЧОСЛЕНИЦИ
ГОРАЗД, САВА И АНГЕЛАРИЈ (9 и 10 век)

27 јули	стар стил
9 август	нов стил

На истиот датум кога се слави празникот на свети Климент, се слави и празникот на светите Петточисленици. Тоа, всушност, се останатите ученици на светите браќа Кирил и Методија (покрај свети Климент и свети Наум), чии имиња се: Горазд, Сава и Ангеларий. За нив се знае дека ги придружувале свети Климент Охридски и свети Наум по патот од Моравија до Бугарија. Не постојат подетални информации за нивните житија.

СВЕТА ТЕОДОТИЈА И
НЕЈЗИНИТЕ ТРИ ДЕЦА (2 и 3 век)

29 јули	стар стил
11 август	нов стил

Во нејзиното кратко житие читаме дека света Теодотија била вдовица со три деца и дека живеела во Солун. Заедно со свети Атанасиј му служела на Бога и ја проповедала Христовата вера. За време на владеењето на Диоклецијан, света Теодотија и нејзините три деца биле осудени на смрт и биле живи фрлени во запалена печка. Така нивните свети души се вивнале во својата небесна татковина.

*

За овие маченици од Солун може само да се заклучи дека биле погубени или во 3 или во почетокот на 4 век. Доказ за ова е спомнувањето на римскиот цар Диоклецијан (245 - 313 год.). Веќе наведовме податоци за состојбата во Македонија во ова време.

АВГУСТ

СВЕТИ ЈОАКИМ ОСОГОВСКИ (? - 1105 год.)

16 август	стар стил
29 август	нов стил

Има малку податоци за животот на свети Јоаким Осоговски. Во неговото житие читаме дека тој живеел во исто време со свети Јован Рилски, свети Прохор Пчињски и свети Гаврил Лесновски. Свети Јоаким Осоговски се восхитувал од подвизничкиот живот на свети Игнатиј Богоносец. Еден ден тргнал кон планината Осогово за да се подвизува таму. Првата вечер стигнал во селото Градец, каде бил примен во домот на некој благоверен и богат болјар. Во разговорот со болјарот свети Јоаким Осоговски му рекол дека дошол да се подвизува на Осогово и го прашал дали знае некое погодно место. Болјарот му одговорил дека во планината е опасно да се живее, но дека на падините имало некое место погодно за подвизување. На тоа место имало пештера, а во близина течела реката Скупица. Свети Јоаким се благодарил за овие информации и тргнал на посоченото место подготвен да се подвизува преку постојани молитви и пост, преку трпење на глад, жед и студ и секакви други непријатности. Целта му била што побргу да го помине краткиот земен живот за да го добие вечното небесно богатсво. Така се подвизувал до крајот на својот земен живот.

Еден ден случајно наишле кај него некои ловџии, кои биле разочарни затоа што немале успех во ловењето. Свети Јоаким им покажал каде да ловат и тие навистина тој ден го завршиле со богат улов. Воопшто, целиот живот им тргнал на подобро по средбата со свети Јоаким и добивањето благослов од него. Затоа, по извесно време, повторно решиле да го посетат во пештерата. Но, кога дошле виделе дека свети Јоаким веќе ја предал својата душа на Господа. Достојно ги погребале неговите чесни мошти во пештерата, а подоцна честопати оделе и палеле свеќи на неговиот гроб.

Педесет години по овој настан свештеникот Теодор од селото Осмирдол се населил на истото место во кое се подвизувал свети Јоаким Осоговски. Таму се замонашил. Неколкупати на сон му се јавил свети Јоаким Осоговски и му рекол да ги извади оттаму неговите мошти. Монахот така и направил. Подоцна изградил манастир во близина на гробот на свети Јоаким и го посветил на овој светител. Со текот на времето во манастирот се случиле бројни чудесни излекувања.

*

Најстариот текст за житието на свети Јоаким Осоговски потекнувал од 15 век. Селото Градец се наоѓало на десната страна од Крива Река под планината Осогово. Иако за свети Јоаким Осоговски има малку податоци, врз основа на податокот што монахот, кој ги пренел неговите мошти, живеел во времето на византискиот цар Мануел (кој владеел од 1143 до 1180 година) и врз основа на еден друг податок спомнат во житието (според кој свети Јоаким умрел осум години пред сончевото затемнување, кое се случило во март 1113 година), пресметано е дека тој починал во 1105 година. Тоа значи дека свети Јоаким бил роден во 11 век и во овој век го проживеал најголемиот дел од

својот живот. За приликите во Македонија во 11 век веќе пишуваме во житието на свети Прохор Пчињски.

СВЕТИ АВАКУМ (? - 1628 год.)

7 август	стар стил
20 август	нов стил



о литературата што ја консултиравме има малку податоци за овој светител. Само се знае дека пострадал во името на Господа, во Солун во 1628 година. Споменот за неговото страдање бил забележан во записите на Листот 155 (ракопис 089) во Големата лавра на Света Гора.

*

Најверојатно дека овој маченик бил убиен од Турците заради отвореното проповедање на верата во Христа. Во времето во кое живеел (17 век) забележан е голем прилив на муслиманско население во Македонија поради што веројатно се случувале чести расправии и судири со домородните христијани, кои по правило завршувале пред државните органи во полза на муслиманите.

СВЕТА ВАСА И НЕЈЗИНИТЕ ТРИ ДЕЦА ТЕОГОНИј, АГАПИЈ И ПИСТ (3 и 4 век)

21 август	стар стил
3 септември	нов стил



о житието на овие маченици читаме дека тие живееле во градот Едеса (Воден) во времето на царот Максимијан. Света Васа била мажена за некој паган, кој се викал Валериј. Во бракот им се родиле синовите Теогониј, Агапиј и Пист. Набргу света Васа почнала да ги воспитува своите деца во христијански дух. Заради тоа од својот маж била наклеветена на власта. Била изведена на суд каде отворено изјавила дека е христијанка, по што била затворена заедно со своите три сина. Бидејќи ниту еден од нив не сакал да се откаже од Христа, биле подложени на сурови мачења. Пред очите на света Васа прво ги мачеле нејзините деца, а потоа и ги погубиле. Света Васа ја затвориле во темница каде не и било давано храна. Потоа била терана да им принесе жртва на идолоте, но таа ја фатила статута на Зевс и ја треснала на земјата. Тогаш била одведена на брегот на морето и била фрлена во разбранетата вода, но по осум дена се јавила жива на островот Хелеспонт. Таму пак била фатена и мачена, а на крајот главата и била отсечена.

*

Царот Максимијан владеел од 305 до 311 година. Тоа значи дека света Васа и нејзините деца Теогониј, Агапиј и Пист биле родени во втората половина на 3 век, а биле маченички убиени на самиот почеток од 4 век.

СВЕТИ ЛУП СОЛУНСКИ (? - 304 год.)

23 август	стар стил
5 септември	нов стил

Свети Луп бил слуга на свети Димитриј Солунски. Откако свети Димитриј бил убиен, свети Луп ја зел неговата крвава кошула и прстенот (што свети Димитриј претходно му го дал) и продолжил низ Солун да ја проповеда верата во Христа. Поради тоа и самиот бил осуден на смрт и погубен во 304 година.

*

Повеќе детали за настанот со свети Димитриј се предадени во неговото житие (26 октомври, стар стил, т.е. 8 ноември, нов стил).

СВЕТИ СПАСО РАДОВИШКИ (1774 - 1794 год.)

29 август	стар стил
11 септември	нов стил

Свети Спасо Радовишки бил роден во Радовиш, поради што и му останал прекарот Радовишки. Во тоа време Радовиш било село во Струмичката епархија. Родителите, уште од мал, го воспитувале Спасо во духот на Христовата вера. Кога пораснал отишол да учи занает во Солун. Таму некои Турци го терале да го прими исламот, но тој упорно ги одбивал. Трипати бил изведуван на суд каде бил теран и заплашуван да се откаже од Христа, но тој смело изјавувал дека останува верен на вистинската вера. Потоа бил изведен пред највисокиот судија. Тој прво се обидел со нудење разни подароци да го натера да се приклони кон исламот, но свети Спасо сето тоа го одбил. Поради тоа бил затворен и мачен. За време на мачењето повторно бил убедуван да се откаже од Христа, но тој не попуштил и секогаш смело одговарал: "*Јас сум христијанин и нема да се откажам од својата вера.*" Бил осуден на смрт и кога го воделе надвор од градот за да го обесат, поради големата истоштеност, паднал на патот и така ја предал својата душа на Господа. Имал само дваесет години.

*

Од страна на некои црковни историчари свети Спасо Радовишки, во повеќе наврати, е третиран како различен светител од свети Анастасиј Радовишки. Но, ова е сосема погрешно. Свети Спасо Радовишки и свети Анастасиј Радовишки се една иста личност. *Анастасиј* претставува грчки превод на македонското име *Спасо* и овие имиња имаат иста етиломогија. На ова прв укажа прим. д-р Тодор Влахчев во неколку свои трудови, меѓу кои и во фељтонот: "Светители Македонци, кои не се застапени во Календарот на Македонската Православна Црква" (објавен во "*Македонско Сонце*", од 20.06 до 01.08.1997)

За состојбата во Македонија во 18 век претходно пишувавме во житието на света Кирана, чиј празник се слави на 28 февруари (стар стил), т.е. 7 март (нов стил).

СЕПТЕМВРИ

СВЕТИ АТАНАСИЈ СОЛУНСКИ (1749 - 1774 год.)

8 септември	стар стил
21 септември	нов стил

Свети Атанасиј се родил во селото Колијаки близу Солун. По завршувањето на школувањето во Солун, заминал за Света Гора во манастирот Ватопед. Оттаму заминал за Цариград, а потоа се вратил во Солун. Бидејќи добро зборувал турски и арапски честопати разговарал со Турците за прашања околу верата. Еден ден некој го наклеветил на власта дека бил муслиман, кој поминал во христијанската вера. Поради тоа бил изведен на суд и откако таму изјавил дека Исус е единствениот Бог, бил мачен, а потоа и обесен надвор од Солун. Тоа се случило во 1774 година. Тогаш свети Атанасиј имал 25 години.

*

Веќе пишувавме дека строго било забрането муслиман да помине во христијанството и дека таквите лица биле осудувани на смрт. Спомнавме и дека оваа закана се однесувала и на оние христијани кои наводно пред сведоци изјавувале дека сакаат да поминат во исламот. Сосема е веројатно дека некои Турци ова го злоупотребувале, т.е. го користеле за да се ослободат од повидните христијани. Едноставно, наоѓале лажни сведоци, кои лажно ги обвинувале ваквите христијани, по што тие биле принудувани или навистина да прејдат во исламот или (што често се случувало) да бидат погубени. Според податоците во житието на свети Атанасиј, по се изгледа дека и него го снашла истата судбина затоа што очигледно дека со своите знаења стекнати на Света Гора и со своето познавање на турскиот и на арапскиот јазик тој претставувал можна опасност за фанатизираните муслимани. Најверојатно дека некаде во турските архиви и денес се чува документот за неговото погубување.

СВЕТИ МАКАРИЈ МОНАХ (? - 1527 год.)

14 септември	стар стил
27 септември	нов стил

Свети Макариј бил ученик на цариградскиот патријарх свети Нифонт во времето кога тој се подвизувал во манастирот Ватопед на Света Гора. Уште тогаш кај него се јавила силна желба да го заврши својот земен живот во маченичество за славата на Исус. Тоа му го кажал на свети Нифонт, кој го благословил и му рекол дека Бог ќе му ја исполни желбата, дарувајќи му маченичество.

Тогаш свети Макариј заминал за Солун. Таму видел група муслимани кои седеле и разговарале. Гласно почнал да им зборува дека Исус е вистинскиот Бог и почнал да им ја проповеда вистинската вера. Муслиманите отпрвин зачудено го гледале, а потоа му се нафрлиле и почнале да го тепаат. На крајот го фрлиле в темница. Утредента бил изведен пред суд, каде бил убедуван да се откаже од Христа и да го прими исламот. Тој им одговорил дека тие се во заблуда и дека тие треба да се откажат од својата вера и да бидат крстени. Кога судијата видел дека не може да го убеди, го осудил на смрт. Преподобниот прво бил жестоко тепан, а потоа главата му била отсечена. Истиот миг свети Нифонт добил видение за смртта на својот собрат и се помолил за неговата душа. Тоа се случило во 1527 година.

*

Иако во житието на свети Макариј пишува дека неговото потекло не е познато, фактот што се подвизувал во Света Гора и што маченички решил да пострада токму во Солун, укажува на неговото македонско потекло. За состојбите во Македонија во 16 век веќе пишувавме.

СВЕТА АКИЛИНА (1746 - 1764 год.)

27 септември	стар стил
10 октомври	нов стил

Света Акилина била родена во селото Заквилери во околината на Солун. Еден ден нејзиниот татко отепал некој Турчин. Веднаш бил одведен на суд, каде бил осуден на смрт. Но, тогаш таткото изјавил дека сака да го прими исламот поради што животот му бил поштеден. Во тоа време света Акилина била мало дете, но кога наполнила осумнаесет години, Турците почнале да вршат притисок врз нејзиниот татко да ја преведе во исламот и неа. Таа не сакала ни да слушне, а во тоа имала поддршка и од својата мајка. Света Акилина му рекла на својот татко дека таа не е малодушна како него и дека никој не може да ја натера да се откаже од вистинскиот Бог и Создател на светот. Тогаш татко и ја предал на Турците, кои ја извеле на суд. Мајка и и рекла да се држи смело на судот и да не попушта ни пред најсуровите мачења затоа што голема ќе биде наградата за неа на небесата. Кога света Акилина излегла пред судијата тој отпрвин се обидел да ја предомисли, нудејќи и разни дарови и привилегии, но таа смело изјавила дека е христијанка и дека не се откажува од Христа. Судијата тогаш наредил нејзино мачење. Била врзана за еден столб и жестоко била тепана, но таа сето тоа херојски го издржала. Потоа пак била убедувана да го прифати исламот, но таа останала верна на љубовта кон Христа. Тогаш мачителите продолжиле да ја тепаат. На светителката и биле скршени сите коски и така била оставена да лежи. Некои христијани ја изнеле надвор и ја повикале нејзината мајка. Таа дошла, ја прегрнала својата ќерка и и рекла: "*Што стори чедо мое?*", а света Аликина и одговорила: "*Мајко, го направив она што ти ми го советуваше. Ја одржав верата своја*." Кога го рекла тоа света Акилина ја предала својата душа на Бога, добивајќи го венецот на маченишТвото.

*

Света Акилина е уште една жртва која пострадала во 18 век, како резултат на тогашниот однос на османлиската власт кон христијаните. За состојбата во Македонија во 18 век веќе пишувавме.

ОКТОМВРИ

СВЕТИ ЈОВАН КУКУЗЕЛ (11 и 12 век?)

1 октомври	стар стил
14 октомври	нов стил

Не се знае со сигурност кога точно живеел свети Јован Кукузел. Некои сметаат дека живеел во 11, 12, па дури и во 14 век. Во неговото житие читаме дека тој бил роден во Драч (Албанија), но дека имал *словенско* потекло. Имал прекрасен глас и бил примен во музичкото училиште во Цариград. Неговото презиме Кукузел укажува на неговото македонско потекло. Кога учениците во Цариград на грчки го прашувале што јадел, тој не знаејќи го добро грчкиот јазик, им одговарал дека јаде: "*куку - зелје*" (*куку* на грчки е грав, а *зелје* е македонски збор). Така неговите другари во шега го завикале *Кукузел* и тој прекар му останал.

Набргу се прочул по својот убав глас и станал миленик на царот. Бил поставен за началник на дворските пејачи. Царот посакал да го ожени со некоја своја роднина, но свети Јован го одбил овој предлог и му кажал дека повеќе го привлекува подвизувањето во името на Христа во осаменост. Во тоа време, во Цариград стигнал игуменот на некој манастир од Света Гора. Свети Јован Кукузел се спријателил со него и му ја кажал својата желба за осаменичко подвизување. Игуменот го поддржал и го благословил. Недолго потоа, без да се јави на царот, свети Јован Кукузел отишол во Света Гора во лаврата на Атанасиј Атонски. На тамошните монаси не им кажал дека побегнал од Цариград, туку им рекол дека е овчар, кој сака да се замонаши. Бидејќи на монасите во лаврата им бил потребен овчар, го примиле кај себе, по што и самиот се замонашил. Таму работел разни должности, но најчесто го пасел манастирското стадо во длабочините на Света Гора, постојано молејќи се и размислувајќи за теми од Евангелието.

Во меѓувреме царот разбрал за бегството на свети Јован и наредил да го бараат низ целото царство. Но, без успех. Бог го сокрил преподобниот светител. Еден ден, додека ги пасел овците, свети Јован Кукузел запејал со својот ангелски глас, мислејќи дека никој не го слуша. Но, во негова близина се наоѓал некој пустиник кој, кога ги слушнал божествените песни што ги пеел свети Јован, буквално се стаписал. Пустиникот веднаш отишол во лаврата и им кажал на тамошните монаси за гласот на свети Јован. Кога тој се вратил монасите побарале од него да ја каже вистината за себе, по што тој признал дека бил главен пејач во Цариград и љубимец на царот. Ги замолил да не го враќаат таму, туку да го остават да продолжи да им го паси стадото. Но, игуменот, плашејќи се од царот, самиот отпатувал во Цариград и лично му кажал на царот дека свети Јован Кукузел се наоѓа во неговата лавра. Истовремено му ја кажал големата желба на свети Јован да остане таму. Царот со тешко срце се согласил и дозволил свети Јован да остане во лаврата. Игуменот се вратил во Света Гора и му ја соопштил

радосната вест на свети Јован Кукузел. Така, тој бил слободен да се подвизува според својата волја. Во близината на манастирот си изградил ќелија, каде се подвизувал шест дена во неделата, а во неделите и во празниците пеел во Соборната црква. Таму еднаш имал видение на света Богородица која го охрабрила и натаму да пее за славата на Бога. Во оваа лавра свети Јован Кукузел ја предал својата душа на Бога.

*

Иако во неговото житие пишува дека свети Јован Кукузел бил роден во Драч, за местото на неговото раѓање постојат и поинакви мислења. Нашиот истакнат историчар на музиката Сотир Голабовски во својот труд "Свети Јован Кукузел" (Годишен Зборник, книга 3, Богословски факултет "Свети Климент Охридски", Скопје, 1997) прави осврт на сите досега познати извори и теории околу потеклото на свети Јован Кукузел. Така, тој го наведува цитатот од "Музичка Енциклопедија 2", (Загреб, МСМ ЛЏИИИ, стр.69), каде во врска со потеклото на овој светител, пишува:

"*Се знае дека е роден во Македонија (веројатно Дебарско*)".

Сотир Голабовски наведува и едно народно предание според кое свети Јован Кукузел се родил во Дебарско (село Џерменци). Впрочем, јасен доказ за неговото македонско потекло е и самиот негов прекар во кој е содржан македонскиот збор *зелје*.

Оние кои сметаат дека свети Јован Кукузел живеел во 11 и 12 век велат дека византискиот цар, кому свети Јован му станал миленик, бил царот Алексеј Први Комнен, кој владеел од 1081 до 1118 година.

Свети Јован Кукузел оставил значајни дела од црковното пеење.

СВЕТИ ДОМНИН (4 век)

1 октомври	стар стил
14 октомври	нов стил

Свети Домнин бил роден во Солун. Во времето кога царот Максимијан градел свој дворец во Солун, свети Домнин јавно го проповедал Христовото име. Царот разбрал за ова и наредил да го доведат пред него. Максимијан го прашал светителот како може да исповедува друг Бог и да не ги признава *боговите* на нивните предци? Тогаш свети Домнин почнал да ги исмева тие *богови*, заедно со царот. Суровиот цар многубожец наредил негово мачење. Сето тоа светителот смело го издржал вооружен со молитвата и љубовта кон Христа. Тогаш бил изведен надвор од градот каде му биле отсечени обете нозе. Но, светителот уште седум дена бил жив, а потоа ја предал својата душа на Господа.

*

Царот Максимијан Галериј владееел од 305 до 311 година. Свети Домнин настрадал само неколку години пред Миланскиот едикт (313 год.), со кој било дозволено слободно проповедање на христијанството во Римската империја. Свети Домнин живеел во време кога Македонија и натаму се наоѓала под римска окупација.

СВЕТИ ТЕОФИЛ (8 век)

10 октомври	стар стил
23 октомври	нов стил

Свети Теофил се родил близу градот Тиверiопол (денешна Струмица) во семејство на побожни родители. Кога имал три години бил крстен. Еднаш родителите го одвеле во некоја планина за да прими благослов од светиот отец Стефан. Таму се задржале во подолг разговор со светителот, по што тој ги благословил. Оттогаш малиот Теофил почнал да напредува во изучувањето на тајните на Светото Писмо. Кога наполнил тринаесет години имал видение дека отец Стефан го повикува и без да им се јави на родителите, го напуштил својот дом и заминал да живее кај него. Старецот сфатил дека тоа е Божја промисла и го задржал малиот Теофил. По три години подвизнички живот, старецот му предложил на игуменот на лаврата да го замонаши Теофил. Така свети Теофил останал да се подвизува во лаврата украсен со сите духовни квалитети. Во меѓувреме, неговите родители упорно го барале и по неколку години барање го нашле во лаврата. Отпрвин почнале да го убедуваат да се врати дома кај нив, но откако ја сфатиле длабочината и радоста на монашкиот живот, го замолиле игуменот да го ослободи барем на извесно време, ветувајќи дека од свои средства ќе подигнат манастир каде ќе се подвизува свети Теофил. Така и се случило. По извесно време родителите подигнале манастир, а свети Теофил останал таму да се подвизува се до својата старост. Во тоа време на власт во Византија дошол иконоборскиот цар Лав Исавријанец. Почнало безумно уништување на светите икони. Свети Теофил силно се спротивставувал на ова и набргу бил уапсен и одведен во Никеја кај царот. Таму светителот не се откажал од својата почит кон светите икони поради што бил жестоко тепан и мачен. Но, некој царски големец подоцна го ослободил свети Теофил и го одвел кај себе. Таму разговарале на тема за иконите. Големецот, исто така, се залагал за нивно уништување, но свети Теофил смирено успеал да го убеди во неговата заблуда. Така бил ослободен и се вратил во својата лавра. Таму останал се до своето заминување кај Бога.

*

Свети Теофил живеел во 8 век. Ова се гледа од фактот што живеел во времето на царот Лав Трети Исавријанец, кој владеел од 714 до 741 година. Токму овој цар го почнал иконоборството на тлото на Византиската империја. Тоа тој го сторил со декрет донесен во 726 и 730 година. Овој декрет бил осуден од папата. Иконоборците (посебно во Цариград) направиле огромни штети, уништувајќи голем број свети икони. Наследникот на Лав Трети Исавријанец, по име Константин Петти, ја продолжил оваа безумна активност, но подоцна иконоборството било осудено.

СВЕТИ 26 ЗОГРАФСКИ МАЧЕНИЦИ (? - 1282 год.)

10 октомври	стар стил
23 октомври	нов стил

Свие свети маченици биле убиени во 1282 година од страна на Латинската војска. Претходно (во 1274 година) византискиот цар Михаил Осми Палеолог создал унија со папата за да добие помош од него во својата борба против Србите и Бугарите. Светогорските монаси упатиле протест против

византискиот цар, барајќи од него да ја укине оваа унија. Но, тоа не се случило и Латинската војска набргу стигнала и во Македонија, правејќи голем пустош. Не била поштедена ни Света Гора. Монасите и игумените биле убивани, а манастирите биле палени. На ред дошол и манастирот Зограф. Тамошниот игумен Тома ги прашал монасите дали некој од нив сака да загине со маченичка смрт. Вкупно дваесет и шест останале и се затвориле во манастирската кула. Кога дошле Латините ја запалиле кулата и во неа изгореле сите маченици. Додека горела кулата тие пееле псалми. Тоа се случило на 10 октомври 1282 година. Меѓу овие светители четворица биле мирјани (работници во манастирот), еден бил игумен, а останатите биле монаси. Имињата на овие светители се: игуменот Тома, монасите: Варсануфиј, Кирил, Михеј, Симон, Иларион, Јаков, Јов, Кипријан, Сава, Јаков, Мартинијан, Козма, Сергиј, Мина, Јоасаф, Јоаникиј, Павле, Антониј, Евтимиј, Дометијан, Партениј, а имињата на мирјаните останале непознати.

*

Настанот опишан во ова житие се случил во времето на последната пообемна Крстоносна војна, организирана во 1270 година. Византискиот цар Михаил Осми Палеолог (владеел од 1261 до 1282 година) е всушност царот што повторно ја обновил Византиската империја откако во 1261 година го одзел Цариград од Латините (под чија власт се наоѓал од пред тоа, за време на претходната Крстоносна војна). Веќе пишувавме дека во 1204 година Латините на својот поход против муслиманите го освоиле Цариград. По 57 години латинско владеење царот Михаил Осми Палеолог ја повратил власта над овој град. Но, подоцна склопил сојуз со папата (заради опасноста од Србите и од Бугарите) по што Латинската војска повторно навлегла во Македонија и ги направила масакрите во Света Гора.

Етничкото потекло на 26-те маченици што загинале во Зографскиот манастир не е познато, но повеќе од сигурно е дека добар дел од нив биле домородни Македонци. Во житијата на македонските светители гледаме дека добар дел од нив се подвизувале токму во македонската област Света Гора. Ова може да се каже и за четворицата работници кои не биле жители на манастирот, туку повремено работеле во него, што значи дека најверојатно биле домородни жители на Света Гора.

СВЕТА ЗЛАТА МЕГЛЕНСКА (? - 1795 год.)

13 октомври	стар стил
26 октомври	нов стил

Оваа македонска светителка се родила во селото Слатина во Мегленско. Нејзините родители биле сиромашни и имале уште три ќерки. Света Злата била побожна девојка, која живеела мирен богоугоден живот. Била и многу убава. Поради нејзината убавина некој Турчин страсно ја посакал. Еден ден, кога таа излегла со своите другарки во шумата, Турчинот потплатил некои арамии да ја грабнат и да ја одведат во неговиот дом. Таму отпрвин се обидувал да ја натера да се потурчи, ветувајќи и дека ќе ја земе за жена. Но, света Злата останала непоколеблива и на ваквите ветувања му рекла:

"Јас верувам во Христа и Нему Му се поклонувам и само Него Го знам како мој младоженец. Од него никогаш нема да се откажам дури и ако ме ставите на илјада маки или ако ме исечете на ситни парчиња."

Тогаш Турчинот ја ставил да живее заедно со останатите негови жени, надевајќи се дека тие ќе ја наговорат да се потурчи. Уште какви ли не ветувања не и кажувале овие жени, но света Злата не попуштила. По шест месеци Турчинот сфатил дека ни тоа не му помага, па затоа ги повикал нејзините родители и им се заканил дека ќе ја убие ако не ја натераат да се потурчи. Тогаш нејзините родители и сестри почнале да ја проколнуваат да се потурчи. Притоа и зборувале дека Бог ќе и го прости тој грев штом е направен под принуда. На сето ова света Злата им рекла:

"*Штом вие ме советувате да се откажам од Христос, вистинскиот Бог, не сте веќе мои родители и не сте веќе мои сестри. Јас имам татко, а тоа е Господ Исус Христос. Имам и мајка, а тоа е света Богородица, а браќа и сестри ми се светителите и светителките.*"

Кога Турчинот видел дека ни тоа не помага наредил да ја затворат. Три месеци света Злата била затворена при што секојдневно била сурово тепана и мачена. Но, сите маки света Злата херојски ги издржала охрабрена од својот чувар Исус Христос. На крајот била обесена, а телото потоа и било исечено на парчиња. Така таа ја предала својата бесмртна душа на својот Младоженец Исус Христос. Подоцна деловите од нејзиното тело христијаните кришум ги погребале. Света Злата Мегленска маченички настрадала во 1795 година.

*

Житието на света Злата Мегленска било запишано според кажувањата на духовникот Тимотеј, кој бил духовен отец на нивното семејство и кој бил сведок на нејзините страдања. Веќе пишувавме за состојбата во Македонија на крајот од 18 век, т.е. во времето кога маченички пострадала света Злата Мегленска. Тоа е време непосредно по војната помеѓу Османлиската империја од една страна и Австрија и Русија од друга страна, кога во Македонија под Турција владеела вистинска анархија. Крстосувале арамиски банди, кои нанесувале големи зла на мирното население и кои притоа соработувале со локалните феудалци. Најверојатно и во случајот со света Злата се работи за нешто слично затоа што гледаме дека и таа била грабната од арамии. Во годината на мачeничката смрт на света Злата Мегленска (1795) забележан е ферманот од османлискиот султан Селим Трети во кој самиот пишува дека: "*поредокот во земјата е нарушен, а царските закони никој не ги почитува*."

СВЕТИ ФЛОРЕНТИЈ (3 век)

13 октомври	стар стил
26 октомври	нов стил

Свети Флорентиј бил роден во Солун. Како христијанин и бранител на вистинската вера, тој им се потсмевал на многубошците, тврдејќи дека нивните *богови* се само обични предмети од камен, дрво, злато или сребро. Затоа бил ставен на жестоки маки по што маченички настрадал откако бил жив фрлен в оган. Настрадал на почетокот на 3 век.

*

Во времето кога настрадал свети Флорентиј, Македонија повеќе од три и пол века се наоѓала под римска окупација. Во тоа време на чело на Римската империја бил царот Септимиј Север (193 - 211 год.). Мачењата и масакрите над христијаните во Римската империја почнале уште во првиот век.

СВЕТИОТ ЕВАНГЕЛИСТ ЛУКА (1 век)

18 октомври	стар стил
31 октомври	нов стил



о житието на светиот евангелист Лука читаме дека тој се родил во Антиохија, од каде дошол во Ерусалим и лично Го следел Господ Исус Христос. Иако пред тоа бил солидно образован, свети Лука сфатил дека божествената мудрост и знаење што ги стекнал од своите контакти со Исус ни оддалеку не можеле да му ги пружат науките што ги знаел. За време на распнувањето на крст на Исус, свети Лука се наоѓал во Ерусалим и неговата неизмерна жалост по Спасителот, бргу била претворена во радост кога лично Го видел воскреснатиот Исус. Потоа свети Лука заминал за Антиохија каде веќе имало голем број христијани. Станал придружник во мисионерските патувања на светиот апостол Павле при што неколку години се задржал во Македонија каде ја проповедал Христовата вера. Го следел свети Павле и во Палестина, Феникија и Јудеја, а подоцна и во Рим. Таму се смета дека свети Лука ги напишал своето Евангелие и Делата апостолски. Неговата работа ја надгледувал и ја одобрил лично светиот апостол Павле. Потоа свети Павле бил затворен во Рим, а откако одлежал две години, бил пуштен на слобода. Тогаш тој го напуштил Рим и ги посетил неколкуте цркви што пред тоа ги основал. Кога по втор пат стигнал во Рим свети Павле пак бил затворен и мачен, а подоцна бил и убиен. Најверојатно свети Лука бил сведок на овие настани. Свети Лука продолжил да ја проповеда Христовата вера во Италија, Далмација и Галија, а посебно во Македонија во која и пред тоа најмногу престојувал. Бил и во Египет, каде во Александрија поставил нов епископ, а потоа заминал на територијата на денешна Грција, каде во градот Теба бил мачен и обесен од страна на тамошните пагани. Тогаш бил на возраст од осумдесет и четири години. Во втората половина на 4 век неговите свети мошти биле пренесени во Цариград. На неговиот гроб се случиле многу чудесни излекувања. Се смета дека светиот евангелист Лука ја насликал првата икона на која бил ликот на света Богородица.

*

Свети Лука е најзастапениот автор во Новиот Завет и од неговите дела континуирано се напојуваат сите генерации христијани. Свети Лука ги напишал клучните делови од Новиот Завет, а тоа се: *„Евангелието по Лука"* и *„Делата апостолски"*. Пред да стане христијанин свети Лука воопшто не му припаѓал на јудаизмот. Напротив, тој отпрвин бил паган.

За сосема извесното македонско етничко потекло на свети Лука ќе наведеме неколку моменти.

Прво, ќе кажеме дека за свети Лука некои библиски историчари сметаат дека бил роден во градот Антиохија, а видовме дека овој податок е застапен и во неговото житие. Овие историчари главно се потпираат на пишувањето на ранохристијанскиот историчар Евсевиј. Антиохија, пак, бил населен со значителен број Македонци (за што ќе пишуваме во продолжение). Во врска со родното место на свети Лука постои и друга теорија, која исто така ќе ја спомнеме во продолжение. Силна индиција за македонското потекло на светиот евангелист Лука е и неговата претходна припадност на паганизмот (верување во балканските митолошки *богови*) и неговото одлично познавање на јазикот коине. Впрочем, свети Лука ги напишал своите дела од Новиот Завет токму на јазикот коине, за кој се знае дека претставувал мешан јазик. Дека неговите дела (но и

остатокот од Новиот Завет) биле напишани на јазикот коине (а не на стариот грчки јазик) ќе наведеме цитат од трудот на познатиот библиски историчар д-р Чарлс Френсис Потер, во кој тој децидно потенцира дека јазикот на Новиот Завет не е грчки, туку дека е коине. Тој дури ги обвинува сите оние кои тврделе дека Новиот Завет бил пишуван на *старогрчки јазик*. Во врска со ова д-р Потер пишува:

"*Таканаречениот 'Грчки Нов Завет' не бил напишан на литературен грчки јазик, туку бил напишан на обичниот јазик коине. Тоа што овој факт не бил сфатен се до 20 век секако дека претставува една од најголемите грешки на учените која имаше трагични ефекти.*" (Dr Charles Francis Poter: >The Lost Years of Jesus Revealed<; A Fawcett Gold Medal Book, Published by Ballantine Books, Copyright 1962, 1958, CBS Publications, стр. 40).

Д-р Потер тврди дека јазикот коине во тоа време отприлика бил исто што е денес јазикот есперанто.

Значи, Новиот Завет бил напишан на јазикот што токму Македонците го наложиле како официјален јазик во земјите со кои владееле. Токму на овој јазик пишувал и свети Лука, кој освен тоа (според некои теории) бил роден во град каде што доминирале Македонците. Иако во Антиохија имало и еврејска колонија за свети Лука се знае дека не бил припадник на јудаизмот.

За македонското етничко потекло на светиот евангелист Лука ќе спомнеме уште еден интересен податок. Имено, кај нас е малку познато дека во светот постојат сериозни странски истражувачи кои тврдат дека свети Лука и навистина бил по потекло Македонец. Овие истражувачи тврдат дека свети Лука не бил роден во Антиохија, туку дека бил роден во - Македонија (иако во следниот дел од книгава ќе видиме дека и Антиохија била претежно населена со Македонци). Како доказ за постоењето на оваа теорија, ќе наведеме дел од биографијата на свети Лука, преземен од светски познатата општа ЦД американска енциклопедија Енцарта (цит. дело, наслов: *Luke*, *saint*). Текстот за биографијата на свети Лука во оваа енциклопедија е составен врз основа на делата од врвни светски познавачи на оваа тема. Некои од овие библиски историчари претпоставуваат дека свети Лука бил Македонец од Македонија и дека всушност тој го повикал свети Павле да дојде во Македонија. Во врска со ова, во наведената енциклопедија читаме:

"*Свети Лука живеел во првиот век по Христа. Во Новиот Завет тој е претставен како придружник на свети Павле...Тој веројатно бил паган, затоа што свети Павле го одделува него од своите еврејски соработници ... Како што употребата на прво лице множина во Делата апостолски (16:10-17) може да ни покаже,* ***и ако авторот на Делата апостолски бил ,човекот од Македонија'*** *(Дела апостолски, 16:9), Лука очигледно му се придружил на Павле во Троада, главниот град на Римската провинција во Азија*. *Подоцна, тој веројатно го придружувал Павле на неговото Второ мисионерско патување се до античко-македонскиот град Филипи, каде останал неколку години, додека Павле патувал низ Грција и Македонија.* (...)" (Подвлекувањето е наше).

Значи, според оваа теорија, свети Лука бил Македонец од Македонија и токму тој го повикал свети Павле да дојде во нашата земја. Притоа, свети Лука го пречекал свети Павле во Троада (малоазиски град недалеку од Македонија), а потоа заедно со него се вратил во Македонија.

Уште подецидна потврда за постоењето на оваа теорија имаме во познатото американско издание "Библиски земји" (*Библеландс*) пишувано под надзор на д-р Клинт Арнолд од Теолошкиот Талбот Семинар. Овде исто така е спомната претпоставката дека свети Лука бил Македонец од Македонија. Во врска со ова читаме:

"*Додека престојувал во Троада, Павле имал визија на човек од Македонија, кој го повикал да појде во таа провинција.* ***Некои претпоставуваат дека човекот од Македонија бил лично Лука****, но ова тешко може да се потврди.***"** (Подвлекувањето е

наше з.м.). (“Dr.Clint Arnold and his class at Talbot Theological Seminary, *The Biblelands Project*. Copyright 1999 by Mustardseed Media,Inc Web site:http://www.mustardseed. net).

Македонското потекло на свети Лука го потенцира и нашиот црковен историчар и теолог проф. д-р Ратомир Гроздановски, кој смета дека само доколку свети Лука бил Македонец од Филипи, можел толку добро да ја познава топонимијата на овој град. (*Свети Лука - Македонец* в. “Нова Македонија”, 31.10.2002).

Најнакрај ќе спомнеме уште еден момент за извесното македонско етничко потекло на свети Лука. Се работи за еден многу интересен податок. Знаеме дека свети Лука ги напишал своите библиски дела (“Евангелие по Лука” и “Дела апостолски”) на јазикот коине. Внимателните проучувачи и аналитичари на најстарите преписи на неговите дела дошле до едно зачудувачко откритие. Тие откриле дека свети Лука во “Дела апостолски” употребил еден античко-македонски збор, што го немало во ниту еден друг текст откриен на територијата на денешна Грција. Истиот овој збор го имало на бројни натписи ширум цела Македонија, но не и на територијата на денешна Грција. Овој збор бил откриен и на древниот споменик *Вардарова Порта* во Солун. Во горе-споменатото издание “Библиски земји “ во врска со сето ова читаме:

“*Лука, во своите објаснувања за престојот на Павле во Солун, употребува еден збор за ‚градските старешини' што не се среќава во ниту еден друг текст од грчката литература. Истиот овој збор е пронајден на еден натпис на ‚Вардаровата Порта', како и на бројни други натписи низ цела Македонија. Овој податок дава поткрепа во прилог на историската автентичност на објаснувањата на Лука.*” (“Archaeological Remains in Thessalonica<, Dr.Clint Arnold and his class at Talbot Theological Seminary,The Biblelands Project. Copyright 1999 by Mustardseed Media, Inc Web site: http://www. mustardseed.net).

Но, кој е тој античко-македонски збор, што го употребил свети Лука, а кој збор го немало во ниту еден литературен антички грчки текст? Тоа е зборот *политарси* чија етимологија била токму *градски старешини*. Овој термин свети Лука го употребил во “Дела апостолски” (17,6).

Кои биле *политарсите*? Тоа биле еден вид локални (градски) управници и биле чиста македонска институција, која ја немало во ниту еден грчки град-држава. Токму затоа овој термин е пронајден исклучиво на натписи на територијата на Македонија и токму затоа истиот го немало во ниту еден старогрчки текст! Најстарото спомнување на овој термин датира уште од 3 век пред Христа, т.е. од времето на македонскиот владетел Касандар. Овој термин (институција) се среќавал и на натписи во македонските колонии, т.е. на територии што тогаш биле под македонска власт. Конкретно натписот од 3 век пред Христа се наоѓа на територијата на тогашна Илирија, која во тоа време била македонска колонија. Истиот термин е пронајден и во една македонска колонија во Тракија. Римјаните, и по окупацијата на Македонија, ја задржале оваа институција во македонските градови, па од римско време, во Македонија, има зачувано повеќе од педесет натписи во кои се споменува терминот *политарси*. На територијата на денешна Грција, пак, ниту од римско време не е откриен ниту еден текст во кој е спомнат овој древно-македонски термин.

Некој можеби ќе забележи дека овој термин во основа е грчки. Терминот всушност претставува кованица во која се содржани именките: *град* и *владетел* (*политарси*). На ова ќе одговориме дека е факт оти меѓу досега зачуваните зборови од античкиот македонски јазик се среќаваат и некои зборови, исти или слични со соодветните термини до тогашниот грчки јазик. Но, за овие зборови се знае дека античките Македонци и навистина ги позајмиле од грчкиот јазик. (Овде нема да навлегуваме во елаборирање на анализите на старогрчкиот јазик во смисла, кои елементи од овој јазик не биле оригинални грчки, туку биле преземени од постарите јазици. Оставаме можност за прифаќање на сите идни откритија во овој правец).

За да го објасниме ова подобро ќе потсетиме дека и во денешниот македонски јазик имаме прифатено многу странски термини за кои немаме соодветни наши (телевизор, сателит, аудио-систем, телефон) и многу други (секако дека таков е случајот и со сите други јазици на светот - нема јазик кој во себе не содржи позајмици од друг јазик). Е, сега да претпоставиме дека во денешниот македонски јазик ќе биде создадена некоја кованица од два вакви увезени збора, која ќе одговара само на некој автентичен македонски поим. Ваквата кованица (иако во основа ќе биде создадена од увезени зборови) сепак ќе биде македонска, затоа што ќе ја нема во останатите јазици, па дури ни во оние од кои се прифатени зборовите што ја сочинуваат. Ист таков бил случајот и со зборот *политарси*. Тој збор е македонска кованица, соодветна за автентичен македонски поим (специфичен облик на локална самоуправа) што како таква ја немало во јазикот од кој биле примени зборовите од кои таа била создадена.

Значи терминот (кованицата) *политарси* Македонците најверојатно го создале од позајмени грчки зборови, но она што е поважно е фактот дека ваква кованица немало во тогашниот грчки јазик, затоа што ваква институција немало на територијата на денешна Грција. Тоа била чиста македонска инситуција.

Но, да се вратиме на светиот евангелист Лука. Се поставува прашањето: зошто тој го употребил античко-македонскиот термин *политарси* во своите *Дела апостолски?* Јасно е дека тој и навистина можел да биде само Македонец од Македонија, кој како домороден жител, многу добро знаел за оваа македонска институција, па затоа и ја спомнал во своите дела.

Сигурно дека доколку тој бил Грк (или каков било друг странец) тешко дека ќе употребел туѓ термин, затоа што се знае дека Грците во антиката воглавно ги *погрчувале* сите странски термини (поими, топоними, па дури и лични имиња) на кои наидувале. Тоа е познатиот феномен преку кој оригиналните имиња на мнозина египетски, индиски, либиски, македонски и други негрчки божества во старогрчките записи биле заменувани со имињата на најблиските соодветни божества од грчката митологија. Тогашните старогрчки автори воопшто не се мачеле да ги запишуваат оригиналните имиња на овие божества, туку едноставно нив ги заменувале со имиња од сопствената култура. Така било и со личните имиња и топоними од странските негрчки народи.

Ова значи дека доколку свети Лука бил Грк, тогаш со голема веројатност можеме да претпоставиме дека (во склад со однесувањето на мнозинството тогашни грчки автори, кои обилно го користеле феномненот *Интерпретато Граеца*) и тој ќе го *заменил* македонскиот термин *политарси* со некој приближен, нему познат и поблизок, грчки термин за *градските старешини*. Но, тој го употребил токму оригиналниот македонски термин. Дали ова не е силна индиција за неговото македонско етничко потекло? Овде секако е и неговото име Лука, прозлезено од коине терминот *лукс*, што значи светлина, но воедно сосема одговара и на денешниот македонски збор *луч,* т.е. *лач* (зрак од светлина).

Меѓутоа зборот *политарси* не бил единствениот македонски збор употребен во Новиот Завет. Постои уште еден неверојатно интересен случај, а се однесува да зборот *Краватос*. Состојбата со овој античко-македонски збор е многу интересна и истата бара поширока елаборација. Но, пред тоа да кажеме нешто за неговото значење.

Овој збор е спомнат во големиот речник на Лидел и Скот. Во врска со неговото значење читаме:

“*Краватос, кауч или кревет. На латински грабатус. Спомнат е во Новиот завет. Тоа бил македонски збор.* (Liddell and Scott: "*An Intermediate Greek-English Lexicon*". Oxford, Clarendon Press, 1889, ISBN: 0199102066).

Во "*Речникот на грчки и римски старини*" во врска со овој збор читаме: "*Зборот краватос бил употребен во Новиот Завет... Саламсиј вели дека тоа бил македонски збор*". ("*A Dictionary of Greek and Roman Antiquities*", William Smith, LLD. William Wayte. G. E. Marindin. Albemarle Street, London. John Murray. 1890).

Практично, овде имаме едно важно сознание, а тоа е дека уште еден античко-македонски збор бил употребен во оригиналниот текст на Библијата (Новиот Завет). Она што е уште поинтересно е дека и изговорно и семантички овој збор (ако се отстрани грчкиот суфикс "*ос*") е речиси идентичен со денешниот македонски збор *кревет* (кој, секако дека го има и во други *словенски* јазици). Очигледно е дека и зборот *краватус* е еден од оние македонски зборови, кои биле дисперзирани во латинскиот јазик, каде останал зачуван како *грабатус*. Овој античко-македонски збор ни открива уште еден интересен момент. Авторот Е. Т. Мерил дава прецизно толкување на етимологијата на овој збор, па тврди дека *краватос* бил *постела на ногарки*. Тој пишува:

"*Краватос е македонски збор за постела на ногалки*". ("*Catullus*" E. T. Merrill, Cambridge, Harvard University Press, 1893, OCLC:: 35523114).

Ако направиме осврт кон етимологијата на денешниот македонски збор *кревет*, ќе видиме дека во коренот на овој збор е содржан глаголот *крева.* Тоа значи дека етимологија на *кревет* би била "*постела, подигната, т.е. крената од подот*" (*постела на ногарки*). Штом иста таква етимолиогија има и античко-македонскиот збор *краватос* (*постела на ногарки*), тогаш со голема веројатност може да се претпостави дека и глаголот *крева* (како основа на именката *кревет*) во јазикот на античките Македонци се изговарал слично.

Патем да кажеме дека зборот *краватос* не го употребил само светиот евангелистит Лука, туку истиот е употребен и од светите евангелисти Марко и Јован. Свети Лука го употребил зборот *краватос* со значење *кревет*, во "*Дела Апостолски*" (5, 15 и 9,33). Ова е уште еден сегмент во поткрепа на теоријата за неговото античко-македонско етничко потекло.

Да го спомнеме и фактот дека делови од своето Евангелие свети Лука ги напишал токму во Македонија, и тоа во градот Филипи (подетално кај: Д-р Ѓорѓи Поп-Атанасов: "Библијата за Македонија и Македонците", цит. дело, стр.115).

Интересно е и тоа што додека светиот евангелист Лука среде Македонците пишувал делови од Евангелието, на територијата на денешна Грција тој бил мачен и обесен. Конкретно свети Лука бил убиен од Грците во Теба.

СВЕТИ ИЛАРИОН МЕГЛЕНСКИ (? - 1164 год.)

21 октомври	стар стил
3 ноември	нов стил

Свети Иларион Мегленски живеел во 12 век. Неговите родители биле истакнати и побожни луѓе, но отпрвин немале деца и денонoќно Му се молеле на Христа да им подари рожба. Една ноќ во сонот на жената и се јавила света Богородица и и рекла дека наскоро ќе забремени и ќе роди син. Така и се случило. Жената забременила и родила син. Го крстиле Иларион. Кога пораснал Иларион почнал да ги учи свештените книги, а кога наполнил осумнаесет години го напуштил домот на своите родители и се замонашил во еден манастир.

Поради своите подвизи од кои сите се восхитувале, по смртта на игуменот, тој бил избран за нов игумен на манастирот. Секогаш се грижел за своите духовни браќа и им служел за пример и углед.

Еден ден на охридскиот архиепископ Евстатиј на сон му излегла света Богородица и му рекла дека треба свеќата да ја остави на свеќникот, т.е. дека треба преподобниот Иларион да го постави за епископ на народот во Меглен. Слушајќи ја Божјата промисла, архиепископот така и направил и набргу свети Иларион бил хиротинисан за епископ мегленски. Во тоа време во Византија (а посебно во Македонија) била раширена богомилската ерес против која свети Иларион водел голема борба. Истовремено водел борба и против сектата на монофизитите. Секогаш во споровите со еретиците околу толкувањето на Светото Писмо излегувал како победник и мнозина од нив успеал да ги врати на вистинскиот пат за спасение. Во неговото житие се предадени детални описи на неговите беседи и полемики со еретиците. Така го поминал својот земен живот, грижејќи се постојано за своите собраќа и бранејќи ја вистинската Христова вера пред наездата на еретиците. Кога дошло време да се прости од овој свет, за свој наследник го поставил монахот Петар. Недолго потоа ја предал својата душа на Бога, Кому целиот живот верно Му служел. Бил погребан во Меглен со сите почести. Подоцна на неговиот гроб се случиле неколку чудесни излекувања, а бугарскиот цар (од влашко потекло) Калојан ги пренел светите мошти на Иларион Мегленски во Трново. Оттаму моштите биле пренесени во Цариград.

*

Житието на свети Иларион Мегленски го запишал Трновскиот патријарх Евтимиј (1375 - 1418 год.) врз основа на податоци од постари и пократки житија. Свети Иларион Мегленски се подвизувал во времето на византиските цареви Јован и Манојло Комнен (1143 - 1180 год.). Хиротонисувањето на свети Иларион за епископ на Меглен се случило во 1134 година. Бугарскиот цар (од влашко потекло) Калојан владеел од 1197 до 1207 година и во негово време обновената бугарска држава се проширила за сметка на Византија, па затоа ги пренел моштите на свети Иларион во Трново. Тоа се случило во 1206 година. Свети Иларион Мегленски починал токму во годината кога настанал познатиот живопис во Нерези.

СВЕТИ ДИМИТРИЈ СОЛУНСКИ (? - 306 век)

26 октомври	стар стил
8 ноември	нов стил

Свети Димитриј Солунски е еден од најпознатите македонски светители. Во неговото житие читаме дека бил роден во градот Солун и дека потекнувал од угледно семејство. Неговиот татко бил војвода на Солун, но кришум бил христијанин и тајно го славел Исус. Во својот дворец во најголема тајност чувал две икони - едната со Исус Христос, а другата со света Богородица. Но, тој тагувал заедно со својата сопруга затоа што немале деца. Постојано се молеле на Бога и Севишниот им ја исполнил желбата. Им подарил син кого го крстиле Димитриј. Целиот Солун се радувал на раѓањето на нивниот син, а тие направиле голема прослава при што не ги заборавиле ни најсиромашните.

Кога пораснал Димитриј, неговите родители кришум го упатиле во тајните на Светото Писмо. Но, по извесно време неговите родители починале. Царот Максимијан, согледувајќи дека свети Димитриј е умен и способен човек, го поставил за намесник на

целата солунска област. Кога дошол на оваа должност свети Димитриј почнал да се грижи за своите поданици со големо човекољубие. Но истовремено тој јавно ја проповедал Христовата вера, поради што солунчаните го нарекле *Втор свети апостол Павле.* Мнозина успевал да ги поведе по вистинскиот пат на спасение. Овие негови дела стигнале и до ушите на царот Максимијан, кој многу се налутил кога слушнал дека неговиот намесник е христијанин. Еден ден, кога се враќал од некој воен поход, царот Максимијан дошол во Солун. Пред тоа свети Димитриј му рекол на својот слуга Луп да го раздаде неговото богатсво на сиромашните. Потоа почнал да се моли и да пости, подготвувајќи се да го понесе маченичкиот венец. Кога дошол царот веднаш го повикал свети Димитриј кај себе за да го испрашува. Таму свети Димитриј смело изјавил дека е христијанин и дека нема да се откаже од вистинската вера. Тогаш бил сменет од функцијата и бил фрлен во затвор. Во ќелијата свети Димитриј се молел на Бога и така наоѓал смирение за својата душа и сила за својот мачанички подвиг.

Во тоа време царот Максимијан многу ги мачел христијаните. Во Солун тој имал изградено арена за гладијаторски борби. Рингот се наоѓал на столбови, а под рингот имало исправени копја со врвовите нагоре, така што секој што ќе паднел, паѓал директно врз копјата. Максимијан имал свој омилен борец, кој се викал Лиј и по потекло бил Вандал. Нему сосила му биле доведувани христијани за да се *бори* со нив. Така загинале многу христијани, кои тој ги фрлал врз копјата. Но, тогаш за борба се пријавил младиот солунчанец Нестор. Бидејќи и самиот бил христијанин, претходно отишол кај свети Димитриј (кој тогаш лежел во затворот) за да добие благослов од него. Откако добил благослов од свети Димитриј, Нестор се борел со Лиј и го победил. Вандалот паднал врз копјата и загинал. Кога го видел тоа царот Максимијан се налутил и наредил да го убијат Нестор, кој бил исечен со мечевите на војниците. Истовремено наредил да биде убиен и свети Димитриј. Во времето кога стражарите дошле да ја извршат злосторничката наредба, свети Димитриј се молел на Бога. Подоцна христијаните го погребале неговото тело. Неговиот слуга Луп ја зел неговата крвава кошула и прстен (што свети Димитриј претходно му го дал) и со нив направил неколку чуда.

Кога престанал прогонот над христијаните, над гробот на свети Димитриј била подигната црква. Свети Димитриј и денес се слави како заштитник на Солун и познати се бројни чудеса со неговиот гроб и со црквата подигната над него.

*

Се смета дека свети Димитриј бил убиен околу 306 година, т.е. во времето на владеењето на царот Максимијан кој владеел од 305 до 311 година.

Поради фактот што таткото на свети Димитриј бил висок римски службеник (војвода или градоначалник) некои сметаат дека тој не бил Македонец, туку дека бил *Римјанин*, кој само престојувал на служба во Солун. Но, ова воопшто не мора да биде така. Како прво, во житието на свети Димитриј воопшто не пишува дека татко му не бил роден солунчанец. Понатаму, работното место никако не може да ја определува етничката припадност. Да се потсетиме дека и таткото на светите браќа Кирил и Методиј бил висок византиски службеник (подстратег), па сепак за него знаеме дека потекнувал од старо македонско солунско семејство. И за царот Јустинијан се знае дека бил роден во Македонија, па сепак тој си бил *лојален* кон државата со која владеел, а така било и со други римски и византиски високи официјални лица. Секако дека вакви примери има безброј во историјата и денес. Поради тоа нема причина да не веруваме дека и свети Димитриј бил етнички Македонец. Впрочем, во прилог на неговото можно македонско потекло доволно зборува самото негово име, кое честопати се среќава и во постарата историја на античка Македонија (без разлика на неговото потекло). До денес неговиот празник Митровден со посебна почит се слави меѓу Македонците.

СВЕТИ МАЧЕНИК НЕСТОР (? - 306 год.)

27 октомври	стар стил
9 ноември	нов стил



светиот маченик Нестор бил современик, сонародник и сограѓанин на свети Димитриј. За него се знае дека имал развиено тело и убаво лице, украсено со брада која штотуку почнувала да расте. Тој бил еден од оние христијани кои ја примиле Христовата вера од свети Димитриј. Пред борбата со Вандалот Лиј свети Нестор отишол во посета на свети Димитриј, каде побарал благослов од него. Свети Димитриј му го дал благословот и му рекол дека ќе победи. Така и се случило поради што свети Нестор бил маченички убиен.

*

Свети Нестор очигледно се родил некаде кон крајот на 3 век. За овој период веќе спомнавме дека постојат сведоштва за постоење на македонската етничка припадност.

СВЕТИ ЕПИСКОП УРБАН (1 век)

31 октомври	стар стил
13 ноември	нов стил



вети Урбан бил епископ на Македонија. Тој е спомнат од страна на светиот апостол Павле (Рим. 16,9). Ова значи дека свети Урбан живеел и дејствувал во 1 век. За неговиот живот нема други податоци, но поради тоа што бил епископ на Македонија може да се претпостави неговото македонско потекло. Подоцна, веројатно, свети Урбан заминал за Рим, затоа што неговото име е спомнато во Посланието до Римјаните од свети Павле, иако не се знае со сигурност дали е тоа истиот Урбан.

НОЕМВРИ

СВЕТИ ЈАКОВ, СВЕТИОТ ЃАКОН ЈАКОВ И СВЕТИОТ МОНАХ ДИОНИСИЈ (? - 1520 год.)

1 ноември	стар стил
14 ноември	нов стил

Житието на овие тројца маченици е заедничко. Свети Јаков се родил во едно село во близината на Костур. Неговите родители се викале Мартин и Параскева. Како млад се занимавал со трговија со овци. Работата му тргнала и бргу се збогатил. Тоа предизвикало љубомора кај неговиот брат, кој го наклеветил кај Турците дека божем нашол злато во земјата. Заради тоа свети Јаков морал да побегне во Цариград, но и таму успеал да се збогати. Еднаш бил поканет на гости кај некој турски бег. Во разговорот бегот му кажал дека многу ја почитува христијанската вера затоа што неговата болна жена била излечена откако ја одвел кај Цариградскиот патријарх, кој и прочитал молитва. Трогнат од она што го слушнал свети Јаков набргу и самиот отишол кај патријархот. Разговорот со него му оставил толку силен впечаток, што решил сиот свој имот да им го раздаде на сиромашните и да се замонаши во Света Гора. Таму стапил во братството на Дохијарскиот манастир каде почнал да живее богоугоден монашки живот. Оттаму заминал во запустениот скит на свети Јован Претеча. Скитот бил запустен, а тој го обновил и останал таму да се подвизува под раководство на старецот Игнатиј. Бог му дарил исцелителска моќ и набргу многу народ почнал да доаѓа кај него. Но, бил наклеветен на Турците дека божем работи против нив и набргу бил затворен заедно со своите ученици Јаков и Дионисиј. Лично султанот (кој тогаш минувал низ тие краеви) наредил да ги доведат тројцата затвореници пред него. Султанот почнал да го испрашува свети Јаков дали сака да му ја одземе власта, а светителот му одговорил дека него не го интересира земската власт, туку само власта дадена од Бога. Му рекол и дека негова цел е постојано да ги учи луѓето на Божјиот Закон. Султанот бесно почнал да му вика на светителот дека лаже и почнал да ги убедува сите тројца да го примат исламот. Но, кога видел дека тие не сакаат ни да помислат такво нешто, наредил жестоко да бидат мачени. Од суровото мачење на свети Јаков му испаднало едното око, но со помошта на молитвите кон Бога сите тројца ги издржале нечовечните маки. Мачењето секојдневно траело цели седумнаесет дена. На крајот биле осудени на смрт со бесење. Пред извршувањето на пресудата светителите клекнале и се помолиле на Господа за своите души. Потоа свети Јаков ги причестил своите ученици и истиот миг се упокоил со насмевка на лицето. Кога го виделе тоа стражарите го известиле султанот, а тој наредил да биде обесено мртвото тело на светителот. Од обете страни на свети Јаков биле обесени и неговите ученици ѓаконот свети Јаков и монахот свети Дионисиј. Тоа се случило во 1520 година. Христијаните ги погребале нивните свети мошти, кои подоцна биле пренесени во Галатиста близу Солун.

*

Историските податоци за состојбата во Македонија во 16 век ни зборуваат дека токму во овој век почнале посериозни обиди за исламизација на македонското

христијанско население со крајна цел, муслиманите да станат доминантни во Македонија. Истовремено, почнало и населување на турско население. Житието на светите маченици Јаков, Јаков и Дионисиј целосно се вклопува во ваквата слика во Македонија. Свети Јаков, како способен христијански проповедник, сигурно дека претставувал пречка во обидите за исламизација за христијаните, па најверојатно токму тоа била вистинската причина за неговата маченичка смрт. Впрочем, ова се гледа од лажното обвинение против него од страна на султанот дека наводно сакал да му ја одземе земната власт, иако свети Јаков бил монах кого такво нешто воопшто не го интересирало. Името на свети Дионисиј е име од постариот античко-македонски ономастикон.

СВЕТИ ПАВЛЕ СОЛУНЧАНЕЦ (? - 350 год.)

6 ноември	стар стил
19 ноември	нов стил

Свети Павле Солунчанец е познат и како свети Павле Исповедник, а некаде и како свети Павле Цариградски затоа што бил цариградски патријарх. Во житието на овој светител читаме дека бил роден во Солун. Тој дејствувал во времето кога среде христијаните се ширела ереста на аријанците. На чело на источниот дел на Римското царство тогаш се наоѓал царот Констанциј, синот на Константин Велики. Овој цар бил аријанец, т.е. го прифаќал грешното учење според кое Исус не бил Бог, туку само обичен човек. Така Констанциј почнал да ги прогонува правоверните христијани. Тогаш бил прогонет и свети Атанасиј Велики (за што повеќе детали приложуваме во неговото житие во јануари). Во тоа време, во Цариград, патријарх бил правоверниот Александар, но тој се наоѓал на смртна постела. Кога го прашале верниците кого предлага за свој наследник тој покажал кон свети Павле Солунчанец и им рекол дека ако сакаат вистински водач во нивниот духовен живот треба него да го изберат. Таму имало и некој ѓакон Македониј, кој исто така бил претендент за престолот на Цариградската црква, но патријархот Александар на верниците им сугерирал да не го бираат него. Всушност Македониј бил аријанец. По смртта на Александар на соборот за избор на нов патријарх настанал спор помеѓу правоверните и аријанците. Победиле правоверните и бил избран свети Павле Солунчанец, кој веднаш потоа бил хиротонисан и ја презел својата должност. Но, царот Констанциј се спротивставил на овој избор и набргу издејствувал свети Павле да биде сменет, а на негово место бил поставен еретикот Евсевиј. Свети Павле тогаш заминал за Рим кај папата Јулијан, каде во тоа време се наоѓал и свети Атанасиј Велики, кој исто така бил прогонет од аријанците. Евсевиј испратил послание до папата полно со навреди и клевети против свети Павле и свети Атанасиј, но папата не поверувал во овие лаги. По смртта на Евсевиј, свети Павле повторно се вратил во Цариград на престолот на тамошната Црква. Но истовремено еретиците го прогласиле Македониј за Цариградски патријарх. Така настанала голема збрка во Цариград, а се случиле и отворени судири во кои мнозина настрадале. Тогаш интервенирал и царот Констанциј (кој тогаш се наоѓал во Антиохија). Тој испратил војска на чело со војводата Ермоген и наредил свети Павле повторно да биде избркан од Цариградската патријаршија. Но, народот се спротивставил и во судирите со војската бил убиен и самиот Ермоген. Тогаш во Цариград дошол лично царот Констанциј и наредил свети Павле да биде избркан од градот, а на негово место го поставил еретикот Македониј.

Свети Павле Солунчанец повторно заминал кај папата Јулијан и кај царот Констант (брат на Констанциј и управник на западниот дел од Римското царство) и детално им ја опишал состојбата. Царот Констант и папата Јулијан напишале писмо до Констанциј во кое побарале да го врати на Цариградскиот црковен престол свети Павле Солунчанец. Со ова писмо свети Павле повторно се вратил во Цариград каде бил примен со радост од народот. Писмото му го испратил на Констанциј во Антиохија, но овој уште повеќе му се налутил и наредил на својот управник во Цариград и по трет пат да го избрка. За патријарх повторно бил вратен Македониј. Овојпат свети Павле Солунчанец заминал во прогонство во својот роден град Солун. Во меѓувреме, во Цариград, избиле немири помеѓу правоверните и војската при што биле убиени или загинале во метежот над три илјади луѓе. Така, со овој крвав настан, еретикот Македониј повторно седнал на престолот на Цариградската црква.

Од Солун свети Павле Солунчанец заминал за Коринт, а оттаму пак отишол во Рим каде повторно му се пожалил на царот Констант. Тогаш овој цар му испратил остро писмо на својот брат Констанциј и побарал објаснување зошто го штити еретичкото учење на аријанците? Царот Констанциј се уплашил од ова писмо и испратил четири свои епископи да му ги објаснат на царот Констант нивните ставови во врска со верата. Но, епископите се уплашиле од средбата со свети Павле Солунчанец и свети Атанасиј Велики, па кога стигнале во Рим, наместо да ги искажат своите еретички ставови, тие застанале на страната на правоверните, изјавувајќи дека Исус е Бог, а не обичен човек.

По три години (во 343 година) источните епископи свикале собор на кој требало да се расправа за прашања во врска со верата. На тој собор дошле и епископите од западниот дел на Римското царство. Соборот се одржал во Сердика (денешна Софија). Источните епископи (кои биле заразени со аријанизмот) не сакале на соборот да присуствуваат свети Атанасиј и свети Павле затоа што се плашеле да влезат во полемики со нив. Но, западните епископи сметале дека овие двајца треба да учествуваат, поради што источните епископи организирале посебен собор во градот Филипол (денешен Пловдив). Таму тие ја потврдиле доктрината на аријанизмот. Кога разбрале за ова западните епископи ги осудиле, им ги одзеле чиновите и ги анатемисале сите оние источни епископи, кои проповедале дека Исус бил обичен човек. Во ова се вмешал и западниот цар Констант, кој му напишал остро писмо на својот брат Констанциј во кое го повикал да не ги прогонува свети Павле и свети Атанасиј заради нивната правоверност и веднаш да ги врати на нивните црковни престоли. Во спротивно му се заканил дека ќе го нападне со војска. Свети Павле му го дал ова писмо лично на царот Констанциј. Тој се уплашил од заканата на својот брат и го избркал Македониј, а на црковниот престол го вратил свети Павле Солунчанец.

Но, по извесно време Констанциј бил убиен, а на негово место дошол Магненциј (кој пред тоа му бил војсководител). Тогаш аријанците повторно кренале глава и почнал невиден терор против правоверните. Свети Павле Солунчанец бил испратен во прогонство во Ерменија, каде подоцна бил убиен, а за патријарх на Цариградската црква повторно дошол Македониј. Тогаш се случил отворен вооружен судир помеѓу аријанците и правоверните. Аријанците, со помош на војската, убиле голем број православни христијани. И сето тоа со благослов на еретикот Македониј. Народот толку го омрзнал овој патријарх, што лично новиот цар Магненциј го сменил (иако пред тоа самиот се заложил за него). Но, аријанизмот продолжил и натаму да се шири и така било се до времето на царот Теодосиј. Овој цар, во 381 година, во Цариград свикал Вселенски собор на кој бил целосно отфрлен аријанизмот. Подоцна моштите на свети Павле Солунчанец со големи почести биле пренесени од Ерменија во Цариград.

*

Бидејќи во житието на свети Павле Солунчанец се опишани познати историски настани, овде нема потреба од нивно дополнително објаснување. Дел од нив се презентирани и во житието на свети Атанасиј Велики. Според своето име, многу е веројатно дека и аријанецот Македониј имал македонско потекло. Интересно е тоа што за градот Филипол (Пловдив) во ова житие пишува дека бил македонски град. Познато е дека Пловдив (Филипол) и навистина бил изграден од Филип Втори Македонски (таткото на Александар Македонски), според чие име го добил својот назив. Теодосиј Велики царувал од 375 до 395 година. Во 381 година тој наредил моштите на свети Павле да бидат пренесени од Ерменија во Цариград. Во 1326 година овие мошти биле пренесени во Венеција, каде и денес се чуваат.

СВЕТИ АВКТ, СВЕТИ ТАВРИОН И СВЕТА ТЕСАЛОНИКИЈА

7 ноември	стар стил
20 ноември	нов стил

Света Тесалонокија била ќерка на некој паганскиот служител по име Клеон. Таа го примила христијанството и откако нејзиниот татко не можел да ја разубеди да се откаже од Христовата вера, била наклеветена кај властите и била мачена по наредба на својот татко. Двајца нивни угледни сограѓани Авкт и Таврион му забележале на татко и заради ваквиот однос кон својата ќерка, но тој и нив ги наклеветил на римскиот намесник. Сите тројца биле мачени и убиени со отсекување на главите. Тоа се случило во македонскиот град Амфипол.

*

Нема податоци кога точно се случила смртта на овие светители, но најверојатно тоа е во 2, 3 или самиот почеток на 4 век, т.е. времето во кое паганските служители имале моќ да ги наклеветуваат христијаните пред римската власт. На судот тие најчесто биле осудувани на смрт ако не сакале да се откажат од христијанството.

СВЕТИ АЛЕКСАНДАР СОЛУНСКИ (? - 298 год.)

9 ноември	стар стил
22 ноември	нов стил

Свети Александар Солунски е уште една недолжна жртва на теророт против христијаните преземен од страна на суровиот римски цар Максимијан. Во неговото кратко житие читаме дека главата му била отсечена во Солун во 298 година затоа што јавно ја проповедал Христовата вера и одбил да им принесе жртви на паганските *богови*. Неговото убиство го наредил царот Максимијан. Подоцна христијаните ги погребале неговите свети мошти.

*

За сверствата врз христијаните од страна на римскиот цар Максимијан и за македонското етничко самосознание во 3 век веќе пишувавме. Свети Александар го носел едно од најчестите македонски имиња во антиката.

СВЕТИ ЦАР ЈУСТИНИЈАН (483 - 565 год.)

14 ноември	стар стил
27 ноември	нов стил

Како светител со македонско потекло е и најпознатиот византиски цар Јустинијан Први (владеел од 527 до 565 год.). Овој цар не само што бил позната историска личност, туку бил канонизиран и за светител. Се родил во близината на Скопје. Некои историчари сметаат дека тој бил *Словен*, иако постои мислење дека неговото *словенско* потекло било измислено многу подоцна. Како и да е, свети Јустинијан е син на македонската земја. За време на своето царување свети Јустинијан изградил неколку прекрасни цркви од кои најубава секако дека е познатата "Света Софија" во Цариград. Се занимавал и со пишување на богословски дела и песни. Некои историчари сметаат дека прекрасната песна "Иже херувими" е негово дело. Во 553 година го свикал Петтиот Вселенски собор за да се разјаснат некои прашања во врска со верата. Тој ја основал и црквата Јустинијана Прима, од која подоцна се развила Охридската архиепископија.

*

На воено-политичките активности на свети Јустинијан нема посебно да се задржуваме затоа што тоа се познати работи. Овде само ќе спомнеме дека и со потеклото на овој македонски светител се манипулира од страна на некои соседни црковни историчари, па во нашето истражување сретнавме српски црковни книги во кои пишува дека свети Јустинијан "*веројатно бил Србин од околината на Скопје*", а сретнавме и бугарски книги во кои пишува дека тој бил *Бугарин* и бил роден во "*близина на бугарската престолнина Софија.*"

Но, Јустинијан е син на Македонија. Византискиот хроничар Прокопиј (6 век) за свети Јустинијан пишува дека (цитат): "*...изградил преубав град наречен Јустинијана Прима. Така го исполнил својот долг кон татковината... И други такви дела извршил во Македонија.* " (цит. спроед Ѓорѓе Радуле: "Кој ја фалсификува историјата?" Штип, 2002 год. стр. 55).

СВЕТИ ГУРИЈ, СВЕТИ САМОН (3 и 4 век) И СВЕТИ АВИВ (? - 322 год.)

15 ноември	стар стил
28 ноември	нов стил

Празникот на овие тројца македонски светители се слави во ист ден. Нивното житие почнува со податокот дека во времето на владеењето на ѓаволовите слуги царевите Диоклецијан и Максимијан бил преземен страшен прогон против христијаните. Во близина на македонскиот град Едеса (Воден) во осаменост живееле и се подвизувале двајца побожни мажи Гурија и Самон, кои потекнувале од градот, но не сакале таму да живеат заради вревата и беззаконието. Обајцата се

подвизувале во молитви и пост, а истовремено ја ширеле вистинската вера среде паганите при што успеале мнозина од нив да ги поведат по вистинскиот пат на спасение. Градскиот управник Антонин разбрал за нивните активности и наредил да ги доведат пред него, заедно со останатите христијани што тие ги покрстиле. Отпрвин преподобните биле убедувани да се откажат од Христа и да им принесат жртви на паганските *богови*. Но, тие рекле дека никогаш нема да се откажат од вистинскиот Бог и Создател на светот, па затоа биле фрлени во темница. Во тоа време во градот пристигнал царскиот намесник Музоний, кој имал задача да ги лови христијаните. Тој наредил да ги изведат пред него свети Гуриј и свети Самон. Кога ги довеле, тој им рекол да принесат жртва пред статуата на Јупитер. Во спротивно им се заканил дека ќе бидат мачени. Но, тие му одговориле дека не се плашат од неговите закани затоа што тој може да им ги убие само телата, но не и душите кои не се во негова сопственост. Тогаш намесникот наредил да бидат тепани. По суровото тепање преподобните биле затворени во темница. Таму останале неколку месеци, а потоа пак биле изведени на суд. Но и овојпат тие не отстапиле од Христа поради што повторно биле сурово мачени. И повторно биле фрлени во затвор, а по извесно време пак биле изведени на суд пред намесникот. Кога ги воделе, свети Самон се потпирал на двајца војници затоа што нозете му биле скршени, а свети Гурие бил донесен на раце заради истоштеност од тешките мачења. Тогаш намесникот уште еднаш ги прашал дали ќе се откажат од Христа, но тие решително одбиле, изјавувајќи дека се готови да пострадаат за вистинскиот Бог. Кога го слушнал тоа намесникот наредил главите да им бидат отсечени. Оваа одлука тие ја примиле со радост заради скорешната средба со Христа. Потоа биле изведени надвор од градот каде биле погубени. Пред да им бидат отсечени главите тие се помолиле на Господа да ги прими нивните души.

По извесно време паганскиот цар Ликиниј дошол во Никомидија и таму почнал да ги прогонува христијаните, иако пред тоа му ветил на царот Константин Велики (со кого заедно владееле) дека ќе ги остави на мира. Во тоа време во Едеса живеел ѓаконот Авив. Тој одел од куќа на куќа за да го проповеда Евангелието при што мнозина пагани ги превел во христијанството. Поради тоа градоначалникот на Едеса му пишал на царот Ликиниј и го прашал како да постапи со ѓаконот Авив. Царот му одговорил дека треба да го казни со смрт. Набргу биле испратени војници за да го бараат свети Авив низ градот. Во тоа време тој живеел со својата мајка и со роднините во некоја подалечна куќа. Кога разбрал дека војниците го бараат тој сам пошол во пресрет на нив. Притоа наишол на нивниот началник, кој не можел да поверува дека свети Авив сам му се предава. Началникот му понудил да побегне, но свети Авив инсистирал да биде одведен пред Ликиниј. Таму бил теран да се откаже од Христа и да им принесе жртви на паганските *богови*, доколку не сака да биде мачен. Но, тој рекол дека за него единствен Бог е Исус Христос и дека не се плаши од никакво мачење. Поради тоа бил осуден на смрт и бил изгорен жив надвор од градот. Бил погребан крај гробовите на свети Гуриј и свети Самон. Кога престанал прогонот над христијаните во чест на овие тројца маченици била подигната црква во која биле положени нивните свети мошти.

Во продолжение на житието читаме за еден многу интересен настан поврзан со овие тројца светители што се случил во Едеса (Воден).

Варварскиот народот Еталити (Хуни, з.н.) удрил со сета сила на империјата и стигнал до самиот град Едеса. Царот испратил војска за да го брани градот. Војската останала во Едеса подолго време. Среде војниците имало еден Гот (припадник на германско племе), кој живеел под стан во домот на некоја вдовица Софија. Таа имала ќерка што се викала Ефимија, која била многу убава. Војникот Гот страсно се вљубил во убавата Ефимија и почнал да ја убедува нејзината мајка да му ја даде за жена. Но, тој веќе бил женет и во својата татковина имал жена и деца, а тоа го сокрил од Софија. Таа

го одбила со зборовите дека тој е туѓинец и дека не може да му го даде своето единствено дете, кое и претставува утеха во тешкиот живот. Тогаш војникот почнал да и се заканува дека ќе и направи некое зло, но таа ни тогаш не попуштила. Потоа пак почнал да ја моли, па пак збеснувал, но Софија останала непоколеблива. Војникот Гот никако не се откажувал од својата намера. Им купувал скапи подароци, кои тие ги одбивале и секојдневно ја молел Софија да му ја даде својата ќерка. На крајот Софија го прашала дали има жена и деца, а тој без страв од Бога се заколнал дека нема и дека само Ефимија ја сака да биде господарка на неговиот дом. Тогаш, заради неговите колнења и молби, Софија попуштила и се согласила да му ја даде Ефимија за жена. Така Готот и Ефимија склучиле законски брак и живееле извесно време во домот на Софија. Ефимија останала бремена токму во времето кога варварите се повлекле и кога царската војска требало да го напушти градот што до пред тоа успешно го бранела. Тогаш Готот се подготвил да замине за својата татковина, водејќи ја со себе и Ефимија. Софија плачела и не сакала да се раздели од својата ќерка, но не можела да стори ништо поради законски склучениот брак. Еден ден таа ги одвела зетот и ќерката во црквата на светите маченици Гурија, Самон и Авив и му рекла на Готот да се заколне пред светителите дека нема да и направи ништо лошо на Ефимија. Тој се заколнал без никаква грижа на совеста. Тогаш Софија рекла дека отсега натаму ја препушта својата ќерка под заштита на тројцата светители. Потоа Готот и Ефимија тргнале на пат. Но кога стигнале во земјата на Готот, тој наеднаш ја извадил сабјата и и наредил на Ефимија да ги тргне од себе сите раскошни украси и скапи облеки и да се облече во скинат фустан. Тогаш и кажал дека тој има жена и деца и дека таа пред нив треба да се претстави како негова слугинка оти во спротивно ќе ја убие. Ефимија сфатила дека е измамена, но можела да стори ништо. Му се помолила на Бога и ги повикала светите Гурија, Самон и Авив да му се одмаздат на суровиот Гот. Кога влегле во домот на Готот, неговата жена веднаш се посомневала дека Ефимија не е негова слугинка. Но, младата воденчанка не смеела да ја каже вистината затоа што се плашела дека ќе биде убиена. Така таа работела во нивниот дом како слугинка, а жената на Готот се повеќе ја мразела. Ефимија не го знаела готскиот јазик и затоа и било уште потешко бидејќи немала со кого да разговара додека Готот бил отсутен. По извесно време жената на Готот забележала дека Ефимија е бремена, а кога родила син, видела дека детето личи на нејзиниот сопруг. Но, Готот и натаму одбивал да признае дека детето е негово. Тогаш неговата жена се запалила со уште поголема љубомора и еден ден, додека Ефимија била отсутна, го отрула нејзиното дете. Кога Ефимија се вратила од работа и кога го видела своето дете мртво, ја опфатила неизмерна тага. Отпрвин не знаела како умрело детето, но кога сакала да го погреба од устата му потекла некаква течност. Ефимија ја избришала течноста со еден шал, но никому не кажала за тоа. За да провери дали жената на Готот и го отрула детето и дали таа течност била отров, Ефимија една вечер навлажнила чаша со вино со течноста од шалот, а потоа ја послужила жената на Готот. Така и таа умрела од отровот што самата го приготвила. Готот многу жалел по својата жена, а неговите роднини ја обвиниле Ефимија за нејзината смрт. Решиле жива да ја закопаат крај умрената жена. Кога се нашла во мрачниот гроб Ефимија почнала со сиот ум и срце да го моли Бога да и помогне. Тогаш и се јавиле тројцата светители Гурија, Самон и Авив и и помогнале да излезе од гробот и на чудесен начин да се најде повторно во Едеса. Средбата со нејзината мајка била потресна. Обете се прегрнале и долго плачеле, а народот ја славел силата Божја заради чудото што се случило. По извесно време варварите повторно нападнале на Римското царство и повторно градот Едеса се нашол во опасност. Царот повторно испратил војска да го брани градот и истиот Гот пак дошол во овој град. Не знаејќи дека Ефимија во меѓувреме се вратила дома, тој отишол кај нејзината мајка Софија, правејќи се како ништо да не се случило. Софија го прашала како се нејзината ќерка и внук, а тој и рекол

дека се добро и дека ја поздравуваат. Тогаш пред него излегла Ефимија заедно со своите роднини, а Готот речиси занемел од чудо. Веднаш бил повикан претставник на власта и му бил раскажан целиот случај. Готот бил изведен на суд и откако ги признал своето злосторство и измама бил осуден на смрт, а смртната пресуда веднаш била извршена.

*

Свети Гурий и свети Самон пострадале некаде помеѓу 293 и 306 година. Царот Ликиниј владеел од 307 до 324 година, а свети Авив бил погубен во 322 година.

Што се однесува до настанот опишан во врска со несреќната воденчанка Ефимија, преку компарација со историските податоци, може приближно да се лоцира времето на неговото случување. Познато е дека прататковина на Готите бил Скандинавскиот Полуостров. Во 3 век тие воделе жестоки војни против Римјаните. Околу 370 година Готите се поделиле на две групи: Визготи и Остроготи. Во 376 година Остроготите биле нападнати од Хуните и побарале заштита од Римската империја. Римскиот цар Валенс им дозволил да се населат во Мезија (јужно од Дунав), но за возврат тие морале да служат во римската војска. Поради тоа што нивните војници биле малтретирани од римските офицери, тие подигнале бунт и во битката кај Адрианопол во 378 година, римскиот цар Валенс бил убиен. Новиот римски цар Теодосиј Први (379 - 395 год.) склучил мир со Готите и ја вклучил нивната вооружена сила во Римската армија. Така било се до 395 година, т.е. до смртта на Теодосиј, по што Готите повторно се одвоиле од Римската војска и дури успеале да го освојат Рим. Инаку, Хуните и навистина често напаѓале на Римската империја токму во 4 и 5 век.

Од овие податоци може да се заклучи дека настанот со Ефимија се случил за време на римскиот цар Теодосиј, кога Готите биле составен дел од Римската армија. Тогаш тие живееле во Мезија (јужно од Дунав), па најверојатно Ефимија била одведена во некоја нивна тамошна населба од каде подоцна на чудесен начин се вратила во Едеса (Воден). За остриот однос на римската власт кон своите војници Готи сведочи и фактот од житието според кој нечесниот Гот веднаш бил осуден на смрт и погубен. Приказната за Ефимија претставува извонредно вреден податок за животот на обичните луѓе во Воден во втората половина на 4 век.

СВЕТИ ПАЛАДИЈ (6 и 7 век)

27 ноември	стар стил
10 декември	нов стил

За светиот маченик Паладиј се сочувани многу малку податоци. Се знае само дека бил роден во Солун и дека се подвизувал во околината на Александрија во 6 и во почетокот на 7 век. Значи, се работи за уште еден Македонец од Македонија, кој се преселил кај своите далечни сонародници во македонско-египетскиот град Александрија.

*

Во времето кога живеел свети Паладиј во Македонија се случувале драматични настани. *Словените* (предците на балканско-малоазискиот народ Венети) во средината на 6 век, во извесна смисла, се вратиле на Балканот и извршиле напади врз утврдените градови. Тоа е време на постојани немири и воени судири и можеби затоа свети Паладиј заминал од Македонија за да може во мир да се подвизува во Александрија (градот изграден од неговите предци).

СВЕТИ ПЕТНАЕСЕТ ТИВЕРИОПОЛСКИ МАЧЕНИЦИ (? - 362 год.)

28 ноември	стар стил
11 декември	нов стил

Македонци биле единаесет од светите Петнаесет Тивериополски маченици. Тие потекнувале од околината на Струмичко. Тоа биле месните свештеници: Петар, Јован, Сергеј, Теодор и Никифор; ѓаконите: Василиј и Тома, монасите: Еротеј, Аритон и Даниел и мирјанинот Сократ. Останатите четворица свети Тивериополски маченици биле Грци. Сите петнаесетмина биле убиени поради Христовата вера 362 година.

*

Нивното убиство се случило за време на римскиот цар Јулијан Отстапник, кога бил извршен голем прогон против христијаните.

СВЕТИ РОМАН ЕПИСКОП МАКЕДОНСКИ

28 ноември	стар стил
11 декември	нов стил

За овој светител во литературата што ја консултиравме останало само запишано дека бил *епископ Македонски*. Неговиот спомен бил забележан во Парискиот Кодекс од 1578 година, но никакви други податоци нема за него. Секако дека тој живеел многу порано од времето на запишувањето на неговиот помен, а поради фактот што (барем во првите векови на христијанството) во голема мера за епископи биле поставувани домородни жители, може да се каже дека и овој светител бил Македонец.

СВЕТИ МАЧЕНИК ХРИСТО
(1708 - 1748 год.)

28 ноември	стар стил
11 декември	нов стил

За светиот маченик Христо се знае дека бил Македонец од Албанија. На возраст од 40 години дошол во Цариград, каде се занимавал со градинарство. Поради спор со некои Турчин бил наклеветен пред турската власт дека пред сведоци ветил оти ќе го прими исламот, но дека подоцна се откажал. Христо изјавил дека никогаш не рекол такво нешто и дека останува верен на Христа. Поради тоа бил затворен и мачен, а подоцна главата му била отсечена. Тоа се случило во 1748 година.

*

За состојбата во целокупната Османлиска империја во 18 век веќе пишувавме. Анархијата што владеела во Македонија, сигурно дека имала свои рефлексии и во останатите делови од империјата, па и во самиот Цариград, што и резултирало со суров однос кон христијаните.

ДЕКЕМВРИ

СВЕТА ВАРВАРА
(? - 306 год.)

4 декември	стар стил
17 декември	нов стил

Света Варвара била ќерка на некој богат паган по име Диоскор, кој живеел во градот Илиопол во времето на царот Максимијан. Диоскор многу се грижел за својата ќерка затоа што мајка и умрела додека таа била мала. Диоскор изградил раскошна кула во која ја сместил ќерка си, обезбедувајќи и го сиот конфор, заедно со слугинки и воспитувачки. Така света Варвара го минувала времето во кулата. Оттаму често ја набљудувала околината и небото и се прашувала кој можел да го создаде сето тоа. Ги прашала своите воспитувачки, а тие и рекле дека тоа е дело на *боговите* што ги почитува нејзиниот татко. Тогаш кај света Варвара се јавил сомнеж затоа што тие *богови* биле обични статуи направени од луѓето, што значи дека тие не можеле да направат ништо. Почнала да размислува дека постои вистински Бог, Создател на целата природа, иако немало кој да и ги открие тајните на Светото Писмо. Постојано мислела само на Бог и ништо друго не ја интересирало.

Дошло време кога стигнала за мажење. Заради нејзината убавина, мнозина ја барале за жена кај нејзиниот татко. Тој дошол во кулата и почнал да и зборува за бракот. Потоа и ги наброил додворувачите и ја прашал кого од нив го сака. Но, света Варвара не сакала ни да слушне да се мажи. Татко и продолжил да ја убедува, а кога таа ја видела неговата упорност му рекла дека ако се обиде сосила да ја омажи, ќе се самоубие. Диоскор се уплашил од овие зборови и си заминал. Потоа решил да и дозволи да излегува надвор, надевајќи се дека кога ќе се запознае со разни луѓе, ќе сфати што значи бракот и сама ќе посака да се омажи. Еден ден Диоскор заминал на подолг пат, а на слугите им рекол дека можат да ја пуштат надвор од кулата. Недолго потоа света Варвара се спријателила со некои девојки христијанки, кои почнале да и ги откриваат тајните на Светото Писмо. Света Варвара со големо внимание ги слушала, затоа што тие и дале одговори на сите прашања што претходно ја мачеле. Потоа тајно била крстена, по што целосно се предала на молитви и пост, станувајќи заробеник на љубовта кон Христа. Цврсто решила никогаш да не се мажи во земниот живот, туку да стане бестелесна невеста Христова. Кога се вратил татко и, таа и нему почнала да му ја проповеда верата во Христа, а тој сиот бесен посакал да ја отепа. Но, света Варвара побегнала во блиската гора и се сокрила во некоја пештера. Некој овчар ја видел и му кажал на Диоскор. Истиот миг овчарот се скаменил. Диоскор влегол во пештерата и почнал дивјачки да ја тепа. Потоа, влечејќи ја за косата, ја одвел право до кулата, каде ја затворил под силна стража. Неколку дена ја држел без храна, а потоа ја предал на управникот на градот кому му рекол дека е христијанка и дека затоа се откажува од неа. Управникот прво се обидел да ја убеди да се откаже од Христа и да им принесе жртва на паганските

богови. Но, света Варвара му одговорила дека таа секојдневно принесува жртви на вистинскиот Бог, но тоа не се жртви во крв, туку молитви и дека и самата сака да биде жртвувана заради љубовта кон Христа. Почнала да му ја кажува вистината за паганските богови, потенцирајќи дека тоа се само обични статуи направени од луѓето. Управникот се налутил и наредил нејзино мачење. Сурово била тепана. Крв течело од целото нејзино тело, а отворените рани и биле трлани со остри предмети за да и предизвикаат уште поголеми болки. Потоа била фрлена в темница, каде потонала во молитва. Недолго потоа и се јавил лично Исус, Кој и рекол да остане храбра затоа што Тој е постојано со неа и ја чува. Тогаш света Варвара продолжила да Му се моли целата исполнета со радост што ја удостоил да Го види. Истиот миг раните и се залечиле. Утредента света Варвара повторно била изведена на суд. Управникот не можел да поверува кога видел дека нејзините рани се излечени. Пак била изложена на јавно мачење. Во народот имало една девојка, која се викала Јулијанија. И таа била христијанка и кога го видела нечовечното мачење на света Варвара и нејзиното смело однесување, посакала и самата да пострада за Христа. Додека ја мачеле света Варвара, Јулијанија отишла кај управникот и му рекла дека е нечовек штом толку ја мачи девојката. Му соопштила дека и таа е христијанка, поради што управникот наредил и неа да ја мачат. Обете светителки биле сурово тепани, а потоа градите им биле отсечени. На крајот биле осудени на смрт и биле погубени со отсекување на главите. Главата на света Варвара лично ја отсекол нејзиниот злобен татко Диоскор. Пред да бидат погубени овие светителки слушнале глас од небесата, кој ги повикал во небесните предели. Некој човек по име Галентијан подоцна ги погребал нивните чесни тела. Овие светителки ја примиле мачeничката смрт во 306 година. Недолго потоа Диоскор и управникот што ги осудил на смрт загинале погодени од гром.

*

Во житието на света Варвара пишува дека била родена во градот Илиопол (Хелиополис), но во онаа литература што ја консултиравме во оригиналниот текст на житието не пишува каде се наоѓал тој град. Познато е дека имало неколку градови со такво име во Европа и Азија. Српскиот црковен историчар д-р Јустин Поповиќ смета дека тоа бил градот Илиопол во Палестина. Но, македонскиот историчар од Бугарија Ѓорѓе Радуле во својата книга "ИсториÔ на МакедониÔ-апологиÔ на македонизма" (СофиÔ, 1997, стр. 100) пишува дека света Варвара била родена во македонскиот град Илиопол што се наоѓал близу денешното село Елешница кај градот Разлог во пиринскиот дел на Македонија. Како поткрепа на ова свое тврдење Радуле наведува дека и денес крај ова село се наоѓа место што се вика *Света Варвара,* кое според едно старо селско предание било местото каде била убиена оваа мачeница. Ние во целост го прифаќаме мислењето на Радуле затоа што сигурно дека на народните преданија во голема мера треба да им се верува, посебно кога е во прашање топонимијата. Едноставно, не е можно света Варвара да била убиена во далечната Палестина, а на селаните од Елешница да им текнало да измислат предание според кое таа е убиена близу нивното село. Освен тоа, самиот д-р Јустин Поповиќ пишува дека светите мошти на мачeницата Варвара прво се наоѓале во Грција, а оттаму биле пренесени во Русија. Многу поверојатно е дека светите мошти биле пренесени од македонскот град Илиопол на територијата на денешна Грција, отколку од далечната Палестина.

Царот Максимијан рековме дека прво владеел од 286 до 305 година, а потоа и од 306 до 308 година. Дел од моштите на света Варвара денес се чуваат во Киев.

СВЕТА ЈУЛИЈАНИЈА
(? - 306 год.)

4 декември	стар стил
17 декември	нов стил

Света Јулијанија била маченички убиена заедно со света Варвара. Во житието на света Варвара пишува дека таа потекнувала од градот во кој света Варвара била погубена, а тоа е и нивниот роден град Илиопол, кој најверојатно се наоѓал близу денешното македонско село Елешница.

СВЕТИ НЕКТАРИЈ БИТОЛСКИ (? - 1500 год.)

5 декември	стар стил
18 декември	нов стил

Свети Нектариј бил роден во Битола и заради тоа подоцна го добил прекарот Битолски. Се родил во семејство на побожни родители, кои се викале Николин и Николина. Крстеното име на свети Нектариј било Никола. Во времето кога Турците требало да го нападнат нивниот крај, на мајка му во сонот и се јавила света Богородица и и рекла да побегнат од градот заради скорешната несреќа. Така и направиле. Целото семејство побегнало од градот и се засолнило на сигурно. Во меѓувреме Турците навистина дошле и направиле вистински пустош во градот, убивајќи многу христијани. Но, семејството на свети Нектариј било поштедено благодарение на јавувањето на света Богородица. Кога состојбата се смирила, тие се вратиле дома радосни што се спасиле, но и тажни заради големиот број жртви среде христијаните. По извесно време таткото Николин се договорил со својата сопруга да замине во манастир. Со себе го повел и своите два сина (меѓу кои и синот Никола, т.е. свети Нектариј). Сите тројца заминале во манастирот посветен на светите лекари Козма и Дамјан. Таму Николин се замонашил и го добил името Пахомиј. Подоцна Никола (кај кого посебно се развила љубовта кон Бога) заминал за Света Гора. Кога стигнал таму се претставил на старецот Дионисиј, кој бил послушник на старецот Филотеј. Дионисиј го одвел младиот Никола кај Филотеј, а овој уште кога го видел му го кажал името и му кажал кои му се родители. Никола се зачудил и го прашал од каде ги знае овие податоци, а Филотеј му одговорил дека Бог му го открил сето тоа. Восхитен од тоа што го слушнал Никола останал да се подвизува под духовно водство на двајцата старци. По извесно време, украсен со подвизи и трудови, Никола се замонашил и го добил името Нектариј. Така го минувал својот богоугоден живот се додека ѓаволот и овојпат не се вмешал. Кај еден од монасите се јавила љубомора и омраза кон свети Нектариј, која стигнала дотаму што монахот јавно побарал од игуменот да го исфрли свети Нектариј од манастирот. Во спротивно се заканил дека некој ќе биде убиен. Останатите монаси и игуменот се обиделе да го вразумат овој монах. Понекогаш му зборувале убави зборови и поуки, а понекогаш и закани со вечната казна, но тој не попуштил. Тогаш старците го советувале свети Нектариј да замине од манастирот на извесно време. Тој се согласил и набргу заминал кај светогорскиот прота Данил во Кареја.

Во меѓувреме старецот Филотеј се упокоил, а старецот Дионисиј, не можејќи да ја трпи злобата од истиот монах што бил причина за заминувањето на свети Нектариј, го

напуштил манастирот и тргнал да го бара свети Нектариј. Кога го нашол, останал со него и пак заедно се подвизувале. Обајцата се занимавале со ракотворби од кои добивале средства за издржување. Во меѓувреме и злобниот монах го напуштил манастирот, но повеќе не сакал да се подвизува и заминал во белиот свет, каде ја загубил својата душа.

Но, дошол денот кога и свети Дионисиј се претставил на Бога. Така, свети Нектариј останал сам и ги удвоил своите подвизи и трудови. Бог дозволил да страда од тешки болести, кои тој ги поднесувал со големо трпение и благодарност кон Бога затоа што преку нив се стекнал со уште поголеми венци во вечниот живот што го очекувал на небесата. На 5 декември 1500 година свети Нектариј заминал кај Исус. Неговите мошти и денес се чуваат во Света Гора.

*

Според податоците во житието на свети Нектариј тој живеел во 15 век. Но, можеби годината на неговата смрт што овде е презентирана не е сосема точна. Индиција во прилог на оваа забелешка е податокот од почетокот во неговото житие во кој е спомнат нападот на Турците на Битола што се случил за време на неговото детство, кога света Богородица се јавила на мајка му и и рекла да побегнат. Се знае дека Битола била освоена од Османлиите околу 1385 година и тоа по жестока битка, за време на која битолчани им пружиле голем отпор на Османлиите. Потоа и навистина голем број христијани Македонци биле убиени. Оттаму, доколку видението на мајката на свети Нектариј се однесувало на овој настан, и навистина треба да се доведе во прашање годината на смртта на свети Нектариј. Имено, доколку тој починал во 1500 година, испаѓа дека умрел на возраст од околу 120 години, а тоа тешко може да биде вистина. Затоа, или свети Нектариј починал значително порано од 1500 година или настанот што се случил во Битола (навлегување на вооружени Турци и погром на христијаните) не се однесува да османлиското освојување на Битола, туку можеби на упад на некоја ограбувачка банда што евентуално се случил околу средината на 15 век. Но ваков упад на ограбувачка банда од Османлии во Битола во овој период не е регистриран во историските документи. Освен тоа, се знае дека во 15 век османлиската власт цврсто била втемелена во Македонија што значи дека тогаш немало услови за упади на вакви ограбувачки банди. Оттаму, мала е веројатноста за случувањето на некој ваков настан. Впрочем во житието јасно пишува дека Битола ја нападнале токму *Турците* (Османлиите), а тоа се случило токму околу 1385 година. Сето ова наведува на заклучокот дека свети Нектариј починал порано од 1500 година.

СВЕТИ СВЕТОГОРСКИ МАЧЕНИЦИ (13 век)

5 декември	стар стил
18 декември	нов стил

Осум свети маченици пострадале во 13 век во времето на унијата помеѓу папата и византискиот цар Михаил Осми Палеолог. Тие биле монаси и мирјани на Света Гора и биле убиени во налетот на Латинската војска. Бројот на загинатите светогорски маченици не е познат.

*

Опис на овој настан дадовме во споменот на светите 26 зографски маченици од 10 октомври (стар стил), т.е. 23 октомври (нов стил).

СВЕТИ ЈОВАН МИТРОПОЛИТ НА ЗИХНА
(? - 1333 год.)

12 декември	стар стил
25 декември	нов стил

Преподобниот Јован живеел во времето на византиските цареви Андроник Втори Палеолог и Андроник Трети. Неговите родители биле побожни луѓе, но умреле уште кога Јован немал ни две години. Неговиот чичко Јоаникиј, кој бил монах во манастирот посветен на свети Јован Претеча, го зел кај себе и го чувал во својата ќелија, воспитувајќи го во духот на монашкиот живот. Кога свети Јован пораснал веќе бил украсен со многу квалитети и бил ракоположен за свештеник. Потоа, според Божјата промисла, бил воздигнат на епископски степен. Во тоа време дошле христијаните од Зихна во источна Македонија и го замолиле да им биде архиерej. Тој ги испратил кај својот чичко Јоаникиј кој, иако отпрвин се противел, на крајот го дал својот благослов. Така свети Јован станал архиерej, сиот посветен на својата служба и грижа за тамошните христијани. Кога починал Јоаникиј, свети Јован ја напуштил епископската должност и се вратил во манастирот, каде набргу бил поставен за игумен. Со средствата што ги обезбедил од византискиот цар Андроник Палеолог и од српскиот цар Стефан, успеал да го обнови и прошири овој манастир.

Подоцна во Серез свети Јован изградил уште еден манастир што исто така го посветил на свети Јован Претеча. Преподобниот свети Јован доживеал длабока старост, а потоа се преселил во небесните предели кај Спасителот. Тоа се случило во 1333 година

*

Свети Јован живеел во 13 и 14 век. Византискиот цар Андроник Втори Палеолог владеел од 1282 до 1328 година, а царот Андроник Трети од 1328 до 1341 година. Српскиот цар Стефан Урош Втори Милутин владеел од 1282 до 1321 година. Топонимот Зихна најверојатно се однесува на селото Зилјахово помеѓу Серез и Драма. Впрочем, гледаме дека свети Јован подоцна и во Серез изградил манастир.

СВЕТИ НАУМ ОХРИДСКИ ЧУДОТВОРЕЦ
(? -910 год.)

23 декември	стар стил
5 јануари	нов стил

Свети Наум е еден од најпознатите македонски светители. Воедно тој бил просветител и лекар. Свети Наум бил современик на свети Климент Охридски и ученик на светите браќа Кирил и Методиј, кои ги следел за време на Моравската мисија. Во Рим свети Наум се прочул со својата чудотворна моќ и голема ученост. По враќањето од Рим, заедно со свети Климент Охридски, заминале за Бугарија, каде биле со радост примени од кнезот Борис Михаил. Свети Наум извесно време престојувал во бугарските престолнини Преслав и Плиска, а подоцна се населил крај брегот на Охридското Езеро. На јужниот брег на езерото основал манастир што до денес таму стои. Тоа е познатиот манастир "Свети Наум" (кој порано бил посветен на светите Архангели). Мнозина монаси од целиот Балкан доаѓале

кај свети Наум за да ги слушаат неговите мудри поуки и проповеди. За време на својот десетгодишен престој во манастирот свети Наум се занимавал и со преведувачка дејност на црковните книги од грчки на средновековниот македонски јазик. Пред крајот на животот се замонашил и како монах ја предал својата душа на Господа во 910 година. Неговиот култ како лекар останал и по неговата смрт. Споменот за него се чува во голем број македонски народни преданија и легенди. И денес мнозина одат во посета на неговиот гроб што се наоѓа во споменатиот манастир "Свети Наум", каде се лекуваат од разни здравствени проблеми.

*

Свети Наум Охридски дејствувал во време кога голем дел од Македонија се наоѓал под бугарска власт. Но, тогашниот бугарски хан (а подоцна кнез) Борис (инаку и самиот припадник на турко-монголските Бугари, т.е. припадник на жолтата раса) го примил христијанството и затоа благонаклоно ги пречекал свети Климент и свети Наум со нивните придружници. Во 893 година средновековниот македонски јазик, познат во науката и како *старословенки јазик*, бил прогласен за официјален јазик во Бугарија. Тоа бил трет официјален јазик во оваа држава, по турко-бугарскиот и грчкиот. Мнозинството од турко-монголските Бугари се уште не знаеле *словенски*, па биле принудувани да го учат овој јазик. Да зборува *словенски*-учел дури и бугарски хан, т.е. кнез Борис, а *словенскиот* говорен јазик го учеле и членовите на семејството на царот Симеон (кој бил син на ханот, т.е. кнез Борис).

СВЕТИ ХРИСОГОН

23 декември	стар стил
5 јануари	нов стил

За овој светител во литературата што ја консултиравме само пишува дека прво бил епарх во градот Солун, а потоа маченички пострадал за Христа. Други податоци не се спомнати, така што не се знае дали овој македонски маченик живеел во времето на антиката и бил убиен од паганите или можеби живеел во времето на османлиското ропство. Сметаме дека фактот што бил епарх на Солун е силна индиција за неговото македонско потекло затоа што за епарси главно биле поставувани домородни жители или жители од блиската околина (иако имало и поинакви случаи).

СВЕТИ НИКОДИМ ПРИЛЕПСКИ (? - 1406 год.)

26 декември	стар стил
8 јануари	нов стил

Преподобниот Никодим Прилепски се смета дека се родил во Прилеп (иако во некои извори се споменува и Костур). Уште како млад бил воспитуван во христијански дух. Набргу на виделина излегла неговата способност бргу да ги совладува тајните на Светото Писмо и книгите со светото православно учење. Така кај него се родила желбата да се замонаши. Бог му ја исполнил оваа желба и по средбата со некои монаси од еден српски манастир во Света Гора, свети Никодим заминал со нив и таму се замонашил. По извесно време исполнето со монашки подвизувања и трудови, свети Никодим бил удостоен со чиновите ѓакон и презвитер. По

смртта на тамошниот игумен, свети Никодим бил избран на негово место. Како игумен, свети Никодим контактирал со српскиот кнез Лазар и со бугарскиот патријарх Евтимиј Трновски. Подоцна, според Божјата промисла, свети Никодим заминал за Србија каде од страна на кнезот Лазар му била понудена висока духовничка функција, но тој ја одбил и се населил како обичен монах во близина на местото Кладово крај Дунав. Таму подигнал црква што ја посветил на Света Троица. Набргу се прочул по своите подвизи и кај него почнале да доаѓаат монаси од цела Србија, па дури и од Света Гора. Потоа заминал од онаа страна на Дунав на територијата на денешна Романија, а со него тргнале и извесен број монаси. Таму изградиле црква посветена на свети Антониј. Тоа се случило за време на владеењето на влашкиот војвода Владислав Влајко Вода (1364 - 1377 год.), кој помогнал во одржувањето на оваа црква. За време на преговорите на Србија со Цариградската патријаршија, во составот на српската делегација учествувал и свети Никодим. Во Влашка свети Никодим го подигнал и манастирот Тисман што го посветил на Света Богородица. Во тоа му помагал влашкиот војвода Раду Први (1377 - 1384 год.). Српскиот кнез Лазар подарил неколку села на овој манастир. Свети Никодим изградил и други цркви не само во Романија, туку и во Молдавија. Романскиот народ денес со голема почит се однесува кон овој светител, кој ја предал својата душа на Господа на 26 декември 1406 година (стар стил), т.е. на 8 јануари 1407 година (нов стил).

*

Свети Никодим Прилепски се родил во времето кога поголемиот дел од Македонија се наоѓал под српска власт. Тој бил современик на османлиските навлегувања на Балканот. Видовме дека лично се познавал со српскиот кнез Лазар (кој се родил во 1329 година, а загинал во Косовската битка во 1389 година) и со бугарскиот патријарх Евтимиј. Токму во времето кога свети Никодим дејствувал во Влашка (Романија) против влашката војска се борел и загинал Крали Марко.

СВЕТА АНИСИЈА
(крај на 3 или почеток на 4 век)

30 декември	стар стил
12 јануари	нов стил

Во житието на света Анисија читаме дека таа живеела во Солун, во времето на римскиот паганскиот цар Максимијан, во семејство на чесни и богати луѓе, кои ја воспитувале во љубовта кон Бога. Кога станала девојка, нејзините родители заминале на небесата, а таа останала сама со големото богатство што останало. Размислувајќи што да му прави на богатството, се потсетила за вистината дека стекнувањето на материјални богатства честопати е причина за всадување на негативни чувства кај луѓето, кои неизбежно водат кон грев. Затоа решила да го продаде целото свое богатство и да им ги раздаде парите на сиромашните. Набргу така и направила. Го продала целото свое богатство без да прашува за цена, а парите им ги раздала на сиромашните, на затворениците и на другите несреќни луѓе. Таа останала да живее во една соба, спиејќи на рогозина и подвизувајќи се во името на Господа. Нашла и некоја работа за да си го прехранува телото. Во тоа време злобниот и суров цар Максимијан масовно ги прогонувал и убивал христијаните. Отпрвин тоа го правел со тоа што христијаните биле судени, а потоа (ако не сакале да се откажат од Христа) биле погубувани. Но, подоцна овој крвожеден цар отишол уште подалеку во својата жед за

крв. Тој помислил дека ако ги судат христијаните, за нивното судење ќе останат записи, кои подоцна можат да бидат искористени од идните христијани за да ги слават убиените. Затоа наредил дека секој жител на Римското царство може на секое место и во секое време да убива христијани без пресуда и без да се плаши дека ќе биде прогонуван од власта. Така почнал невиден масакр врз христијаните. Жртва на ова крваво безумие била и света Анисија. Таа била заклана од некој римски војник на улица само затоа што ја терал да им принесе жртви на паганските *богови*, а таа го одбила со зборовите дека е христијанка. Нејзините мошти подоцна биле достојно погребани од некои христијани.

*

Царот Максимијан спомнавме дека владеел од 284 до 305 година. Во некоја од овие години пострадала и света Анисија.

СВЕТИ ЕПИСКОП ГАВРИЛ ВЕЛИЧКИ СВЕТОГОРЕЦ (1926 - 1990 год.)

30 декември	стар стил
12 јануари	нов стил

Светиот епископ Гаврил Велички Светогорец, чие крстено име е Мијалче Парнаџиев, се родил во 1926 година во Штип. Потекнува од занаетчиско семејство. Неговите побожни родители уште додека бил мал му ја всадуваат љубовта кон Бога. По завршувањето на основното и на средното училиште во Штип и по краткотрајното работење како службеник, се запишува на Факултетот за ликовна уметност во Белград. По дипломирањето во 1955 година, се враќа во родниот град каде работи како професор по историја на уметноста и ликовно образование во тамошната гимназија. Паралелно со оваа работа, се занимава и со вајарство, при што, како исклучително талентиран скулптор, создава неколку значајни дела. Во 1960 година се преселува во Скопје, каде работи како слободен уметник. Меѓутоа, љубовта кон Христа е посилна од се, па така младиот и талентиран уметник Мијалче Парнаџиев, го напушта дотогашниот начин на живеење и решава целосно да се посвети на Исус. Во 1963 година заминува за Света Гора со намера таму да го помине остатокот на својот земен живот. Во Света Гора престојува во неколку манастири, но заради административни причини принуден е да се врати. При крајот на својот престој таму се подвизува како послушник на 84 годишниот руски монах Татјан Иванов во скитот "Камена". На Света Гора Мијалче Парнаџиев е пострижен како монах и го добива духовното име Гаврил. По враќањето од Света Гора, го продолжува монашкото подвизување во неколку манастири, а од 1975 година, па се до своето упокојување, живее и се подвизува во Лесновскиот манастир. Бројни се сведоштвата од свештените и од мирските лица за неговиот Богоугоден монашки живот во скромната манастирска ќелија, исполнет со молитви и пост. Честопати знаел со денови да се оддалечува во густите шуми околу Лесновскиот манастир само со малку храна, за да оствари што понепосредно беседење со Бога. Во 1981 година МПЦ го одликува со архимандритски чин, а во 1989 година е хиротонисан во Епископ Велички.

Светиот Епископ Гаврил Велички Светогорец се упокои на 12 јануари 1990 година (нов стил), т.е. на 30 декември 1989 година (стар стил). Сите кои имаа чест лично да го познаваат (вклучително и авторот на овие редови) можат само со восхит да

зборуваат за тоа каков човек беше тој. Тивок, скромен, ненаметлив, но исклучително интелигентен и продуховен, кој секогаш одмерено и аргументирано зборуваше. За време на една наша средба, во времето на поранешниот атеистички режим, присуствувавме на една мала полемика помеѓу отец Гаврил и претставник на тој режим. Темата беше една ТВ емисија која претходно беше емитувана на тема за религијата. Откако го ислуша атеистот, кој ја фалеше таа ТВ емисија, отец Гаврил само му одговори: *„Каква е таа емисија во која се зборуваше за религијата, а во неа немаше покането да зборува ниту едно свештено лице или барем верник? Кога на телевизија прават емисии на тема за економијата, сосема нормално дека поканууваат на разговор познати економисти. Кога прават емисии за уметноста, поканууваат уметници, а кога прават емисии за спортот, поканууваат спортисти и т.н.. Но, кога прават емисии за религијата, тие поканууваат - атеисти!*

На овие зборови опонентот замолча, а нам ни остана во сеќавање до денес мудроста на овој вљубеник во Бога.

Отец Гаврил е автор и на извесен број значајни дела со духовно-морални и уметнички теми. Покрај уметничките рецензии, автор е и на збирката поезија под наслов *33 песни за Ерусалим* (1975), како и на публикациите: *Света Гора - небесна земја* (1978), *Пред најголемиот јубилеј на човекот* (1980), *2000-годишнината на христијанството е на прагот* (1981), *Правила и одредби на Православната Црква за постот* (објавена постхумно во 1994) и други. Автор е и на извесен број преводи.

Преподобниот со презир гледаше на материјалното богатство, наспроти духовното. Се добиваше впечаток дека тој со целото свое битие небаре само формално живее на земјата, додека сиот негов ум и душа, како да беа веќе преселени на небесата.

Се уште кај народот се раскажува случајот кога побарал од една фирма да ги поправи кепенците на манастирот. Во фирмата му одговориле дека тие имаат проблеми преку глава заради сушната сезона и дека не им е до кепенците. Тој им рекол дека ако стават кепенци, ќе заврне силен дожд. Така и се случило. Само што биле ставени кепенците, заврнал обилен дожд. Постојат и други вакви случаи, поврзани со овој Богуугодник. Така, на пример, постојат сведоштва за негови молитви за бездетни родители, на кои подоцна Бог им давал рожба. Познати се случаи и на негови предвидувања кои подоцна се остварiле. Три дена пред своето упокојување свети Гаврил ги повикал кај себе селаните од Лесново за да се прости со нив. Притоа им рекол: *Чеда мои, досега бев со вас, а сега веќе одам во горниот Ерусалим и пак ќе бидам со вас и ќе ве чекам во небесниот Ерусалим.* Пред тоа, тој самиот за себе си отслужил 40 заупокоени литургии. По неговото упокојување некои селани на Лесново тврдат дека гледале светлина над неговиот гроб во форма на огнен столб.

Забележани се чудесни излекувања поврзани и со неговите мошти.

Неколку години по неговото упокојување, Македонската Православна Црква го прифати епископот Гаврил Велички Светогорец како светител.

СВЕТИТЕЛИ СО НЕПОЗНАТ ДАТУМ

СВЕТИ ГАЈ МАКЕДОНЕЦОТ (1 ВЕК)

Свети Гај се споменува во "Дела Апостолски" како придружник на светиот апостол Павле за време на неговото мисионерско патување во Ефес. Во житието на свети Аристарх (4 јануари стар стил, т.е. 17 јануари нов стил) спомнавме дека кога свети Павле и неговите следбеници (Македонците Гај и Аристарх) почнале да го проповедаат христијанството, тамошните пагани Грци толку се налутиле што сакале физички да се пресметаат со нив, фалејќи ја на цел глас својата божица Артемида Ефеска ("Дела Апостолски" 19:28-29).

*

Мошне е чудно што за Македонецот Гај не останало запишано подетално житие, иако бил еден од првите христијани не само во Македонија, туку и во светот. Поради тоа и за него нема одредено посебен датум на кој ќе се одбележува неговиот спомен. Свети Гај е еден од ретките христијани спомнати во Библијата. Поради тоа што го следел свети Павле на долгото патување од Македонија до Ефес, може да се заклучи дека бил негов верен пријател и ревносен брат во Христа. Свети Гај живеел во 1 век. Овде треба да се спомне дека свети Гај Македонецот спомнат во "Дела Апостолски" (19: 28-29) не е иста личност со Гај спомнат во "Дела Апостолски" (20: 1-4). За вториот Гај јасно пишува дека бил роден во Дерба (град во денешна јужна Турција), додека за првиот се знае дека бил Македонец. Свети Гај Македонецот е спомнат (заедно со свети Аристарх) и во Преамбулата на уставот на МПЦ.

СВЕТИ СЕКУНД СОЛУНСКИ (1 век)

Свети Секунд потекнувал од Солун. И тој бил еден од придружниците на свети Павле за време на неговото мисионерско патување од територијата на денешна Грција за Сирија. Евреите им поставиле заседа, но свети Павле и придржуниците тргнале по заобилколен пат преку Македонија ("Дела Апостолски" 20:1-4). На ова патување во придружбата на свети Павле бил и свети Секунд, кој потекнувал од Солун. Ова значи дека и свети Секунд живеел во 1 век. Други податоци за него не се спомнати.

СВЕТИ СОПАТЕР ВЕРИЈСКИ (1 век)

За свети Сопатер во "Дела Апостолски" (20: 1-4) пишува дека бил син на Пир и дека потекнувал од Верија (денешен Бер). Свети Сопатер го придружувал свети Павле за време на неговото патување од територијата на денешна Грција за Сирија. Името Пир се среќава и во постариот античко-македонски ономастикон.

СВЕТА МАЧЕНИЦА ВИСА ОД СОЛУН

Не постојат податоци за житието на светата маченица Виса од Солун. Нејзиното име е запишано во списокот на светители од Зографскиот манастир, но денот на нејзиниот празник не е спомнат. Во една стара руска црковна книга (објавена во времето на рускиот император Николај Први, кој владеел со Русија од 1825 - 1855 година и која во оригинал е сопственост на авторот на овие редови), постои подолг список на православни светители. Во овој список е спомната една светителка по име Виса, но други податоци за неа не се наведени. Нејзиниот празник е на крајот од август. Можно е дека ова име се однесува токму на света Виса од Солун затоа што во тој список не постои друга светителка со вакво ретко име. Ист е случајот и со други црковни книги со житија на светители во кои реткото името Виса воопшто не е спомнато. Во денешниот македонски ономастикон до денес постои вакво име. Фактот што оваа светителка е спомната како *Виса од Солун* јасно укажува на нејзиното македонско потекло.

СВЕТИ НИКОДИМ ОХРИДСКИ

За животот на свети Никодим Охридски засега немаме никакви податоци. Неговото име постои запишано во списокот на светители што се чува во Зографскиот манастир на Света Гора, но датумот на неговиот празник не е наведен. Прекарот *Охридски* укажува на неговото македонско потекло.

СВЕТИ АНГЕЛ БИТОЛСКИ (? - 1750 год.)

За житието на овој светител во изворите што ги консултиравме нема многу податоци. Според некои извори, тој починал во 1750, а според други во 1770 година. Поради бранењето на христијанската вера бил мачен и погубен. Неговиот прекар *Битолски* јасно укажува на неговото македонско потекло.

По поглавието за свети Агатангел Битолски (27 февруари стар стил или 11 март нов стил), спомнавме дека некои автори сметаат дека овие двајца светители биле иста личност. Така, на пример, Александар Гулевски во својот вреден труд *Битола и нејзините светци - свети Ангел Битолски (+1750)*, објавен во списанието *Пелагонитиса* (бр. 13 - 15, Битола, 2003, стр. 199 - 208) пишува дека вистинското име на овој светител било Ангел, но во некои грчки извори останал запишан и како *Агатангел* (пракса, која често била применувана). Гулевски смета дека е малку веројатно дека имало двајца светители од Битола со слични (исти) имиња, кои биле погубени во првата половина на 18 век заради одбрана на христијанската вера. Тој смета дека вистинската година на смртта на свети Ангел (Агатангел) била 1750, а дека годината 1727 (која е спомната како година на смртта на свети Агатангел) била измислена во поново време, т.е. во 1827 година заради прославата на некој стогодишен црковен јубилеј. Тој потсетува дека пред 1827 година, свети Паисиј Хилендарски (кој живеел многу поблизу до настанот со погубувањето на свети Ангел) ја запишал 1750 година, како година на неговата смрт.

Но, во други извори, овие двајца светители се прикажани како посебни личности. Со почит и отвореност кон сите идни сознанија во врска со оваа тема, овде ги прикажуваме како посебни светители, со напомена дека постојат и поинакви ставови.

СВЕТИТЕЛИ МАКЕДОНЦИ РОДЕНИ ВОН МАКЕДОНИЈА

Освен светителите Македонци од Македонија, сигурно дека постојат светители Македонци кои биле родени, живееле и дејствувале вон Македонија. Веќе спомнавме дека имало голем број Македонци населени во државите на Селевкидите и на Птолемеите. Да потсетиме само на зборовите на германскиот историчар Улрих Вилкен кој, заради оваа голема колонија Македонци, напишал дека во и околу Светата земја била создадена "*една друга Македонија*". Македонците таму основале голем број градови кои, барем во прво време, биле населени со доминантно македонско население. Подоцна, со текот на времето и други народи се населиле во овие градови, но сигурно дека во нив останале и Македонците.

Најнапред ќе го спомнеме градот **Александрија**. Познато дека овој денешен египетски град бил основан во 332 година пред Христа од Александар Македонски. Познато е и дека неговите први жители биле Македонците, но и Грците во составот на Македонската војска. Со време во овој град почнале помасовно да се населуваат и домородните Египјани и Евреите, а подоцна и Римјаните, но сигурно дека Македонците и натаму останале како значителен дел од населението на овој град.

За Македонците, како доминантни жители на Александрија, пишува античкиот еврејски историчар Јосиф Флавиј (1 век по Христа). Така, на пример, кога пишува за населувањето на Евреите во Александрија од страна на македонскиот владетел Птолемеј Први, Флавиј пишува дека овој владетел на Евреите "*...во Александрија им дал исти привилегии на граѓани, какви што имале и самите Македонци.* " (*Jewish Antiquities*, XI, 12,1).

Во својата книга "Флавиус Јосепхус Агаинст Апион" Флавиј исто така пишува за Македонците како жители на Александрија. Во вториот дел (6), тој пишува дека: "*Грците и Македонците го поседуваа градот* ", а во продолжение ги обвинува Египјаните дека поради расната омраза кон Евреите ги придобиле Македонците и Грците да се свртат против Евреите, кои живееле во Александрија.

Флавиј спомнува и еден говор на јудејскиот крал Агрипа (1 век по Христа) во кој исто така се спомнати Македонците како доминантни жители на Александрија, но и како жители на неколку останати области во Египет (*Wars of the Jews*, II, 16,4). Во овој говор, зборувајќи за состојбите во градот Александрија во времето на римската окупација, Агрипа рекол:

"*Во Александрија... се стационирани два легиона* (римски, з.н.)*, кои ги надгледуваат подалечните делови на Египет, како и оние делови, кои повеќе се населени од угледните Македонци*".

Значи, речиси цели 400 години по основањето на Александрија, Македонците во значителна мера и натаму биле жители на овој град.

Жителите на Александрија дале голем удел во христијанството.

Најнапред ќе го спомнеме фактот дека светиот евангелист Марко извесно време престојувал и работел токму среде Македонците во Александрија. Дали некој дел од Евангелието светиот евангелист Марко го напишал и во Александрија, тешко може да се утврди. Во еден ранохристијански апокрифен ракопис пишува дека наводно самиот свети Марко признал дека делови од Евангелието ги напишал во Александрија. Овде ја читаме изјавата на свети Марко, која гласи:

"*И кога го завршив каноном на третиот ден во градот Александрија, само што почнав да се молам, ми се јави Светиот Дух и ме поведе кај Тебе.*" ("The Book of John Concerning the Falling Asleep of Mary<, From The New Advent: Fathers of the Church http://www.csn.net/advent/fathers/fathers.htm).

Некои учени сметаат дека и делови од Евангелието по Јован биле напишани во Александрија, и тоа во првата половина на вториот век (Енцарта, наслов: *Јохн, госпел аццординг то*).

Во Александрија се родиле и дејствувале извесен број светители.

Друг значаен град што бил изграден од Македонците и што оставил свој огромен придонес во христијанството е градот **Антиохија**. Овој град бил основан од македонскиот владетел Селевк Први во 300 или 301 година пред Христа. Градот го добил името според таткото на Селевк, кој се викал Антиох.

Барем во првиот период од основањето градот претежно бил населен со Македонци, што е и разбирливо ако се знае дека Антиохија била престолнина на македонското кралство на Селевкидите. Подоцна, по пропаста на државата на Селевкидите, Антиохија потпаднала под римска власт, но сигурно дека Македонците и натаму останале значително население во овој град.

Претежно македонското етничко потекло на жителите во Антиохија е потенцирано во повеќе извори. Овде ќе наведеме неколку како илустрација. Во ЦД енциклопедијата Енцарта (цит. дело, наслов Антиоцх Туркеѕ), сосема јасно пишува дека овој град бил изграден токму од Македонците. Овде читаме:

"*Античкиот град Антиохија бил многу поголем од денешниот. Тоа бил главен град на династијата на Селевкидите во Сирија, но бил главен град и на римската провинција. Градот бил изграден во 301 година пред Христа, од страна на Селевк Први, кој бил еден од генералите и наследниците на Александар Велики... Антиохија бил центар на христијанизацијата надвор од Палестина. Апостолите проповедале таму пред да ги почнат своите мисионерски патувања.*"

Во енциклопедијата "The Columbia Encyclopedia" (Fifth Edition Copyright ©1993, Columbia University Press) во врска со настанокот на Антиохија читаме:

"*Антиохија била изградена во 300 година пред Христа од страна на Селевк Први, кралот на античка Сирија. Градот го добил името според неговиот татко Антиох, кој бил македонски генерал... Антиохија била ранохристијански центар.*"

Значи, во светската наука е добро познато дека токму Македонците го основале и населиле градот Антиохија. Нема основа да се тврди дека нивните потомци не живееле таму и во времето на Исус и апостолите, па и подоцна. Само така може да се објасни терминот *пагани* што е употребен во Библијата за жителите на овој град, а секако и за жителите на останатите градови кои своевремено биле изградени и населени од страна на Македонците.

И еврејскиот историчар Јосиф Флавиј од првиот век по Христа, сосема јасно ги споменува Македонците како доминантни жители во градот Антиохија. Флавиј пишува дека македонскиот владетел Селевк Никатор им дал граѓански права на Евреите во Антиохија, исти какви што имале и Македонците во овој град, кои таму биле привилегирани. Во врска со ова Флавиј пишува:

"*Евреите добија почести од кралевите на Азија тогаш кога им станаа потчинети. Селевк Никатор ги направи граѓани во оние градови што тој ги изгради во Азија и во долниот дел на Сирија, па дури и во самата метропола Антиохија, каде што им даде исти такви привилегии, какви што веќе имаа Македонците и Грците, кои таму беа населени*". (*Jewish Antiquities*, XII,,3,1).

Штом Флавиј најпрво ги спомнува Македонците како жители на Антиохија, а дури потоа Грците и Евреите, јасно е дека тие биле најдоминантни жители на овој град. Впрочем, ова е сосема нормално затоа што спомнавме дека Антиохија бил главен град на кралството на Селевкидите.

Доказ за македонскиот етно-културен карактер на Антиохија се и житијата на светителите, кои потекнувале или престојувале во овој град. Во повеќе такви житија пишува дека во Антиохија се славеле паганските божества.

Дури и во 6 век по Христа (значи речиси осум и пол векови по основањето на Антиохија), во овој град се среќаваат траги од неговото македонско наследство. Во овој век византискиот историчар Прокопиј во своето дело "Тајната историја" (12 глава) спомнува име на еден жител од градот Антиохија, кој се викал Македонија (Мацедониа)! Тоа бил некој танчер, близок до византиската царица Теодора (Procopius: >Secret History<, translated by Richard Atwater, Chicago: P. Covici, 1927; New York).

Повеќемина истражувачи сметаат дека во Антиохија се случил еден фундаментален настан поврзан со христијанството, а тоа е пишувањето на Евангелието по Матеј. Да потсетиме дека свети Матеј бил еден од дванаесетте Исусови апостоли и дека тој бил личен сведок на она што го запишал во врска со Исусовото дејствување. Раните христијански писатели го сметале неговото Евангелие како најстаро во Новиот Завет. За местото каде свети Матеј го напишал своето Евангелие постојат две мислења. Едното е дека тоа било напишано во Палестина, а второто е дека било напишано токму во македонскиот малоазиски град Антиохија некаде околу 70 година по Христа.

Се знае и дека две од трите први христијански цркви, кои официјално биле признати во Никеја (325 година), биле основани во градови подигнати и населени од Македонците. Тоа се црквите во Александрија и во Антиохија, кои (заедно со онаа во Рим) биле првите официјални христијански цркви на светот!

Познато е и дека во Антиохија најпрвин се христијанизирале паганите кои ги опфаќале и потомците на таму колонизираните Македонци. Во врска со ова да го кажеме извонредно значајниот податок дека терминот *христијани* за првпат во историјата бил употребен токму за жителите на Антиохија.

Во "Дела апостолски" (11: 25-26), за присуството на свети Павле и свети Варнава во Антиохија, читаме:

"*Во Антиохија, учениците, и тоа за првпат, беа наречени христијани*".

И првите христијански химни од ранохристијанскиот период биле напишани токму во градот Антиохија.

И терминот *Католичка (Соборна) Црква* за првпат бил спомнат од еден жител на Антиохија. Се работи за еден од најпознатите ранохристијански дејци свети Игнатиј Антиохиски (Богоносец). Тој бил еден од Апостолските мажи, кои дејствувале во првиот и во вториот век и кои се директни ученици на дванаесетте апостоли. Свети Игнатиј оставил значајни дела за христијанската наука. Тој бил и епископ на Антиохија. За свети Игнатиј е интересно дека за првпат во историјата го употребил терминот *Католичка (Соборна) Црква*, што до денес останал назив за Христијанската Црква во светот. Свети Игнатиј е значаен и по тоа што тој го потенцирал раѓањето на Исус од девојка. Во неговото житие пишува дека уште како дете имал средба со Господ Исус Христос (Матеј: 18, 35), но најголемиот дел од својот живот го минал во Антиохија, што не ја исклучува можноста дека оттаму и потекнувал.

Освен големите градови Антиохија (сириска) и Александрија во Египет, Македонците Селевкиди и Птолемеи изградиле и други бројни населби во земјите со кои владееле, населувајќи ги и нив со македонско и останато балканско население.

Да го спомнеме и градот **Антиохија писидиска**. Овој град се наоѓал на територијата на денешниот централен дел на Турција. Антиохија писидиска била изградена во 280 година пред Христа од страна на Македонецот Антиох Први, што значи дека и овој град бил населен со Македонци. Градот отпрвин опфаќал територија од 14 км^2.

Да го спомнеме и киликискиот град **Едеса** (денешниот турски град Урфа) што исто така бил изграден од Македонците Селевкиди и кој го добил името според стариот македонски град Едеса (Ведиса, Воден). Во „Тхе Хутцхинсон Енцѕцлопедиа" (Хелицон Публисхинг, 1999, наслов *Едесса*), во врска со настанокот на овој град читаме:

"*Градот бил основан како воена населба од страна на Селевк Први, еден од генералите на Александар Велики*".

Во турската туристичка публикација "Историските градови во Турција" во врска со тогашниот етнички карактер на Едеса (Урфа) читаме:

"*Познатиот цар Селевк Никатор од Антиохија... го населил градот со ветерани Македонци кои преферирале да го викаат Едеса, според нивниот роден крај.*" (Mr. Burak Sansal: >Historical Sities of Turkey - Sanliurfa (Edessa)<, 1999 Istanbul, Turkey, 1999; http://www.allaboutturkey.com/urfa.htm).

Овде пишува и дека овој град сепак порано постоел како помала населба, а Македонците го доградиле и населиле со свои сонародници. Од Едеса потекнувал еден од најпознатите ранохристијански теолози Ива од Едеса, кој бил еден од авторите на познатото теолошко дело "Трите Поглавија". Ова дело било прифатено на Четвртиот екуменски собор, одржан во Халкидон во 451 година. И првата збирка на текстови со христијански химни (позната под името "Гностички Псалтир") била создадена од еден жител на Едеса (Ефрем од Едеса).

Македонците Селевкиди изградиле или значително доградиле и неколку градови што ги нарекле со името Селевкија, во кои исто така имало населени Македонци. Некои светители потекнувале и од овие градови.

Имало и други помали малоазиски и египетски населби изградени и населени од Македонците. Логично е ако кажеме дека во првите векови по Христа, потомците на овие Македонци и натаму живееле во споменатите градови. Имајќи го предвид фактот дека постојат голем број светители кои потекнуваат од овие градови (најмалку сто и дваесетина на број), со голема веројатност може да се каже дека некои од нив биле потомци на своевремено таму доселените Македонци. Ова можеби може да се насети и по нивните имиња со очигледен балкански корен. Најдрастичен пример за ова се светителите кои биле родени во овие градови, а го носеле името "Македониј". Некои од светителите родени во овие градови (како на пример Свети Еразмо Охридски, кој бил роден во Антиохија и починал во 303 година) и самите престојувале во Македонија.

ПОГОВОР

Од досега изложениот преглед тешко е да се утврди апсолутната бројка на светители со македонско потекло. Гледаме дека за околу 113 светители постојат јасни докази или силни индиции дека биле Македонци од Македонија. Но, тоа ни оддалеку не е вистинската бројка на светители Македонци. Како прво, кон оваа бројка треба да се додадат извесен број од светогорските маченици кои биле убиени од Латините во 13 век, чиј идентитет останал непознат. Видовме дека само во Зографскиот манастир настрадале 26 монаси и мирјани. Поради фактот што Света Гора е составен дел од Македонија и поради тоа што во светогорските манастири отсекогаш се подвизувале голем број монаси со македонско потекло (што е и сосема нормално), јасно е дека дел од светогорските мачници биле етнички Македонци.

Понатаму спомнавме дека најмалку околу сто и дваесетина светители (чиј идентитет останал запишан во житија) потекнувале од градовите што своевремено ги изградиле Македонците (Александрија, Антиохија сириска, Антиохија писидиска, Едеса киликиска и други). Наведовме и антички сведоштва според кои во овие градови Македонците биле населени во значителен број. Ова значи дека добар дел и од овие светители несомнено имале македонско потекло.

Постоеле и огромен број Македонци светители (главно настрадани христијани) за чиј идентитет не останале запишани никакви податоци, иако во својата љубов кон Бога и маченишство за Христовата вера тие по ништо не заостанувале зад оние светители, чиј идентитетот им останал запишан. Затоа можеби МПЦ треба да востанови празник посветен на светителите Македонци со непознат идентитет.

Извесен број од овие светители биле познати историски личности (свети Јустинијан - царот византиски, свети Кирил, свети Методиј, свети Климент Охридски, света царица Теодора Комнена и други) и тие оставиле значаен придонес во светската историја и култура. Македонци светители биле и неколкумина црковни великодостојници, но најголем дел од нив биле маченици.

Можеби некој ќе забележи дека имињата на одделни македонски светители не се македонски, туку дека се грчки, но и римски (Секунд, Гај и други). Па, дали овие светители и навистина биле Македонци? Се знае дека Македонија тогаш била римска провинција и во неа имало доселено извесен број Римјани (главно војска и службеници). Дали можеби, на пример, свети Секунд и свети Гај биле Римјани од Македонија? Во спротивно, од каде Македонци со римски имиња? За да одговориме на ова прашање треба да направиме малку поширок преглед на некои состојби во ономастиката во времето на антиката, кои до некаде и денес се практикуваат. Во антиката (но и подоцна) постоела практика дел од домородните жители од некој поробен народ да стават лични имиња од ономастиконот на народот под чија окупација се нашле. Ова не било случај само со Македонците под римска окупација. Напротив, и тие кога освојувале туѓи земји (посебно за време на Александар Македонски) се случувало истото, со тоа што овојпат, припадници на народите што се нашле под македонска власт им ставале на своите деца имиња од македонскиот и балканскиот ономастикон. Така, на пример, во државата на Селевкидите во времето кога тие владееле во и околу Светата земја, забележани се Евреи кои носеле чисти македонски и балкански имиња (Александар, Аристобул, Јасон, Александра и други). Подоцна, кога со Светата земја завладеале Римјаните, некои Евреи почнале да носат римски имиња. Таков бил и најпознатиот антички еврејски историчар Јосиф Бен Мататија, кој подоцна си го додал римското име Флавиј, па до денес е познат како Јосиф Флавиј. Во неговите обемни историски дела

спомнати се голем број вакви примери, кои секако дека ги имало и кај други народи. Впрочем, оваа практика во извесна смисла е останата до денес. Да се потсетиме само дека за време на комунизмот и политчката доминација на поранешниот СССР на овие простори, извесен број Македонци на своите деца им ставаа имиња во склад со оваа идеологија (Тито, Југослав, Сталин и други), иако ваквите имиња не се македонски. Сосема ист е случајот и со овде споменатите свети Гај и свети Секунд. Тоа што тие имале римски имиња (во време кога Македонија речиси два века се наоѓала под римска власт) апсолутно не значи дека биле Римјани од Македонија. Напротив, во Библијата е јасно потенцирано дека биле Македонци. Ја користиме ова прилика и да им укажеме на некои наши археолози, кои до денес во Македонија откриваат *римски гробови* (!?) дека за најголем број од овие македонски гробови од римско време, не постои ниту еден вистински доказ дека погребаните во нив се Римјани. Римските имиња на надгробните плочи не се доказ за римската припадност на погребаните затоа што мнозина народи потчинети под Римската империја во тоа време носеле имиња од римскиот ономастикон. Тоа е исто како кога за некој денешен македонски гроб на чија надгробна плоча е напишано името на покојникот Сталин, некој подоцна ќе напише дека во Македонија е откриен *советски гроб* (!?).

Што се однесува до грчките имиња на одделни македонски светители треба да се имаат предвид неколку моменти. Најнапред не е спорно дека доаѓало до извесно взаемно влијание и мешање на ономастиконите меѓу разни народи. Така, сосема е можно некои Македонци да прифатиле и дел од соседниот грчки ономастикон, исто како што и неки Грци прифатиле имиња од македонскиот ономастикон. Како второ, прашање е и дали воопшто тие имиња биле грчки. Познато е дека Грците во антиката присвојувале голем број културни сегменти (па и имиња) од постарите народи и култури, кои подоцна неправедно останале забележани како *грчки*.

Освен тоа треба да се има предвид и феноменот според кој запишувачите и препишувачите на голем дел од житијата на светителите биле Грци, па сосема е можно дека негрчките имиња на светителите тие самоиницијативно ги менувале и ги прилагодувале кон грчкиот јазик. Најдрастичен пример за ова е житите на свети Спасо Радовишки. Во грчката варијанта на ова житие видовме дека името на Спасо е заменето со грчкото име Анастасиј (што етимолошки е исто со името Спасо), иако во Радовиш никогаш не живееле Грци. Којзнае уште колку вакви имиња вештачки биле променети од авторите, т.е. препишувачите Грци. Секако дека ова не мора да значи дека овие запишувачи и препишувачи на житија имале лоша намера. Едноставно, природна тенденција е секој да ги прилагодува имињата, кои не му се познати, на јазикот што го зборува. И денес кога, на пример, Македонците одат во некоја западна земја, тамошната јавност, без некоја лоша намера, ги прилагодува нивните имиња кон сопствените јазични норми. Така, во Австралија Тодорка станува Дори, Петре станува Питер, Јован станува Џон и т.н. Значи, ваквата тенденција е сосема разбирлива, но не е во ред тоа што своевремено вака променетите имиња, денес се злоупотребуваат за дневно-политички цели во насока на *докажувањата* дека овие светители биле *Грци* штом носеле *грчки имиња*.

На крајот ќе заклучиме дека македонските светители без разлика колку биле на број, не му припаѓаат само на македонскиот народ, туку им припаѓаат на сите христијани во светот, исто како што и светителите од останатите народи им припаѓаат и на Македонците христијани. Пред Бога сите луѓе се исти и сите треба да живеат како браќа затоа што така Му е најмило на Господа. Читањето на житијата, на овде наведените светители, може само да предизвика восхит кај сите нас и длабока стравопочит кон нивното дело. Овие луѓе, како војници на Господ Исус Христос, не ги жалеле своите животи за да ја докажат вистината за Единствениот Бог. Нивните житија

не учат да ги сакаме сите луѓе на светот. Од нив учиме и да им даваме милостина на сиромашните, да им помагаме на несреќните, но пред се да го сакаме и почитуваме Бог, постојано имајќи на ум дека нашиот земен живот е минлив и дека дури потоа не очекува вистинскиот живот, онаков каков што сме го заслужиле.

КОНСУЛТИРАНА ЛИТЕРАТУРА:

Житијата на светителите презентирани во оваа книга и коментарите за нив се напишани врз основа на следната консултирана литература:

Библија
Јустин Поповиќ: "Житија светих" (голема 12-томна едиција издадена во Белград помеѓу 1972 и 1977 година).
"Житиа на светиите" (Синодално издателство, СофиÔ, 1991).
Монах Тадија "Пролог" (Београд 1984 год.)
Историја на македонскиот народ (Скопје, 1988),
Македонски Православен календар 2002 година
Д-р Вера Антиќ: "Локални хагиографии во Македонија" (Просветно дело, Скопје, 1977 год.),
Прим. д-р Тодор Влахчев: "Светите Климент и Наум Охридски како лечители" (Брегалничка епархија, Штип, 1995 година).
Јован Белчовски "Автокефалноста на Македонската православна Црква" (Скопје, 1986 год.)
Тодор Чепреганов, Васил Јотевски, Ѓорѓи Чакрајаневски, Катерина Наумоска: "Историски атлас со 114 карти" (Скопје, 1998 год.),
Александар Донски: "Исус Христос и Македонците" (Ѓаконија, Скопје, 2002 год.),
Прим. д-р Тодор Влахчев: "*Светители Македонци, кои не се застапени во Календарот на Македонската Православна Црква*" (фељтон објавен во в. "Македонско Сонце", од 20. 06. 1997 до 01.08.1997 г.)
Мицрософт Енцарта 98 Енцѕцлопедиа Делуџе Едитион (УСА, 1998)

Авторот упатува голема благодарност на Брегалничката епархија за помошта во литература, а посебно на отец Николче Ѓорѓев, како и на прим. д-р Тодор Влахчев од Штип.

АЛЕКСАНДАР ДОНСКИ е роден во ноември 1960 година во Штип. Потекнува од уметничко семејство. Основно и средно образование завршил во родниот град, а дипломирал на Филозофскиот факултет при Универзитетот во Скопје на групата Историја на уметноста со археологија. Има објавено голем број написи, авторски документарни радио-емисии и фељтони од областа на фолклорот, историјата и религијата во повеќе македонски и странски списанија и весници. За својата истражувачка дејност добитник е на извесен број награди и признанија. Во 1987 година, како резултат на неговите истражувања во Јапонија, од кои произлезе трудот Јапонскиот печат за Илинденското востание ја доби највисоката тогашна награда на Штип - наградата 8 ноември. Во 1989 година ја објави книгата-зборник Фолклорното богатство на Штип. Во 1993 ја доби стипендијата на Фондот за отворено општество на Џорџ Сорос (ЦЕУ РСС) за истражувачкиот проект Детскиот фолклор во источна Македонија, кој со успех го заврши.Во 1994 година ја објави книгата Натприродни одгласи. Во 1995 година ја објави книгата Што ќе ни се случи по смртта?, книга со сведоштва на македонски граѓани кои преживеале клиничка смрт. Има објавувано и свои кратки раскази во реномирани македонски списанија за литературата, а се занимава и со преводи на литературни дела и есеи од хрватски, српски и бугарски јазик за списанието за уметност СУМ. Во 1996 година ја објави збирката раскази под наслов Морбидни раскази. Еден е од ко-авторите на книгата Македонија - богата и сиромашна земја, која на германски јазик е објавена во Германија во 1997 година. Истата година во Софија на бугарски јазик ја објави брошурата Орисија, посветена на етногенетските разлики помеѓу Македонците и Бугарите, подготвена и преведена од македонскиот писател во Бугарија - Славе Македонски. Автор е и на неколку документарнаи радио и ТВ серии, снимени во продукција на Радио Штип и ТВ ИРИС од Штип. Неколку години соработувал и со “Народна волја” (македонски весник од Бугарија) и “Австралиско-македонски неделник” од Мелбурн. Објавува свои текстови и на Интернет. Автор е и на книгите: “Етногенетските разлики помеѓу Македонците и Бугарите”; “Исус Христос и Македонците”, “Уделот на Македонците во светската цивилизација”; “Античко-македонското наследство во денешната македонска нација” (објавена и на англиски); “Денешните потомци на Самуиловата царска династија” (објавена и на англиски со посебен осврт на роднинската врска на цар Самуил со британската кралица Елизабета Втора), “Сведоштва за Илинденскиот период” (во ко-авторство со Атанас Кирјаков, македонски активист од пиринскиот дел на Македонија), “Сите светители од Македонија”, “Македонското потекло на некои од американските претседатели”, која е објавена и на англиски, “Византиски цареви од македонско потекло”, “Денешните потомци на античко-македонската царска династија”, како и на романите: “Тајната на Бакарната книга” (која е објавена и на англиски), “Обединувањето на Македонија” и на мистеријата “Американски јасновидец во контакт со духот на Александар Македонски”.